Шенер Бишали

# ГРАДОВИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО **XVIII И XIX** ВЕК

Меѓународен Балкански Универзитет

Сите права за ова издание се заштитени со закон. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот и на авторот

Шенер Биљали

# ГРАДОВИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО **XVIII И XIX** ВЕК

INTERNATIONAL BALKAN UNIVERSITY

Скопје, 2020

# ВОВЕД

Освојувањето на балканскиот регион од страна на османлиските воени контигенти претставувал еден долг историски процес кој започнал во времето на султанот Мурат I Худавенѓигер (1326-1389) и траел сè до смртта на султанот Мехмет II Фатих (1451-1481). За некои автори овој процес бил долгорочен, но притоа мора да се нагласи дека преземањето на Балканот, попрецизно територијата на Македонија, било реализирано во рамки на две основни фази. Првата била со именување на вазали, или поточно дефинирано со непосредно поставување нови локални управители, кои од своја страна ја управувале територијата во името на Османлиската Империја.

*Од тука може да се заклучи дека Османлиската Империја во процесот на заземањето на Балканот ги користела локалните владетели за да ја преземе територијата. Со наведената политика, империјата од своја страна не ја допирала сензибилноста и социјално-политичката динамика на народите во регионот.* [1]

Во текот на втората фаза од управувањето на империјата, таа била организирана на директен начин, со тоа што управителите кои биле именувани во првата фаза, веќе не биле ангажирани во извршувањето на територијалното управување. Во рамки на реализирањето на втората фаза, империјата, наведената освоена територија, од своја страна ја приклучувала кон целокупноста на Осмалиската Империја. Во тој однос гледано, можно е да се констатира и заклучи дека територијалната граница на народите, од своја страна, постепено ја прифатила втората фаза на управување и таквата состојба преставувала еден вид природен и нормален социјално-економски систем на живеење. Во времето на владеење на наведениот султан Мурат I, Османлиската Империја веќе ги имала заземено областите како што се: Тракија, поточно градот Едрене (1362) и продолжила понатаму со освојување на градовите Софија, Ниш и др. Во 1364 година бил заземен Пловдив, а освојувачот на овој град бил Лала Шахин-паша, кој непосредно потоа бил именуван за „владетел“ на тери-

[1] Castelan Georges, Balkanların Tarihi 14-20 yüzyıl, Baskı 2, превод, Dr. Ayşegül Yaraman-Başbuğ, İstanbul, 1995, стр. 61.

торијата Румелија или „Румели-беглербеги“.[2] По битката на Косово Поле (1389) и по поразот на српската војска, Османлиската Империја се проширила кон подлабоките области на Балканот и сè повеќе се приближила кон Централниот дел на Македонија. Но, при крајот на битката на Косово Поле загинал и султан Мурат I, а на негово место бил именуван неговиот син Бејазит Јилдирим Молња (1389-1402)[3] кој уште поинтензивно го продолжил освојувањето на регионот на Балканот. Во текот на 1391 година, под команда на Јигит-паша, градот Скопје паднал во рацете на Османлиската Империја, при што, истовремено, од другата страна, Евреноз-бег ја зазел и територијата околу Солун и Тесалија во текот на 1393 година.

Македонија кон крајот на XIX век била составена од Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает, односно Османлиската Империја нејзината територија ја дефинирала како област составена од горе наведените три вилаети или според имињата на некои од нивните централни градови.[4] Притоа, треба да се нагласи дека отсекогаш Македонија во целиот временски период од османлиското владеење претставувала одреден конгломерат на население со мултиетнички и мултикултурен карактер. Наведената констатација се потврдува и според верската припадност на населението, односно целокупното население главно било со христијанска, муслиманска и еврејска вероисповест.[5]

Македонија, како составен дел од Османлиската Империја, отсекогаш била привлечна централна земја во регионот на Балканот, најмногу поради мултиетничката и мулти- религиозната стуктура на населението и таа отсекогаш била една од областите на потенцијално дестабилизирање. Врз основа на наведената положба, во текот на XVIII век, на нејзината територија имало многубројни административни измени на локално и на централно ниво. Но, социјално-економските и политичките незадоволствата и дестабилизацијата на Македонија во текот на XIX век во голема мера ќе настанат по издадениот ферман во 1870 година во врска со регулирањето на верските односи во државата.[6] Со озаконувањето на наведениот ферман, официјално била формирана Бугарската егзархија; нешто подоцна биле склучени и договорите во „Сан Стефано“, а потоа бил потпишан и Берлинскиот договор од 1878 година. Од друга страна, треба да се нагласат и појавите на првите национални движења во рамките на Османлиската Империјата, кои биле направени од страна на српскиот народ, а ова национално движење се исполнило со формирањето на независна државна територија. Но, од друга страна гледано, како последица на директната подршка од Русија, бугарското национално движење сè повеќе зајакнувало. Бугарската црква од своја страна покренала иницијатива за

[2] Исто, стр. 62

[3] Зборот Јилдирим на турски јазик има значење на гром кој воедно ја симболизира енергичноста на новиот султан и страста за освојување на нови територии.

[4] Şıvgın Hale, Osmanlı Arşiv Belgelriyle 1902-1912 Yıllarında Makedonya, İstanbul, 2000, стр. 1.

[5] Hüner Tuncer, Osmanlı’nın Rumeli’yi Kaybı 1878-1914, Kaynk Yaınları, İstanbul, 2010, стр. 68.

[6] Истото, стр. 1-2

одвојување од Цариградската патријаршија. Од текот на 1860 година, наведеното црковно барање сѐ повеќе се потенцирало и биле покренувани максимални напори за да се реализира бугарското национално барање. Иако Османлиската Империја, на самиот почетокот се трудела да се изврши одлагање и игнорирање на барањето, сепак на 11 март 1870 година со еден нов ферман иззеден од страна на везирот и садриазамот Али-паша бил и официјално прокламиран бератот во врска со потврдување на бугарското барање.[7] Со добиените права бугарската црква веќе имала подготвено и план за проширување на територијата под своја надлежност, а овој државно-правен акт ќе биде спротивен со интересите на Османлиската Империја. Во текот на 1877-1878 година, во војната помеѓу турската војска и Русија, како победник излегла Русија. Како последица од поразот, Османлиската Империја била принудена да го потпише „Сан-Стефанскиот" договор со кој Романија, Србија и Црна Гора добиле државна независност. По склучување на наведениот договор веќе започнал да се проширува и интересот на бугарските нови барања и амбиции. По потпишувањето на „Сан-Стефанскиот" мировен договор, областа на Источна Румелија, чија граница се протегала од Дунав до Егејското Море, требала да се интегрира во границите на новосоздадената држава Бугарија.[8] Со формирањето на новата т.н. „Голема Бугарија" Русија сѐ повеќе започнала да доминира на територија на Балканот. Таквата гео-стратешка и воено-политичка положба започнала да предизвикува политичка вознемиреност во очите на европските држави, при што посебно и интензивно се почувствувала во очите на Австро-Унгарија и Англија.

*Доминацијата на Русија во сферата на Балканот подразбирала елиминирање на европската присутност на Балканот, а исто така и поспецифично гледано и кон територијата на Македонија. Со развојот на стратешката и воената состојба сѐ повеќе се подразбирало, дека новата и „Голема Бугарија" како држава ќе биде под силно влијание на Русија, а не под влијание на европските држави.*[9]

По новонастанатата „Сан-стефанска Бугарија" европските држави започнале со нивните дипломатски реакции, сѐ додека не се дошло до едно заедничко решение, кое посебно се однесувало на прашањето во врска со организирање на нов конгрес, со крајна цел: да се дефинираат границите на сите балкански држави. Така, поради покренатата иницијатива од страна на европските водечки држави се одржал „Берлинскиот конгрес" во 1878 година. Целта на оваа конференција била да се спречи формирањето на „Голема Бугарија". Според решенијата на конференцијата, територијата на Бугарија требала да се раздели на три дела. Територијата што била дефинирана како Македонија, се барало да ѝ се остави на Османлиската Империја, но под услов да се направат

[7] Mahmut Celeleddin Paşa, Miratu'l Hakikat, cilt 1, İstanbul, 1990, стр. 36-37.
[8] Şıvgın Hale, Osmanlı Arşiv Belgelriyle 1902-1912 Yıllarında Makedonya, İstanbul, 2000, стр. 2.
[9] Armağanoğlu Fahir, 19 Yüzyıl Siyasi Tarih, TTK İstanbul, 1997, стр. 23.

нови одредби и да се спроведуваат реформи на територијата на Македонија.[10] Во содржината на договорот клучната точка бил членот 23 од Берлинскиот договор со кој од страна на европските држави се барало да се направат и спроведат нови реформи во Македонија.[11] Дури и во текот на 1902 година, кога почнале немирите во Македонија, европските сили како Австро-Унгарија, Русија и Англија, секоја од своја воено-стратешка и геополитичка гледна точка, се натпреварувале кој да ја контролира територијата на Македонија. Поради направениот пакт (кој бил направен тајно) помеѓу Австро-Унгарија и Русија во 1897 година, започнал процесот на дестабилзација на територијата на Балканот, при што во голема мера била зафатена и Македонија. Според заклучоците на наведениот таен договор, Австро-Унгарија требало да ја окупира Босна и Херцеговина, како и Нови Пазар, а помеѓу Јанина и Скадар да се формира нова држава со име Албанија, односно другите териотрии да бидат разделени на соседните балкански држави. Поради наведената воено-политичка состојба, треба да се заклучи, дека сѐуште Македонија не го заземала централното место во рамките на новите територијални и политички промени и баланси, на непосреден начин определени и диктирани од страна на европските држави, бидејќи Кнежевството Бугарија, Кралството Грција и Кралството Србија и понатаму интензивно подготвувале планови и стратегии за распарчување на Македонија. Во делокругот на нивните глобални планови се предвидувало и формирање на илегални терористички организации, на кои главната цел им била со терор да се одвојат делови од територијата на Македонија. По избувнување на Илинденското востание во 1903 година, од страна на османлиските власти било одлучено да се формира „Македонско-Румелиска инспекција" (Makedonyada Rumeli Müfettişliği). Во време на поставувањето на новоформираната инспекција, султанот Абдулхамид II (1876-1909) во текот на истата година, од своја страна, формирал и комисија со задача да подготви нова програма и да изврши единствено толкување на реформите, внатре во рамките на целокупната територија на Македонија. За главен инспектор бил избран и поставен Хусеин Хилми-паша, односно според информациите дадени од негова страна, на територијата во Македонија активни биле: 110 бугарски, 80 грчки, 30 српски и 5 влашки чети.[12] Историски факт претставува подготвената програма за реформи, која за релативно кратко време почнала да функционира во Македонија. По настаните во 1903 година, движењата на вооружените чети во Македонија започнале да навлегуваат во една друга, уште подраматична и повлошена фаза. Така на пример, за да се контролираат активностите на бугарските чети, исто така биле формирани нови грчки, српски и влашки чети. [13]

---

[10] Cemalettin Efendi, Siayasi Hatıralarım, İstanbul, 1978, стр. 33.

[11] Глигор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во македонија (1829-1909), 1., Скопје, 1984, стр. 71-113; Armağanoğlu Fahir, 19 Yüzyıl Siyasi Tarih, TTK Ankara 1, 997, стр. 135.

[12] Said Paşa, Said Paşanın Hatıraları, c.2, Kısm-ı Sani, İstanbul, 1328, стр. 371.

[13] Şıvgın Hale, Osmanlı Arşiv Belgelriyle 1902-1912 Yıllarında Makedonya, İstanbul, 2000, 4.

Во текот на 1904 година, инспекторот задолжен за Румелија, Хусеин Хилми-паша, по своја лична иницијатива, наредил да се направи еден објективен и прецизен попис на населението.[14] Според неговата евиденција бројот на населението во големите градови, каде се регистрирани податоците кои се однесуваат на вилаетите во Битола, Скопје и Солун, биле дефинирани следните статистички сознанија и тоа:

| | |
|---|---|
| Муслимани | 1.508.507 |
| Бугари (Македонци, б.н.) | 896.497 |
| Грци | 307.000 |
| Срби | 100.717 |
| Власи | 99.000 |
| Вкупно | **2.911.700** [15] |

Врз основа на направените нови реформски програми за територијата на Македонија, од страна на државните власти во војската и во администрацијата биле поставени млади офицери и бирократи. Новопоставените странски функционери и офицери, од своја страна, не им служееле на интересите на Османлиската Империја, туку на нивните матични земји за реализирање на своите политички интереси и воено-стратешки цели. Поради дојдените странски офицери и политичари, локалните османлиски управители, од своја страна не биле задоволни од новонастанатата ситуација, посебно на теренот, бидејќи таквите односи и настани воделе кон отворена анархија, постојан хаос и дестабилизација во рамките на Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает, како составни делови од целокупната територија на Македонија.

Султанот уште еднаш, од своја страна, бил принуден да ги имплементира новите акти за воведување и исполнување на реформите, кои претходно биле формулирани од страна на Австро-Унгарија, Русија и Англија во текот на 1907 година.[16] Во содржината на наведените реформски барања, најбитно место заземало прашањето во врска со состојбата во локалните затвори во Македонија. Според новите реформи се барало да се дадат повеќе права на немуслиманското население. Исто така, треба да се наведе, дека европските амбасадори, од своја страна, ги подготвиле реформите непосредно по извршената посета и ревизија на затворите во Македонија. Доставените реформи му биле испратени и на Хусеин Хилми-паша, кој заедно со својата администрација го подготвил извештајот што се однесувал на присуството и застапеноста на претставниците од немуслиманското население во управувањето на градовите, како и во

[14] Şıvgın Hale, Osmanlı Arşiv Belgeleriyle, стр. 4.

[15] Bayur Yusuf Hıkmet, Türk İnkılabı Tarihi, c1,kısm 1, Ankara, 1983, стр. 164.

[16] Daewood David Wade, European Dipomacy in the Near Eastern Question 1906-1909, Ilinois University, USA 1993, стр. 23.

другите османлиски државни институции во Македонија, како составен дел на Османлиската Империја. Ако се направи анализа на горенаведениот извештај, подготвен од страна на Хусеин Хилми-паша, објективно гледано, ќе се потврди дека, според неговиот извештај, немуслиманското население било попривилегирано во државата.[17] Меѓутоа, уште во текот на 1902 година, сите направени реформи ја поставиле Македонија во многу незгодна и нестабилна социјално-економска, политичка, верска и меѓуетничка состојба бидејќи речиси секој ден големите сили од Европа доставувале нови барања со изговор за спроведување на нови реформи и.т.н. Но, во суштина гледано, новопоставените барања не ја стабилизирале верско-политичката, социјално-економската, националната ситуација во Македонија. Напротив, со наведените барања од страна на европските земји, Османлиската Империја, не само што не ги одбивала странските барања, туку секој пат настојувала да ги исполни нивните настојувања во врска со регулирањето на управно-административниот систем, кој постоел на регионално и на локално ниво. Со доставувањето на новите реформи за Македонија, главната цел на англискиот министер за надворешни работи и посебно на кралот на Англија, Едвард VII, била да се изврши целосно отцепување на Македонија од државните граници на Османлиската Империја. И, како реална последица од направените притисоци и напори вршени од страна на Англија, секој ден сè повеќе ја ориентирале Османлиската Империја да се приближи кон политиката на Германија. [18]

По завршувањето на парламентарните избори во Османлиската Империја, а со тоа и во Македонија, и со извршениот преврат (VII.1908) од страна на Младотурците и детронизирањето на султанот Абдул Хамид II, уште во текот на првите денови од Младотурската револуција спроведувањето на ветените реформи било прифатено од страна на широките народни маси, како еден вид нов концепт од демократија, либерализација и слобода во државата. Но, потоа во текот на период од четири до пет месеци, политичката ситуација во земјата повеќе не била како во првите денови од револуцијата. Партијта „İttihat ve Terakki“ („Единство и напредок“) почнала да ја губи славата и популарноста кај народните маси. Притоа, султан Абдул Хамит II бил остранет од престолот и на негово место бил избран новиот султан Мехмет V Решат.[19] Сепак, на крајот од стабилноста и почетокот на дестабилизација на македонскиот регион, настаната анархична состојба, во голема мера ќе биде причина за направените измени во „Законот за здруженија на граѓаните“. Со направените измени било забрането организирање на здруженија врз основа на етничка определба. [20] Непосредно по регулирањето на наведениот закон, исто така, бил објавен и новиот „Закон за четите“ од 8 мај 1909 година. Врз основа на овој закон биле

[17] Şıvgın Hale, Osmanlı Arşiv Belgeleriyle, стр. 5.
[18] Исто, стр. 5
[19] Cemalettin Efendi, Siayasi Hatıralarım, İstanbul, 1978, стр. 6.
[20] Şıvgın Hale, Osmanlı Arşiv Belgelriyle 1902-1912 Yıllarında Makedonya, İstanbul,2000, стр. 5.

казнувани и затворени нови лица, кои биле вмешани во тајни организации.[21] Од друга страна, Македонците се нашле вознемирени поради фактот што бегалци од Босна, кои биле општо познати како мухаџири, во голема мера биле сместувани на територијата на Македонија.

[21] Shaw Stanfort-Ezel Kural, Osmanlı İmparatorluğu ve Modern Türkiye, İstanbul, 1983, стр. 344.

# 1 ГРАДОВИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ОД КРАЈОТ НА XVII ДО XVIII ВЕК

# 1. РАЗВОЈОТ НА ГОЛЕМИТЕ ГРАДОВИ И НАСЕЛБИ

На самиот почеток, за да се направи паралела на подробна анализа во врска со развојните етапи на македонските градови, неопходно е да се прикаже еден дијаграм на преглед за провинциското, административното и судско-управно организирање на Османлиската Империја од претходниот временски период. Според редоследот на историските настани, таквата оценка ќе се направи врз основа на содржината на оваа глава. Во тој однос гледано, градовите во Македонија и нивната државна адмнистрација, во класичните османлиски времиња се базирале на дефинираните исламски градби и функционирањето на комуналните мрежи.

Исто така, треба да се нагласи дека одржувањето на социјално-економскиот живот во градовите и селата, во секој случај гледано, најмногу се однесувал кон исполнување на финансиската реализација, непосредно поврзана со стопанската дејност извршувана од страна на трговците, занаетчиите, еснафите, пазарите, панаѓурите, вакуфите, како и разните исламски, христијански и еврејски, верски и културно-просветни задолжени имоти и сл.[22] Во наведените услови, управувањето на градовите се извршувало преку службените задолженија на кадиите, јасакчиите, мухтесебите, ајаните и останатите службени лица, регулирани преку строго организиран централен систем, исполнет со одговорни воени и административни задолженија кон државата. Економијата имала голема улога во развивањето на градовите, посебно еснафите играле витална улога во развивањето на градовите. Тие, преку своите здруженија, претставувале еден вид организирани бизнисмени, кои сами по себе функционирале во различни производни сектори, непосредно, и најмногу поврзани со трговијата во градовите.[23] Началниците и раководителите на еснафите биле членови и на водечката елита која што управувала со градовите на Османлиската Империја, односно еснафите биле „админитративни линкови“ воспоставени помеѓу султанот и населението. Но, сепак треба да се внимава и да

[22] Јован Јанев, Историските и социјално-економските аспекти на еснафската организација во Македонија во времето на турското владеење, Скопје, 2001, стр. 17-25.
[23] N. Işık Demirkan, A Study of Ottoman Modernization on the City: the Sixth Municipal Districts of Istanbul (1858-1877), Ankara, 2006, стр. 15.

се нагласи дека еснафите никогаш не биле на директен начин вклучени во управувањето на градовите или дека биле на некој начин членови на централната администрација, туку тие ја вршеле улогата на еден вид посредници помеѓу султанот и населението во градовите.[24]

Еснафите, од своја страна, на социјално-економски начин го одржувале развивањето на градовите, и со тоа ја имале улога во балансирање на цените; снабдување на стока за трговијата, како и одржување на јавниот ред и мир во чаришиите. За да се направи еден преглед во врска со горе наведените работи, за развивањето на градовите, еснафите имале широка подршка од страна на високите, на хиерархиски начин поставени, државни функционери како што биле: шехјовите, ќетхудите и јигит-башиите. Ќетхудите и јигит-башиите биле едни од главните фактори за извршување на општинските работи.[25] За развојот на градовите, исто така, биле потребни набавувања за виталните потреби за граѓаните како на пример: снабдување со вода, производство на храна, одржување на хигиената, образование; потоа репарирање на градовите и одржување на инфраструктурата, при што овие работи биле правени од страна на еснафските организации.

Во процесот на развивање на градовите, единиците дефинирани како „mahalle" (маало) преставувале еден вид на администаративен систем, кој од своја страна ја играл најважната улога. Маалото преставувало еден вид на највитално организирање на населението во градовите. Маалата имале свои методи за одржување на редот и мирот во рамките на нивните средини.[26] Тука мора да се наведе и фактот дека маалото не било организирано според верската и професионалната структура. Во едно исто маало живеело население од различна верска конфесија и економски професии.[27] Истата состојба била присутна и во градовите во Македонија. Кога ќе се направи анализа на градовите во Македонија, во основа ќе се потврди фактот дека и во големите градови на Македонија како во Солун, Битола, Серес, Драма, Скопје, Тетово и останатите градови, муслиманското и немуслиманското население, со различна социјално-економска структура, живееле во исти маала.

Со наведеното организирање на градовите во рамките на Османлиската Империја, се дало голем придонес за развојот и интегритетот на градовите во Македонија. Исто така, таквото организирање овозможувало, истовремено, еден однос на одбегнување на нестабилноста и деструктивноста на муслиманското и немуслиманското население.

---

[24] Gabriel Baer, ``The Administrative, Economic and Social Functions of Turkish Guilds`, international Journal of Middle East Studies, Vol. 1, No. 1, 1907, стр. 25.

[25] N. Işık Demirkan, A Study of Ottoman Modernization on the City: the Sixth Municipal Districts of Istanbul (1858-1877), Ankara, 2006, стр. 16.

[26] Исто, стр. 17.

[27] Özer Ergenç, Osmanlı Şehirlerinde Esnaf Örgütlerinin Fizik Yapıya Etkileri, İslam Geleneğinde Günümüzde Şehir ve Yerel Yönetimler, İlke yayınları, İstanbul, 1996, стр. 409.

Како една од развојните етапи на големите градови во империјата, вакуфите од своја страна, исто така, играле голема улога. Главните мотиви за формирање на вакуфите биле снабдување на општинските услуги и овозможување на просторите за градење на јавни објекти, или поточно речено целосно развивање на градовите.[28] За градбата и развојот на големите градови на Балканот, како и во целата Османлиска Империја, потребни биле повеќе организирани производни дејности. За исполнување на наведеното, вакуфите биле еден од најефикасните методи за развојот на градовите. Според еден од најпознатите турски светски историчари, Халил Иналџик:

*„Во класичните времиња ориентот ја имал среќата или вештината за развивање на вакуфите во исламските градови со севкупниот комплекс, кој што го сочинувале џамии, болници, пазари, медреси, амами, голем број на урбани единици, како што се водоводни ситеми. Вакуфите биле изградени во градовите и биле контролирани и репарирани од страна на мутеселимите.*[29]

Според предходните становништа и оценки, можно е да се константира и заклучи дека за развојот на градовите во Османлиската Империјата голема улога одиграле вакуфите.[30] И во Македонија може да се види дека, во големите градови како Скопје, имало изградено многубројни вакуфи со цел: подобра изградба и развој на градовите. Вакуфите, исто така претставувале работни единци, кои самите се финансирале од стопанскиот живот на градовите во империјата. Но, направените економски промени во XVII и XVIII век, веќе ја менуваат и функционалноста на вакуфите. Тие измени го измениле и капацитетот на функционирањето на вакуфите, така што веќе изградените вакуфи во класичиот период не биле ефикасни во новиот период. Објавените војни во текот на наведените векови ја исцрпиле и економската моќ на вакуфите во империјата, бидејќи нивните финансиски капацитети започнале да се користат за исполнувањето на воени цели, а со тоа започнува и фазата која води кон неодржување на социјално-економски план и пропаѓање на вакафите.

Според наводите на авторот Суреја Фароќи:

*„Вакуфите со нивните загуби почнаа да го зголемуваат заемот на дуќаните што ги поседуваа, што донесе до бунт и критики од страна на еснафите. Така тие веќе почнаа да ја губат моќта и не можеше да се направи снабдување на финансиски сресва за општинските градежни услуги.*[31]

Развојот на градовите во Македонија во текот на првата половина од XIX век започнува и со направените измени во управно-административните системи. Во текот на првите децении од наведениот век територијата на Маке-

---

[28] Исто, стр. 18.

[29] Halil İnalcık, Istanbul: An Islamic City, Journal of Islamic Studies I Istanbul, 1990, стр. 8.

[30] Ахмед Шериф, Развојот на вакафските институции во Македонија во времето на османлиското владеење, Балканите между традицијата и модерността, София, 2009, стр. 56-72.

[31] Suraiya Faroqi, Osmanlı Kültürü ve Gündelik Yaşam: Ortaçağdan Yirminci Yüzyıla, Tarih Vakfı Yurt Yayınları, İstanbul, 1997, стр. 250.

донија претставувала еден од деловите на „Ејалетот Румелија“, со главен административен центар сместен во Софија. Но, поради развојот на воено-политичките и стартегиските состојби, како и спроведувањето на реформите во Османлиската Империја, на Балканот и во Македонија, со одлука на султанот Махмуд II (1808-1839) од 5 април 1828 година, центарот на Румелискиот ејалет и на III армиски корпус на Османлиската армија од Софија бил префрлен во Битола.[32] Со ваквото организирање, градот Битола започнал да се формулира како еден нов административен и воен центар на државата. Наведениот град, како политички и образовен центар, ќе почне да ја менува својата архитектонска и економска физиономија кон позитивен и прогресивен правец. Така на пример, според францускиот патописец Феликс Божур, Битола имала од 10.000 до 12.000 жители при крајот на XVIII век, а според друг француски патописец Ами Буе, Битола во 1835 година се зголемила на 40.000 жители.[33] Според податоците од архивските документи, кои следуваат по ова, може да се види и конкретниот развој на градовите во Македонија. Била извршена поправка на ѕидот на „Bejlik Zahire-ambarot“ на скопското кале, изграден на нов мост на реката Драгор во Битола по уривањето на стариот, од причини што на истиот требало да се извршуваат чести поправки. Наведената изградба била завршена на 23 јули 1847 година.[34] Потоа, следувала изградба на дрвен мост на реката, место кое било оддалечено два часа од кумановската каза, а со цел да се оневозможи реката да ја оштети околината во зимски период. На 8 септември 1859 година[35] било завршена доградбата на изградените базени покрај изворот на кисела вода од минералните води што се наоѓале во близината на Битола, со што бил донесен уште еден извор на слатка вода за потребите на населението. На исто место се планирало и градење на една кафеана и одморалиште.

Неопходните финансиски средства биле обезбедени од фондовите на државата. Понатаму, исто така, на 14 ноември 1863 година[36] на одреден начин биле обезбедени финансиски средства од страна на народот за изградба на телеграфска станица во градот Прилеп, односно додавање нова телеграфска линија Битола-Прилеп, со официјално регистриран список на лица што финансиски помогнале при самата изградба на наведената телеграфска станица. На 17 август 1896 година,[37]од страна на државата била изградена нова телеграфска станица во Охрид, од причини што таму сè уште не поминувала телеграфска линија помеѓу градовите Битола и Елбасан. На 24 август 1869 го-

[32] А.Д.Новичев, Историја Турции, II., Новое времја, Част первaја (1792-1839), Ленинград, 1968, с.227; А.Вишко, Битола и Битолско во втората половина на XIX век според Османските и дипломатските извори, Струга, 2007, с.58; Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians A History, Hower Institution Press, Stanford Unioversity Stanford, California, 2008, стр. 63.

[33] Историја на македонскиот народ, том трети, Македонија во деветнаесеттиот век до Балканските војни (1912-1913), Скопје, 2003, стр.17.

[34] Исто, стр. 18.

[35] Исто, стр. 19.

[36] Исто, стр. 21.

[37] Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians, стр. 25.

дина, според записникот за изградбата на кланица во Скопје и за сумата средства што биле потребни за изградбата, биле земени пари од благајната на општината на 6 февруари 1870 година.

Во соработка на државата со народот, исто така, биле изградени уште неколку телеграфски станици во градовите Куманово и Крива Паланка, како и инсталирање на телеграфска линија од Скопје преку Куманово, Крива Паланка до Ќустендил и од Куманово до Врање, која била завршена на 1 јануари 1877 година.

Со одобрување од страна на падишахот му се издала дозвола на Алфред Кавела за период од 99 години за изградба на железничката линија што требала да се изгради од Солун преку Бер (Кареферија) и Воден до Битола, под покровителство на „Дојче банк" во Берлин.

Наведената идеја  била подржана и од страна на делегацијата на кујунџиите од наведениот град. Исто така, била издадена наредба од падишахот, во врска со почнување на работите за инсталација на двата посебни пата, едниот од Битола за градот Валона, а другиот до Драч. Овој проект бил одобрен на 15 ноември 1888 година.

Во рамките на наведениот контекст гледано, исто така, била дозволена изградба на патот од Струга, кој минувал покрај реката Дрим од страната на селото Враништа до селото Дабовјани, како и чистење на реката која извирала некаде во пределите на околината на Охрид, со одредена цел: да се оневозможи истата река да предизвика штета во околината. Овој проект бил официјално одобрен од страна на османлиските централни власти на 18 мај 1896 година.

Кон предходно наведениот контекст гледано, со повелба од падишахот во 1899 година, се одобрило да се користат финансиски средства од буџетот за поправка на згради со цел да се обнови скопската телеграфска станица. Поради застојот во трговијата, народот не успеал да обезбеди парични средства за својот дел, иако претходно се обврзал дека ќе се обезбедат до 14 јуни 1899 година.

Со развиток на занаетите и на трговијата, се појавила и потреба од либерализација и проширување на стопанските врски помеѓу градовите, посебно во извозната и увозната трговија со балканските и европските држави. Во наведениот процес започнале да се вклучуваат и лица од македонско потекло. Така, на пример, се обновил бератот доделен во јануари 1835 година на Ангеле, син на Стефан Робе од Охрид, кој бил припадник на рајата во османлиската држава, за одобрена трговија со Европа.

Регулирањето на трговијата во рамките на границите на османлиската држава било усогласено со меѓународното право, односно се настојувало да се врши придржување кон одредени правила на трговските работи кои се одвивале помеѓу странските трговци и немуслиманските трговци. Во врска со наведените определби, на припадниците на османлиската држава им се забра-

нувало мешање во облеките, јадењата и пијалоците на лицата од странско потекло, како што биле: сведоци на договори, преведувачи, трговци и ополномоштеници; судските предмети што ја преминувале цената над 4.000 акчиња, требало да се префрлат на судовите во Истанбул. Понатаму, да не се отежнуваат процедурите околу пренос на судските предмети во трговските судови или во Истанбул. Доколку тоа се побарало од самите странските трговци, требало предметите да се решаваат во согласност со договорите воспоставени со тие држави на 25 март 1841 година.

При развојот на градовите во периодот на XVIII-XIX век, голема улога одиграле и трговските дестинации или патишта кои ги спојувале градовите со другите делови на државната територија. Според еден извештај од 1866 година, главниот пат од Солун, кој ги поврзувал другите провинциии на Османлиската Империја „Виа Егнатиа“ (Via Egnatia), бил поплочен и проширен.[38] Изградбата и проширувањата на патиштата, кои ги поврзувале поголемите градови во Македонија, нешто подоцна ќе бидат поинтензивно градени, посебно кон крајот на XIX век. Во долу приложената табела се дава краток преглед во врска со изградбата на актуелните и новите патишта.[39]

| **Вилаети** | **Ѕидови за подршка** | | | | **Мостови** | | **Патишта** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Со материјали | | Без материјали | | | | | |
| | 1882 | 1881 | 1882 | 1881 | 1882 | 1881 | 1882 | 1881 |
| | км | км | Км | Км | км | км | км | км |
| **Битола** | 38 | - | 3 | - | 350 | - | 79 | - |
| **Солун** | 1 | - | 1 | - | 88 | - | 25 | - |

Заедно со проширувањето на виталните патишта и во трката за развојот на градовите и провинциите, централните османлиски власти од своја страна организирале и комерцијални области. Исто како за развојот на железничките дестинации се обезбедувал капитал и за напредок на градовите, како во случајот со градот Солун, кога во 1840 година, истиот станал центар на трите главни железнички пруги, кои се вкрстувале во овој град и кој во подалечна иднина ќе претставува еден од најголемите трговски центри во рамките на Османлиската Империја, по Истанбул.[40]

[38] Tetsuya Sahara, The City in the Otoman, Empire Migration and Making of Urban Modernity, Edited by: Ulrike Freitag, Malte Fuhurmann, Nora Lafi and Florian Riedler, SOAS Routledge Studies on the Midlle East, Routledge Taylor and Fracis Group, London and New York, 2011, стр. 38.
[39] Selahhatin Bayram, Osmanlı Döneminde Selanik Limanı: 1869-1912, Doktora Tezi, T.C. Üstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisat Anabilim Dalı, İktisat Tarihi Bilim Dalı, İstanbul, 2009, стр. 21.
[40] Исто, стр. 17.

Геостратегиската положба на градот Солун, поставен во правецот помеѓу Истанбул и Европа, во континуитет го зголемувала економскиот капацитет и трговските ресурси на градот. Развојната положба на градовите сѐ повеќе растела со спроведување на новите реформи во Османлиската Империјата. Во текот на 1860 година, новите европски реформи во урбанизмот најмногу биле применети во градот Солун, кој ќе се тарнсформира во еден нов и динамичен град.[41] Со воведување на новите реформи, во Солун и во останатите големи градови во Македонија, во голема мера ќе се подобри инфраструктурата на градовите. Посебно во Солун ќе започне обновување на водоводните канали, осветлувањето ќе се прорашири, а исто така и другите инфраструктурни елементи ќе се подобруваат. Во текот на 1870 година улиците на Солун започнале да се осветлуваат со газиени ламби за улици.[42] Како пример за ваквиот вид развој на инфрактурата, може да се земе и формирањето на единицата за собирање на градскиот отпад. Така на пример, во Дојран биле ангажирани одреден број лица секое утро да ги чистат улиците на сите еснафски дуќани, пазари, улици и квартови.[43] Во текот на втората половина XIX век започнал и процесот на индустријализација, иако империјата не можела да го фати чекорот на индустријализацијата, но сепак, во овој век можно е да се констатира и да се заклучи дека биле изградени многубројни фабрики. Посебно во градовите, кои се позиционирани до морето, како Истанбул и Солун, со текот на времето сѐ повеќе им растела вредноста во врска со развојот и напредокот на трговијата. [44]Социјално-економскиот развој на градовите со себе го донел и развојот на физиономијата и урбаната структура на градовите. Според констатацијата на авторот Борис Џипан: „Кај османлиските државни управници имаше голема желба за копирање на европските модели во Македонија. Управителите скромно почнале да ги имитираат европските институции како: училишта, основни судови и други јавни објекти, кои биле изградени според европските модели. Во Битола и Прилеп биле изградени саат кули со европски дизајн“.[45]

[41] Исто, стр. 33.

[42] Tetsuya Sahara, The City in the Otoman, 2011, стр. 39.

[43] Исто, стр. 40.

[44] Selahhatin Bayram, Osmanlı Döneminde Selanik Limanı: 1869-1912, Doktora Tezi, T.C. Üstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisat Anabilim Dalı, İktisat Tarihi Bilim Dalı, İstanbul, 2009, стр. 39.

[45] Борис Чипан, Македонските градови во XIX век и нивната урбана перспектива, Скопје, 1978; Tetsuya Sahara, The City in the Otoman, Empire Migration and Making of Urban Modernity, Edited by: Ulrike Freitag, Malte Fuhurmann, Nora Lafi and Florian Riedler, SOAS Routledge Studies on the Midlle East, Routledge Taylor and Fracis Group, London and New York, 2011, стр. 39.

# 2. УПРАВНО-АДМИНИСТРАТИВНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА

Управно-административното организирање на територијата во рамките на Османлиската Империја, со текот на времето добила видни и прогресивни промени. Во многу нешта, санџакот преставувал еден централен, управно-административен орган во состав на Османлиската Империја, непосредно по освојувањето на одредено место. Управниот систем на Османлиската Империјата, на чело со султанот, во организирањето на тоа место започнувал со санџакот (sancak), со кој раководел бегот, според централистички начин на владеење составен од страна на султанот.[46] Во класичното османлиско време, или во првите години на формирањето на Османлиската Империја на Балканот, управно-административното организирање на територијата било воспоставено на наведениот начин, но за релативно кусо време, а системот за организирање претрпел низа измени. Измената ќе се направи со тоа што ќе се формира најголемото и најдолготрајно управно-административно организирање, а тоа било формирање на „Румелискиот беглербегски“ систем на османлиското владеење.[47] Главен град на новоформираниот беглербегат бил градот Пловдив, но по кратко време ќе биде преместен. Наведената состојба била меѓу првите фази од организирањето на територијата. По формирањето на споменатиот беглербеглук, територијата на Османлиската Империја ќе се организира врз основа на бејлергерлуци.

Кон крајот на XVI век, во империјата вкупниот број на овие администартивни-управни единици изнесувал 32 беглербеглуци. Од наведениот вкупен број, само 5 од наброените биле лоцирани и организирани во Европа.[48] Кон

[46] Bilal Eryılmaz, Osmanlı Devletinde Gayrimüslim Tebanın Yönetimi, Risale Basın-Yayın 2 Baskı-Mart, İstanbul, 1996, стр. 123.

[47] Зборот беглербег има османлско потекло, односно значењето на зборот беглербег преставувало: еден вид на управител што се наоѓа над еден или повеќе бегови. Така на пример, „Румелискиот беглербеглук“, кој се состојеше од пет или шест беглуци, над овие беглуци или над управителите-бегови, беше поставен најголемиот бег или беглербегот, односно бег над беговите.

[48] Петте беглербеглуци во Балканот биле следните: Румелија, Босна (со главниот град

крајот на XVI век, како и во почетокот на XVII век, на територијата на Балканот имало вкупно 30 санџаци. Наведените санџаци сè до првите децении на XIX век, ќе го одржуваат статусот на чело со воинствени управители т.н. санџак-бегови. Таквите бегови, како прво биле началници на спахиите, а спроти нив се наоѓал и одговорниот за правните работи т.е кадијата (kadı). Кадијата, според старотурските исламски традиции и нивните норми содржани во рамките на обичајното право на Османлиската Империја, доаѓал од средина на врвните улеми на империјата. Всушност, кадијата од своја страна ја претставувал државната и службената функција, непосредно поставувана од страна на султанот. Тој како извршител на шеријатскиот правен систем бил независен, посебно во извршувањето на определените обврски, за кои одговарал непосредно пред султанот.[49]

*При разгледување на наведените правни состојби, можно е да се констатира, дека бегот на одреден управно-админиистративен регион не можел да решава некој проблем или да одлучи без да се консултира со кадијата.*

Санџаците во рамките на внатрешното организирање, биле поделени и во помали управно-администартивни единици. Внатрешното организирање, истовремено било поделено и на две единици, како што биле: казата (kaza) и нахијата (nahiye). Во казите и нахиите биле испраќани управители кадии. На прв поглед, можеби, овој систем на управување изгледал како паралелна власт, но мора да се констатира фактот дека таквиот систем бил најсовршен систем за регулирањето на правните односи во Османлиската Империјата, кој што ќе потрае сè до средината на XIX век.

Новото управно-администартивно организирање било направено по објавувањето на Танзиматот, посебно потцртано уште со уредбите на Ѓулханскиот хатишериф од 1839 година, а нешто подоцна и по завршувањето на Кримската војна (1853-1856) година, со објавувањето на Хатихумајунот од 18 февруари 1856 година. Со Кримската војна излегле на виделина бројни недостатоци во однос на управно-администартивното уредување и организирање на територијата. Пред воведувањето на Танзиматот и сите реформи, со општините управувале кадиите. Всушност, кадијата преставувал еден вид администратор, кој заземал место над градоначалникот, управителот на правната служба. Доколку се анализира и дефинира управната положба на кадијата, ќе произлезе, дека тој во исто време ја вршел должноста на кадија, градоначалник и управител.[50] Од друга страна гледано, маалото (mahalle) заземало едно специфично место во рамките на целокупниот централизиран систем содржан во османлсиката управно-административна организација.

Сараево), Егејските Полуострови (со главниот град Гелиболу), Будим (со главниот град Будим) и Темишвар (со главниот град Темишвар).

[49] Castelan Georges, Balkanların Tarihi 14-20 yüzyıl, стр. 124.

[50] Исто, стр. 130.

Зборот град во османлискиот јазикот бил дефиниран како „шехир" (şehir), кој што потекнува истовремено од персискиот збор шехир (şehir).[51] Исто така, заедно со „шехир" можно е да се претпостави и употребата на други дефиниции за градовите во Османлиската Империја. Во градовите каде трговијата била поврзана и имала витално значење за развојот на населението, блиските приградски места се дефинирале и како касаби (kasaba).[52] Градовите и селата, кои биле засилени со администрација, се именувале како паланка (palanka), а за градовите каде имало концентрирано многубројно население од христијанско потекло, таквите места се дефинирале како ва- рош (varoş).[53]

*Како пример земено, денеска во Република Македонија, сè уште може да се види дека гореспоменатите дефиниции за именувањето на градовите и понатаму се присутни. Како конкретен факт може да се наведе името за градот „Крива Паланка", кое потекнува од зборот „паланка".*

Во принцип гледано, сите градови, внатре во Османлиската Империја, припаѓале во сопственост на султанот, но во пракса гледано, султанот за управувањето на градовите ги ангажирал неговите државни службеници, како што биле: везирите и пашите поставени со највисок ранг; потоа беглер-беговите, санџак-беговите, ајаните, мутасарифите, кадиите, јигит-башиите, мутеселимите, војводите, т.н. Но, доколку се направи еден дијаграм на генераланиот преглед во врска со дефинирањето на целокупната состојба на управувањето на градовите, султанот од своја страна управувал со 1/4 од градовите.[54] Големите градови, како што се: Едрене, Солун, Софија, Битола, Серес, Скопје и други, секогаш биле под директна контрола на султанот.

Од страна на Османлиската Империја, организирањето на градовите во текот на XVIII век, во Македонија и пошироко во Балканот, било направено согласно со другите исламски држави и според системот на „ihtisab", или на македонски општина, а како управител на општината бил именувано лицето „muhtesip" или на македонски градоначалник.[55] Лицето кое било избрано како градоначалник на градот, исто било именувано како „ihtisab ağası" или „ihtisab emini".

Во текот на 1826 година, по елиминацијата на воениот ред на јаничерите, во управувањето и организирањето на градовите и градските форуми, во голема мера биле направени неколку радикални промени. Со новите измени направени од 1826 година, посебно со воведувањето на „Новиот закон", позицијата на градоначалник „ihtisap ağalığı" се трансформирала во „Министерство за општини" (ihtisab nezareti). [56]

[51] Исто, стр. 133-134.
[52] Исто, стр. 133-134.
[53] Исто, стр. 133-134.
[54] На пример во 17 век, од 177 населено место, 45 му припаѓале на султанот, 88 на садразамот, а 26 населени места им припаѓале на беглер-беговите и санџак-беговите.
[55] Akkündüz Ahmet, Bilinmeyen Osmanlı, Osmanlı Araştırmaları Vakfı, İstanbul, 1999, стр. 348-349.
[56] Истото, стр. 349.

*Според „Законот за општините“ Османлиската Империја во XVIII век, од своја страна имала направено еден вид радикално реформирање на класичниот систем на градовите. Со направените измени положбата на градовите во Македонија се изменила, со тоа што на градоначалникот му биле регулирани ингеренциите и обврските.* Фактички гледано, со новите измени или подобро речено со формирањето на новото „Министерство за општините“, градоначалниците биле поврзани директно со везирот и заземале видно место во државниот протокол на Османлиската Империја.[57] Со новите измени положбата на градовите во Македонија ќе се измени значително. Притоа, може е да се заклучи и констатира дека со направените измени од 1826 година започнал новиот процес на измени во организирањето на градовите во Македонија. Веќе во текот на 1868 година, бројот на вилаетите (vilayetler) се зголемил, империјата се состоела од 22 вилаети и 6 провинции (eyalet).[58] Во текот на 1869 година уште еднаш биле  направени измени во организирањето на вилаетите на Османлиската Империјата, со тоа што од вкупно 22 вилаети се формирал уште еден вилает и бројот се зголемил на 23 вилаети.[59]

*Со конституирањето на новите измени, не само што се покачил бројот на вилаетите на Балканот, туку со новите закони и другите измени, Скопскиот вилает (Üsküp Vilayeti) во XVIII век, веќе станал еден од најважните вилаети во составот на Османлиската Империја. Така на пример, Призренскиот вилает ќе се подели на три санџаци: Призренски, Дебарски и Скопски санџак.*[60]

Управно-административната состојба на империјата не била секогаш во статична положба, напротив, секогаш биле правени радикални измени во регулирањето на територијата. Кон крајот на владеењето на султанот Махмут II (1808-1839), администрацијата на управувањето сè повеќе се централизирала. Овој процес на централизација и понатаму продолжил да се зацврстува и во времето на Танзиматот.[61] Управителите на различните територии во империјата во наведениот период, од своја страна, не можеле да дејствуваат без начелна соглас-

---

[57] Исто, стр. 349

[58] Rizay İskender, Osmanlı İmparatorluğunda Vilayetler Sisteminin Niteliği 1864-1878, Çevren no:12, Priştine, 1967, стр. 14-15.

[59] Menzıes Suterland, History of Ottoman Empire in Europe, Devlet-i Aliye Salnamesi 1285, London and Glaskow, 1877, стр. 170-190.

[60] Rizay İskender, Osmanlı İmparatorluğunda Vilayetler Sisteminin Niteliği, стр. 14-15.

[61] Танзимат преставувал еден вид закон прогласен од страна на султанот во 1876 година, Со прогласување на Танзиматот се менувал социајлно-политичкиот живот на граѓаните на Османлиската Имерија. Исто така, се променила и доминанцијата на немуслиманскиот народ во управување на османлиска администрација. Во наведениот период, Османлиската Империја сите свои напори ги трошела за да го постигне реформскиот процес слично со европските држави. Со сите направени реформи и реорганизирањето на управно-административниот систем се настојувало да се прилагодат според европските стандарди. Индикациите на Танзиматот не влијаеле само врз муслиманските, туку и на немуслиманските народи. Заедно со спроведувањето на Танзиматот, правото на учествување во социјално-политичката свера на немуслиманските народи сè повеќе се зголемувала.

ност на централната власт. За да се одбегне оваа ново настаната централизација на империјата, после Танзиматот биле преземени енергични чекори во спроведување на законските мерки. Како прво: за да се одбегне долготрајната бирократизација, истите биле унифицирани и биле формирани нов вид на провинции „vilayetler", а ингеренциите на гувернаторите „vali" биле проширени. [62]

*Од другата страна, новонастанатото реорганизирање на управно-административната состојба, станала повод за европските држави да се инволвираат во внатрешната политика на Османлиската Империја. Европските држави држави при секоја нестабилна ситиација на територијата османлиската држава, од своја страна покренувале барања за воведување на реформи и реорганизирање на терироријалното управување во полза на нивните политички и еконмски интереси.*

Уште во текот на 1861 година, со инцијативата покрената од страна на Џевдет Фуат-паша и Митхат-паша повторно ќе се направи реорганизација на управно-административната положба на територијата. Новата реорганизација се дефинирала како „Vilayet Nizamnamesi" или т.н. „регулатива за вилаети". Истата била прогласена на 8 ноември 1864 година, од страна на наведените реформисти. Новиот модел, фактички бил еден вид копија од управно-администартивно уредување на Франција.[63]

Според ново направените реформи, провинцијата или ејалетотот (eyalet) се трансформирал во вилает (vilayet). По настанатите помени се организирале и структурите што не влегувале во надлежностите на вилаетот. Како што во вилаетот се формирала лива (liva), во ливата се формирала каза (kaza) и од казата се преминувало во нахија. Направени биле и промени врз работата на управно-административните службеници, при што управувањето со вилаетот (vilayet) му се оставало на валијата (vali); управувањето со санџаците (sancaklar) на мутасараифот (mutassaruf), а со казата управувал кајмакамот (kaymakam).[64]

*Со ново организираната управно-административна состојба почнува и фазата од присуството на одреден дел од христијанското и еврејското население во управувањето на службите од вилаетите, како и во основните управно-администартивни органи на државата.*

Новите управно-административни промени на почетокот биле практикувани во новоформираниот Туна (Tuna) вилает.[65] Како управител на овој нов вилает бил поставен Митхат-паша. Новите реформи по кратко време се при-

[62] Eryılmaz Bilal, Osmanlı Devletinde Gayrimüslim Tebanın Yönetimi, İkıncı Baskı-Yayın LTD, İstanbul, стр. 138-139.
[63] Kılıç Selda, 1864 Nizamnamesiniin Tuna Vilayetinde Uygulanması ve Mithat Paşa, İstanbul, 2000, стр. 6-7.
[64] Исто, стр. 6.
[65] Ново формираниот вилает „vilayet" претставувал еден вид на вилает што го сочинувале неколку провинции или ејалети (eyalet) како: Русчук, Видин и Ниш и др.

менуваат и на териториte на Балканот и во Македонија. Со новите регулативи за вилаетите (Vilayet Nizamname- si), бирањето на вилаетските собраниски членови било со гласање. Исто така, меѓу избираните членови се наоѓале и членови, кои биле од христијанско и од еврејско потекло. Според член 13 од новите регулативи за вилаетот (Vilayet Nizamnamesi) инспекторите на шеријатските правобранители; дефтердарите (defterdar), доставувачите на писма (mektupçu) и директорот одговорен за надворешни работи, имале по еден член од немуслиманско потекло. Заедно со „Управното собрание на вилаетот" се формирало и „Генерално собрание на вилаетот" (Umumi Vilayet Meclisi). Ново формираното генерално собрание се состоело од два члена со муслиманска вероисповест, како и два члена од другите, т.е. од немуслиманска вероисповест, кои биле избирани исто така од составот на ејалетскиот санџак „sancak". Новоформираното генерално собрание на вилаетот (Umumi Vilayet Meclisi), од страна на државната власт, имало право да ги решава законските спорови за сите верски заедници.[66]

*Направената систематизација на управно-административната состојба на територијата во тоа време преставувала една уникатна пракса само во рамките на Османлиската Империја.*

Управно-административната состојба на Османлиската Империја не се одликувала со статички карактер, туку напротив била флексибилна и отворена за сите направени измени и дополнувања. Во тој случај гледано, во текот на втората половина од XIX век, управно-административната положба на територијата била организирана на следниот начин: во Румелискиот вилает (Rumeli Vilayeti) биле следните вилаети: Едрене, Скадар, Јанина, Солун, Манастир (Битола) и Косово. Со еден збор кажано, во рамките на тогашната османлиска Македонија вилаетите се состоеле од Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает.[67]

Со текот на времето и развојот на социјално-економските, политичките, верските и националните состојби во Османлиската Империја, во 1875 година, уште еднаш биле направени измени во управно-административниот систем на државната територија. Така на пример, Призренскиот вилает бил сменет и на неговото место во 1873 година, се формирал новиот Манастирски (Битолски) вилает. Кон констатацијата на претходната состојба, потребно е да се нагласи дека во текот на 1876 година Османлиската Империја била составена од вкупно 25 вилаети, 3 валии,[68] една провинција (eyal- et), 6 специфични ејалети и 5 независни управно-административни делови.[69]

[66] Eryılmaz Bilal, Osmanlı Devletinde Gayrimüslim Tebanın Yönetimi, стр. 139

[67] Şıvgın Hale, Osmanlı Arşiv Belgeleriyle 1902-1912 yıllarında Makedonya, İstanbul 2000.

[68] Д. Ѓеоргиев, Административната структура на Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает во втората половина на XIX век, МАНУ, Прилози, Одделени за општествените науки, XVI, 1-2, Скопје, 2001, стр.169-170.

[69] Rizay İskender, Osmanlı İmparatorluğunda Vilayetler Sisteminin Niteliği, 1967, стр. 15.

По завршувањето на Истанбулската конференција на 20.01.1878 година, процесот на реформирањето на Османлиската Империја и понатаму интензивно продолжил. Во февруари 1878 година се формирал новиот Косовски вилает, а како негов центар ќе се определи градот Скопје. Косовскиот вилает се состоел од градовите: Нови Пазар, Призрен, Приштина, Скопје и Дебар.[70] За одговорен раководител на вилаетот бил избран Камил-паша, а како негов помошник Арнавуд Васо ефенди-паша.[71] Притоа, интересно е да се заклучи дека по одржувањето на Берлинската конференција во составот на Османлиската Империја имало формирано вкупно: 26 вилаети, 1 провинција (eyal-et), 5 специјални провинции, 2 беглука, 4 специјални мутасарифлици и на крајот 83 чифлици, при што, севкупниот број на жители во тоа време во составот на Османлиската Иперијата изнесувал 13.989.374 жители. Со текот на времето, според показателите од предходните сознанија и заклучоци, можно е да се констатира дека во доменот на управно-административното организирање на Османлиската Империја, истата како одредена државна целина била подделена на два дела. Првиот дел го преставувал класичниот дел, а вториот, дел се формирал по објавувањето на Танзиматот. За да се формира појасна слика и преставa во врска со управно-административната положба на териотијата на Османлиската Империја, направен е табеларен преглед и одредено објаснување на управно-административната состојба на ејалетите. Тие биле следните:

| | |
|---|---|
| **СИСТЕМОТ НА ЕЈАЛЕТ (1363-1864)**[72] | **Адана, Анадолија, Анкара, Ајдин, Багдат, Басра, Босна, Будим, Џез-ајир, Џилдир, Дијар Бекир, Едреење, Егри, Ерзурум, Гирит, Набеш, Халеп, Херцек, Худавендиѓар, Истанбул, Канижа, Кипар, Караман, Кареси, Карс, Кастамону, Кефе, Лахса, Манастир, Египет, Мора, Ниш, Ногај, Озу, Подолја, Ракка, Рум, Румелија, Сајда, Селаник, Силистре, Шам, Шехирзор, Темешвар, Траблузгарп, Тарбзон, Тунуз, Ујвар, Ван, Варат, Видин, Јанина, Јемен, Сигетвар и Зулкадирије.** |
| **СИСТЕМОТ НА ВИЛАЕТ (1864-1922)**[73] | Адана, Анкара, Ајдин, Багдад, Басра, Бејрут, Битлис, Босна, Џезаири Басри Себит, Дерсим, Дејри Зор, Дијар Бекир, Едреење, Ерзурум, Гирит, Хаккари, Халеп, Херцек, Ниџаз, Худавендиѓар, Истанбул, Шкодра, Кареси, Кастамону, Конија, Косово, Мамуретул Азиз, Манастир, Шам, Трабглузгарб, Трабзон, Туна, Ван, Јанина и Јемен. |

[70] Д. Георгиев, Административната структура на Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает во втората половина на XIX век, МАНУ, Прилози, Одделени за општествените науки, XVI, 1-2, Скопје, 2001, стр.170-171.
[71] Исто, стр. 15.
[72] İpşirli Mehmet, Klasik Dönem Osmanlı Devlet Teşkilatı, Osmanlı Devleti ve Medeniyeti Tarihi, c 1, İstanbul 1994, стр. 225.
[73] Исто, стр. 225.

**Службите и функциите во градовите**

По табеларното прикажување на вилајетите, потребно е да се прегледа и структурата на цивилната административна управа во вилаетите, санџаците и казите. На чело на врховната управа во еден вилает стоел валија кој бил назначуван од султанот. Должноста на валијата било спроведување на наредбите од централната власт и организирање на внатрешното управување на вилаетот. Оклоу финансиските прашања на вилаетот бил одговорен дефтердарот. Тој бил службеник директно поврзан до Министерството за финансии. Другите општи работи биле извршувани од службеникот наречен (mektubçu) генерален секретар, а наведениот службеник бил назначувано од страна на централната власт.[74] Под раководство на генералниот секретар во секој вилает требало да постои и една вилаетска печатница (mektubçuluk). Како одговорен за нагледување и спроведување на меѓународните договори и извршување на надворешните работи на вилаетот од страна на централната власт бил поставен еден службеник (hariciye müdürü). Иако наведениот службеник бил поставен од централната власт, сепак предлогот на наведениот службеник бил правен од страна на Министерството за надворешни работи.[75] Според Д. Ѓеоргиев, службата и службеникот кој бил одговорен за надворешните работи на вилаетот по кратко време биле укинати.[76]

Организирањето на јавните работи во вилаетите било уредувано од страна на уште еден службеник кој по предлог на Министерство за јавни набавки бил поставуван од страна на централната власт. Наведениот службеник заедно со инженерите под негово раководство ги разгледувал прашањата за патиштата, пругите, мостовите и другите јавни градби. Горенаведените службеници на вилаетите биле муслимани.

Според службите кои биле активни во вилаетите, потребно е да се спомене и начинот како валијата управувал со наведените вилаети. Управниот совет (idare-i meclisi) на вилаетот бил орган преку кој валијата управувал со вилаетот. Управниот совет бил составен од: валија кој бил на чело на советот, инспектор на шеријатските судови, дефтердарот, мектубџијата, службеник за надворешни работи и избрани преставници на народот, од кои двајца требало да бидат муслимани, а двајца немуслимани. До овие службеници исто така, во наведениот совет по функција членувале и духовните водачи на немуслиманските верски заедници.[77] Надлежноста на Управниот совет била: советување и извршување на прописите кои се однесувале на граѓанските, финансиските и надворешните работи. Од друга страна, распределбата и контролата

[74] Драги Ѓеоргиев, Административна структура на солунскиот, битолскиот и косовскиот вилает во втората половина на XIX век, Балканите меѓу традицијата и модерноста, ИК гутенберк, Софија, 2009, стр. 111.
[75] Исто, стр. 112.
[76] Исто, стр. 112.
[77] Драги Ѓеоргиев, Административна структура на солунскиот, битолскиот и косовскиот вилает, стр. 112.

на полициските сили биле правени од страна на валијата. Но, полициските сили биле раководени од страна на висок офицер, со чин полковник (miralay), или со звање алајбег. Во 1867 година со законот за вилаети било предвидено поставување на уште еден вилаетски совет, каде членовите биле бирани и делегирани од секој санџак, и тоа по двајца муслимани и двајца немуслимани.[78]

За правните работи на вилаетите, биле организирани Големи апелациони судови (Büyük meclis-i temyiz-i hukuk), кои била сместени во центарот на вилаетите. Надлежноста на наведениот суд било решавање и донесување одлуки за имотно-правни и кривични спорови. За решавање на споровите за муслиманското население според шеријатските судови биле поставени три членови (mumeyiz) и за решавање на споровите за немуслиманското население поставени се уште три челенови, а вилаетскиот апелационен суд се состоел од шест членови.[79] За спорови поврзани со трговските работи, одлучувал Вилаетскиот трговски суд (Ticaret-i meclis). Иако наведените судови биле раководени од своите избрани раководители, во правосудниот дел од управата на вилаетот, на предлог на шејх-ул-исламот бил поставуван еден инспектор (müfettiş), чија должност била нагледување на сите шеријатски судови во вилаетот.

Како второстепена административна единица бил организиран санџакот. Со санџакот раководел мутасарифот кој бил назначуван со султански декрет (irade). Мутасарифот бил директно зависен од валијата и тој управувал со цивилните, финансиските и полициските работи на санџакот. Под негова надлежност биле следниве службеници:

- Службеник наречен сметководител (Muhasebeci)
- Началник за кореспонденција (Tahrirat müdürü)

Мутасарифот заедно со Управниот совед (İdare-i meclisi) го управувал санџакот. Во наведениот совет влегувале следните службеници: кадијата на казата, месниот муфтија, духовните претставници на немуслиманското население, сметководителот, началникот за кореспонденција и уште четири избрани членови од кои двајца муслимани и двајца немуслимани, вкупно четири членови. Во санџакот, мутасарифот исто така имал надлежност како заповедник на полициските сили. Во секој санџак од страна на султанот, со предлог на шејх-ул-исламот биле поставувани кадии. Надлежност на кадијата била донесување одлуки за споровите кои биле во надлежност на шеријатските судови.[80] Исто така, во седиштето на санџакот постоел и Касационен суд (Meclis-i temyiz-i hukuk ve cinayet), кој ги решавал кривичните и граѓанско-правните спорови. Овие спорови биле донесувани во наведениот суд, ако тие не биле решени од гра-

[78] Исто, стр. 113-114.
[79] Исто, стр. 113.
[80] Драги Ѓеоргиев, Административна структура на солунскиот, битолскиот и косовскиот вилает, стр. 115.

ѓанскиот суд или по решавањето на граѓанскиот суд, странките се обраќале до повисока судска инстанца.

Како трето административно ниво во организацијата на вилаетот била казата. Со казата управувал кајмакамот, кој бил поставен од централната власт. Како административно ниво, со начело на кајмакамот казата имала и свој Управен совет. Наведениот Управен совет бил составен од: кадија на казата, градскиот муфтија, духовниот водач на немуслиманското население, секретарот на казата и уште четири члена, муслимани и немуслимани. Кајмакамот, иако бил заповедник на полициските сили, сепак наредбите ги добивал од утасарифот на санџакот.

Најниско административно ниво била селската управа. Според Д. Ѓеоргиев, „За секоја конфесионална група во секое село постоеле по двајца мухтари. Ако во едно село имало помалку од 20 куќи од една конфесија, тогаш таа имала еден мухтар“[81]. Мухтарите ја играле улогата на посредници помеѓу власта и населението. Прибирањето на даноците и другите работи биле под надлежност и на мухтарите во селските управи каде се наоѓале. Под раководство на мухтарите се наоѓале следниве службеници: службеникот на селската полиција или познат под името бекчик, шумари и сл. Како и во другите организациони органи на вилаетот и во селата имало Селски совети (İhtiyar Meclisi). Селските мухтари биле избрани секоја година од истата конфесија. Услов да се биде кандидат за мухтар бил да се биде постар од 18 години и да се плаќа 50 грошеви данок.[82] Селските совети биле составувани најмалку од три и најмногу од 10 членови.

Во процесот за избор на членови во советите на вилетите, санџаците и казите се користеле сложни системи. Овие системи биле спроведувани од избор ни комисии, каде како членови биле најмоќните и највлијателните лица. Во повеќе пригоди, покрај другите услови, предност имале и кандидатите кои биле писмени.[83]

[81] Драги Ѓеоргиев, Административна структура на солунскиот, битолскиот и косовскиот вилает, стр. 117.
[82] Исто, стр. 117.
[83] За подетални информации може да се погледа во табела бр. 02. Според салнамињата, националностите во управно административните органи на вилаети, санџаци и во градовите.

## 2.1. ПРОВИНЦИЈАЛНОТО УПРАВНО-АДМИНИСТРАТИВНО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ГРАДОВИТЕ ВО ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА ПРЕД ТАНЗИМАТСКИОТ ПЕРИОД

**Беглербегскиот систем:**

Во раниот период од развитокот на Османлиската Империја, како и во состојбата на провинцијалното управно-административно организирање на градовите, во основа гледано, се формирале две позиции на службени и државни функции, кои станале исклучиво фаворизирани, а тие биле, беговите „bey" и кадиите „kadı". Беговската позиција водела потекло од војничката служба (Seyfiye), а од друга страна кадиите биле бирани и ја составувале интелектуалната страна (İlmiye) на државното управување. Овие две управно-правни службени позиции биле организирани на тој начин што едната од нив не можела да функционира независно од другата. Бегот не можел од своја страна да донесува конечна одлука, без даденото категорично мислење и правно толкување на кадијата. Исто така, и кадијата немал право за разрешување на управно-административните лица без согласност на бегот. Но, сепак во суштина гледано, кадијата бил еден од ретките кој имал директен и државно правен пристап до султанот. Во тој случај гледано, кадиите давале согласност во име на султанот, според толкувањата на шеријатските и султанските закони. Според наведената логика на управувањето на територијата, кадијата, според функција и моќта што ја поседувал, од своја страна воспоставувал директен контакт со најмоќното лице во империјата, а тоа бил султанот.[84] Непосредно по вклучувањето на новите територии внатре, во составот на Османлиската Империја, дошло до реорганизирање на управно-административната територија. Во 1354 година се случило да бидат заземени нови територии, како што бил случајот со Галиполе и пошироко, како и со внатрешните места на Балканот. Поради динамичноста во врска со освојувањето на новите територии, во составот на Османлиската Империја, во 1361 година се формирал Румелискиот беглербеглук (Rumeli Beylerbeyliği). Во новата административно-воена единица за прв владетел, како беглербег било назначено лицето Лала Шахин-паша.[85] По смртта на Лала Шахин-паша, за беглербег на Румелијата бил назначен Кара Тимурташ-паша. Првиот главен град на „Румелискиот Беглербег" бил градот Едрење, при што по извесно време биле направени одредени измени и во останатите градови на овој вилает. После Едрење за главен град бил назначен градот Солун и на крајот градот Битола (Manastir) бил назначен

[84] Halil Inalcik, The Ottoman Empire. The Clasiccal Age, 1300-1600, (Translated by: Norman Itkowich and Colin Imber), London, 1973, стр. 104.

[85] Според конкретните факти што ги имаме за војдководачот Лала Шахин-паша, тој бил еден од оние лицата, кои што биле конвертирани во исламот, а титулата „лала" потекнувала поради фактот, што долги години тој ја вршела функцијата „ментор" на султанот Мурат I (1326-1389). Затоа и неговото име, со тек на времето, се дефинирало како Лала Шахин-паша.

како главен град на Румелискиот вилает.[86] Нешто подоцна, во времето на владењето на султанот Бејазид I Јилдирим (1389-1402), бил формиран „Анатолскиот беглербег", со главен град Кутахија, а потоа главен град станал Ангора (Анкара).

Кон крајот на XV век, според досегашните научни сознанија, биле формирани уште неколку нови административни единици: Румскиот (Румелискиот) беглербегат во 1413 година, а нешто подоцна и Караманскиот беглербег во 1481 година. Во време на владеењето на султанот Селим I Јафуз (1512-1520) други нови беглербеглуци биле формирани како: Дијарбекир во 1515 година, Алепо во 1516, Дамаск во 1517-1520, како и Босанскиот беглербегат во текот на 1580 година.[87]

Во канунамето на султанот Мехмед II Фатих (Освојувачот) или (Fatih Kanunna-mesi), надлежностите на беглербегот биле дефинирани како: беглербег кој служел во „Министерството за финансии на империјата" и тоа со голема плата како главен кадија на државата. Беглербегот во „Собранието на империјата", според протоколот, бил зад големиот везир и се наоѓал скоро во ист ранг како „министер за финансии", со плата во висина од 800.000 до 1.200.000 акчиња и тој владеел со многуте кази и нахии, како составни делови на многубројните санџаци.[88] Должностите на еден беглербег се дефинирале на следниот начин:

- Управување со територијата и формирање политика;
- Имплементирање на правната политика во државата;
- Формирање, развивање и контролирање на градовите;
- Заштита на градовите и нивното население;
- Подготвување, обучување и развивање на војската.

Во рамките на воената стратегија на Османлиската Империја, предходно наведените должности на беглербегот биле на непосреден начин дефинирани од страна на централната османлиска власт, преку посебни берати издадени од страна на султанот. Исто така, треба да се нагласи и фактот, дека управно-административните надлежности и служби биле организирани и во другите институции на државата како што биле функциите на: санџак-беговите, кадиите, субашите, наибите, спахиите, ајаните, како и рајата со посебни задолженија.

[86] İsmail Hakkı Uzunçarşılı, Osmanlı Tarihi I, Ankara, 1994, стр. 572-573.
[87] M. Tayyib Gökbilgin, "15 ve 16 Asırlarda Eyalet-i Rum", Vakıflar Dergisi VI, İstanbul, 1969, стр. 50.
[88] Abdülkadir Özcan, Fatih'in Teşkilat Kanunnnamesi ve Nizam-ı Alem İçin Kardeş Katli Meselesi, TD, no. 33/1982, стр. 47.

Карактеристично е да се подвлече дека наведените позиции се наоѓале под надлежност на беглербегот.[89] Но, службената вредност на беглербеговите не била исто рангирана. Тие биле рангирани според гео-стратешката, социјално-економската и политичката положба. Некои од беглербеговите биле и се наоѓале во поповолна положба во споредба со дел од останатите беглербегови. Одреден број биле наградувани со поголем број тимари (teskiresiz tımar), некои со зиамети или хасови. Така на пример, во Румелија вредноста на еден тимар даден на беглербег изнесувала во просек околу 6.000 акчиња. Оние беглербегови кои имале вредност на тимари над 6.000 акчиња, според праксата на државната политика биле назначувани со посебно писмо (berat-ı hümayun) издадено од страна на султанот.[90]

Центарот на беглербегството или местото каде тие се собирале кога се одлучувала иднината на Османлиската Империјата се наоѓало во Истанбул, поточно кажано во „Големото собрание“ (Divan-ı Hümayun). Но, паралелно со „Главниот диван“, беглербеговите имале и посебен диван, каде што ги организирале состаноците на беглербегско ниво.

*Според сознанијата на авторот Ахмет Мумџи, кон „крајот на XVII век, беглербеговите си имале свое собрание. Собранието било лоцирано во Паша- Конакот. Во ова собрание раководител бил еден од беговите со титула Диван-ефенди. Беглербеговите на овие состаноци присуствувале заедно со неколкуте членови на нивната лична администрација“.*[91]

Така на пример, во законите кои се направени од страна на султанот Мехмет II Фатих или како што е цитирано според историските факти, во „Фатихските канунамиња“ за придонесите на беглербеговите дадени се прецизни информации. Според претходно наведеното сознание, приходите на беглербеговите се движеле во висина од 800.000 до 1.200.000 акџиња годишно. При крајот на анализирањето на оваа точка, можно е да се заклучи, дека бејлербегскиот систем одиграл важна улога и во работата на санџак-беговите и во организирањето на администрацијата на санџаците.

### Санџак-беговите и организирањето на санџаците

Зборот санџак потекнува од арапскиот јазик кој што има свое етимолошко значење на знаме, односно со зборот санџак се дефинирала територија која била административно рангирана во внатрешноста на беглугот. Санџакскиот систем за прв пат бил употребен во време на основоположникот на Османлиската Империја и династија Осман I Гази (1299-1326).[92] Кога Осман Гази ја освоил облас-

[89] Prof. Dr. Kemal Chichek, The Great Ottoman, Turkish Civilisation, Volume III, Yeni Turkiye, Ankara, 2000, стр. 521.
[90] Исто, стр. 521.
[91] Ahmet Mumcu, Hukuksal ve Siyasal Karar Organı Olarak Divan-ı Humayun, Ankara, 1976, стр. 151-152.
[92] Осман Гази се смета за таткото на Османлиската Империја, поради што и самата империја

та Караџа Хисар во 1288 година, за прв пат тој го испратил знамето до Ак Темур, синот на селџукскиот султан на Анадолија султанот Алауддин. Со наведениот државно-правен акт започнала да се користи титулата санџак-бег. Значи Осман Гази за прв пат бил одликуван како санџак-бег на новоосвоената територија и од тој ден се започнало со одржувањето на церемонијата, односно со читање на името на санџак-бегот во џамиите на преземените нови територии.[93] Според тоа, може да се каже дека првите санџак-бегови биле: Осман Гази и неговите синови: Сулејман-паша и  султанот Орхан Гази (1326 -1360), а потоа следувал и султанот Мурад I Гази (1360-1389).

Според познатиот османлиски хроничар Ашикпашазаде: *„санџакот на Измит и поширокиот регион му бил доделен на Сулејман-паша; санџакот на Ин Они му бил  доделен на Мурад Гази“.*[94]

Санџаците, според нивните административни и територијални организирања и функционалности, во одредени временски периоди во Османлиската Империја биле како еден вид под-единици на беглербеглуците. Во основа, постоеле три видови санџаци: првите по ред биле т.н. класични османлиски санџаци. Тие во пракса гледано претставувале еден вид на административни единици за управување на градовите и регионите. Во сите беглербеглуци имало санџаци. Во XVI век во Румелискиот беглербеглук имало само 34 санџаци, а во Анадолскиот 8 санџаци. Од XVI век до XIX век, според документираните податоци имало од 500 до 290 санџаци, односно во XVI век биле 500., а во XIX век изнесувале вкупно 290 санџаци.[95] Но, според времето и развојот на воено-политичките прилики, санџаците по потреба биле проширувани и редефинирани. Некои од нив со текот на времето станале беглербеглуци. Со системот на управување на санџаците се занимавал санџак-бегот. Санџак-беговите биле бирани од страна на османлиските владетели или султаните. Тие во голема мера учествувале во управувањето во османлинската палата, биле санџак-бегови со одредена служба или биле принцови (şehzadeler) во одредени области на Османлиската Империја. Ова е причината поради која принцовите се ориентирале со службена должност на санџак-бегови. Таквата пракса се однесувала во врска со стекнување на управни вештини, кои во иднина на принцовите им служеле при нивното поставување на султани, како апсолутни владетели на целокупната државна територија на  Османлиската Империја.[96]

---

своето име ја имала добиено по името  на Осман Гази. Во османлиската историја тој се смета за неприкосновен и апсолутен лидер, кој од своја страна ги удрил темелите и ја зацврстил имперјата, односбно ги поставил првите државно-правни норми на империјата која траела повеќе од пет века.

[93] Prof. Dr. Kemal Chichek, The Great Ottoman, Turkish Civilisation, Volume III, Yeni Turkiye, Ankara, 2000, стр. 521.

[94]  Исто, стр. 525.

[95] Исто, стр. 527.

[96] İ. Metin Kunt, Sancaktan Eyalete. 1550-1560 Arasaında Osmanlı Ümerası ve İl İdaresi, İstanbul, 1978, стр. 134-147.

**Пијаде и муселем-санџаци и бегови:**

Во текот на првите децении од формирањето на Османлиската Империја, организирањето на јаничарската институција била определена на тој начин што војската на империјата била фокусирана на формирањето пешадиска (piyade) армија или втората категорија дефинирана како (müseylem) коњаница. Нивните воени формации биле регистрирани како ливаи-пијадеѓан (liva-i piyadegan) и ливаи-муселлеман (liva-i müsellem-an). Сè до времето на султан Сулејман I Кануни-Величенствениот (1520-1566), Румелискиот вилает бил дефиниран како муселлемански санџак беглук. [97]Доходите на овие муселемански санџаци биле од 18.000 до 85.000 акчиња. Но, на прв поглед изгледа дека оваа организација не била направена врз основа на управно-администартивен карактер, туку била организирана за потребите на војската на Османлиската Империја. Но, бидејќи овие санџаци на пијаде и муселем се наоѓале лоцирани во управна-админстаративниот дел на државата, со овој начин на организирање била направена систематска контрола врз работата на чифлиците. Во пракса гледано муселемските бегови биле именувани како санџак-бегови.

Во текот на досега направената анализа за османлискиот систем на провинцијата, по формирањето на османлиската власт на Балканот и во Македонија, дадени се статистички податоци за населението во градовите, а потоа следува да се направи куса анализа на христијанското и еврејското население во поголемите градови на Османлиската Империја.

## 2.2. КЛАСИЧНИОТ ТИМАРСКИ СИСТЕМ И НЕГОВОТО НАРУШУВАЊЕ

Датирањето на овој систем или појавување на османлискиот класичен тимарски систем не е можно точно да се дефинира, бидејќи според документите или историските факти се смета како комбинација на исламско-турскиот и византискиот систем за управување на одредена државна територија.[98] Тимарскиот систем во класичната ера на империјата не бил ориентиран само кон воени цели. Овој систем бил организиран и за оспособување и за други потреби на државата, на пример: плаќањата на даноците; организирањето на статусот на селата и селаните, како и дефинирање на собирањата на даноците во провинциите. Класичниот тимарски ситем бил конституиран за да фун-

[97] Prof. Dr. Kemal Chichek, The Great Ottoman, Turkish Civilisation, Volume III, Yeni Turkiye, Ankara, 2000, стр. 528.

[98] Halil İnalcık, «Timar», Encyclopedia of Islam, 2nd Edition, VoliX, BriU, Leiden, 1999. s. 502 (EI2nd), İlkay Sunar, “State and Economy in The Ottoman Empire”, The Ottoman Empire and the World Economy, Cambridge University Press, 1987, s. 607. Ö. Lütfi Barkan, “Timar”, İslam Ansiklopedisi, C. XII/I, MEB, İstanbul, 1993 (İA), Jean Deny, «Timar», Encyclopedia of Islam, ıst Edition, Brill, Leiden, 1934 (EIl).

кционира паралелно со системот на одржувањето на државните земјишта. Горенаведените системи се одржувале како два симбиотички паралелни системи. Тимарскиот систем во времето во кое доминирал, често преставувал еден вид на пред-капиталистички економски поредок за одржување на една од најмоќните и најголемите империи во тоа време како што била Османлиска Империја. Во преткапиталистичкото општество даночниот систем малку бил поразличен од оној во капитализмот. Во општествата каде релациите на производство се базирани врз преткапитализмот, останатиот дел на даноците не било во можност да се земе во парична вредност. Во тие времиња за останатиот дел на даноците и давачките, кои не биле во парична форма, туку во материјална вредност, немало услови даноците да се трансформираат во парична вредност, па даноците служеле за одржување на војската.[99] Од тука е познат историскиот факт дека во класичното време на империјата немало капацитет да се трансформира стоката или продуктите во парична форма.

*Според познатиот турски историчар О. Л. Баркан во „Истокот и западот“ можно е да се констатира користење на разни системи во врска со провинцијалнотото организирање во разните временски периоди, но Османлиската Империја со својот спахиски систем на војници и територијална организација функционирала со векови, така што овој систем бил најефикасен систем на тие времиња.* [100]

Со функционирањето на тимарско-спахискиот систем, империјата без да го оптоварува централниот буџет, од своја страна ги вршела трите најважни функции. Првиот од овие најважни ситеми бил одржувањето на војската и војникот „Sipahi“ спахија. Империјата како централна сила која се одржувала со даноците, го користела тимарскиот спахија при собирањето на даноците, односно со примена на таквата пракса на стопанисување, од своја страна формирала силна, голема и дисциплинирана војска.[101]

Вториот аспект на остварување на наведениот систем, исто така, бил и начинот на управување со империјата. Всушност, центаралната власт со назначувањето на овие спахии-војници, од своја страна овозможувала реални услови за одржување на сите делови на империјата, а со тоа се контролирала целокупната ситуација и во најодалечените места на империјата. Овој систем овозможувал распределување на моќта дури и во малите делови на одредени области, за да се контролира територијата од страна на централната власт во државата. Со наведениот вид организирање на државата, целосно се елиминирала и најминималната можност за отпор на локалното население, при

[99] Исто, стр. 44.

[100] Ö. Lütfi Barkan, “Timar”, İslam Ansiklopedisi, C. XII/I, MEB, İstanbul, 1993 (İA), Jean Deny, “Timar”, Encyclopedia of Islam, ıst Edition, Brill, Leiden, 1934.

[101] Некои од европските или западните историчари, за формираната голема и силна Османлиска Империја, најголемиот дел сметаат, дека се должело на тимарско- сипахискиот систем на владеење. За подетални информации, може да се погледа кај: Çoşkun Üçok, «Osmanlı Devlet Teşkilatında Timar», A.Ü. Hukuk FakÜıtesi Dergisi, Cr., Sa: 4, 1944.

што, на овој начин се прицврстувале врските помеѓу централната и провинцијалната власт со владеењето на државата.[102]

Според авторот И. Сунар, „тимарскиот ситем, наспроти европскиот манодијален систем овозможува инкорпорирање на жителите од најдалечните провинции во управниот процес. Со овој систем се елиминира можноста за фаворизирање на одделени елити или системи во управувањето“.[103]

Третиот фактор за непречено функционирање на тимарско-сипахискиот систем бил финансирањето на Османлиската Империјата. Со овој систем империјата го усовршила начинот на собирање на даноците и останатите финансиски и економски дејности во и надвор од центарот на целокупното државно управување. Со таквиот систем, државата немала неопходна потреба да формира и да подготвува државни кадри за да ги собираат даноците. И доколку се согледаат тие времиња, ќе бидеме сведоци на една објективна констатација дека империјата немала доволно економски средства и моќ да ги финансира и подготвува платените административни службеници за собирање на даноците. Со таквиот начин на функционирање, во Османлиската Империја се овозможувало вршење на контрола над населението и територијата, без да се трошат финансиски средства за формирањето на војска и за собирањето на даноците.[104]

Класичниот тимарско-спахиски ситем ја одржал својата функционалност во првите децении на Османлиското царство, поточно од времето на султанот Орхан, па сè до втората половина на XVI век. Одржувањето на наведениот систем, со неговата социјално-економската и политичката состојба, бил и останал еден од најголемите фактори што ја издигнал на воен план Османлиската Империја. Во публицираните извештаи или книги т.н. рисалиња (Risalaleler), на јасен начин се гледа положбата на тимарите спахии во империјата. Во рисалето на Али Чауш Софијали од 1654 година, бројот на тимарите спахии изнесувал 200.000 во целата држава.[105] Со истакнатата положба на спахиите, империјата ја имала главната моќ за да ги избегне бунтовите и кризите до анализираниот период, поточно кажано, во тоа време и да ја контролира социјално-економската положба во империјата. Но, кон крајот на втората половина на XVI век и почетокот на XVII век, воено-политичката положба на империјата нема да биде иста. Ќе се појават нови измени во тимарско-спахискиот систем. Измените во класичниот управно-административен систем не се содржани само во рамките на една и единствена причина, туку тие може да се анализираат како збир

[102] İlkay Sunar, The Ottoman Empire and The World Economy, Cambridge, 1987, стр. 607.
[103] Исто, стр. 607.
[104] Halil İnalcık, «Timar», Encyclopedia of Islam, 2nd Edition, VoliX, BriU, Leiden, 1999. s. 502 (EI2nd), İlkay Sunar, “State and Economy in The Ottoman Empire”, The Ottoman Empire and the World Economy, Cambridge University Press, 1987, s. 607. Ö. Lütfi Barkan, “Timar”, İslam Ansiklopedisi, C. XII/I, MEB, İstanbul, 1993 (İA), Jean Deny, «Timar», Encyclopedia of Islam, ıst Edition, Brill, Leiden, 1934 (EIl”).
[105] Исто, стр. 69.

на повеќе внатрешни и надворешни причини поврзани со империјата. Но, најбитната причина било тоа што класичниот тимарско-сипахискиот систем веќе нема да биде во состојба да ги издржи новите промени што се случувале во Османлиската Империјата.[106] Новонастанатите состојби во соседните земји, потоа огромната граница на империјата, исто така влијаеле и внатре на состојбата на империјата. Од една страна, било пропаѓањето на феудалните односи во европските држави и од друга страна пропаѓањето на тимарско-сипахискиот систем во Османлиската Империја.[107] Ново настанатата ситуација ја насочувала империјата кон новите социјално-економски промени. Со промените во тимарско-спахискиот систем, османлиската војска започнала да трпи порази во новонастанатите војни. Со текот на времето, империјата почнала да ја губи и економската сила, како и своите доходи од војната. Новите потреби за пополнувањето на буџетот и водењето на фискалната државна политика довело до радикални измени во функционирањето на класичниот тимарско-спахиски ситем. Новите освоени земји не биле веќе доделувни на тимарите спахии, туку биле директно приврзувани кон централната власт. Со таквите направени регулирања, почнало и намалување на бројот на спахите.[108] Направените измени во класичниот тимарско-спахиски систем, гледано од милитаристички или финансиски аспекти, во голема мера довело до елиминација на спахиите, а со тоа започнал историскиот процес на формирање на новите сопственици на земјиштата. Направените промени можно е да се видат и поконкретно од прегледот на статистичките податоци. Во 1616 година, бројот на спахиите изнесувал 14.867., во 1621 година бројот на спахиите изнесувал 15.058 додека со новите направени промени бројот драстично опаднал до 6.052 спахилаци.[109]

Кон крајот на XVII век, во тимарскиот систем веќе имало направени многубројни измени. Но, не може да се каже дека во претходно наведениот век тимарско-спахискиот систем бил потполно елиминиран. При разгледување на наведените податоци откриваме дека Османлиската Империја за тимарскиот систем ја користела истата логика како и за другите работи (на пример за одржувањето и функционирањето на државата). Во процесот на елиминирањето

106 Kemal H. Karpat, "The Stages of Ottoman History", The Ottoman State and Its Place in The World History, (Ed. K. Karpat), Leiden, 1974, стр. 87.

107 Halil İnalcık, «Timar», Encyclopedia of Islam, 2nd Edition, VoliX, BriU, Leiden, 1999. s. 502 (EI2nd), İlkay Sunar, "State and Economy in The Ottoman Empire", The Ottoman Empire and the World Economy, Cambridge University Press, 1987, s. 607. Ö. Lütfi Barkan, "Timar", İslam Ansiklopedisi, C. XII/I, MEB, İstanbul, 1993 (İA), Jean Deny, «Timar», Encyclopedia of Islam, ıst Edition, Brill, Leiden, 1934 (EIl").

108 Mustafa Cezar, Osmanlı Tarihinde Levendler, İstanbul Güzel Sanatlar Akademisi Yay., İstanbul, 1965, стр. 152-166, Halil Cin, Osmanlı Toprak Düzeni ve Bu Düzenin Bozulması, Boğaziçi yayn., İstanbul, 1986, стр. 63.

109 Halil İnalcık, «Timar», Encyclopedia of Islam, 2nd Edition, VoliX, BriU, Leiden, 1999. s. 502 (EI2nd), İlkay Sunar, "State and Economy in The Ottoman Empire", The Ottoman Empire and the World Economy, Cambridge University Press, 198;. Ö. Lütfi Barkan, "Timar", İslam Ansiklopedisi, C. XII/I, MEB, İstanbul, 1993 (İA), Jean Deny, «Timar», Encyclopedia of Islam, ıst Edition, Brill, Leiden, 1934 (EIl" ), стр. 115-116.

на тимарскиот систем имало и напори за рефункционирање на овој систем. Од таквата одлука произлегува фактот дека империјата во наведениот временски период ги користела и двете политики за управно-административно функционирање, така  што се гледа дуалистичката политика во процесот на заменување на тимарско-спахискиот систем.[110] Со други зборови кажано, за да се подобри  наведениот систем направени биле низа реформи, а една од тие реформи била регулирањето на алај-беглаците во текот на 1782 година. Со регулирањето биле направени напори да се дефинираат условите и начинот на работата на тимариотите. Но, иако биле направени низа регулирања на овој систем, сѐ уште не било овозможено потполно стабилизирање на државата. Така, процесот на потрага на поефикасен систем продолжил и понатаму. Во времето на султанот Селим III (1789-1807) било предвидено комплетно остранување на тимарско-спахискиот систем во Османлиската Империја.[111] Еден од најважните извештаи обработени во оваа насока бил подготвен од страна  на Мехмет Шериф-ефенди. Според неговите сознанија, тимарско-спахискиот систем бил неефикасен и потребно било негово целосно елиминирање. Промените биле следни: регулирањето на новите провинцијални граници и системи; собраните даноци да се употребуваат за потребите на новата војска што требало да се формира. Но, при определувањето на новите идеи да не се допираат Дивани Хумајунот и „Дефтерхането“. Со таквото регулирање, од една страна, се предлагала потполна ревизија на системот, а од друга страна се барало изнаоѓање на поусовршени услови за буџетските измени во процесот на потполна елиминација на тимарско-спахискиот систем.[112] Значи во текот на XVIII век, веќе наведениот систем од една страна се трансформира во друг, а од друга страна  османлиските законодавци се труделе да ги отстрануваат слабостите  на новиот систем. Регулирањето на наведените работи било детално направено во новиот закон за тимарско-спахискиот систем во времето на султанот Селим III.[113]

Со воведувањето на новиот закон не било предвидено потполно ликвидирање на тимарско-спахискиот ситем, туку било направено извесно регулирање на стариот систем. Но, заедно со новоназначениот султан Махмуд II (1808-1839) биле направени радикални измени во политиката на тимарско-спахискиот систем. Во текот на 1831 година, Османлиската Империјата веќе се ориентирала во насока на потполно ликвидирање на наведениот систем, при што тимарите започнале да се исклучуваат од централниот државен буџет.

[110] Исто, стр 76.
[111] Исто, стр. 77
[112] Stanfor J. Shaw, Between Old and New; The Ottoman Empire Under Sultan Selim III (1789-1807), Harvard University Press, Cambridge, 1971, стр. 117.
[113] Halil İnalcık, «Timar», Encyclopedia of Islam, .... 1999. s. 502 (EI2nd), İlkay Sunar, “State and Economy in The Ottoman Empire”, The Ottoman Empire and the World Economy, Cambridge University Press, 198;. Ö. Lütfi Barkan, “Timar”, İslam Ansiklopedisi, C. XII/I, MEB, İstanbul, 1993 (İA), Jean Deny, «Timar», Encyclopedia of Islam, ıst Edition, Brill, Leiden, 1934 (EIl” ), стр. 78.

Првата демонстрација започнала да се применува во Сирискиот (Дамаскискиот) вилает.[114] Новоформираниот државен капитал се трансформирал во воен буџет за да се издржува новоформираната војска т.н. „Nizam-ı Cedid", а војниците на војската за службената должност добивале месечна плата. Според изворите, во време на воведување на новите реформи, како замена на стариот тимарско-спахиски систем, првите промените биле реализирани почнувајќи во балканските градови во текот на 1835 година, почнувајќи од Босанскиот ејалет, односно во санџаците: Зворник, Килис, Херцег и др.

## 2.3. СПОРЕДБА НА СТАРИОТ АДМИНИСТРАТИВЕН СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ СО НОВИОТ

Во историјата на Османлиската Империја реформите на „Танзиматот" го претставувале почетокот на модернизацијата, или подобро дефинирано, почетокот на воспоставување на новиот систем во сите области на државата. Воведувањето на новонаправените реформи започнало да има влијание и врз работата на локалното самоуправување. И доколку се направи една споредба со класичен систем на управување со градовите, како водечки или единствен раководител на градовите било именувано лице од цивилниот кадар за управување, а тоа бил кадијата. Објективно гледано, кадијата не бил само владетел или управител на градовите, но пошироко гледано, кадијата владеел со целиот регион, како еден вид политички и воен управител. [115] И како член на централната бирократија, кадијата ги имал преземено ингеренциите за раководење со правните органи, полициската служба, финансиските институции и бил управител на градовите. Во стариот или класичниот систем, администрацијата се наоѓала во потесен склоп, бидејќи кадијата доаѓал на функција заедно со својата администрација.[116] Кадиите немале посебно место во кое биле сместувани, а имале подршка и од луѓе на локалното население во извршување на должноста. Според тоа, се до воведувањето на Танзиматот, управувањето со стариот систем не овозможувало формирање на локални и континуирани управни институции. Поради таквата пракса, во танзиматскиот период биле направени измени и дополнувања на тимарскиот систем и системот за административно управување во насока кон централизирање на управувањето. Како пример, според стариот систем за контрола и безбедност на големите

[114] Halil İnalcık, «Timar», Encyclopedia of Islam, 2nd Edition, VoliX, BriU, Leiden, 1999. s. 502 (EI2nd), İlkay Sunar, "State and Economy in The Ottoman Empire", The Ottoman Empire and the World Economy, Cambridge University Press, 198;. Ö. Lütfi Barkan, "Timar", İslam Ansiklopedisi, C. XII/I, MEB, İstanbul, 1993

[115] İlber Ortaylı, Osmanlı'da Değişim ve Anayasal Rejim Sorunu, Seçme Eserleri III, Türkiye İş Bankası KÜltür Yayınları, İstanbul, 2008, стр. 266.

[116] Исто, стр. 267.

и локалните патишта одговорни лица биле од локалното население, но по новиот систем безбедноста на патиштата се префрлила во надлежност на централната полициска служба.[117] Во стариот систем воведувањето и дефинирањето на давачките било правено од страна на религиозни одговорни лица и од локалните влијателни поеденци, но со новиот систем таквото функционирање било запрено и од централната власт биле испраќани професионални лица за собирање на давачките и биле организирани мали собранија составени од локалното население да ги дефинираат прашањата околу давачките. Во изборниот процес биле направени измени и адатации со новиот управно-административен систем. Во овој процес најбитно било институционализирањето на изборниот процес и неговото сместување во законски рамки. Преодниот ситем се базирал на локалната поддршка од страна на месното население.

Во регулирањето на финансиските работи на империјата, исто така, биле донесени нови измени, односно со новиот систем за контролирање на финансиите во регионите, покрај другото биле припремени и испраќани специјални лица (muhassıl) кои се наоѓале надвор од надлежноста на локалниот раководител (гувернатор) на одредена област, при што биле бирани по шест члена во собранијата со задача да вршат контрола над финансиските работи. Наведените членови се избирале по пат на избор со тоа што кандидатот по направеното барање да биде прифатен како потенцијален кандидат во локалните судови, по направена верификација на неговото барање, се започнувало со процесот на избирање на најсодветните кандидати за членови на собранието.[118] Но, според ова не треба да се подразбира дека изборите биле извршувани и организирани според современета демократска логика. Туку, напротив, во овој случај земено, електоратот се состоел од минимум 20 и максимум 50 респектирани, популарни и влијателни лица, кои биле задолжени да го изберат членот кој ќе биде поставен како дел од членовите на финансиското собрание. Прикажувањето на состојбата во врска со изборите при општините во текот на XIX век, исто така и во Русија и во Унгарија, во врска со разгледаните проблеми не било поинаку организирано. На крај, како заклучок, може да се наведе и сознанието, дека во текот на XIX век, општинските организирања во Османлиската Империја сè повеќе се ориентирале кон централизирање на управно-административниот систем во државата.

[117] Исто, стр. 268.
[118] İlber Ortaylı, Tanzimattan Sonra Mahalli İdareler, Ankara, 1974, 13-28.

## 2.4. УПРАВНО-АДМИНИСТАРТИВНО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПАША-САНЏАКОТ

Паша-санџакот бил еден од најстарите санџаци, кој според своите историски прилики бил формиран уште во текот на првите децении од освојувањето на Балканот. Овој санџак во раните години од освојувањето на Османлиите бил идентификуван како санџакот на Едрене или Ливасанџакот. Во почетокот на XV век, „Румелиски беглербег" бил директно поврзан со седиштето на „Големиот везир", кој исто така се наоѓал сместен во овој санџак.[119] Имено, овој санџак идентификован како „Паша санџак" настанал и поради фактот што сите управници  со служба во неговото владеење биле назначувани со чинови на паши.[120] Според историските и официјално регистрирани архивски документи, кои датираат од пописот извршен во текот на 1526/1528 година, наведениот „Паша санџк" со своите 34 села и одреден број градови, бил еден од најголемите управно-администртивни територии на тогашната Османлиска Империја. Доколку се погледаат градовите на овој санџак, несомнено ќе се види дека неговите градови играле витална улога во империјата. Градовите и селата на „Пашасанџакот" биле следните: Нефси[121]Едрење, Нефси Диметока, Нефси Ергене, Нефси Феречик, Нефси Ипсала, Нефси Ескихисар, Нефси Кизилагач, Нефси Филибе, Нефси Татар Пазри, Нефси Ускуп (Скопје), Нефси Калканделен (Тетово), Нефси Кирчова (Кичево), Нефси Копрулу (Велес), Нефси Прилеп, Нефси Манастир (Битола), Нефси Јеницe Вардар, Нефси Водине, Нефси Караферје, Нефси Серфице, Нефси Ходпиште, Нефси Бихлиште, Нефси Кастoриа, Нефси Горице, Нефси Гумилчине, Нефси Инос, Нефси Јеничеи Карасу, Нефси Драма, Нефси Сирос, Нефси Зихне, Нефси Неврокоп, Нефси Темурхисар (Демир Хисар), Нефси Авретот Хисар, Нефси Сидрекаписи и Нефси Селаник (Солун).[122]

Гледано од аспект на управно-административното организирање на овој санџак, може да се подвлече фактот дека во наведениот временски период империјата не ги регистрирала нахиите и казите во близина на градовите, туку само ја користела дефиницијата „Нефси", односно за останатата територија на санџакот биле користени поимите нахија и каза.

Според проучувањата на авторот Галип Џаг, во рамките на „Пашасанџакот" регистрирани биле вкупно шест градови и тоа: Скопје, Тетово, Кичево, Битола, Прилеп и Велес. Според горенаведениот редослед, дадени одредени објаснувања, од гледна точка на околината на градот Скопје. Наведениот град во текот на XVII век бил регистриран во „Пашасанџакот" како „Нахија Скопје", а центарот на градот регистриран како „Нефси Скопје". Според историските

[119] За по детални информации, може да се погледне во овој труд во содржината за терминолошките објаснувања.
[120] Galip Çağ, 217 Nolu Tapu-Tahrir Defterine Göre Paşa Sancağı..., 29.
[121] Нефс во османлискиот јазик е дефинирано како градот без нивните села.
[122] Galip Çağ, 217 Nolu Tapu-Tahrir Defterine Göre Paşa Sancağı, стр. 29.

дефтери наведената територија му припаѓала лично на самиот султан и била регистрирана како „хасса“.[123] Територијалното организирање на градот Скопје било поделено на 216 нахии. Истиот град со своите села заземал истакнато место како еден од најголемите градови со најмногу блиски села. Управно-админстративното организирање на овој град било направно врз основа на три категории, а тие биле следните: прво, како „нефс“, второ, со внатрешно организирање или „маало“ и трето, пазар или „ихтисап“.[124] Како останати управни единици на градот Скопје може да се наведат веќе претходно споменатите села.[125] Тие биле следните:

| |
|---|
| **Карије Вертекица,** |
| **Карије Трубарево,** |
| **Карије Матка,** |
| **Карије Виниче,** |
| **Карије Долне Солне,** |
| **Карије Кучково,** |
| **Карије Сушица,** |
| **Карије Брес,** |
| **Карије Дивле,** |
| **Карије Гумалак,** |
| **Карије Маалци,** |
| **Карије Новово,** |
| **Карије Огнјанци,** |
| **Карије Рахмановци (Рамановци),** |
| **Карије Сушица,** |
| **Карије Студеничани,** |
| **Карије Мирковци,** |
| **Чифлик на муслиманското село Ејмур Али** |

Системот на управно-административното организирање на територијата бил направен според горенаведените информации. Но, треба да се забележи дека некогаш имало и некои измени во управно-административното организирање на Скопје и неговата околина. За подобро разбирање на организирањето на османлиските градови и дадените титули на службените лица, на историчарите им се овозможувало да ја согледуваат јасната слика на градовите. Како пример, исто така може да се разгледа дефиницијата на именката „дербент“, т.е.

[123] Исто, стр. 29.
[124] Yücel Öztürk, Osmanlı Hakimiyetinde Kefe 1475-1600, Kültür Bakanlığı Yayınları, Ankara, 2000, стр. 30.
[125] Galip Çağ, 217 Nolu Tapu-Tahrir Defterine Göre Paşa Sancağı, Türkiye Cumhuriyeti Sakarya Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, Yüksek Lisans Tezi, Tez no.148230, Sakarya, 2000, стр. 36.

„дербенџии", т.е. лицата кои од страна на централните власти биле задолжувани да ги штитат виталните патишта и локации на империјата. Така на пример, според податоците од XVI до средината на XVII век, во поблиската и подалечната околина на градот Скопје имало одреден број на дервенџиски села. Тие биле: Бродец, Ветуница, Гораново, Градманци, Дивле, Зелениково, Кучково, Крушје, Летевци, Ниќевце, Паливодица, Пустеник, С`лп (Калканџик) и Сушица (Катлановска).[126]

Од освојувањето на Скопје во 1391/2 година, па сè до XIX век, во неговото управно-администртивното организирање направен и се одреден број измени. Скопскиот санџак во текот на XIX век бил организиран како составен дел на Косовскиот вилает или еден од неговите санџаци, а во 1888 година градот Скопје станал центар на Косовскиот вилает. [127] Според сознанијата од косовкото салнаме, Скопскиот санџак се состоел од 8 кази, една нахија и 714 села.

Според наведеното салнаме, за градот Тетово била користена дефиницијата „нефис" и „ихтисап" кој се состоел од вкупно 175 села. Следува Кичево, кое било една од поголемите нахии во Македонија, со евидентирани 202 села и 4 мезри. Во слична смисла на управноадминистративна дефиниција, како „нефси" било користено и името за градчето Кичево.[128] По освојувањето на Битола, истиот град бил дел од управно-административната организација на Румелискиот беглербег. Еден век пред освојувањето на Истанбул во 1453 година во центарот на Румелискиот беглербег се наоѓал сместен во градот Битола.[129] Истиот град, во доменот на својата територијална организација, имал вкупно 191 села. Кон крајот на XVII век, овој град станал центар на кадилак. Но, во текот на XIX век градот Битола веќе станал вилает, а понекогаш бил организиран и како санџак. Посочениот град, во текот на 1844/1845 година, бил организиран како ејалет, но од 1854 до 1885 година се трансформирал повторно во санџак.[130] По 1876 година градот Битола уште еднаш станал ејалет. Од 1867 до 1874 година, истиот град бил организиран како санџак, под непосредна управа на Солунскиот вилает. Од 1874 до 1877 година, градот Битола станал вилает, а од 1879 година, повторно ќе биде санџак под управата на Солунскиот вилает.[131] Во текот на 80-те години на XIX век Битолскиот вилает приближно го добил својот финален изглед.[132]

[126] А. Стојановски, Дервенџиството во Македонија, Скопје, стр. 37.
[127] Emine Gül, XIX Yüzyılda Makedonya ve Üsküb Kazası (Maliye Nezareti Temettuat Defterlerine Göre 1260/1844)ö Yüksek Lisans Tezi, İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisat Fakültesi, Türk İktisat Tarihi Anabilim Dalı, Tez no: 176223, İstanbul, 1999, стр. 26.
[128] Исто, стр. 45.
[129] Galip Çağ, 16 ve 17 Yüzyıllarında Osmanlı Hakimiyetinde Manastır, T.C. Sakarya Üniversitesi, Sosyal Bilimler Enstitüsü, Doktora Tezi, Tarih nabilim Dalı, Sakarya, 2010, стр. 61.
[130] Safet Alimovski, Temettüat Defterlerine Göre Manastır Merkez Kazasının Sosyo – Ekonomik Durumu, стр. 3.
[131] Necdet Hayta, Salanamelere Göre Atatürkün Askeri İdadide Öğretim Gördüğü Yıllarda Manastır Vilayeti, Atatürk ve Manastır Sempozyumu, Manastır 1998, стр. 142.
[132] Д. Георгиев, Административната структура на Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает во втората половина на XIX век, МАНУ, Прилози, Одделени за општествените науки,

# 3. СОСТОЈБАТА НА ХРИСТИЈАНСКОТО, МУСЛИМАНСКОТО И ЕВРЕЈСКОТО НАСЕЛЕНИЕ

Кон крајот на XVI век во градовите на Балканскиот полуостров, како составен дел од османлиското владење, поголем дел од населението било од муслиманско потекло, но во средните и помалку развиените градови немуслиманскиот елемент го заземал најголемиот дел. Така на пример, помеѓу таквите градови биле: Карасу, Ениџе Вардар и Трикала, каде имало население и од муслиманско потекло. Но, веќе во XVIII век, бројот на немуслиманското населението во градовите пораснал. Паралелно со процесот на неговото зголемување, како последица на економскиот развиток се одвивало и материјалното збогатување на немуслиманскиот елемент во градовите.[133] Но, поточно кажано, познато е дека овој историски и демогафски процес започнал уште во текот на XVII век. Сепак, сигурно е дека по поразот на османлиската војска со Австрија од 1682 до 1689 година, новонастанатите демографски движења ги промениле и останатите составни елементи во градовите. По поразот на османлиската војска, муслиманското население започнало да се повлекува од неколку градови на Балканот, а немуслиманското население што се наоѓало под Хабзбурзите го започнувало процесот на доселување на новите територии. Бројот на немуслиманското население во средните и помалку развиените градови веќе пораснал, а муслиманското население сè повеќе се ориентирало кон населување на големите градови на Балканот.

Врз осонова на горенаведените анализи и информации, според содржината на некои други извори, можно е да се константира дека немуслиманското население на почетокот на XVIII век сè повеќе било во пораст. Наведените историски и демографски процеси, исто така, можно е да се согледаат и констатират преку статистичките информации регистрирани во текот на 1831 година од

XVI, 1-2, Скопје, 2001, стр. 169.

[133] Suraıya Faroqı; Bruce McGowan; Donald Quataert; Şevket Pamuk, Osmanlı İmparatorluğunun Ekonomik ve Sosyal Tarihi, Cilt 2 1600 – 1914, Eren Yayıncılık 2 baskı, İstanbul,2006, стр. 725.

страна на османлиските централни власти. Направен бил попис на целокупното население, врз основа на вера, а не нација, при што произлегува фактот, дека немуслиманското население во Румелија е зголемено и објективно гледано го имало поминато бројот на муслиманското население во споредба со XVIII век.[134] Порастот на немуслиманското население во посочениот век може да се согледа од направените табеларни статистичи анализи.

*Табела бр.1. Населението на Османлиската Империја во 1831.*[135]

| **Миллет** | **Румелија** | **%** | **Анадолија** | **%** | **Вкупно** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Муслиманска раја** | 513.428 | 37.48 | 1.995.215 | 83.70 | 2.508.643 | 66.33 |
| **Христијани** | 811.546 | 59.25 | 359.378 | 15.07 | 1.170.925 | 31.19 |
| **Кпти** | 29.530 | 2.16 | 7.143 | 0.30 | 36.673 | 0.98 |
| **Евреи** | 11.674 | 0.85 | 16.743 | 0.70 | 20.309 | 0.54 |
| **Ермени** | 3.566 | 0.26 | 16.743 | 0.70 | 20.309 | 0.54 |
| **ВКУПНО** | 1.369.744 | 100.00 | 2.383.876 | 100.00 | 3.753.620 | 100.00 |

Горенаведените статистички информации можеби не го одразуваат точно објективниот број на населението, бидејќи овие бројки се регистрирани врз членови на машкиот род, односно женскиот род бил внесен во продолжение на статистичките информации. Статистичките податоци на населението во Османлиската Империјата, регистрирани во текот на 1844 година, биле во голема мера пореални, бидејќи во 1844 година пописот бил направен во сите вилаети, а вклучен бил и женскиот род. Во овој попис се вклучени и големите градови како Истанбул и др. Поради наведените констатации може да се забележи дека бројките дадени во 1844 година се пореални.[136]

[134] Bilal Eryılmaz, Osmanlı Devletinde Gayrimüslim Tebanın Yönetimi, Risale Basın-Yayın 2 Baskı-Mart, İstanbul, 1996, стр. 77.
[135] Исто, стр. 77.
[136] Исто, стр. 79.

*Табела бр. 2. Населението на Османлиската Империјата според народите во 1844*[137]

| НАРОДИ | Европа | Азија | Африка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Османлии** | 1.100.000 | 10.700.00 | | 11.800.000 |
| **Словени** [138] | 7.200.000 | | | 7.200.000 |
| **Грци** | 4.000.000 | | | 4.000.000 |
| **Албанци** | 1.500.000 | | | 1.500.000 |
| **Роми** | 1.000.000 | 1.000.000 | | 2.000.000 |
| **Ерменци** | 400.000 | 2.000.000 | | 2.400.000 |
| **Евреи** | 70.000 | 100.000 | | 170.000 |
| **Татари** | 230.000 | | | 230.000 |
| **Арапи**[139] | | 900.000 | 3.800.000 | 4.700.000 |
| **Сиријци и Келданци** | | 235.000 | | 235.000 |
| **Дурзии** | | 25.000 | | 25.000 |
| **Туркмени** | | 90.000 | | 90.000 |
| **Курди** | | 1.000.000 | | 1.000.000 |
| **ВКУПНО** | 15.500.000 | 16.050.000 | 3.800.000 | 35.350.000 |

Во презентираната табела јасно се гледа дека Турците во Османлиската Империја составувале 1/3 од вкупното население, а како најголемо население исто така се дефинирани Словените и Арапите. Во следната табела е прикажана статистичката состојба на населението врз основа на религиската определеност.

*Табела бр.3. Населението на Османлиската Империја врз основа на религиската определеност во 1844 година*[140]

| | Европа | Азија | Африка | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|
| **Муслимани** | 3.800.000 | 12.950.000 | 3.800.000 | 20.550.000 | 58.13 |
| **Румилет Ортодокси** | 11.370.000 | 2.360.000 | | 13.730.000 | 38.84 |
| **Католици** | 260.000 | 640.000 | | 900.000 | 2.55 |
| **Евреи** | 70.000 | 100.000 | | 170.000 | 0.48 |
| **ВКУПНО** | 15.500.000 | 16.050.000 | 3.800.000 | 35.350.000 | 100.00 |

[137] Исто, стр. 80

[138] Во Османлиската Империја, дефиницијата на Слави (Словени б.н.) била употребувана за да се означат неколку народи што живееле во тоа време на територијата на Балканот. Тие народи биле: Бугарите, Србите и Хрватите

[139] Тука како Арапи се дефинирани и египетскиот народ и делови од африканските народи.

[140] Bilal Eryılmaz, Osmanlı Devletinde Gayrimüslim Tebanın Yönetimi, Risale Basın-Yayın 2 Baskı-Mart, İstanbul, 1996, стр. 81.

Прикажаните табеларни статистички податоци на населението на Балканот и поопширно се однесуваат на верските и националните обележја. Врз основа на горните статистики, можно е да се утврди бројот и движењето на немуслиманските народи на Балканот. Во продолжение ќе бидат изнесени и презентирани статистички податоци за припадниците на разните народи, определени според националната и верската припадност, кои биле лоцирани во вилаетите на Османлиската Империја. Нормално, со таквиот научен преглед ќе се овозможи да се добие подобра и објективно појасна слика за демографската состојба на вилаетите или градовите за целокупното население.

*Табела бр.4.*[141] *Населението во Османлиската Империја според пописот на вилаетите во 1897 год*

| **Вилаети** | **Муслимани** | **Грци** | **Ермени** | **Бугари** | **Католици** | **Евреи** | **Протестант** | **Латин** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Едрене** | 539.031 | 288.968 | 17.968 | 121.870 | 11.554 | 16.357 | 200 | 4 | 985.962 |
| **Скадар** | 78.999 | 55.804 | | | 22.726 | | | | 87.529 |
| **Худавен-дигар** | 11.234.304 | 144.138 | 65.777 | 22.267 | 33.501 | 33.393 | 894 | 20 | 11.454.294 |
| **Солун** | 452.175 | 294.624 | 54 | 239.290 | 22.416 | 43.423 | 379 | | 55.573.047 |
| **Косово** | 432.178 | 36.420 | 1 | 275.702 | 899 | 11.885 | 97 | 44.604 | 751.786 |
| **Манастир (Битола)** | 252.962 | 272.205 | 22 | 177.750 | | 55.914 | 34 | | 708.887 |
| **Јанина** | 221.475 | 287.812 | | 2 | | 4.144 | | 1 | 513.434 |

Во времето на владеењето на султанот Абдулхамид II (18761908) направена била професионализација на администарцијата. Покрај другото, истата постапка се однесувала и на пребројувањето на населението. Дури биле испратени администратори и експерти за обука во Англија и Франција за да се направи реален попис на населението во целовкупната Османлиска Империја. Во текот на 1903 година, направени биле нови пребројувања на населението во државата, при што наведените пописи на населението траеле сè до 1906 година. Последните пописи на Османлиската Империја биле направени дури во 1914

[141] Исто, стр. 91.

година.[142] Според тој попис, бројот на цело купното население од 1906 до 1914 година бил следен:

*Табела бр.5: Населението во Османлиската Империја (1906-1914).*[143]

| **Џемати** | **1906** | **%** | **1914** | **%** |
|---|---|---|---|---|
| **Муслимани** | 15.518.478 | 74.26 | 15.044.846 | 81.24 |
| **Ортодокси** | 2.822.773 | 13.50 | 1.729.738 | 9.33 |
| **Ерменци-Грегорианци** | 1.050.513 | 5.03 | 1.161.169 | 6.27 |
| **Бугари** | 762.754 | 3.65 | | |
| **РумКатолици** | 60.597 | 0.29 | 62.468 | 0.34 |
| **ЕрменциКатолици** | 90.050 | 0.43 | 67.838 | 0.37 |
| **Протестанти** | 53.880 | 0.26 | 65.844 | 0.36 |
| **Латинци** | 20.447 | 0.09 | 24.845 | 0.13 |
| **Евреи** | 256.003 | 1.23 | 187.073 | 1.01 |
| **Маруни** | 28.726 | 0.14 | 47.406 | 0.26 |
| **Непознати** | 197.700 | 0.95 | | |
| **Други** | 35.696 | 0.17 | 128.789 | 0.69 |
| **Вкупно** | 20.897.617 | 100.00 | 18.520.016 | 100.00 |

Врз основа на горенаведените податоци, кога станува збор за припадниците на христијанското и еврејското население во градовите, посебно од почетокот на доаѓањето на Османлиите на Балканот, па сè до крајот на XIX век, може да се утврди фактот дека истото население играло улога на стабилизирачки фактор во рамките на Османлиската Империјата. Многубројните градови како што се: Битола, Солун, Скопје, Серес, Драма, Велес, Охрид, Штип, Кавала, Неврокоп, Лерин, Костур и др., во тоа време го претставувале поголемиот дел на христијанското население и биле едни од водечките социјално-економски фактори, посебно во трговскиот и еснафскиот живот на државата. Исто така, немуслиманското население, особено Евреите од своја страна, ја одиграле улогата на мост помеѓу Османлиската Империја и економски развиените градови во Европа. Добрите трговски односи на немуслиманското население со големите европски градови од своја страна влиаjеле и рефлектирале за забрзувањето на економскиот развој во истакнатите градови на Османлиската Империја. Споменатите градови, како Солун и Битола биле едни од поразвиените градови на социјално-економски, културен и образовен план.

[142] Исто, стр. 93.
[143] Исто, стр. 93.

## 3.1. СОСТОЈБАТА НА ЕВРЕЈСКОТО НАСЕЛЕНИЕ

Етничкиот мозаик на градовите во Османлиската Империја во голема мера го збогатувале и Евреите. На Балканскиот Полуостров тие постоеле уште во времето пред османлиското завојување.[144] Според познатиот македонски историчар А. Стојановски[145] во Солун уште во XII век имало 500 Евреи, односно тие биле присутни и во другите градови на Македонија како: Скопје, Охрид, Битола, Серес, Костур, Драма, Кавала и др. За постоењето на Евреите, уште пред појавата на Османлите, како конкретен податок може да се верифицира извесниот учен Леон Јуда Москона, кој живел во градот Солун во 1320 година.

Во 1492 година, градот Солун се наоѓал во видлив економски и социјален подем. Наведената состојба се должела на фактот што уште во 1429 година од Шпанија биле истерани Евреите кои биле прифатени од страна на Османлиската Империја. Според А. Стојановски[146] вистинскиот колонизаторски бран на Евреите, посебно на територијата на Македонија, следел како резултат на масовните прогонства и насилства што над нив, кон крајот на XV век ги вршела Инквизицијата во Западна Европа. Најбројна била доселеничката група од Шпанија, кога во текот на 1492 година, официјално бил донесен посебен закон за прогонување на сите Евреи, кои не сакале да конвертираат или да преминат во католичка вероисповест.

Населувањето на Сефердиските Евреи[147] во Солун, истиот град го претворил во центар на новите бранови за населување на Евреите. За релатвно краток временски период градот Солун бил трансформиран во водечки трговски центар, со учество на голем број од еврејското население.[148] Доселените Евреи, способни и претприемливи стопанственици, пронаоѓачи и со големи практични искуства, способни да формираат капитал и деловни врски со разни земји на Западна Европа, значеле пресвртен момент во напредокот на животот на градот. Евреите набргу станале бројно надмоќни во Солун, а со текот на времето, особено со наредниот XVI век, толку многу им пораснал бројот, со што градот бил наречен „град – мајка на Израел“. [149]

---

[144] Алекссандар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV век до XVII век, Скопје, 1981, стр. 42-43.

[145] Исто, стр. 43.

[146] Исто, стр. 43.

[147] Зборот „сеферат“ е еден од османлиските зборови „сефери“ со кој што се подразбира за лица кои што патуваат. Поради настанатата ситуација, шпанските Евреи биле принудени да ги остават своите домови и да побараат нови места на живеење, во овој случај Османлиската Империја. При населување Евреите патувале до империјата, така што Османлиите нив ги нарекувале Евреи који што патуваат или „Евреи Сеферади“.

[148] Özgür Kolçak, Osmanlılarda Bir Küçük Sanayi Örneği Selanik Çuha Dokumacılığı (1500-1650), İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü Tarih Anabilim Dalı, Yüksek Lisans Tezi, İstanbul, 2005, стр. 20.

[149] Алексснадар Стојановски, Градовите на Македонија, стр. 43.

Според османлиските „Тахрир дефтери'' за градот Солун, евреите во текот на XVI век, во наведениот град биле регистрирани како „Cemaatı Alaman" и „Cemaati İspanya" (германски џемати и шпански џемати) а со тоа е околу 822 еврејските семејства.[150] Податоците покажуваат една друга состојба, дека Евреите доста време по населување во новата татковина ги зачувале регионалните особености пренесени од Западна Европа, притоа продолжувајќи да живеат во одделени групи, општини или маала, како и фактот дека поделбата на тие групи претставувала еден социјално-економски процес кој не бил во состојба да го спречат никакви забрани и закани од страна на верските водачи на солунските Евреи. За многу пребегнати еврејски семејства, градот Солун бил само прв, најпогоден прифатен пункт од каде веднаш или по извесно време се префрлувале во другите градови на внатрешноста на Македонија, со тенденција да се прошират и натаму.[151] Во разгледаниот временски период, Евреите толку многу се ширеле што скоро го наложиле шпанскиот јазик како општ јазик на Евреите во Солун и во другите градови на Македонија, односно од своја страна се организирале и како по единици или групи. Причината за ваквото организирање на Евреите во македонските градови, најмногу се однесувало на воспоставување подобра меѓусебна комуникација; функционалност во управувањето со еврејската заедница; меѓусебна подршка помеѓу градовите и редуцирање на други социјално-економски, верски, културни и политички причини.[152] Според регистрираните дефтери од XVIII век, во градот Солун биле евидентирани околу 26 еврејски џемаати или единици, при што секоја единица имала своја синагога (сакрално место за молитва на Евреите).[153]Според авторот Шејбан[154] тие биле следните:

[150] Özgür Kolçak, Osmanlılarda Bir Küçük Sanayi Örneği Selanik Çuha Dokumacılığı (1500-1650), İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü Tarih Anabilim Dalı, Yüksek Lisans Tezi, İstanbul, 2005, стр. 22.

[151] Алексснадар Стојановски, Градовите на Македонија, стр. 44.

[152] Истото, 44; Lütfi Şeyban, Mudejares & Seferades Endülüs Müslüman ve Yahudilerin osmanlıya Göçleri, İz Yayıncılık Dizi: 165, 2 Baskı, İstanbul, 2010, 354.; Özgür Kolçak, Osmanlılarda Bir Küçük Sanayi Örneği Selanik Çuha Dokumacılığı (1500-1650), İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü Tarih Anabilim Dalı, Yüksek Lisans Tezi, İstanbul, 2005, 26.; Bülent Özdemir, A Local Perceptıon of Plural Ottoman Socıety: Muslim, Orthodox and Jewısh Communıtıes of Salonıca Durıng the 1840s, The Great Ottoman Cıvılısatıon 2, Yeni Türkiye, Ankara, 2000, 421.; Galip Çağ, 16 ve 17 yüzyıllarda Osmanlı Hakimiyetinde Manastır, Sakarya Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, Doktora Tezi, Sakarya, 2010, стр. 191.

[153] Lütfi Şeyban, Mudejares & Seferades Endülüs Müslüman ve Yahudilerin osmanlıya Göçleri, İz Yayıncılık Dizi: 165, 2 Baskı, İstanbul, 2010, стр. 354.

[154] А.Стојановски, Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширен пописен дефтер за Солунскиот санџак од 1568/69 година, том IX., кн. 1., Скопје, 2002, с. 61-94; В.Јанев, Евреите во Македонија, XV-XVII век, Скопје, 2006, с. 89-90; L. Seyban, Mudejares & Seferades, стр. 354-355.

| Име на групата | **Домаќинства** | **Не се во брак** |
|---|---|---|
| Џемат Испанја (Шпанија) | 94 | 70 |
| ЏематЧичилијан (Сицилијанци) | 126 | 240 |
| ЏематМагриби (Мароканци) | 33 | 21 |
| Џемат Лизбова(Лисабон) | 231 | 49 |
| Џемат Талјан(Италијански) | 49 | 70 |
| Џемат Артона (Ортона) | 144 | |
| Џемат Обранлу (Абран) | 49 | 42 |
| Џемат Езхаим(ЕзАхаим) | 140 | 124 |
| Џемат Стар Каталан (Каталонија) | 70 | 69 |
| Џемат Арагон | 231 | 153 |
| Џемат Чичилијан (Сицилијанци) Стар | 91 | 92 |
| Џемат Каталан, друго име Геруш | 87 | 91 |
| Џемат Шелом | 105 | 178 |
| Џемат Мидраш (Мадрас) | 92 | 153 |
| Џемат Пулија | 159 | 193 |
| Џемат Прованчал (Прованса) | 43 | 21 |
| Џемат Геруш Кастијан (Кастилија) | 158 | 89 |
| Џемат Евора Портокал (Португалија) | 231 | 149 |
| Џемат Аламан (Германски) | 239 | |
| Џемат Геруш Калвараш (Калабрија) | 126 | 81 |
| Џемат Кане | 91 | 48 |
| Џемат Моталто | 40 | 16 |
| Џемат Истрова | 32 | |
| Џемат Стар Калавраш (Калабрија) | 182 | 118 |
| Џемат Нов Портокал (Португалија) | 59 | 206 |
| Џемат Корфус (Крф) | 12 | |
| ВКУПНО | **2918** | **2220** |

Во текот на XVIII век евреските општини во Солун биле едни од најголемите општини во Солун. Евреите во овој век веќе имале и свои училишта, болници, односно свои општински заедници. Тие во Солун покажувале конкретни знаци на формална нација во рамките на Османлиската Империја.[155] Тука треба да се спомне и факторот на организирања, континуирано вршен од страна на рабините (религиозен преставник на Евреите), бидејќи рабините биле тие лица

[155] Bülent Özdemir, A Local Perceptıon of Plural Ottoman Socıety: Muslim, Orthodox and Jewısh Communıtıes of Salonıca Durıng the 1840s, The Great Ottoman Cıvılısatıon 2, Yeni Türkiye, Ankara, 2000, стр. 421.

кои ја регулирале социјалната, политичката, економската, верската и културната положба на Евреите во македонските градови, како што биле: склучувања на браков, правните постапки, разводите, судските постапки помеѓу Евреите.[156] Но, сепак рабините не биле единствените лица кои раководеле со еврејското општество во градовите на Македонија. Заедно со нив биле формирани и совети, кои им помогале во врска со регулирањето на разните социјално-економски потреби.

Евреите во Солун и во другите градови на Македонија, сè до почетокот на XVIII век, живееле во хармонија и во комотен живот. Но, по новонастанатата ситуација помеѓу Венеција и Османлиската Империја, нивната положба во голема мера се изменила.[157] Во почетокот на наведениот век, Османлиската Империја започнала да ги влошува односите со Венеција и трговијата започнала да се загрозува. Со тоа капиталот на Евреите во Солун и регионот започнал да опаѓа. Таквата појава како да не била доволна, па новонастанатата ситуација при крајот на XVII век, уште повеќе ја загрозила економската положба на Евреите во Солун. Наведената ситуација била поврзана со движењето на Сабатај Цеви кој што тврдел дека е новиот „Месија" и дека ќе ги ослободи Евреите. Создадената ситуација ја ориентирало Османлиската Империја да преземе остри мерки кон идеологијата и движењето на Сабатај Цеви и неговите следбеници.[158]

Во текот на XVIII век, бројот на Евреите во Солун и околината имал тенденција да порасне, а по војната помеѓу Османлиската Империја и Русија во 1877-1878 година, дошол уште еден нов бран на мигранти, меѓу кои имало и Евреи.

*Според податоците од авторот Н. Ипек: „На 10 септември 1879 година, околу 387.804 емигранти од Румелија дојдоа во Истанбул, само 274. 875 беа префрлени во другите провинции на империјата. Од овде може да се извади заклучок, дека околу 4,9 % од имиргантите биле испратени во Солун и околу него."* [159]

Според горенаведените информации, се гледа дека Солун и во текот на XIX век, сè уште примал емигранти од други краишта на империјата и од Европа. Со направените емиграции, бројот на еврејското население во македонските градови и понатаму се наоѓал во пораст. Информациите кои се презентирани не се фиксни и премногу точни за формирање на прецизна бројка на Евреите во наведениот век. Тирскиот историчар К. Карпат се потрудил да презентира одредени податоци за бројот на Евреите во Солун и околината. Според него, од 1882 година, па се до втората половина на 1906 година, бро-

---

[156] Исто, стр. 421.

[157] Lütfi Şeyban, Mudejares & Seferades Endülüs Müslüman ve Yahudilerin osmanlıya Göçleri, İz Yayıncılık Dizi: 165, 2 Baskı, İstanbul, 2010, стр. 361.

[158] Lütfi Şeyban, Mudejares & Seferades, стр. 361.

[159] N. İpek, Rumeliden Anadoluya Türk Göçleri (1877-1890), Türk Tarih Kurumu, Ankara, 1999, стр. 61.

јот на Евреите од 37.237 пораснал на 52.395 жители.[160] Според информациите регистрирани од страна на „Еврејскиот сојуз" кој се занимавал со проблемите и потребите на Евреите во емиграциските времиња, во Солун и пошироко, состојбата на бројот на Евреите била следната: во 1892 според собраните податоци од страна на Сојузот, во јули истата година во Солун пристигнале 83 еврејски фамилии; во август пристигнале уште околу 1.000 Евреи и на крајот од истиот месец уште 1.500 Евреи. Овие фамилии на Евреи не биле сместени во градот, туку еден дел од новодојдените биле сместени и во другите градови и села на Македонија. [161] Но, сепак треба да се напомене дека од страна на локалното еврејско население имало и незадоволство поради немање доволни средства да се соочат со новонастанатите проблеми. Еврејската заедница започнала да гради и нови куќи за сместување на новодојдените Евреи во градот и во другите населени места. Градењето довело и до проширување на градот. Истото се случувало и во градот Битола кога во 1892 година, од вкупно 1.293 Евреи дојдени од Русија, дел биле сместени и во овој град. [162]

Според одреден број статистички информации во текот на периодот од 1882 до 1893 година, од вкупно 184.000 Евреи дојдени во Румелија, во првите години од наведениот временски период само 13.717 Евреи биле сместени во Македонија, а останатите во другите градови на Балканот. Во текот на следните години, околу 37.237 Евреи биле сместени во Солун и 5.072 во Битола.[163] Приложениот број на сместените Евреи во Солун и Битола е приближен, направен според разни автори, години и услови. Според германецот Вајнгар во 1885 година бројот на населението во Битола изнесувало 50.000 жители, од кои 4.000 биле Евреи. Според српскиот хроничар С. Гопчевиќ, во 1894 година, во Битола живееле 49.950 жители, од 4.000 биле Евреи.[164] Според други статистички податоци од 1906/7 година, во Солун бројот на Евреите изнесувал 52.395, а во Битола 5.459 Евреи. [165]

Во врска со проучувањето на еврејското население во Македонија, интересно е да се констатираат уште неколку становништа, од одделни насоки. Така на пример, во текот на 1816 година поради немирите во Северна Албанија,

[160] K. H. Karpat, Jewish population movements in the Ottoman Empire, 1862-1914, in Studies on Ottoman Social and Political History. Selected Articles and Essays, 2002, pp. 146-68: ibid., Ottoman Emigration Policies and Settlement in Palestin, стр. 783-99.

[161] lllrike Freitag, Malte Fuhnnann, Nora Lafi and Florian Riedler, The City in the Ottoman Empire Migration and the Making of Urban Modernity, SOAS/Routledge Studies on the Middle East Series Editors, Benjamin C. Fortna, SOAS, University of London, Ulrike Freitag, Freie Universitiit Berlin, Germany, New York, 2011, стр. 185.

[162] K. H. Karpat, Jewish population movements in the Ottoman Empire, 1862-1914, in Studies on Ottoman Social and Political History. Selected Articles and Essays, 2002, pp. 146-68: ibid., Ottoman Emigration Policies and Settlement in Palestin, стр. 156.

[163] Исто, стр. 158.

[164] Sholomo Alboher, The Jews of Monastir Macedonia, The Life and Times of the Departed Jewish Community of Bitola, Translated from Hebrew by Eliezer E. Cohen, Jerusalem, Israel, стр. 36.

[165] Исто, стр. 158.

османлиските власти, за да ја смират тензијата и да ја стабилизираат новонастанатата политичка ситуација на теренот, управата и администрацијата на бег лербеглукот (центарот на гувернерот) со одлука на султанот Махмуд II. од 1828 година, поради настанатата сложена политичка состојба на Балканот и останатата граница на Османлиската Империја бил преместен од Софија во Битола.[166] Со таквата одлука градот Битола станал еден од главните центри на еврејската заедница, меѓу поважните градови на Македонија уште во текот на првите децении од XIX век. Во текот на 1835 година можно било да се констатира лошата економска состојба на Евреите во Битола, при што, според еден документ наведен од страна на авторот Димск Колб од 1836 година, Евреите биле во толку тешка економска положба што не можеле да го исплатат данокот од 5.876 грошеви.[167] Но, според новите реформи во империјата, посебно од времето на Танзиматот, на Евреите во Битола им се дозволило да градат свои куќи за задоволување на нивните општествени потреби.[168] Во текот на 1845 година положбата на Евреите во Битола веќе се подобрила. Едвард Леавер, англиски сликар, кој во 1848 година ја посетил Битола, во неговите белешки наведува: „Фасциниран сум од големината и естетиката на објектите, влезот на градот е лоциран димензионално, градот е пречист, а хигиената е на најголемо ниво. Убавината на градот, улиците, дуќаните можат да се забележат уште од влезот."[169] Паралелно со наведената социјално-економска положба на градот, Евреите во Битола кон средината на XIX век веќе станале економски моќни, посебно во трговијата на градот и пошироко во регионот. Според одреден број на конзуларни информации, евидентираните трговци во Битола биле следните: Јахивал Начман Леви, Соломон Начман Леви, Јаков Начмим Рачмиас, Јосеп Моше Иргас и Јосеп Хаим Перес.[170] Тие биле мошне активни во различните производни сектори и во рамките на трговијата и тоа како: тутунопроизводители и продавачи, текстилни производители, трговија со металургија, увоз на луксузни производи од Европа и.т.н.

Како важечки пример за развиеноста во трговијата, може да се наведе компанијата на Дамко Радев (браќа и синови) по потекло од градот Велес, кој бил еден од најмоќните трговци и работел надвор од Битола, односно имал свои претставништва во градовите: Сарајево, Истанбул, Белград, Трст, Хамбург, Берлин, Минхен, Будимпешта и Лондон.[171]

[166] Sholomo Alboher, The Jews of Monastir Macedonia, стр. 27.
[167] Истото, стр. 28.
[168] Со објавување на реформите од Танзиматот во 1856 година, Османлиската Империја се трансформирала кон подобра насока. Таквиот напредок и прогресивен државно-правен акт, во голема мера, самата држава ја ориентирала кон остварувањето на единство и давање еднакви права на муслиманите и немуслиманите.
[169] Sholomo Alboher, The Jews of Monastir Macedonia, стр. 29.
[170] Исто, стр. 30.
[171] Исто, стр. 30.

Во 1860 година статусот на градот Битола, како водечки град и понатаму се развивал и со поврзувањето на телеграфската линија со останатата мрежа на Османлиската Империја. Во текот на истата година Евреите од Битола биле примени за членови на „Трговското собрание“ на империјата, односно еден член бил именуван од Битола во ова собрание.[172] Но, во 1864 година центарот на вилаетот бил преместен во Солун со што градот Битола бил поставен на второ место, а со тоа го загубил и територијалниот излез кон Јадранското Море. Наведената економска и политичка ситуација ја загрозила финансиската положба на градот, како и позициите на самите Евреи. Исто така, паралелно со наведената состојба, во 1863 година, еден дел од градот Битола изгорел од голем пожар, кој го загрозил опстанокот на целиот град.[173]

Во периодот помеѓу 1882 и 1892 година, новите пречекани емигранти, во овој случај Евреите, поради настанатите причини биле сместени во Солун, во рамките на еврејската заедница. Дојдените во Солун биле пречекани многу добро од страна на солунските Евреи, бидејќи тие им обезбедиле: престој во куќи, храна, медицинска нега, финансиска подршка и вработување.[174]

Локалните или старите Евреи во солунскиот регион дури направиле соодветни услови да ги научат младите и новодојдени Евреи (од 16 до 18 години) да изучуваат разни јазици и да се стекнуваат со содветно образование.[175] Според османлиските салнамиња, или годишници, можно е да се прецизира и бројот на образовните установи во градовите на Македонија, почнувајќи од втората половина на XIX век и почетокот на XX век. Содржините на овие салнамиња, од своја страна потврдуваат дека Евреите во Солун, Скопје и Битола биле организирани од секој аспект, дури и од образовниот и културниот. За да се разбере подобро просветната и културната состојба на Евреите, ќе бидат наведени следниве информации во врска со образовните институции на Евреите во градовите на Македонија.

Според податоците од салнамињата за областите на Солунскиот и Косовскиот вилает од 1879 до 1900 година, на пример, во Солун каде делувала еврејската заедница, само во едно еврејско маало имало школо со вкупно 87 ученици. Истото се водело под името „Алјанс Исраилијат Ибтидаи и Руш ди Мектеби“ или (Alyans İsrailiyet İbtidai ve Rüşdî Mektebi Talebei Mevcu de).[176] За образованието на Евреите се среќават податоци за школите и во другите градови на Македонија. Така на пример, во градот Скопје во текот на 1885 година, регистрирани биле следниве школи: „Мусеви Зу кур Мектеби“ (Musevi Zü-

---

[172] Исто, стр. 30

[173] Исто, стр. 31.

[174] K. H. Karpat, Jewish population movements in the Ottoman Empire, 1862-1914, in Studies on Ottoman Social and Political History. Selected Articles and Essays, 2002, pp. 146-68: ibid., Ottoman Emigration Policies and Settlement in Palestin, стр. 185.

[175] Исто, стр. 185.

[176] Canan Çalışkan, Salnamelere Göre Kosova Vilayeti 1879-1900, Gazi Üniversitesi, Bilimler Enstitüsü Yakinçağ Tarihi Anabilim Dalı, Master Tezi, Ankara, 2001, стр. 138.

kûr Mektebi). Ова школо имало 154 машки ученици и се состоело од две единици „Рушдие“ (Rüşdî) и „Ибтидаи“ (İbtidai). Во ова школо наставата се одвивала на шпански, француски и турски јазик.[177] Во текот на 1896 година, во градот Скопје евидентирано било и школото „Мектеби Гајримуслиме ве Ечнебије“ (Mekâtibi Gayrimüslime ve Ecnebi yye).[178]

Во градот Штип во текот на 1885 година, како еврејско школо било регистрирано школото за машкиот деца „Габер“ со 188 ученици. Во другите кази на околијата на Скопје евидентирани биле школи под следните називи: Чемали, Пепераве, Шахсуварли, Дирагова, Шехогарле, Дуберишан, Хамза Бејлиги, Хачи Бејлиги, Бешиче, Коџилан, Мушане и Кишине.[179]

За да се согледа образовната состојба на Евреите во Битола, можно е да се констатираат две фази на нивното образование во градот. Првата фаза била класичното образование. Ваквото образование се базирало врз основа на класични методи и со присуство на порадикална филозофија.

*Во овие школи учениците учеле на „хебрејски“ јазик и имале малку часови за превод. Многумината учители биле образовно изградени од страна на „рабинит“, односно раковоството на ваквите видови школи било во рацете на рабините. Нивото на наставата на учењето и образованието не било доволно за целосно да ги подготви идните млади генерции на Евреи, туку од овие школи излегувале ученици со минимално знаење.*[180]

Поради неефикасноста на наведеното образование, Евреите во Битола под раководство на „Еврејската алијанса" одлучиле да формират нови, помодерни и современи школи за примена на посоодветно образование на еврејското население.

Во текот на 1880 година, под покровителство на „Сојузот на Евреите“, во Битола биле отворени нови школи. Исто така и во 1884 година, се отвориле уште две основни училишта, при што секое школо имало по четри учители, а вкупниот број изнесувал 150 ученици. Во новоформираните основни школи, еврејската заедница отворила и една средна школа со три класови или со вкупен број од 160 ученици.[181] Евреите во Битола и Битолско не ги запишувале својите деца само во еврејските школи. Тие, исто така, своите ученици ги запишувале и во другите државни и локални школи. Само во 1890 година, број од 250 еврејски ученици студирале во грчките и ерменските школи. Исто така, нивните деца учеле и во турските средни школи; во француските лазаристички, како и во американските протестански училишта.[182]

---

[177] Исто, стр. 138.
[178] Исто, стр. 139.
[179] Canan Çalışkan, Salnamelere Göre Kosova Vilayeti 1879-1900, Gazi Üniversitesi, Bilimler Enstitüsü Yakinçağ Tarihi Anabilim Dalı, Master Tezi, Ankara, 2001, стр. 148.
[180] Sholomo Alboher, The Jews of Monastir Macedonia, The Life and Times of the Departed Jewish Community of Bitola, Translated from Hebrew by Eliezer E. Cohen, Jerusalem, Israel, стр. 35.
[181] Исто, стр. 35.
[182] Исто, стр. 36.

Авторот Марк Кохен, од своја страна, ја дефинирал општата положба на Евреите во Битола за периодот од 1839 до 1843 година. Според неговите анализи, во Битола имало 6 еврејски фамилии и мал број на Евреи, кои се занимавале со трговија. Еврејските жени работеле напорно и интензивно исто како и мажите.[183] Според сознанијата и информациите што ги поседуваме, можно е да се заклучи фактот, дека паралелно со образованието на Евреите во Битола, тие ги поседувале и одржувале своите сакрални места за одржување молитва, кои се нарекувале „синагоги". Евреите во Битола за молитва и одржување на другите сакрални церемонии можеле да ги користаат своите синагоги, чиј бројот бил голем. Според авторот Сохломо Алохер, во Битола постоеле 9 синагоги, кои во текот на одредени временски периоди биле активни и функционални. Тие биле следните:[184]

- Стара португалска синагога.
- Арагон, синагога од фамилијата Камич.
- Синагогата на Чевра Кадиша.
- Синагогата на фамилијата Јитцак Леви (близу до просториите на фамилијата Леви).
- Синагогата на Шолом Леви (сместена во специјална луксузна просторија).
- Синагогата на Јечиел Леви (со специјален аудиториум).
- Синагогата на Аруести (со специјално место за молитва).
- Синагогата за деца и возрасни (сместена во религиозна школа, внатре во објектот).
- Специјална синагога во просториите на судницата.

Врз основа на горе наведените информации, под насловот: „Положбата на еврејското население", може да се констатира дека Евреите во големите градови и другите места во Македонија во текот на XVIII и XIX век, во голема мера, биле адаптирани и прифатени од страна на локалното македонско население и од страна на централната османлиска власт, како и од останатите граѓани во составот на Османлиската Империјата.

[183] Cohen, Mark Cohen, Last Centuries of a Sephardie Community, The Jews of Monastir, 1839-1943, New York, 2003, стр. 48.
[184] Sholomo Alboher, The Jews of Monastir Macedonia, стр. 39.

## 3.2. СОСТОЈБА НА ХРИСТИЈАНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ

Во градовите на Македонија во текот на XVIII – XIX век, според верската и националната определба, освен муслиманското и еврејското население живеело и егзистирало, исто така и бројното христијанското население, кое во најголема мера го збогатувал верскиот мозаик на Македонија како составен дел на Османлиската Империја. Според сознанијата на авторот А. Повел, во наведената држава, не постоела толку голема нетолеранција и антагонизам помеѓу населението од различни вери и нации, колку што имало во Европа во тие времиња.[185] Според наведените сознанија, христијанте, Евреите и муслиманите имале можност и наоѓале методи за одржување на заеднички соживот во градовите, селата и населените места. Христијанското население отсекогаш било најголемото и најбројно во составот на Македонија. Подетална национална класификација, врз база на османлиските документи, не е можно да се направи.[186] Поради потребите на системот базиран врз основа на „умметската" логика, во текот на различните временски периоди во Османлиската Империја не е можно во потполна мера да се дефинира христијанското население распоредено според припадноста на националностите, туку тоа се дефинира како целокупно население составено од христијани.[187] Така на пример, Македонците, Грците, Албанците и Власите, кои припаѓале на ортодоксната и католичката вероисповест, скоро сите биле дефинирани како христијани. Според табелераните податоци за населението во Македонија, можно е да се утврди и фактот, дека целокупното население во државата било регистрирано како муслиманско, еврејско и немуслимнаско.[188] Уште во првите години од преземањето на градовите од страна на Османлиската Империја, како резултат на колонизација на турскиот етнички елемент од Мала Азија и исламизацијата на домашното население, бројот на муслиманското население се зголемувало во градовите на Македонија.[189]

Во периодот помеѓу XVI-XVII век, била направена колонизација на градовите, а нешто потоа тие се трансформирале во административни, воени и управни центри на новиот османлиски поредок. Со текот на времето, градовите се претвориле во атрактивни места за живеење на муслиманското население.[190]

[185] Sonyel Salahi, Christian Minorities and the Final Stage of the Ottoman Empire, the Great Ottoman Turkish Civilization volume I, Bounding House Balkan, Ankara, 2000, стр. 488.

[186] Elias Kolovos, Phokin Kotzageorgis, Sophia Laiou and Marionos Sariyyannis, The Ottoman Empire, the Balkans and the Greek Lands: Toward a Social and Economical History, The ISSIS Pres, Istanbul, 2007, стр. 138.

[187] Во Османликста Империја сите граѓани биле разделенеи на неколку верски категории, како муслимани и немуслимани. Во составот на немуслиманите, класифицирани биле христијаните и Евреите. Ваквиот вид на организирање се дефинирал како систем на умметство.

[188] Алексснадар Стојановски, Градовите на Македонија, стр. 83.

[189] Исто, стр. 81.

[190] Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians A History, Hower Institution Press, Stanford Unioversity Stanford, California, 2008, стр. 52.

Во текот на 1800 година, Македонија како територија била реорганизирана, како составен дел на Румелија. Во првите години како центар на Румелија ќе биде определен градот Софија во Бугарија, но подоцна како главен, економски и политички центар ќе биде градот Битола.[191]

Во секој случај, наведениот град бил трансформиран како централно административно и воено-политичко седиште на Румелија, а со тоа и на Македонија. Наспроти првите години на колонизација и исламизација на домашното население, во текот на XVII и XVIII век, бројот на христијанското население во градовите на Македонија започнал да се зголемува. Според податоците содржани во француските извори, во текот на 1807 година, вкупниот број на населението во Македонија изнесувал 968.500 жители, од кои и 1/3 (724.000) биле христијани (ортодокси) и 1/4 (204.000) муслимани.[192] Уште пред тоа, во текот на 1800 година, мигрирањето и движењето на населението во разни населени места, го овозможиле процесот на пораст на христијанско (ортодоксното) население во поголемите градови на Македонија.

Според наведените француски извори, во градот Солун, вкупниот број на население изнесувал околу 60.000 жители, од кои 1/3 биле муслимани, 2/3 биле христијани и Евреи. Во градот Серез вкупниот број на население изнесувал 25.000 жители, од кои 1/3 биле муслимани, а 2/3 христијани. Во Костур од вкупниот број 6.000 жители, 500 биле муслимани, 500 Евреи и останатите припаѓале на христијанското население. Во Мелник имало 6.000 христијани и 100 муслимани. Во Воден имало 3.000 христијани, а во Охрид 3.000 христијани.[193] Нешто подоцна, во период од триесет години, се зголемил бројот на населението во горенаведените градови. Според францускиот патописец Ами Буе, кој бил во Македонија во периодот помеѓу 1836 и 1838 година, бројот на населението во Серез и Солун останал скоро ист и немало видливи промени. Но, населението во Битола пораснало на 40.000 жители; во Штип имало од 15.000 до 20.000; во Охрид 6.000; Воден 7.000-8.000; Скопје 10.000; Прилеп 6.000-7.000; Кратово 5.000-6.000; Тетово 4.000-5.000; Дебар 4.200; Џумаја 3.000-4.000 и Кавадарци 2.000-3.000.[194]

Според наведеното научно сознание, може да се констатира дека на почетокот од XIX век, христијанското население во Македонија почнало да се зголемува, бидејќи според наведените демографски информации во наведената област, христијанските семејства се зголемувале во однос на муслиманските.[195] Во текот на 1840 година, поголемите околни области на градот Битола биле составени од христијанско население, како што биле селата: Магарево, Скочи

[191] Исто, стр. 63.
[192] Исто, стр. 64.
[193] Исто, стр. 70.
[194] Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians, стр. 70.
[195] Elias Kolovos, Phokin Kotzageorgis, Sophia Laiou and Marionos Sariyyannis, The Ottoman Empire, the Balkans and the Greek Lands: Toward a Social and Economical History, The ISSIS Pres, Istanbul, 2007, стр. 139.

Вир, Загорче, Јерце, Логоврати, Поешево и други, кои стопроцентно биле со христијанско население.[196] Во 1875 година населението во Скопскиот санџак, кој бил дел на Косовскиот вилает, било повеќе христијанско.

Според анализата извршена врз основа на статистичките податоци, можно е приближно да се определи бројот на христијанското население во градот Битола и нејзината околина. Како прво, треба да се наведе дека овие статистички податоци се составени од неколку разни историски извори.




*Графикон 1: Населението на Битола во 1844-45 година.*[197]

*Табела бр.6: Табеларен преглед на Битола според верската основа.*[198]

| **Име на маало** | **Куќи** |
|---|---|
| | Христијанско население |
| **Кара Деббах** | 157 |
| **Килисе** | 124 |
| **Мечкар** | 350 |
| **Радиџка** | 196 |
| **Арнаут** | 336 |
| **Папа Христо Драгор** | 279 |
| **Дорт Гоз** | 88 |
| **Баир (Горни Долни)** | 138 |
| **Ени** | 220 |
| **Јени (Ново маало)** | 199 |
| **Вкупниот број на санџакот со другите религии изнесувал 4.668 жители** | |

[196] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 88.
[197] Safet Alimovski, Temettüat Defterlerine Göre Manastır Merkez Kazasının Sosyo – Ekonomik Durumu, Yüksek Lisans Tezi, Marmara Üniversitesi Türkiye Araştırmaları Enstitüsü Türk Tarihi Ana Bilim Dalıö Yakın Çağ Anabilim Dalı, Yüksek Lisans Tezi, İstibul, 2005, стр. 8.
[198] Исто, стр. 10.

*Табела бр.7: Христијанското население во Битолскиот санџак во 1875 година.*[199]

| **Каза** | **Христијани** |
|---|---|
| **Центар каза** | 33.500 |
| **Горица** | 2.741 |
| **Прилеп** | 5.685 |
| **Охрид** | 12.905 |
| **Костур** | 17.565 |
| **Кожани** | 7.450 |
| **Населич** | 8.481 |
| **Лерин** | 10.370 |
| **Серфиџе** | 4.465 |
| **Кичево** | 8.795 |
| **Старова** | 1.200 |
| **Колонја** | 4.000 |
| **Вкупно** | 117.157 |
| **Вкупниот број на санџакот со другите религии изнесувал 188.891 жители** | |

Забелешка:

Според табела бр. 7 христијанското население во Битолскиот санџак било многубројно.

*Табела бр.8: Населението во Битолскиот санџак во 1876 година.*[200]

| Каза | Христијани |
|---|---|
| Центар каза | 33.500 |
| Горица | 2.751 |
| Охрид | 13.507 |
| Прилеп | 18.731 |
| Костур | 21.942 |
| Лерин | 11.956 |
| Кожани | 7.580 |
| Серфиџе | 4.437 |
| Населич | 8.557 |
| Кичево | 8.812 |
| Старова | 1.200 |

199 Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 117.

200 Исто, стр. 118.

| | |
|---|---|
| Колонја | 4.000 |
| Џума | 2.297 |
| Вкупно 139.270 | |
| Вкупниот број на санџакот со другите религии изнесувал 112.510 | |

| **Според Васил Кнчов Христијанското население во Битолска Каза**[201] | |
|---|---|
| **Жители** | **Населено Место** |
| 10.000 | **Битола** |
| 16.900 | **Прилеп** |
| 8.000 | **Охрид** |
| 300 | **Костур** |
| 2.820 | **Лерин** |
| 1.200 | **Кичево** |

| **Според Васил Кнчов Христијанското население во Тетовска Каза**[202] | |
|---|---|
| **Жители** | **Населено Место** |
| 8.500 | **Тетово** |

*Табела бр.9: Населението во Призренскиот санџак во 1875 година.*[203]

| Каза | Христијани |
|---|---|
| **Тетово** | 12.171 |

*Табела бр.10: Населението во Скопскиот санџак во 1875 година.*[204]

| Каза | Христијани |
|---|---|
| **Центар Каза** | 4.581 |
| **Радовиш** | 3.091 |
| **Кратово** | 4.430 |
| **Кочани** | 6.205 |
| **Крива Паланка** | 11.200 |
| **Штип** | 10.747 |

[201] Васил Кнчов, Македонија, Етнографи и статистика, Фторо фототипно издание, Академично издателство", проф. Марин Дринов, Софија, 1996, стр. 236.
[202] Васил Кнчов, Македонија, Етнографи и статистика, стр. 236.
[203] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 118.
[204] Исто, стр. 120.

| | |
|---|---|
| **Куманово** | 15.244 |
| **Вкупно** | 55.471 |
| **Вкупниот број во санџакот со другите религии изнесувал 104.524** | |

*Табела бр.11: Населението во Скопскиот санџак во 1876 година.*[205]

| Каза | Христијани |
|---|---|
| **Центар Каза** | 14.589 |
| **Радовиш** | 3.016 |
| **Кратово** | 3.287 |
| **Кочани** | 6.205 |
| **Крива Паланка** | 15.000 |
| **Штип** | 10.750 |
| **Куманово** | 14.360 |
| **Вкупно** | 67.207 |
| **Вкупниот број на санџакот со другите религии изнесувал 112.510** | |

Врз основа на горенаведените статистички податоци, може да се заклучи дека бројот на христијаните во текот на XIX век во Македонија бил повеќе од останатото друго население.

Според авторите М. Пандевски и Ј. Стоев-Трнката, во градот Струмица во 1807 година имало околу 10.000 православни и 5.000 муслимански жители. Подоцна, кога биле придодадени жителите од новите села кон редовниот прираст, бројната состојба на населението се зголемила,[206] односно во 1878 година, во вкупното население имало 6.365 муслимани и 18.732 Македонци или вкупно 25.097 жители.

[205] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 120.

[206] Манол Пандевски; Ѓорѓи Стоев-Трнката, Струмица и струмичко низ историјата, Општински одбор на Сојузот на борците на здружението на борците од НОБ-Струмица, 1969, стр. 133.

*Табела бр.12:*
*Населението во Струмичко според пописите од 1881 до 1912 година.*[207]

| Година | христијанско население |
|---|---|
| **1878** | 18.732 |
| **1881** | 19.220 |
| **1894** | 5.800 |
| **1900** | 6.200 |
| **1905** | 18.830 |
| **1912** | 18.500 |

Според горенаведените информации се гледа дека христијанското население во XIX век, преставувало мнозинско население во Македонија и според тоа имало интерно социјално-економско, верско, културно-просветно и општествено организирање во рамките на населените места, селата и во градовите. Османлиската Империја, според развојот на своите материјални можности, од своја страна претставувала една државна творба со интерно организирање на муслиманското, христијанското и еврејското население и била определена и конституирана врз основа на припадноста на религиите.[208] Секоја религија била организирана интерно, според своите религиски принципи, манифестации, обичаи, традиции, начела и востановени народносни вредности.

Христијанското население во Солун, како и во останатите населени места било организирано според османлискиот управно-административен систем. Од гледна точка на својата христијанската заедница, Солун се наоѓал под контрола на митрополит и бил управуван од страна на советодавно тело. Исто така, во наведеното тело членувале и локалните христијански аристократи.[209] Телото било формирано преку избори, кои се одржувале еднаш годишно, а помеѓу главните задачи на ова тело било собирањето на данокот кај христијанската заедница. Истиот орган се занимавал и со другите потреби на христијанската заедница, како што биле: здравството, образованието, трговијата и останатите стопански и општествени дејности.

Христијанската заедница во Солун како и во Битола, имала и своите школи кои биле поделени на разни категории. Школите се наоѓале под непосредна контрола на црквите, но со текот на времето верските школи започнале да се трансформират во национални образовни институции.[210] Овие школи биле класифицирани како основни, средни, стручни и високи. Со воведувањето на но-

[207] Исто, дел стр. 133.
[208] Ilber Ortayli, Tanzimattan Sonra Mahalli İdareler, İletişim Yayınları, Ankara, 1974, стр. 48.
[209] Prof. Dr. Kemal Chichek, The Great Ottoman, Turkish Civilisation, Volume III, Yeni Turkiye, Ankara, 2000, стр. 421.
[210] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), стр. 166.

вите реформи во образованието во 1869 година, во содржината на „Генералното образовно низамнаме“ (Maarifi Umumiye Nizam namesi), врз основа на чл. 3, 13, 33 и 42 дозволено било основање на приватни школи за заедниците, под услов заедно да се школуваат христијанските и еврејските деца со муслиманските.[211] Доколку се анализира претходната ситуација во врска со дејноста на христијанските школи пред 1873 година, ќе се види, дека дури и пред реформите определени со Танзиматот, христијанската заедница во Македонија била многу добро организирана во поголемите села и градови. Школите што се наоѓале под покровителство на црквите одиграле главна и водечка улога и значење во образованието на христијанските деца. Овие школи биле раководени од страна на црковни верски структури.[212]

При анализа на културно-просветната состојба и посебно образованието на христијанските деца во Македонија, исто така, треба да се истакне дека сѐ „до 50тите години на XIX век, во сите градови и села во Македонија егзистирале световни училишта“.[213] На наведениот заклучок се однесуваат и податоците кои ја одразуваат бројната состојба на училиштата, местата и годините на нивното отварање, се до средината на 70тите години од XIX век. Тие биле следните: Лешко, Горна Џумаја во 1802, Велес (во метохот на Рилскиот манастир) 1810; Кичево и Крива Паланка 1817; Кратово и во манастирот Слепче (Прилеп) 1820; Берово, Скопје, Штип 1830; Солун 1833; Велес (Источната општина) 1837; Велес (Западната општина) 1840; Прилеп, Куманово 1843., Штип. Горна Џумаја 1844; во Велес работело училиштето на Јордан Хаџи Константинов Џинот 1845; Скопје 1848., Гостивар 1850; во Велес (наставата се водела за тогашните услови на образование, според Белан Кестарскиот метод) 1854; во Скопје (започнале да работат две новоотворени училишта) 1854; Прилеп, Битола (отворено унијатско-католичко училиште) и Охрид 1859; Неврокоп 1862; Крива Паланка, Неготино, Кавадарци 1864; Битола 1865; Ресен, Дебар, Пехчево, Радовиш 1867; Прилеп 1868; Охрид, Крушево, Струмица, Дојран, Воден 1869; Кичево, Гостивар, Кочани 1870; Кратово, Серес 1871; Петрич, Мелник, Солун 1873; Лерин 1874; и на крајот, во Гевгелија започнало да егзистира егзархиското училиште во 1875 година.[214]

[211] Исто, стр. 167.
[212] Исто, стр. 168.
[213] Силвана Сидоровска-Чуповска, Преродбата во Велес и Велешко од почетокот на XIX век до 1912 година, Скопје, 2004, стр. 26.
[214] Исто, стр. 27-28.

Во табелата бр.13 е прикажана бројната состојба на школите, кои се наоѓале под непосредна управа на црковноучилишните општини во Македонија, а таа била следната:

*Табела бр.13: Школи на христијаните во црковните општини од 1838 до 1873 година.*[215]

| ГОДИНА | БРОЈ НА ШКОЛИ | МЕСТО |
|---|---|---|
| **1838** | 1 | Велес |
| **1840** | 1 | Штип |
| **1848** | 1 | Скопје |
| **1850** | 2 | Велес[216] |
| **1852** | 1 | Куманово |
| **1854** | 1 | Тетово |
| **1858** | 2 | Скопје |
| **1859** | 3 | Битола, Прилеп и Охрид |
| **1860** | 2 | Охрид и Штип |
| **1865** | 2 | Радовиш и Битола |
| **1867** | 2 | Ресен и Дебар |
| **1868** | 1 | Прилеп |
| **1869** | 2 | Охрид и Кичево |
| **1870** | 2 | Кичево и Гостивар |
| **1871** | 1 | Кратово |
| **1873** | 1 | Преспа |

[215] Mucize Unlum Manastir Vilajetinin Idari ve Yapi (1873-1912), стр. 169; Силвана Сидоровска-Чуповска, Просветно-културните прилики во Македонија во 19 век, Скопје, 2009, стр. 25-43, стр. 45-63.
[216] Силвана Сидоровска-Чуповска, Преродбата во Велес и Велешко од почетокот на XIX век, стр. 76-79.

Во 1875 година во рамките на Битолскиот вилает, вкупниот број на немуслиманските школи изнесувал вкупно 59, од кои 52 школи припаѓале на христијаните. Во табелата бр. 14, може да се види бројната состојба на христијанските школи во наведената година:

*Табела бр.14: Христијански школи во Битолскиот вилает во 1875 година.*[217]

| САНЏАЦИ | КАЗИ | ХРИСТИЈАНСКИ ШКОЛИ |
|---|---|---|
| БИТОЛА | Центар | 13 |
| | Прилеп | 5 |
| | Охрид | 4 |
| | Кичево | 3 |
| | Костур | 2 |
| | Горица | 1 |
| | Кожани | 1 |
| | Лерин | 1 |
| | Старова | 1 |
| ДЕБАР | Центар | 2 |
| | Елбасан | 2 |
| СКОПЈЕ | | |
| ВКУПНО | | 34 |

Според податоците од „Генералното салнаме за образование“ (Maarifi Umumiye Salnamasi) од 1898-99 година, во Битолскиот вилает постоеле 57 немуслимански школи. Според документите што постојат, може да се дефинира и образовната положба на христијаните во Скопје. Според архивски документи од 1896 година, во градот Скопје се наоѓала една христијанска школа.

[217] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), 170; Силвана Сидоровска-Чуповска, Просветно-културните прилики во Македонија, стр. 25-43, стр. 45-63.

*Табела бр.15: Христијански ученици во Скопје во 1896 година.*[218]

| Школа | Пол на ученикот | |
|---|---|---|
| | Момчиња | Девојчиња |
| **Христијани** | 1.319 | 548 |

Образованието на христијаните во македонските градови се одвивало нормално. Според архивски документи, може да се види, дека во текот на разгледаните години, од страна на централната османлиска власт се давале дозволи на локалното христијанско население за изградба на школи и цркви. Во прилог на научните сознанија и оценки, можно е да се презентираат наведените дозволи.

Табела бр.16: Дозволи дадени за изградба на школи и цркви во градовите на Македонија.[219]

| |
|---|
| ***ОТВОРАЊЕ НА МАШКО И ЖЕНСКО УЧИЛИШТЕ ВО ОХРИД*** ***Одобрена дозвола за изградба на машко и женско училиште за бугарскаата заедница на имотот на стариот митрополит, кој се наоѓа во близината на црквата „Свети Климент“ во Охрид на 26 април 1896 година.*** |
| ***ПОВТОРНА ИЗГРАДБА НА ИЗГОРЕНОТО ГРЧКО УЧИЛИШТЕ ВО БИТОЛА*** ***Откако изгоре грчкото училиште во селото Брусник во Битолскиот вилает, се одобрува на истото место изградба на ново училиште со иста површина на 12 јуни 1904 година.***[220] |
| ***ИЗГРАДБА НА ГРЧКИ УЧИЛИШТА ЗА МАШКИ И ЖЕНСКИ ДЕЦА ВО СТРУМИЦА*** ***Одобрение за уривање на старите грчки училишта за женски и машки деца и наместо нив да се изградат нови ( со цртежи од проектот за училиште од 2 декември 1909 година.***[221] |

[218] Силвана Сидоровска-Чуповска, Просветно-културните прилики во Македонија, стр. 63; Necati Demir, Başbakanlık Osmanlı Arşivlerine Göre 1877-1912 Yılları Arasında Kosovada Eğitim ve Öğretim, ZFWT Journal of World of Turks, Volum 2, No.3, İstanbul, 2010, стр. 12.
[219] Osmanlı Yönetiminde Makedonya, T.C. Başbakanlık Devlet Arşivleri Genel Müdürlüğü, Osmanlı Arşiv Dairesi Başkanlığı, Yayın No:74, Ankara, 2005, стр. 63-80.
[220] Исто, стр. 83.
[221] Исто, стр. 85.
[222] Исто, стр. 87.

| |
|---|
| ***ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШТЕ ЗА ХРИСТИЈАНСКИТЕ ДЕЦА ВО ГРАДОТ ДЕБАР*** <br> ***Одобрение за изградба на училиште за децата од бугарската заедница во близината на црквата што се наоѓа во маалото Варош во градот Дебар. 20 јули 1910 г.***[222] |
| ***ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШТЕ ЗА ХРИСТИЈАНСКИТЕ ДЕЦА ОД СЕЛОТО ГОЛЕМО ТУРЧАНЕ ГОСТИВАРСКО*** <br> ***Одобрение за изградба на ново училиште на имотот на Андон, син на Наум и на Хаве, ќерка на Богдан, во селото Големо Турчане, Гостиварско, за христијанските деца што и припаѓаат на црквата на Истанбулската грчка патријаршија од 5 март 1912 година.***[223] |
| ***НЕМЕШАЊЕ ВО ОБРЕДИТЕ И ДАНОЦИТЕ НА ДЕБАРСКИТЕ ХРИСТИЈАНИ*** <br> ***Ферман од падишахот, со кој се наредува да не се бара ништо повеќе од предвиденото со закон, но и на митрополитот Григориј, одговорен за христијаните во Дебар и во Дебарско да не му се меша никој однадвор во црковните обреди и собирањето даноци од нивните припадници од 10 август 1828 година.***[224] |
| ***НЕМЕШАЊЕ НА МААЛСКИТЕ ВЛАСТИ КАЈ ЦРКВИТЕ ВО ДЕБАР*** <br> ***Се назначува заменикот на Дебар да им забрани на маалските управници да ја претресуваат црквата „Свети Ѓорги“ во селото Радиовце во нахијата Голема Река, која е под надлежност на дебарскиот митрополит Јохаким, бидејќи ваквите и слични упади на локалните власти се забранети со берат од 26 март 1837 година.***[225] |
| ***ИЗГРАДБА НА ЦРКВА ВО ПРИЛЕПСКОТО СЕЛО ЏАНИШТЕ*** <br> ***Поради немање црква во селото Џаниште во Прилепската каза Одобрена е дозвола за нејзина изградба на 31 мај 1869 година.***[226] |
| ***ИЗГРАДБА НА НОВА ЦРКВА ВО ПРИЛЕП*** <br> ***Бидејќи црквата што се наоѓа во маалото Папа Еликонум во градот Прилеп е недоволна, се одобрува дозвола за изградба на нова црква наречена „Христос“ во истото маало на 31 јули 1869 година.***[227] |

[223] Исто, стр. 88.
[224] Исто, стр. 63.
[225] Исто, стр. 64.
[226] Исто, стр. 69.
[227] Исто, стр. 70

| |
|---|
| ***ИЗГРАДБА НА ЦРКВА ВО РЕСЕНСКОТО СЕЛО ЦАРЕВ ДВОР***<br>***Издадено одобрение за уривање на старата црква што се наоѓа на гробиштата во селото Царев Двор - Ресенска каза и изградба на нова, како што доликува во истото место од 13 јануари 1872 година.***[228] |
| ***ИЗГРАДБА НА ЦРКВА И МАНАСТИР ВО БИТОЛА***<br>***За изгорената црква на француските свештеници Лазаристи во Битола се издава одобрение за изградба на една црква и на еден манастир на имотот на манастирот на 7 декември 1909 година.***[229] |
| ***НОВА ИЗГРАДБА НА ЦРКВА ВО БИТОЛСКОТО СЕЛО СВЕТА***<br>***Одобрена дозвола за изградба на нова црква во селото Света, Демирхисарска нахија Битола, во кое мнозинство се Бугари (Македонци), под услов да не се изнудат пари од народот со сила и да не се пречекорат границите за градба на 27 ноември 1910 година.*** |

Миграцискиот процес што го зафатил христијанското население во селата и градовите, од основа го изменил социјално-економскиот статус и материјалната положба на христијаните во рамките на Румелискиот вилает. Наведениот историски процес ја зголемил улогата на христијанското население во развојот на урбаните економии.[230] Како пример може да се наведе трговската дејност на Горѓи Дрндар од градот Велес во почетокот на 1836 година, кој поради потребите на неговата работа имал добиено директен берат од страна на султанот. Дозволата се однесувала за обавување на слободна трговија или попрецизно кажано: слобода при обавување на трговијата.[231]

Паралелно со развојот на социјалноекономската положба на христијаните во градовите, се повеќе се зацврстувале позициите на христијаните и со добивањата на места во управните органи на градовите. До крајот на првата половина на XIX век, христијаните сѐ уште не добивале места во управно-административниот систем на градовите во Македонија. Но, со новонаправените реформи, посебно со Танзиматот, централната османлиска власт направила низа реформи во функционирањето на локалната самоуправа.[232] Со новодонесениот закон за општини од 1867 година на немуслиманското население му се овозможувало да биде избирано и во управните органи на општините. Според наведениот

[228] Исто, стр. 71.
[229] Исто, стр. 73.
[230] Andrew Rososs, Macedonia and the Macedoninas, стр. 91.
[231] Исто, стр. 70.
[232] Наведените реформи биле дел од низата превземени реформи во првата половина на XIX век, поради што Османлиската Империја на внатрешен и надворешен план направила измени и во рамките на системот на управување со државата, како што било формирањето на првиот парламанет, потоа направените уставни реформи во 1839 и 1855 година, кои имале позитивен ефект за положбата на христијаните во градовите каде што доминирале.

закон, во оние места каде имало значаен број на немуслиманско население половината од општинските советници морале да бидат од немулиманско потекло, а другата половина од муслиманско.[233] Така на пример, во двата големи вилаети на Македонија, можно е да се согледа положбата и процентот на немуслиманите, кои се наоѓале во органите на општинските управи.

*Табела бр.17: Присуството на немуслиманското население во општинскиите органи на вилаетите.* [234]

| Провинции | Вкупно | Не муслимани | Пропорција на немуслиманите (%) |
|---|---|---|---|
| **Битола** | 410 | 197 | 48,1 |
| **Солун** | 384 | 189 | 49,2 |

## 3.3. СОСТОЈБА НА МУСЛИМАНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ:

Според научните сознанија на истакнатиот македонски ориенталист А. Стојановски: „Една од најдлабоките и најзначајните последици што го предизвикало воспоставувањето на трајната османлиска власт во Македонија било населувањето на турскиот етнички елемент, кој по својата верска припадност, јазикот, културата, обичаите и целата психичка конституција многу се разликувала од потчинетото балканско население“.[235] Со историскиот развој на освојувањето на Балканот, најголемата група на муслиманското население во Македонија била сместена и живеела во градовите. Глобалната политика на империјата била и се однесувала на изградбата на постојаните градови или формирање на нови, при што империјата од своја страна била принудена донесеното муслиманско население да го сместува во градовите.[236] Почнувајќи од последните децении на XIV век, од времето на Гази Евреносбег, во главните градови на Македонија како што биле: Солун, Битола, Скопје, Серез, Драма и др., започнал да се забележува пораст на муслиманското население, што продолжило и во текот на XVI–XVII век. Во тек на наведениот временски период, од вкупно 26 градови во Македонија, муслиманско население било со нај-

[233] Tetsuya Sahara, The City in the Otoman, Empire Migration and Making of Urban Modernity, Edited by: Ulrike Freitag, Malte Fuhurmann, Nora Lafi and Florian Riedler, SOAS Routledge Studies on the Midlle East, Routledge Taylor and Fracis Group, London and New York, 2011, стр.34.
[234] Исто, стр. 35.
[235] Александар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век, Демогравски проучувања, Институт за национална историја, Завод за унапредување на стопанството во СРМ „Самоуправна практика„ Скопје, 1981, стр. 33.
[236] Elias Kolovos, Phokin Kotzageorgis, Sophia Laiou and Marionos Sariyyannis, The Ottoman Empire, the Balkans and the Greek Lands: Toward a Social and Economical History, The ISSIS Pres, Istanbul, 2007, стр. 138.

низок процент во 18 градови.[237] Исламизацијата извршена над домашното население, од своја страна, одиграла голема улога во текот на наведниот век за зголемувањето на бројот на муслиманското население. Тука мора да се наведе и фактот дека муслиманското население не било формирано само од турскиот етникум, туку со процесот на исламизација биле формирани и муслимани од македонската, албанската, влашката и другите припадности, кои припаѓале на христијанската средина. Според сознанијата на познатиот македонски историчар Д. Ѓоргиев, кон крајот на XVI век Скопје бил еден од градовите на Македонија, каде исламизацијата била најсилна.[238]

Според развојот на наведената состојба, во градот Скопје имало исто така и муслимани со национална припадност кои не биле Турци. Во 1452/3 година, во муслиманското маало „Хукри Ахмед" живеел Мехмед син на Насух. Во 1467/8 година биле регистрирани лицата Ине, син на Арап, Арап и Хаџи Курд, а во 1568/9 година, пак се среќава Курд, син на Насух. Според наведената состојба, во градот Скопје живееле и муслимани чие етничко потекло не било турско.[239]

Муслиманското население од почетокот на XVIII па сè до крајот на XIX век, било во голема мера консолидирано и национално ги користело сите права и бенефиции дадени од страна на империјата, како дел од „умметскиот систем".[240] Како и во останатите градови на Македонија, во Солун муслиманите живееле заедно со Евреите и христијаните. Муслиманското население во овој град било лоцирано во неговиот јужен дел.[241] Според проучувањата на некои европски патеписци, од вкупно 71 кварт во градот Солун, само 48 биле населени со припадници на муслиманското население. Муслиманите поради верски и културни причини живееле во истите заеднички маала лоцирани во градовите. Европските патеписци наведуваат податоци, дека муслиманските населби биле чисти и уредени, споредено со другите населени места.[242] Во текот на првата половина на XIX век, во градот Солун, според изворите имало пораст на населението, иако во одредени временски периоди имало и намалување на наталитетот поради природни и политички причини.[243] На самиот почеток на XIX век Солун имал преживеано две природни катастрофи. Првата била во

[237] Исто, стр. 138.
[238] Ѓорѓев Драги, Скопје од турското освојување до крајот на XVII век, Институт за национална историја, Скопје, 1997, стр. 58.
[239] Исто, стр. 58.
[240] Bulent Ozdemir, The Great Ottoman Turkish Civilisation, A Local Perception of the Plural Ottoman Society: Muslim, Orthodox and Jewish Communities of Salonica During the 1840`s, University of Birmingam, Center for Byzantine, Ottoman and Moder Greek Studies/ England, Ankara, 2000, стр. 421.
[241] Bulent Ozdemir, The Great Ottoman Turkish Civilisation, A Local Perception of the Plural Ottoman Society: Muslim, Orthodox and Jewish Communities of Salonica During the 1840`s, University of Birmingam, Center for Byzantine, Ottoman and Moder Greek Studies/ England, Ankara, 2000, стр. 549.
[242] Исто, стр. 549.
[243] Исто, стр. 552.

врска со појавата на низа пожари во градот (1839, 1847, 1854, 1856 и 1890 год.) што го опфатиле поголемиот дел на градот, а исто така и низа земјотреси (1829, 1858, 1866 год.).[244] Посебно појавувањето на епидемиите во текот на 1837-38 година, биле причина за намалувањето на бројот на населението. Од 1800 сѐ до 1850 година, бројот на муслиманското население се наоѓало на второ место, по еврејското. За состојбата на муслиманското население во градовите постојат различни бројки од неколку извори. Тие биле следните:

*Табела бр.18: Различни извештаји за бројната состојба на муслиманското население во Солун.*[245]

| Муслиманско население | Бројот на населението |
|---|---|
| **Според извештајот на Блант од 1839 година.** | |
| **Турци** | 15.000 |
| **Според извештајот на Леик во 1830 година.** | |
| **Муслимани** | 35.000 |
| **Според направениот цензус од 1831 година.** | |
| **Муслимани** | 10.000 |

По независноста на Грција, голем број турски семејства почнале да мигрираат од грчката територија и да се сместуват во Солун. Таквото миграциско движење, со текот на времето, најмногу поради притисокот на грчкиот национализам и шовинизам, го зголемило и бројот на муслиманското населе ние во Солун.[246]

[244] Исто, стр. 550.
[245] Bulent Ozdemir, The Great Ottoman Turkish Civilisation, A Local Perception of the Plural Ottoman Society: Muslim, Orthodox and Jewish Communities of Salonica During the 1840`s, University of Birmingam, Center for Byzantine, Ottoman and Moder Greek Studies/ England, Ankara, 2000, стр. 552.
[246] Исто, стр. 552.

*Табела бр.19: Муслиманско население на Битолскиот санџак во 1875 година.*[247]

| Каза | Муслимани |
|---|---|
| **Центар каза** | 10.956 |
| **Горица** | 803 |
| **Прилеп** | 1.370 |
| **Охрид** | 5.419 |
| **Костур** | 4.861 |
| **Кожани** | 14.140 |
| **Населич** | 2.510 |
| **Лерин** | 8.193 |
| **Серфиџе** | 1.033 |
| **Кичево** | 4.150 |
| **Старова** | 8.800 |
| **Колонја** | 4.500 |
| **Вкупно** | 66.735 |
| **Вкупниот број во санџакот со другите религии 188.891** | |
| **Според Васил Кнчов Муслиманското население во Битолска Каза**[248] | |
| **Жители** | **Населено Место** |
| 10.500 (Мухамедани) | **Центар каза** |
| 6.200 (Турци) | **Прилеп** |
| 5.000 (Турци) | **Охрид** |
| 1.600 (Турци) | **Костур** |
| 3.000 (Турци) | **Кожана** |
| 5.000 (Турци) | **Лерин** |
| 3.560 (Мухамедани) | **Кичево** |

[247] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 117.

[248] Васил Кнчов, Македонија, Етнографи и статистика, Фторо фототипно издание, Академично издателство „Проф. Марин Дринов, Софија", 1996, стр. 236.

*Табела бр. 20: Муслиманското население во Битолскиот санџак во 1876 година.*[249]

| Каза | Муслимани |
|---|---|
| **Центар каза** | 10.956 |
| **Горица** | 815 |
| **Охрид** | 5.501 |
| **Прилеп** | 5.487 |
| **Костур** | 6.557 |
| **Лерин** | 7.639 |
| **Кожани** | 14.158 |
| **Серфиџе** | 1.053 |
| **Населич** | 3.548 |
| **Кичево** | 4.901 |
| **Старова** | 8.800 |
| **Колонја** | 4.500 |
| **Џума** | 12.355 |
| **Вкупно** | 86.270 |
| **Вкупниот број во санџакот со другите религии 229.675** | |

*Табела бр. 21: Муслиманкото население во Призренскиот санџак во 1875 година.*[250]

| Каза | Муслимани |
|---|---|
| **Тетово** | 29.830 |

*Табела бр. 22: Муслиманското население во Скопскиот санџак во 1875 година.*[251]

| Каза | Муслимани |
|---|---|
| **Центар каза** | 16.717 |
| **Радовиш** | 4.341 |
| **Кратово** | 1.085 |
| **Кочани** | 4.231 |
| **Крива Паланка** | 510 |
| **Штип** | 11.380 |
| **Куманово** | 9.114 |
| **Вкупно** | 47.378 |
| **Вкупниот број во санџакот со другите религии 104.524** | |

[249] Исто, стр. 118.
[250] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 118.
[251] Исто, стр. 120.

| **Според Васил Кнчов Муслиманското население во Скопска Каза**[252] | |
|---|---|
| **Жители** | **Населено Место** |
| 15.000 (Турци) | **Скопје** |
| 35 (МухамеданиАлбанци) | **Барово** |
| 400 (МухамеданиАлбанци) | **Луботен** |
| 50 (МухамеданиАлбанци) | **Радишани** |
| 120 (МухамеданиАлбанци) | **Бара** |
| 5 (Турци) | **Идризово** |
| 65 (Турци) | **Хаџилар** |
| 20 (Турци) | **Катланово** |
| 820 (Турци) | **Средно Коњари** |
| 240 (Турци) | Долно Коњари |
| 550 (Турци) | Рамановци |
| 75 (Турци) | Шишево |

*Табела бр.23: Муслиманското население во Скопскиот санџак во 1876 година.*[253]

| **Каза** | **Муслимани** |
|---|---|
| **Центар каза** | 16.462 |
| **Радовиш** | 4.389 |
| **Кратово** | 1.037 |
| **Кочани** | 4.232 |
| **Крива Паланка** | 510 |
| **Штип** | 11.400 |
| **Куманово** | 5.264 |
| **Вкупно** | 43.303 |
| **Вкупниот број во санџакот со другите религии 112.510** | |

[252] Васил Кнчов, Македонија, Етнографи и статистика, стр. 236.
[253] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 120.

*Табела бр.24: Муслиманското население во Дебарскиот санџак во 1875 година.*[254]

| Каза | Муслимани |
|---|---|
| **Центар каза** | 17.051 |
| **Дебар** | 2.500 |
| **Мат** | 8.170 |
| **Елбасан** | 21.500 |
| **Вкупно** | 49.221 |
| **Вкупниот број во санџакот со другите религии 62.185** | |

*Табела бр.25: Муслиманското население во Дебарскиот санџак во 1876 година.*[255]

| Каза | Муслимани |
|---|---|
| **Центар каза** | 18.500 |
| **Дебар** | 2.500 |
| **Мат** | 8.170 |
| **Елбасан** | 21.500 |
| **Вкупно** | 50.670 |
| **Вкупниот број во санџакот со другите религии 64. 604** | |

| **Според Васил Кнчов Муслиманското население во Дебарска Каза**[256] | |
|---|---|
| **Жители** | **Населено Место** |
| 10.500 (Мухамедан Албанци) | **Дебар** |
| 50 (Мухамедан Албанци) | **Рашани** |
| 180 (Мухамедан Албанци) | **Спас** |
| 390 (Мухамедан Албанци) | **Ковачица** |
| 160 (Мухамедан Албанци) | **Горно Блато** |
| 170 (Мухамедан Албанци) | **Долно Блато** |

[254] Исто, стр. 122.
[255] Исто, стр. 122.
[256] Васил Кнчов, Македонија, етнографи и статистика, стр. 236.

*Графа 2: Население во Битола во 1844-45 година.*[257]




*Табела бр.26: Муслиманско население во Струмичко според годините.* [258]

| Година | Муслиманско население |
|---|---|
| **1807** | 5.000 |
| **1881** | 8.699 |
| **1878** | 6.365 |
| **1894** | 3.100 |
| **1905** | 18,830 |

Според предходно анализираните и приложените, статистички табеларни информации, може да се заклучи не само состојбата на муслиманското население во македонските градови, туку истотака и порастот и падот на наведеното население во градовите. Во рамките на дијаграмот од досега согледаните состојби, во продолжение се посветува внимание и на образовната состојба на муслиманското население во градовите од Македонија.

Уште од самиот почеток од формирањето на Османлиската Империја, образованието на муслиманското население играло мошне значајна улога. Но, во текот на 1877 година поради настанатитите социјално-економски, политички и културно-просветни состојби и прилики, државата била принудена, од своја страна, да направи низа реформи и во рамките на образованието, а со главна цел: да ги постигне потребите на векот.[259]

Според направената анализа од османлиските архивски документи во врска со улогата и значењето на градот Скопје, посебно на културнообразовен план, во наведениот град функционирале: медреси (општи школи), мектеби ибдадии

[257] Safet Alimovski, Temettüat Defterlerine Göre Manastır Merkez Kazasının Sosyo – Ekonomik Durumu, Yüksek Lisans Tezi, Marmara Üniversitesi Türkiye Araştırmaları Enstitüsü Türk Tarihi Ana Bilim Dalıö Yakın Çağ Anabilim Dalı, Yüksek Lisans Tezi, İstibul, 2005, стр. 8.
[258] Манол Пандевски; Ѓорѓи Стоев-Трнката, Струмица и струмичко низ историјата, стр. 133.
[259] Necati Demir, Başbakanlık Osmanlı Arşivlerine Göre 1877-1912 Yılları Arasında Kosovada Eğitim ve Öğretim, ZFWT Journal of World of Turks, Volum 2, No.3, İstanbul, 2010, стр. 5.

(основни школи), ружди аскри (средна војна академија), иниси руж дије (женска гимназија), мектеби едеб (воспитна школа), идадии (општи гимназии), дарулмуалими (учителски школи), санаи мектеби (занаетчиски школи), зираат мектеби (полустопанска школа), а постоеле и приватни школи. Такви биле: Мададах медреса, Хункајар медреса (господарска или султанска), Алаџа медреса(исхакија), Иса бегова медреса, Кебир Мехмед Челеби медреса, Мустафа пашина медреса, Јахја пашина медреса, Рахчила медреса, Хаџи Исмаилагина медреса и др. Притоа, можно е да се заклучи дека во сферата на обрзованието, една од најголемите образовни установи во наведениот град претставувала школата „Mekatibi İdadii Müliki,“.[260] Исто така, едно од најзначајните училишта во Скопје во врска со образованието на муслиманското население било и училиштето „Darülmuallim“.[261] Во тој поглед треба да се истакне и фактот дека со ферманот на султанот Абдулхамид II во 1893 година, во средиштето на Скопје било формирано едно индустриското школо или т.н. „Mektebi Sanayi“. Притоа муслиманското население во градовите Скопје, Битола, Солун, Серез, Драма, Велес, Прилеп, Кавала и останатите градови во Македонија формирало многу добри и значајни школи.

*Табела бр.27: Муслимански школи во Скопје и други градови.[262]*

| Школо | Град | Година |
|---|---|---|
| **Mekatibi İdadii Müliki (основна школа)** | Скопје | 1896 |
| **Darülmuallimin(машка учителска школа)** | Скопје | 1882 |
| **MektebI Sanayi (занаетчиско школо)** | Скопје | 1893 |
| **Üsküp Rüşdiyei Askeriye (средна воена академија)** | Скопје | 1896 |
| **İnas Rüştiye Mektebi (женска гимназија)** | Скопје | 1896 |
| **Mektebi Edep (воспитна школа)** | Скопје | 1896 |
| **Rüştiye (духовна семинарија)** | Штип | 1896 |
| **Rüştiye (духовна семинарија)** | Куманово | 1872 |
| **Hamidiye İptidaisi (султанска гимназија)** | | 1895 |
| **Rüştiye (духовна семинарија)** | Радовиш | 1873 |
| **Hacı Mehmed Mektebi Rüşdiyesi (духовно школо на Хаџи Мехмед)** | | 1873 |
| **Rüştiye (духовна симинарија)** | Кочани | 1896 |
| **Mektebi İptidadie (Основна школа)** | | 1896 |
| **Hamidiye İptidaisi (султанска гимназија)** | Кратово | 1892 |
| **İptidai (основана школа)** | Османије (Малеш) | 1896 |

[260] Исто, стр. 11.
[261] Исто, стр. 11.
[262] Necati Demir, Başbakanlık Osmanlı Arşivlerine Göre 1877-1912 Yılları Arasında Kosovada Eğitim ve Öğretim, ZFWT Journal of World of Turks, Volum 2, No.3, İstanbul, 2010, стр. 11-16.

Кон рефлексија на претходните научни сознанија и оценки, неопходно е да се нагласи и состојбата со статистичките податоци во текот на 1892-1893 година, кои се однесуваат на Скопскиот вилает каде активно работеле вкупно 386 сибјан (sıbyan) училишта. Тие биле следниве:

*Табела бр.28: Муслиманските училишта и број на ученици во Скопје 1896 година.*[263]

| **Школо** | **Број на ученици** |
|---|---|
| **Kebir İptidai Mektebi (основно школо на Кебир)** | 180 |
| **Hayriye İptidai Mektebi (основно школо на Хајрије)** | 80 |
| **Feyziye İptidai Mektebi (основно школо на Фејзије)** | 50 |
| **Meddah İptidai Mektebi (основно школо на Меддах)** | 50 |
| **Hafız Mahmud İptidai Mektebi (основно школо на Хафиз Махмуд)** | 55 |
| **Şükriya İnas İptidai Mektebi (основно школо на Шукрија Инас)** | 40 |
| **Rüştiye (духовна семинарија)** | 40 |
| **Mektebi İptidadie (основно школо)** | 62 |

[263] Исто, стр. 12.

# 2 ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГРАДОВИТЕ НА МАКЕДОНИЈА XVIII – XIX ВЕК

# 1. ИСЛАМИЗАЦИЈАТА НА ДОМАШНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Една од клучните и најзначајните последици во врска со трајното воспоставување на османлиската власт во Македонија, според авторот Д. Ѓоргиев, покрај исламизацијата, како најсилен фактор кој влијаел врз формирањето на „демографскиот изглед на Балканскиот Полуостров", во секој случај, била и „колонизацијата на турскиот етнички елемент".[264]

Новиот населен елемент на територијата на Македонија одиграл голема улога, на културен, социјален, етнички, а исто така и на религиозен план.[265] Целта на таквиот систематизиран и планиран историски процес и државноправен акт било за да се формира и да се создаде колку што е можно посолидна подлога за трајно владеење на освоените подрачја, кои требал да се опслужуваат, а, исто така, и за поуспешно и побрзо организирање на офанзивни акции.[266] Со понатамошното ширење на османлиското владеење на Балканот се ширела и турската колонизација. Но, ваквото ширење не можело да се направи подеднакво во сите делови на Балканот. Поради малите резерви на турското население, колонизациската политика се насочувала кон пунктовите со витално стратешко значење.[267] Според сознанијата на авторот Л. Вилари, со колонизацијата, османлиските султани се труделе овие места да ги направат силни и цврсти тврдини.[268] Според историчарот М. Миноски, колонизираните места или колониите служеле како уши и очи на османлиските управители.[269]

Положбата на Македонија преставува витално стратешко место кое играло важна улога на геополитички план со неколку воени и трговски патишта.[270] Но, и покрај направените колонизациски промени, наведената состојба не можела да гарантира некоја посигурна етничка основа на османлиското владеење со

[264] Драги Ѓоргиев, Скопје од турско освојување до крајот на XVII век, стр. 37.
[265] Александар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век, стр. 33.
[266] Исто, стр. 33.
[267] Исто, стр. 33.
[268] L. Villari, Races, Religions and Propagandas, New York, 1905, стр. 129.
[269] М. Миноски, Ослободителните движења и востанија во Македонија 1564-1615, Скопје, 1972, стр. 41.
[270] Повеќе за колонизација во Македонија: А. Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век, стр. 33-40.

балканските простори. Исто така, интересно е да се подвлече дека со таквата колонизаторска политика не можело да се воспостави одредена квантитативна рамнотежа со балканското христијанско население.[271] Процесот во врска со исламизацијата на Македонија многу порано се развил во градовите, бидејќи концентрацијата на доселеното турско население била многу поголема отколку по селата.[272]

*Според веќе наведениот автор, А. Стојановски: „Резултатите од исламизацијата на градското население, која со променлив интензитет траела низ целото време на османлиското владеење во Македонија, тешко можат по прецизно да се определат“.[273]*

Со други зборови кажано, интензивна исламизација во урбаните центри на Македонија, според многуте патеписци била евидентирана во сите периоди, односно според нив македонските градови во период на исламизацијата има ориентален карактер.[274] Според одреден број етнографи од XIX век, посебно В. Канчов, некои од исламизираните градови станале големи урбани центри, како што бил во случајот Ениџе Вардар кој се наоѓал лоциран помеѓу градовите Солун и Воден.[275] Од тука произлегува заклучокот дека стратешката исламизација кон крајот на втората половина на XVI век била поголема и според тоа можно е да се види дека бројот на муслиманското население во градовите изнесувал повеќе од немуслиманското.[276] За движењето на исламизација, една од најглавните дестинации била следната: почнувајќи од Драма исто продолжува преку Серез, Петрич, Струмица, Штип и Скопје и сè до Солун.[277]

Во средината на XVII век, исламизацијата на Балканот била навлезена во третата фаза. Според авторот А. Минков: „Многу е тешко да се направи градирање на исламизирањето во XVII век. Дезинтеграцијата на тимарскиот систем ќе донесе и намалување на регистрирање на тимарите. Поради оваа причина за истражување на демографските промени во XVII век, истражувачите биле ориентирани кон изучување на џизије регистрациите како извор.[278] Како пример, врз основа на наведените извори, авторката Е. Грозданова направила проценување на демографските промени во XVII век, при што таа ги користела информациите за даночните обврзници за повеќе од 4.500 градови на Балканот. [279]

[271] Исто, стр. 39.
[272] Исто, стр. 39.
[273] Исто, стр. 40.
[274] Anton Minkov, Conversation to Islam in the Balkas, стр. 45.
[275] В. Канчов, Македонија етнографија и статистика, Софиа, 1970, стр. 347.
[276] Anton Minkov, Conversation to Islam in the Balkas, KIsve Bahasi Petition and Ottoman Social Life, 1670-1730, volume 30, Brill Leiden-Boston, 2004, стр. 83.
[277] H.F. Tozer, op. cit. pp. 369-370; N. Limanoski, Islamskata Religija i Izlamiziranite Makedonci [The Islamic Religion and the Islamicised Macedonians], Skopje, 1989, стр. 72.
[278] Anton Minkov, Conversation to Islam in the Balkas, стр. 53.
[279] Исто, стр. 53.

Според направените анализи, можно е да се констатира дека во првата половина на XVII век имало одредена мера на опаѓање 33,7% на немуслиманското население во градовите. Исто така, во втората половина на XVII век, регистрирано било 70% (табела бр. 29) опаѓање на немуслиманското население.[280]

*Табела бр. 29. Промени на немуслиманското населенеие во XVII век.*[281]

| Вилаети | Во почеток на XVII век | 17301740 | % иземени | 17501790 | % иземени | Вкупно измени % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 4,838 | 4,433 | 8,4 | 3,014 | 32,0 | 37,7 |
| Охрид | 3,658 | 3,518 | 3,8 | 2,250 | 36,0 | 38,5 |
| Прилеп | 1,630 | 1,704 | 4,5 | 1,500 | 12,0 | 8,0 |
| Струмица | 2,912 | 2,980 | 2,3 | 1,149 | 61,4 | 60,5 |

За падот на немуслиманското население, според Е. Грозданова, имало многу причини, како што биле заразните болести, имиграциите во другите држави, како и големите конвертирања во исламот. Според наведениот автор, конвертирањето во исламот ја одиграла најголемата улога во промените на демографските статистики.[282] Според истиот автор дистрибуцијата на регионот била 92,4% во рурална ареа, а само 7,6% во урбаните региони. Но сепак најголемиот ефект на опаѓањето на бројот на немуслиманското население било динамиката на процесот на конвертирањето.

Исламизацијата и колонизирањето во градовите, наизменично ќе продолжи во рамките на различните временски периоди и области. Како очигледен пример можно е да се наведе дека исламизацијата и колонизацијата на Крива Паланка продолжува и во текот на XVII век, како и во случајот со Гостивар во текот на XVIII век.

[280] Исто, стр. 54.

[281] Во табелата дадени се само информациите за градовите во Македонија, за другите земји не се дадени. Притоа треба да се наложи, дека во оргиналната верзија на табелата кај авторот А. Минков опфатени се сите балкански држави.

[282] Anton Minkov, Conversation to Islam in the Balkas, KIsve Bahasi Petition and Ottoman Social Life, 1670-1730, volume 30, Brill Leiden-Boston, 2004, стр. 55.

*Табела бр. 30. Исламизирани области во Македонија од 1400 до 1900 година.*




Еден од видовите на исламизација било и формирањето на муслимански „маалиња" присутни во различните локации на градовите. Под терминот „маалиња" се подразбирало населено место со муслимански верници, кои биле донесени од другите краишта и населени, односно биле интегрирани во новите населени места и истите фамилии биле сместувани во руралните и урбаните места.[283] Новите дојдени жители не биле дефинирани според нивните национални припадности, туку биле организирани како група луѓе од различна национална припадност, но главно како муслимани. Тие биле сместувани покрај важните и стратешките места за Османлиската Империја и нејзината администрација.[284] Така на пример, во јануари 1878 година, во градот Струмица 1/5 од христијаните биле разместени од нивните места на живеење поради новодојдени муслимани во овој град. Во текот на месец мај 1879 година, во градот Скопје биле сместени околу 100 мухаџирски фамилии. Наведената исламизација била извршена и во 60 рурални локации на Скопје.[285] Да се биде муслиман во империјата, од друга страна, овозможувало да се користат привилегиите на државата, без разлика дали исламизацијата била направена самоволно или

[283] Ömer Sevinçgül, Küçük Lugat 11000 Kelime, Zafer Yayınları, İstanbul, 1990, стр. 143-144.
[284] G. M. Mac Kenzie and I.P. Irby, the Slavonic Provinces of Turkey in Europe, London, 1866, стр. 34.
[285] Марија Пандевска, Присилни миграции во Македонија во годините на големата источна криза (1875-1881), Скопје, 1993, стр. 64-65.

со сила. Автоматски населението се трансформирало во друг степен на привилегии.[286] Исламизацијата се случувала бргу и планирано, така што вон екстермните ситуации еднаш исламизираните веќе не се враќале во претходната средина.[287] Во некои историски извори може да се види и констатира реконвертирање од исламот во старата религија, при што како пример може да се земат две места, како што биле Галичник и Река. Така на пример, во почетокот на XVII век, на одделени начини биле конвертирани 30 фамилии во исламот, но во 1843 година ќајата Томо Томоски, одговорен во Галичник и ќајата Ф. Гурчин Кокалески, одговорно лице во Лазарополе, и двајцата, успеале да ги реконвертираат исламизираните фамилии.[288] Овој настан по кратко време ќе продолжи да се пренесува од една до друга македонска генерација. Методот на пренесувањето била поезијата напишана за наведениот настан која гласела:

*„Каде се чуло, видело*
*Турчин вера да менува*
*Вера да менува*
*Каурин да станува"*

Методите во врска со исламизацијата на домашното население не биле секогаш еднакви и статични, туку според времето и местото каде била извршена исламизацијата. За исламизација во некои места биле користени колонизацијата, а во некои места само исламизацијата или двете методи заедно. Во регионот на Долна, Мала и Голема Река било направена само исламизација, а не е напаравена колонизација. Додека во Горна Жупа биле направени масовни колонизации, а малку исламизација (табела бр.32).[289]

[286] Исто, стр. 65.
[287] Исто, стр. 74.
[288] Исто, стр. 75.
[289] Shtiljan Trajanov Chaparoski (1870-1934), Месностите од Дебарско окружение, Catalogue Number NR54, стр. 11.

*Табела бр.32. Религиската распределба на Долна/ Мала Река во 1900 год.*[290]




Македонски христијански села

Муслимански села

Христијански и муслимански села

[290] Shtiljan Trajanov Chaparoski (1870-1934), Месностите од Дебарско окружение [Places in the Debar region], document from the Macedonian Academy of Sciences (MANU) archive, Catalogue Number NR54, стр. 90.

*Табела бр.33. Етничката и религозната состојба на областа на Горна Жупа.*

| **Областа на Горна ЖУПА ОБЛАСТ НА Дебар 1890 год.** | | | |
|---|---|---|---|
| **Села** | Турци/ куќи | Муслимани/ куќи | Христијани/ куќи |
| **Брештани** | 3558 | | |
| **Долгаш** | 1012 | | 78 |
| **Долно Елевци** | | 40 | 15 |
| **Горно Елевци** | 160 | | 10 |
| **Евла** | | | |
| **Кочишта** | 55 | | 20 |
| **Коџаџик** | 600650 | | |
| **Ноаци** | 70 | | |
| **Осолница Турска** | 40 | | |
| **Осолница** | | | 4550 |
| **Праленик** | 70 | | 1 |
| **Селце** | | | 100110 |
| **Вкупно** | 1.040 – 1.095 | 40 куќи | 198214 куќи |

За исламизацијата во текот на XVIII век, меѓу најдобрите извори е делото на B. Mc Gowan.[291] Како извори за исламизацијата, поопширно, на териториите од Балканот, а поспецифично во македонските наслени места се користени џизие (cizye) дефтерите, кои биле регистрирани во XVIII век. Според B. Mc Gowan: „За исламизацијата имаме различни информации според вековите, има голема разлика помеѓу пред осумнаесеттиот век и во осумнаесеттиот век“.[292] Анализираните измени се рефлектирани и во демографската положба на населението во градовите и селата. По XVIII век ќе се случува постепениот пад на немуслиманското население. Според авторот А. Минков, причината на падот на немуслиманското населенеие во македонските населени места преставувала исламизацијата започната уште од XV век.[293] За исламизацијата и за порастот на муслиманското население, авторот В. МекГован, од своја страна тврди дека клучен фактор биле миграциите направени од југ, природниот прираст, како и исламизацијата во Босна и Србија.[294] Поради процесот на продолжувањето на исламизацијата растот продолжува и во 1720 година и тоа за 7,2 %; а помеѓу

[291] Bruce McGowan, “Head Tax Data for Ottoman Europe, 1700–1815,” in idem, Economic Life in Ottoman Europe: Taxation, Trade and the Struggle for Land, 1600–1800 (Cambridge, 1981), стр. 80–104.
[292] Anton Minkov, Conversation to Islam in the Balkas, стр. 57.
[293] Исто, стр. 59-60.
[294] Bruce McGowan, “Head Tax Data for Ottoman Europe, стр. 91.

1720-1815 година, растот достигнува дури и до 25%. Но, мора де се спомене дека порастот на исламизација ќе продолжи сè до првата половина на XVIII век. По процесот на наведената фаза веќе исламизацијата ќе започне да тече сè побавно и ќе дојде до фаза на запирање.[295] Иако индивидуалните конвертирања ќе продолжат да траат сè до XIX век, потребно е да се нагласи дека исламизацијата во наведениот век ќе игра улога на стратегиска точка во Македонија, во однос на другите места од Османлиската Империја.

Според сознанијата на авторот А. Минков, муслиманската заедница на Балканот никогаш не ја постигнала целта да биде доминантна, бидејќи исламизацијата во XVIII век во поголема мера ќе биде стопирана.[296] На овие становишта укажува и ситуацијата дека исламизацијата била запрена во времето кога се стигнало до половината на овој процес, а причините на таквата ситуација биле следниве: немуслиманското население ја започнало фазата за добивање на својата независност од империјата во текот на втората половина од XIX век, кога исламизацијата во рамките на целата Османлиска Империја била дојдена до 40 %, односно кога центарлната сила на државата во овој век ќе помине во рацете на локалните управители, каде во овој случај ќе премине во рацете на добро познатите ајани (ayanlar).[297]

За да се разбере суштината на исламизацијата на домородното население во рамките на Балканот и во Македонија во текот на XVIII и XIX век, потребно е да се знае и начинот и методите за исламизацијата. За начинот и методите на исламизацијата има разни мислења и теории. Некои се стеротипи, а некои од овие теории и мислења се објективни и се базирани врз основа на конкретни историски факти. Голем број од авторите се согласуваат само во едно мислење за исламизацијата на домашното население дека тоа била, директна и индиректна или економска исламизација. Под директната исламизација се подразбира, исламизирањето направено со примена на институционални методи, како што биле ропството и девширмето (devşirme), односно таквиот вид на исламизација бил контролиран од страна на централната власт.[298] Овој вид на исламизација не бил премногу дозволен за „своеволна" исламизација. При индиректната исламизација се практикувал методот на самоволното исламизирање, односно централната власт не била индикатор, туку преку своите институции го охрабрувала конвертирањето во ислам. Според сознанијата на авторката А. Желјаскова, исламизирањето на Балканот од почетокот се извршило преку системот на ропството, односно при освојувањето на новите територии од страна на Османлиската Империја, заробените заложници биле третирани како робови. Овие робови биле ослободувани, доколку тие се конвертирале. Ваквиот вид на исламизација овозможувал одреден квантитет во исламизација на домород-

[295] Anton Minkov, Conversation to Islam in the Balkas, стр. 60.
[296] Исто, стр. 62.
[297] Исто, стр. 62-63.
[298] Исто, стр. 65.

ното население.[299] А. Жељаскова, од своја страна го потенцира и фактот дека не секогаш робовите биле принудени да се конвертират, туку и други фактори влијаеле во конвертирањето, како на пример да се стане член на една социјална група: ослободувањето на робови била стимулација да се исламизираат робовите.[300]

Во случај на спроведувањето на наведената исламизација, преку институциите или земање на дефширме, таквата пракса била највисоката скала за реализирањето на исламизацијата. Системот на дефширме се базирал врз основа на конвертирање на тој начин што земените деца од немуслиманското население биле обучувани како војници, нешто слично на јаничарскиот корпус. Системот на дефширмето било регулирано само со посебно издадени, верски и државни, султански закони (kanuni), или во некои одредени случаи, мали момчиња биле прибирани при завршени воени настани или биле деца сираци, кои се собирале од страна на централните органи на Османлиската Империја.[301] Во овој случај гледано, можно е да се прифати и фактот дека во XVII век, исто така имало многу тенденции за влегување во јаничарскиот очак од страна на немуслиманското население. Наведените тенденции биле следени со самоволност или примање на доброволна исламизација, со главна цел: да се влезе во јаничарскиот корпус.[302]

Анализирајќи го прашањето за доброволниот пристап во јаничарскиот корпус, како објективен пример може да се наведат податоците од даночните книги од 1723 година, во врска со казата Неврокоп, посебно за селото Нисониште, каде биле регистрирани 30 јаничарски домаќинства, со вкупно 73 жители и селото Копривлани со 30 јаничарски семејства со 46 жители.[303] При одвивањето на процесот на исламизацијата, како директен метод за нејзината реализација,

---

[299] Antonia Zelyakova, "Nekotorie aspekti razprostraneniya islama na Balkanskom poluostrovev XV–XVII vv. [Some Aspects of the Spread of Islam on the Balkan Peninsula]." In V.I. Danailov, M.S. Mejer and S.F. Oreshkova, ed. Osmanskaya imperiya: Sistema gosudarstvenigo upravleniya, socialninie i etnorelegioznie problemi. Moscow, 1986, стр. 103–116.

[300] Истото, стр. 259-260.

[301] Anton Minkov, Conversation to Islam in the Balkas, KIsve Bahasi Petition and Ottoman Social Life, 1670-1730, volume 30, Brill Leiden-Boston, 2004, 68; Pakalın, M. Zeki; "Pericik" maddesi, Osmanlı Tarih Deyimleri ve Terimleri Sözlüğü, M. E. B. istanbul 1983, C. II, s. 766-767; Uzunçarşılı, İ. Hakkı, Osmanlı Devleti Teşkilatına Medhal, TTK Ankara 1989, s. 13-53-54-100-101 vd.; Uzunçarşılı. İ. H.; Osmanlı Devletinde Kapıkulu Ocakları, TTK. Ankara 1989, C. I, s. 16-17; Pakalın, Z.; "Devşirme" maddesi,.e,, C. I, s. 445448; Uzunçarşılı İ. H.; Osmanlı Tarihi, TTK. Ankara 1989, C. I, S. 508; Köprülü, Fuat; Osmanlı Devletinin Kuruluşu, TTK Ankara 1987, s. 108 vd.; Yavuz, Ercan; "Devşirme Sorunu", Be//eten XVIII, s. 712-713; Tarih-i Selaniki, Selanikli Mustafa Efendi, Haz. Mehmed İpşirli, İstanbul 1989, C. II, s. 263; Ercan,.m., s. 713 Mür'i'tTevarih; Fındıklılı Şamdanizade Süleyman Efendi, Neşr. Münir Aktepe. İstanbul 1976, s. 58 vd.; Pakalın,.e.,s.446-447;Uçunçarşılı,Kapıkulu Ocakları, s. 16-22; Uzunçarşılı,.e., s. 26-28, Ercan,.m., s. 717; Bozkurt, Gülnihal; Gayri Müslim Osmanlı Vatandaşlarının Hukuki Durumu, TTK. Ankara 1989. s. 7-29 Ercan,.m., s. 716; Ergin, Osman; Türk Maarif Tarihi, İstanbul 1977, C. 1, стр. 11-12.

302 Anton Minkov, Conversation to Islam in the Balkas, стр. 75.

[303] Исто, стр. 75.

можно е да се наведат и утврдените казнени мерки.[304] Исто така, како мошне влијателен метод за исламизацијата, може да се спомне и бракот, бидејќи склучените бракови со немуслиманското, домашно население ја донело со себе и конверзијата во исламот.[305] Новородените деца од таквите бракови, како под режим на одреден автоматизам биле воспитувани и одгледувани во рамките и делокругот на исламската религија, култура и традиција.

Според применетите методи на исламизација на домородното население во пракса, неопходно е да се анализираат и факторите за конвертирањата во Македонија и воопшто на Балканот. Неведените фактори за исламизирањето, можно е да се дефинираат и определат во три главни области како што биле: економските, психо-социјалните и религиозните фактори.

Во врска со економските фактори на исламизацијата, авторот А. Желјаскова го наведува следното становиште: „даночниот карактер како најголем економски фактор за исламизација бил факторот на фискалниот системот на империјата. Во сверата на фискалната политика на империјата како фактор за најдобра исламизација биле даноците, кои се плаќале од страна на немуслиманското население“ [306]

Истото мислење го презентира и познатиот турски историчар Х. Иналџик, кој го наведува следниот објективен заклучок: „Исто така даночниот систем на Империјата ја вршел улогата за масовно исламизирање на Балканот и во најдоцните векови.“ [307]

Во сферата на економските фактори, според даночната политика, исто така значајна улога за исламизација играле и другите економски фактори како што била трговијата, каде локалните трговци преку исламизацијата од локалниот капитал, користејќи ги бенифициите на лојални граѓани на империјата, од своја страна го зголемувале капацитетот на капиталот преку исламизирањето на одреден дел немуслиманското население, односно припадниците на христијаните и Евреите.

Што се однесува на социјалниот фактор во врска за исламизација, тој започнувал со голема брзина, затоа што како главна причина на влијателното исламизирање од социјален карактер било конвертирањето на прочуената и почитуваната домашна аристократија на регионот.[308] За реализацијата на исла-

---

[304] Antonia Zelyakova, “Nekotorie aspekti razprostraneniya islama na Balkanskom poluostrovev XV–XVII vv. [Some Aspects of the Spread of Islam on the Balkan Peninsula].” In V.I. Danailov, M.S. Mejer and S.F. Oreshkova, ed. Osmanskaya imperiya: Sistema gosudarstvenigo upravleniya, socialninie i etnorelogioznie problemi. Moscow, 1986, стр. 103–116.
[305] Исто, стр. 89.
[306] Истото, 92.
[307] H. (Inalcık, “Military and Fiscal Transformation in the Ottoman Empire, 1600–1700,” AO, 6 (1980), 283–337, and Evgeni Radushev, Agrarnite institutsii v osmanskata imperia prez 17–18 vek [Agrarian Institutions in the Ottoman Empire during the Seventeenth and Eighteenth Centuries] (Sofia, 1995).
[308] Anton Minkov, Conversation to Islam in the Balkas, KIsve Bahasi Petition and Ottoman Social

мизацијата, генерални фактори биле горенаведените. Покрај наведените, имало и фактори кои се од религиски карактер, како и фактори од културен карактер. Во тој поглед, во продолжение ќе биде преставена новата демографска состојба на градовите на Македонија, прикажана во табеларни состојби.

## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ПОДАТОЦИТЕ

Во табеларниот приказ на статистичките податоци, неопходно е да најдат место и податоците за верски и етнички карактеристики на градското население од XVIII и XIX век. Во овие табеларни прикази се земени во предвид сите градски населби од наведениот период, според тоа сите изворни податоци ќе се прикажуваат во рамките на презентираните табеларни прикази.

Табела бр. 1. Македонските градови во XVIII век. [309]

| Градови | Број на население | Религии |
|---|---|---|
| **Солун** | 33.000 | Христијани, Муслимани, Евреи |
| **Скопје** | 10.060 | Христијани, Муслимани, Евреи |
| **Бер** | 4.000 | Христијани, Муслимани, Евреи |
| **Серес** | 4.000 | Христијани, Муслимани, Евреи |
| **Битола** | 3.000 | Христијани, Муслимани, Евреи |
| **Костур** | 2.500 | Христијани, Муслимани, Евреи |
| **Струмица** | 2.040 | Христијани, Муслимани |
| **Серфиџе** | 1.800 | Христијани, Муслимани, Евреи |
| **Јанина** | 1.500 | Христијани, Муслимани |
| **Лерин** | 1.500 | Христијани, Муслимани |

Life, 1670-1730, volume 30, Brill Leiden-Boston, 2004, 102.

[309] Elias Kolovos, Phokin Kotzageorgis, Sophia Laiou and Marionos Sariyyannis, The Ottoman Empire, the Balkans and the Greek Lands: Toward a Social and Economical History, The ISSIS Pres, Istanbul, 2007, стр. 141.

*Табела бр. 2. Вкупниот број на население во XIX век*[310]

| Вилает | Муслимани | Грци | Ерменци | Бугари | Евреи |
|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | 630.000 | 228.121 | 29 | | 5.072 |
| **Солун** | 463.000 | 277.000 | 1.257 | 223.000 | 37.206 |

Во рамките на горе наведената табела, прикажувани се само градовите од Македонија, односно градовите од другите провинции не се земени во предвид.

*Табела бр. 3. Населението во санџаците на Битолскиот вилает од 1895 година*[311]

| | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Битола** | 170.513 | 179.188 | 349.701 |
| **Серфиџе** | 86.257 | 93.994 | 180.251 |
| **Горица** | 81.847 | 90.395 | 172.242 |
| **Дебар** | | 43.081 | 43.081 |
| **Елбасан** | 7.692 | 31.182 | 38.874 |
| **Вкупно** | 346.309 | 437.840 | 784.149 |

*Табела бр. 4. Населението во вилаетот, санџаците и центарот на Солун во 1895 година.*[312]

| Муслимани | | Рум | | Ерменци | | Бугари | | Католици | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **М** | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| 14.303 | **15.186** | **17.815** | **19.170** | **61** | **88** | **279** | **838** | **230** | **241** |

*М – Мажи; Ж – Жени*

*Вкупното население во Солунскиот санџак:*

| Муслимани | | Рум | | Ерменци | | Бугари | | Католици | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **М** | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| 108.815 | **116.423** | **89.815** | **103.331** | **65** | **92** | **44.066** | **51.741** | **1.129** | **1182** |

310 Kemal H. Karpat, Ottoman Population, Demographic and Social Characteristics, 1830-1914, University of Wisconcin Press, Madison, 1985, стр. 43.

311 Necdet Hayta, Salnamelere Göre Atatürk'ün Askeri İdadiede Öğretim Gördüğü Yıllarda Manastır Vilayeti, Atatürk ve Manastır Sempozyumu, Manastır, 1998, стр. 142.

312 Nuri Yavuz, Birinci Balkan Harbi Selanik'in Kaybı, Gazi Yayınları, Akademik Bakış Cilt I, Sayı 2, Ankara, 2008, стр. 142

*М – Мажи; Ж – Жени*

| | **Ж** | **М** |
|---|---|---|
| **Евреи** | **17.759** | **18.065** |
| **Протестанти** | **335** | **367** |
| **Латини** | **45** | **49** |
| **Монофитци** | **7.767** | **8.622** |
| **Роми/ немуслимани** | **82** | **81** |
| **Странци** | **490** | **710** |
| **Вкупно** | **261.437** | **291.544** |
| **Вкупно** | **552.981** | |

*Табела бр. 5. Населението на Солун во 1890 година*[313]

| **Етнички групи** | **Домажни** | | **Странци** | |
|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| **Странски жители** | **2** | **3** | **101** | **51** |
| **Роми/ немуслимани** | **66** | **58** | **35** | **21** |
| **Евреи** | **23.215** | **23.583** | **275** | **249** |
| **Бугари протестанти** | **7** | **6** | **22** | **6** |
| **Протестанти** | **2** | **1** | **22** | **2** |
| **Бугари католици** | **13** | **11** | **24** | **13** |
| **Католици** | **12** | **16** | **74** | **6** |
| **Ермени католици** | **7** | **9** | **19** | **15** |
| **Ерменци** | **72** | **66** | **171** | **75** |
| **Грци** | **5.300** | **5.313** | **2.931** | **1.463** |
| **Турци** | **11.677** | **12.452** | **2.919** | **26.555** |
| **Сиријци** | **3** | | **3** | |
| **Протестански Ерменци** | **4** | | **1** | |
| **Католицигрци** | **1** | | **1** | |
| **Латинци** | **10** | **5** | **4** | **7** |

313 Alimovski Safet, Temettüat Defterlerine Göre Manastır Merkez Kazasının Sosyo – Ekonomik Durumu, Yüksek Lisans Tezi, Marmara Üniversitesi Türkiye Araştırmaları Enstitüsü Türk Tarihi Ana Bilim Dalıö Yakın Çağ Anabilim Dalı, Yüksek Lisans Tezi, İstibul, 2005.

*Табела бр. 6. Населението на Битолскиот вилает во 1875 година*[314]

| Кази | Фамилии | Муслимани | Христијани | Цигани/ Кипти | Евреи |
|---|---|---|---|---|---|
| Центар | 2.641 | 10.956 | 33.500 | 1.042 | 916 |
| Горица | 1.298 | 803 | 2.741 | 492 | |
| Прилеп | 1.180 | 1.370 | 5.685 | 233 | |
| Охрид | 2.358 | 5.419 | 12.905 | 464 | |
| Костур | 1.334 | 4.861 | 17.565 | | 613 |
| Кожани | 619 | 14.140 | 7.450 | 2 | |
| Населич | 257 | 2.510 | 8.481 | | |
| Лерин | 528 | 8.193 | 10.370 | 390 | |
| Серфиџе | 1.390 | 1.033 | 4.465 | 107 | |
| Кичево | 1.290 | 4.150 | 8.795 | 220 | |
| Острово | 787 | 8.800 | 1.200 | 260 | |
| Колоња | 190 | 4.500 | 4.000 | | |
| Вкупно | 13.880 | 66.735 | 117.157 | 3.470 | 1.520 |
| ВКУПНИОТ БРОЈ НА НАСЕЛЕНИЕ 188.891 жители | | | | | |

Во текот на 1875 година, вкупниот број на население во Битолскиот вилает изнесувал **188.891** жители**,** при што, според горенаведената табела бр.6, најголемиот број на населението го сочинувале христијаните. Половина од населението биле муслимани, а останатото се киптиите (циганите). Во следната 1876 година бројот на населението пораснал на **229.676 жители**, што може да се види од табелата бр.7. каде во средините на христијанското, муслиманското и киптииското население имало видливи промени, но до таква состојба не дошло во средините кај еврејското население.

[314] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 117.

*Табела бр. 7. Населението на Битолскиот вилает во 1876 година*[315]

| Кази | Фамилии | Муслимани | Христијани | Цигани (Роми) | Евреи |
|---|---|---|---|---|---|
| **Центар** | **2.641** | **10.956** | **33.500** | **1.042** | **916** |
| **Горица** | **1.298** | **815** | **2.751** | **490** | |
| **Прилеп** | **1.180** | **5.487** | **18.731** | **223** | |
| **Охрид** | **2.358** | **5.501** | **13.507** | **467** | |
| **Костур** | **1.334** | **6.557** | **21.942** | **83** | **400** |
| **Кожани** | **619** | **14.158** | **7.580** | **375** | |
| **Населич** | **257** | **3.548** | **8.557** | **273** | |
| **Лерин** | **528** | **7.639** | **11.956** | **390** | |
| **Серфиџе** | **1.390** | **1.053** | **4.437** | **107** | |
| **Кичево** | **1.290** | **4.901** | **8.812** | **219** | |
| **Острово** | **787** | **8.800** | **1.200** | **260** | |
| **Колоња** | **190** | **4.500** | **4.000** | | |
| **Џума** | | **12.355** | **2.297** | **207** | |
| **Вкупно** | **13.880** | **86.270** | **139.270** | **4.116** | **131** |
| **ВКУПНИОТ БРОЈ НА НАСЕЛЕНИЕ 229.676** | | | | | |

*Табела бр. 7. Населението во Скопскиот санџак во 1875 година*[316]

| Кази | Фамилии | Муслимани | Христијани | Цигани (Роми) | Евреи |
|---|---|---|---|---|---|
| **Центар** | **3.929** | **16.717** | **4.581** | **367** | **194** |
| **Радовиш** | **684** | **4.341** | **3.091** | | |
| **Кратово** | **1.888** | **1.085** | **4.403** | | |
| **Кочани** | **4.820** | **4.231** | **6.205** | **230** | |
| **Крива Паланка** | **3.087** | **510** | **11.200** | **203** | |
| **Штип** | **2.157** | **11.380** | **10.747** | **450** | **231** |
| **Куманово** | **6.225** | **9.114** | **15.244** | | |
| **Вкупно** | **22.790** | **47.378** | **55.471** | **1.250** | **425** |
| **ВКУПНО: 104.524** | | | | | |

[315] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 117.
[316] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 119.

*Табела бр. 8. Населението во Скопскиот санџак во 1876 година*[317]

| **Кази** | **Фамилии** | **Муслимани** | **Христијани** | **Цигани (Роми)** | **Евреи** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Центар** | **3.929** | **16.462** | **14.581** | **307** | **160** |
| **Радовиш** | **684** | **4.398** | **3.016** | | **196** |
| **Кратово** | **1.888** | **1.037** | **3.287** | **61** | |
| **Кочани** | **4.820** | **4.232** | **6.205** | **230** | |
| **Паланка** | **3.087** | **510** | **15.000** | **267** | |
| **Штип** | **2.157** | **11.400** | **10.750** | **330** | **260** |
| **Куманово** | **6.225** | **5.264** | **14.360** | **156** | |
| **Вкупно** | **22.790** | **43.303** | **67.207** | **1.351** | **649** |
| **ВКУПНО: 112.510** | | | | | |

Вкупниот број на жители во Скопскиот санџак во 1875 година изнесувал **104.524, односно** според табелата бр.7. се гледа дека бројот на христијанско то население било поголемо во споредба со другите во санџакот. Во текот на 1876 година, бројот на населението во Скопскиот санџак изнесувало **112.510** жители. Од тука се гледа дека и покрај порастот на населението, од прилика за околу 4.000 жители, сепак имало намалување на муслиманското население во санџакот.

*Табела бр. 9. Населението во Дебарскиот санџак во 1875 година*[318]

| **Кази** | **Фамилии** | **Муслимани** | **Христијани** | **Цигани (Роми)** |
|---|---|---|---|---|
| **Центар** | **8.893** | **17.051** | **8.718** | **362** |
| **Дебреи зир** | **2.560** | **2.500** | **1.500** | |
| **Мат** | **318** | **8.170** | | **84** |
| **Елбасан** | **6.280** | **21.500** | **2.300** | |
| **Вкупно** | **17.979** | **49.221** | **12.518** | **446** |
| **ВКУПНО: 62.185** | | | | |

317 Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 120.
318 Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 122.

*Табела бр. 10. Населението во Дебарскиот санџак во 1876 година*[319]

| Кази | Фамилии | Муслимани | Христијани | Цигани/ Киптии |
|---|---|---|---|---|
| Центар | 8.893 | 18.500 | 9.500 | 500 |
| Дебреи зир | 2.560 | 2.500 | 1.500 | |
| Мат | 318 | 8.170 | | 84 |
| Елбасан | 6.208 | 21.500 | 2.350 | |
| Вкупно | 17.979 | 50.670 | 13.350 | 584 |
| ВКУПНО: 64.604 | | | | |

Вкупниот број на населението во Дебарскиот санџак во 1875 година изнесувал **62.185** жители според табелата бр. 9. односно бројот на муслиманското население било зголемено. Во 1876 година бројот на населението во санџакот исто така бил зголемен, при што муслиманското население изнесувало 50.670 жители, христијанското 13.350 и кибтиите 584 жители. Пораст на муслиманското население се забележува и во Централната каза и во Елбасан.

*Табела бр. 11. Состојбата во Битолскиот вилает во 1881/82 година*[320]

| Санџаци | Каза | Муслимани | Грци | Ерменци | Бугари | Католици |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | Центар | 30.517 | 41.077 | 26 | | 61.494 |
| | Прилеп | 14.270 | 1.248 | | | 43.763 |
| | Охрид | 16.360 | 3.049 | | | 33.306 |
| | Лерин | 12.863 | 27.162 | | | 3.354 |
| | Кичево | 13.282 | 64 | | | 20.879 |
| Вкупно: 322.720 | | | | | | |
| Горица | Центар | 32.759 | 30.475 | | | 2.134 |
| | Костур | 13.113 | 11.425 | | | 35.588 |
| | Острово | 21.106 | 3.028 | | | |
| | Колоња | 9.511 | 5.814 | | | |
| Вкупно: 164.953 | | | | | | |
| Серфиџе | Центар | 4.046 | 12.892 | | | |
| | Аласоња | 2.188 | 24.631 | 1 | | |
| | Кожани | 15.017 | 12.633 | 2 | | |
| | Џума | 28.84 | 2.895 | | 5.374 | |
| | Населич | 7.114 | 23.374 | | | 1 |
| | Грабена | 4.536 | 27.999 | | | |
| Вкупно: 171.555 | | | | | | |
| ГЕНЕРАЛНО ВКУПНО: 637. 228 | | | | | | |

[319] Исто, стр. 122.
[320] Исто, стр. 123.

*Табела бр. 12. Населението на Битолскиот вилает во 189293 година*[321]

| Место | Население |
|---|---|
| **Битола** | **326.687** |
| **Серфиџе** | **195.987** |
| **Горица** | **159.379** |
| **Дебар** | **99.780** |
| **Елбасан** | **56.554** |
| **Вкупно** | **838.353** |

*Табела бр. 13. Состојбата на Битолскиот вилает во 1896/97 година*[322]

| Санџаци | Каза | Мажи | Жени | Вкупно население |
|---|---|---|---|---|
| **Битола** | **само Битола** | **71.478** | **68.589** | **140.067** |
| | **Прилеп** | **33.445** | **31.794** | **65.239** |
| | **Охрид** | **28.541** | **28.267** | **56.808** |
| | **Лерин** | **26.238** | **23.403** | **46.641** |
| | **Кичево** | **18.886** | **18.459** | **37.345** |
| | **Вкупно** | **178.588** | **170.512** | **346.100** |
| **Серфиџе** | **Серфиџе** | **8.987** | **8.550** | **17.537** |
| | **Населич** | **17.729** | **16.422** | **34.161** |
| | **Кожани** | **12.317** | **11.957** | **24.274** |
| | **Кајлари** | **23.691** | **23.380** | **45.071** |
| | **Грабена** | **17.834** | **16.203** | **34.037** |
| | **Аласоња** | **13.426** | **11.745** | **25.175** |
| | **Вкупно** | **272.583** | **256.769** | **180.255** |
| **Горица** | **Горица** | **33.496** | **32.529** | **66.025** |
| | **Колоња** | **8.457** | **7.662** | **16.119** |
| | **Острово** | **12.870** | **12.544** | **25.414** |
| | **Костур** | **34.577** | **28.527** | **63.104** |
| | **Вкупно** | **361.982** | **238.031** | **170.662** |
| **Дебар** | **Горни Дебар** [323] | **21.805** | **0** | **21.805** |
| | **Река** | **10.631** | **0** | **10.631** |
| | **Долни Дебар**[324] | **5.198** | **0** | **5.198** |
| | **Мат** | **5.447** | **0** | **5.447** |
| | **Вкупно** | **405.063** | | **43.081** |

[321] Исто, стр. 124.
[322] Исто, стр. 123.
[323] Според османлиската терминологија, наведениот град во оваа статистика бил регистриран како „Debre-i Bala" или Горни Дебар.
[324] Долни Дебар во оваа статистика бил евидентиран како „Debre-i Zir".

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Елбасан** | **Елбасан** | **18.278** | **0** | **18.278** |
| | **Гамиш** | **5.536** | **0** | **5.536** |
| | **Пеклин** | **7.368** | **7.692** | **15.060** |
| | **Вкупно** | **436.295** | **345.723** | **38.814** |
| **ГЕНЕРАЛНО ВКУПНО: 778.912** | | | | |

*Табела бр. 14. Населението на Битолскиот вилает според годините*[325]

| **Етнички групи и џемаати** | 1875 | 1876 | 188293 | 1895 | 1897 | 190607 | 1911 | 1913 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Муслимани** | **370.237** | **297.590** | **225.534** | **225.534** | **252.962** | **328.551** | **260.418** | |
| **Христијани** | **220.099** | **272.215** | | | | **5.556** | | |
| **Цигани (Роми)** | **6.935** | **10.621** | | | **2.597** | **2.104** | | |
| **Евреи** | **2.139** | **2.015** | | **5.072** | **5.914** | **5.459** | | |
| **Грци** | **14.813** | | **227.766** | **277.766** | **272.205** | **286.001** | **291.238** | **465.000** |
| **Ерменци** | | | **29** | **29** | **22** | **8** | | |
| **Бугари** | | | **5.374** | **205.892** | **177.750** | **197.088** | **188.412** | |
| **Католици** | | | **200.519** | **1** | | | | |
| **Протестанти** | | | | **38** | **785** | **5** | | |
| **ВласиСрби** | | | | | | | **30.116** | **421.000** |
| **Албанци** | | | | | | | | **148.000** |
| **Вкупно** | **647.886** | **581.145** | **659.228** | **664.399** | **712.217** | **824.828** | **770.184** | **1.034.000** |

[325] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 122.

# 2. СОЦИЈАЛНО ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ

Поради мултикултурниот и мултирелигискиот карактер, градовите во Македонија преставувале еден вид на мозаик. Така на пример, градот Солун се состоел од следното население: Македонци, Грци, Турци, Албанци, Бугари, Ерменци, Киптии (Роми) и др., а од религиите: христијани, муслимани, Евреи и др., кои го формирале мозаикот на заедничкиот соживот во Солун. Исто така и градовите Битола и Скопје можеле да се приклучат во рамките на истата состојба.[326] Поради овие две причини, пред сè од социјален карактер, исто така имало и спротивности на односите помеѓу зедниците. Но, сепак, постоела одредена волја за заеднички соживот во градовите помеѓу заедниците. За одржувањето на соживот, како причина не биле само социјално економските, верските и културните фактори, туку и природните катастрофи ги зајакнувале односите на соживот во градовите на Македонија. Солун како главен град, во одредени временски периоди, посебно на економски кризи и елементарни непогоди, многу бавно се трансформирал во модерна урбана средина. Овој град со своите инфраструктурни проблеми и настанатите чести природни катастрофи, секогаш имал социјални проблеми.[327] Како додаток на социјалните проблеми, настанатите пожари во Солун имале влиание и во социјалната и економската положба на градското население. Пролонгирањето на општинските реформи за трансформирање кон помодерна средина предизвикувало и други проблеми како недостаток на вода и неефикасност во водоводните системи. Во 1814 година се констатирал голем проблем во водоводниот систем на градот Солун, а според некои историски извори може да се наведе, дека не-

[326] Salahattin Bayram, Osmanlı Döneminde Selanik Limanı: 1869-1912, Türkiye Cumhuriyeti İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisiat Anabilim Dalı İktisat Tarihi Bilim Dalı, Doktora Tezi, İstanbul, 2009, 32; Safet Alimovski, Temettüat Defterlerine Göre Manastır Merkez Kazasının Sosyo-Ekonomik Durumu, Yüksek Lisans Tezi, T.C. Marmara Üniversitesi, Türkiyat Araştırmalar Enstitüsü, Türk Tarih Ana Bilim Dalı, Yakınçağ Tarih Bilim Dalı, İstanbul, 2005, 13-22; Ahmet Hamdi Furat, Temettüat Defterlerine Göre Üsküb'ün Sosyal ve Ekonomik Tarihi, T.C. İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, Tarih Anabilim Dalı, İstanbul, 2001, стр. 22-25.

[327] Salahattin Bayram, Osmanlı Döneminde Selanik Limanı: 1869-1912, Türkiye Cumhuriyeti İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisiat Anabilim Dalı İktisat Tarihi Bilim Dalı, Doktora Tezi, İstanbul, 2009, стр. 32.

мало ниту една чешма во некои улици или населби.[328] Недостатокот на вода ги привлекувал и другите комунални проблеми кои го редуцирале социјалниот развој на населението. Во текот на претходно наведената година, во Солун поради настанатата ситуација од недостатокот на вода, во голема мера започнал новиот бран на хигиенски проблеми и како заклучок на таквата сосројба, ќе пораснат епидемиските заразни болести во поголемиот дел на градот. Во наведената 1814 година, поради недостаток на вода започнала да се развива една од најсериозните и најпроблематичните болести на векот или „чумата" во наведениот град. Поради појавата на чума, околу 15.000 лица ги загубиле своите животи. Но, според авторот Д. Картер, при настанатата чума од 1871 година, се тврдело дека бројот на починати бил околу 25.000 жители. Наведениот автор исто така тврдел дека овој број бил поголем од утврденото, бидејќи бројот од 25.000 жители бил околу 50% од вкупното население, според тоа наведените информации не се точни. Но, како и да било, честите појави на чумата одземеле премногу животи.[329] Причината за развојот на таквите заразни болести, не бил само од урбани причини, најголема причина била неприменување на законските контролирања на бродовите, кои доаѓале во крајбрежните градови. За да се одбегнела контаминација на болестите во крајбрежни градови, државните органи на Османлиската Империјата биле принудени често пати да формираат центри за карантини.[330] За да се избегне контаминацијата од заразните болести, во секој случај, сите патници биле контролирани во местата на карантините и по изршената контрола контаминираните патници биле сместувани во карантините, сѐ додека не им се дозволел престој, или биле испраќани надвор од државните граници. Горенаведените природни катастрофи, како што биле: недостатокот на вода, пожари и заразни болести, од своја страна ги содржеле елементите за социјално-економски промени, при што во случај на пожари или земјотреси, кај населението се забележувало активирање на финансиските проблеми. Во случај на појава од заразни болести или катастрофални проблеми, доаѓало до намалување на демографската состојба на населението во градовите. При разгледуваните состојби, во понатамошната анализа, неопходно е да се нагласи дека поради финасиските и демографските проблеми структурата на градското население се трансформирала од една во друга социјално-економска насока. Но, сепак и покрај појавата на негативните состојби во градовите, во некои периоди, можно е да се примети и подобрување на социјалната положба на населението во градовите: Скопје, Солун, Битола и др. Во 1869 година во Солун била спроведена реформа во работата на општините, при што започнало

[328] Исто, стр. 32-33.

[329] Donald Quataert, Osmanlı İmparatorluğu 1700-1922, Çev. Ayşe Berktay, İstanbul İletişim Yayınları, İstanbul, 2002, стр. 201.

[330] Salahattin Bayram, Osmanlı Döneminde Selanik Limanı: 1869-1912, Türkiye Cumhuriyeti İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisiat Anabilim Dalı İktisat Tarihi Bilim Dalı, Doktora Tezi, İstanbul, 2009, стр. 33.

да се инвестира во инфраструктурата на градот; се интервенирало во водоводниот систем за снабдување на вода; се формирале нови гасни системи за осветлување на улиците и.сл. Наведените промени се воведувале и во останатите градови на Македонија и истите имале индикации и во социјалната положба на населението.[331]

Во почетокот на XIX век, настанатите социјално-економски промени, кои се движеле во подобра насока, влијаеле и врз демографската положба на населението во градот Солун. Покрај напредокот на муслиманското население, видливи промени се забележувале и во средината на немуслиманскиот народ, како што биле: Грците, Ерменците, Бугарите (се мисли и на Македонците, н.з.), Евреите, Албанците, Власите и Ромите. За да се види настанатата нова социјална и демографска состојба, треба да се погледа табелата бр.15.

*Табела бр. 15. Населението на Солун според салнамето издадено за 1905/1906 година*[332]

| **Религиозни џемаати** | **Мажи** | **Жени** |
|---|---|---|
| **Муслимани** | 11.749 | 12.950 |
| **Грци** | 4.951 | 5.643 |
| **Ерменци** | 33 | 43 |
| **Бугари (Ортодокси)** | 124 | 109 |
| **Католици** | 27 | 21 |
| **Евреи** | 23.510 | 20.821 |
| **Останати (странци)** | 149 | 169 |
| **ВКУПНО** | 40.543 | 39.456 |

Во погоренаведената табела можно е да се констатира сознанието дека во почетокот на XIX век, паралалено со развојот на градовите се зголемувал и бројот на населението, како во Солун, исто така и во другите градови. За да се разбере социјалната интерактивност на населението во градовите на Македонија на пообјективен начин, може да се користи анализата на системот во врска со развојот на населбите во градовите од XVIII и XIX век, населбите „mahalle" според Теметтуат книгите „Temettuat Defterlerı". Градот Скопје бил регистриран во 4 дефтери и имал вкупно 46 населби.[333] Горенаведените деф-

331 Salahattin Bayram, Osmanlı Döneminde Selanik Limanı, исто 33-34.
332 Исто, стр. 34.
333 Ahmet Hamdi Furat, Temettüat Defterlerine Göre Üsküb'ün Sosyal ve Ekonomik Tarihi, T.C. İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, Tarih Anabilim Dalı, İstanbul, 2001, 20, (бр. 15469, 15473, 15475, 15476), (бр. 15469, 15473, 15475, 15476).

тери, според нивната содржина и намена, се различни и ги доставуваат информациите одделено за секоја религија. Посебно за ромското население со вкупно 4 населби; за муслиманското население со вкупно 41 населба; за еврејското население само со една населба и за немуслиманското население со вкупно 17 населби.[334] Наведените живеалишта не биле хомогенизирани, односно биле разделени само врз еден етникум или религија, а имало и населби кои биле со мешана структура. За проучувањето на еден таков сложен предмет ќе бидат ги разгледани само имињата на населбите кои биле со мешовит национален и верски карактер.[335] Долунаведените населби биле составени од: муслимани, христијани, коптии (Роми), раја и евреи, а тие биле следните:

1. ДеббахШахин (43 муслимански, 17 немуслимански = 60 домаќинства), 2. ГазиИскендер (23 муслимански, 12 немуслимански = 35 домаќинства), 3. ХачиЛала (18 муслиманиски, 17 немуслимански = 35 домаќинства), 4. ХарачиСеллахадин (16 муслиманиски, 171 немуслимански = 187 домаќинства), 5. Ибн Кочачик (63 муслимански, 2 немуслимански = 65 домаќинства), 6. Ибни мухтесип (27 муслимански, 27 немуслимански = 54 домаќинства), 7. Ибн Омер (44 муслимански, 19 немуслимански = 63 домаќинства), 8. Инебеј (22 муслимански, 4 немуслимански = 26 домаќинства), 9. Кебир Мехмет Челеби (105 муслимански, 2 немуслимански = 107 домаќинства). 10. Пајко (46 муслимански, 116 немуслимански = 162 домаќинства) и 11. Јигит паша (32 муслимански, 85 немуслимански = 117).[336]

Според состојбата на погоренаведените информации за населбите во градот Скопје, може да се види дека социјалната комуникација помеѓу различното население била рефлектирана и во системот на населбите. Наведениот систем, во поголема мера придонесувал и во развивање на добрите односи помеѓу населението. За подобро и пообјективно разбирање на социјалната и економската положба на македонските градови во XVIII и XIX век, можно е да се направи мала анализа: на кој начин градското население ја одржувало и заработувало својата територијална и материјална егзистенција и кон кои општествени дејности, занаети и професии се ориентирало.

Така на пример, за градот Битола во текот на 1844-1845 година, за да се формира јасна слика во врска со економската положба на градот, можно е да се направи класификација на професиите (дејностите) на населението, која ќе биде прикажана во табеларна форма (табела бр.16.). За појасен преглед, професиите (дејностите) се рангирани според следното: 1. еснаф што произведува и продава, 2. еснаф кој врши дејност на разни услуги, 3. работник и ус-

[334] Исто, стр. 22.

[335] За нешто по детални информации во врска со имињата и описите на овие населби, потребно е да се види во магистерскиот труд на авторот: Ahmet Hamdi Furat, Temettüat Defterlerine Göre Üsküb'ün Sosyal ve Ekonomik Tarihi, T.C. İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, Tarih Anabilim Dalı, İstanbul, 2001.

[336] Ahmet Hamdi Furat, Temettüat Defterlerine Göre Üsküb'ün Sosyal ve Ekonomik Tarihi, T.C. İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, Tarih Anabilim Dalı, İstanbul, 2001, стр. 23.

луга, 4. земјоделство и сточарство, 5. производство и продажба на прехранбени производи, 6. продавачи трговци (бакали), 7. транспорт, 8. изградба, 9. службеници, 10. невработени лица, кои немаат професија и останати професии. За наведените професии е направена и табела со посебно објаснување и состојби на информациите.

*Табела бр. 16. Професии, број на домаќинства и вкупниот број на население на Битола во 1844-1845 година*[337]

| Професии | Домаќинства | Процент % |
|---|---|---|
| **I. Еснаф што произведува и продава** | 1.168 | 25.02 % |
| **II. Еснаф кој што врши дејност на услуги** | 1.139 | 24.40 % |
| **III. Работник и услуга** | 353 | 7.57 % |
| **IV. Земјоделство и сточарство** | 347 | 7.41 % |
| **V. Производство и продажба на прехранбени производи** | 289 | 6.19 % |
| **VI. Продавачи трговци** | 250 | 5.37 % |
| **VII. Транспорт** | 108 | 2.31 % |
| **VIII. Изградба** | 93 | 1.99 % |
| **IX. Службеници** | 52 | 1.11 % |
| **X. Невработени и лица кои немале професија** | 289 | 12.23 % |
| **XI. Други професии** | 571 | 12.23 % |
| **ВКУПНО** | 4.668 | 99.79 % |

Во градот Битола, во текот на 1844-1845 година, најголеми и најпреферирани професии биле 1.168 еснафи, кои произведувале и продавале и 1.139 еснафи, кои пак вршеле услуги на разни дејности. Во Битола најпрестижни професии биле дејностите во врска со текстилот, како и производството на кожа и кожни производи. [338] Овие две професии ги претставувале најголемите продажни и производни дејности. Текстилот и производството на кожа од своја страна играле најголема улога во градската економија. Како водечка подгрупа, со вкупно 623 (53.35 %) занаетчии, била рангирана текстилната дејност. Непосредно по наведената дејност била рангирана кожната индустрија со вкупно 306 (26.20%)

[337] Safet Alimovski, Temettüat Defterlerine Göre Manastır Merkez Kazasının Sosyo – Ekonomik Durumu, Yüksek Lisans Tezi, Marmara Üniversitesi Türkiye Araştırmaları Enstitüsü Türk Tarihi Ana Bilim Dalıö Yakın Çağ Anabilim Dalı, Yüksek Lisans Tezi, İstibul, 2005, стр. 13.

[338] Safet Alimovski, Temettüat Defterlerine Göre Manastır Merkez Kazasının Sosyo – Ekonomik Durumu, Yüksek Lisans Tezi, Marmara Üniversitesi Türkiye Araştırmaları Enstitüsü Türk Tarihi Ana Bilim Dalıö Yakın Çağ Anabilim Dalı, Yüksek Lisans Tezi, İstibul, 2005, 14.

занаетчии. На крајот биле рангирани занаетчиите кои работеле со железо и други металуршки изработки со вкупен број 202 (17.30 %) занаетчии.[339]

*Графа 1. Рангирање на занаетчиските дејности.*




Занаетчиството во градот било организирано во еснафи и во рамките на разгледаниот временски период и во него влегувале разни етникуми и религиозни групи. Треба да се нагласи дека во него не постоела целосна монополизација на занаетчиските дејности од страна на муслиманското население, како што бил случајот со текстилниот сектор, каде имало и немуслимани, кои се занимавале со разни видови на занаети. Така на пример, седларскиот занает и еснаф му припаѓал само на муслиманското население; кожарскиот и чаракчилскиот им припаѓал на Евреите, а еснафот за изработка на крзно и седла му припаѓал на христијанското население.[340]

Покрај наведените еснафи, имало исто така само христијански еснафи, кои се занимавале со занаетите како што биле: папучари, кожари и кундураџии. Во наведениот период, во градот Битола, од вкупниот број на занаетчиите и еснафите, кои се занимавале со производството на кожите, од 51 лице, само 2 биле муслимани. Од вкупниот број на 96 папучари, 79 биле од христијанското население, а само 17 од муслиманско потекло. Од вкупниот број на 5 папучари, само 4 биле од христијанско потекло и еден од муслиманско потекло. Од вкупно 2 занаетчии за правење на камшици, само еден бил Евреин и еден муслиман.

*Графикон 2. Распределба на религиозното население според професии, производство на храна и број на еснафи во Битола во 1844-1845 година.*[341]




175 – христијани
121 – муслимани
39 – Евреи
8 –Роми муслимани
2 – Роми раја

[339] Истото, 14.
[340] Исто, стр. 16.
[341] Safet Alimovski, Temettüat Defterlerine Göre Manastır, стр. 21.

Според дадените информации во графикон бр. 2, може да се констатира, дека половината од професионалната компетентност (50.57 %) биле од христијанското население, кои дејствувале во секторот на обработката на тутунот, потоа следувале пекарите, градинарите, симитчиите и.т.н..[342] Исто така, леблебиџиите и јогуртчиите биле од христијанското население.[343] Производството на симити во градот Битола, во голема мера било едно од најдобрите и профитабилни сектори, бидејќи во градот имало 14 пекарници и 21 симитчилници. Годишниот приход на пекарите изесувал околу 5.100 грошеви,[344] а годишниот приход на симитчиите изнесувал 5.540 грошеви. Муслиманите, со вкупниот број од 121 (39.97 %) биле активни како бурекчии, пекмезчии, кебапчии и сл. Исто така, муслиманското население во одредена мера доминирало и во производството на тутунот (70.49 %). Исто така, тие произведувале и овошје (57. 50 %); понатаму следуваат: алваџии, бозаџии и шербетчии (71.42 %).[345]

Во рамките на трговијата со храна, од вкупниот број 39 (11.27%) работело еврејското население, кои исто така работеле и како месари. Од припадниците на муслиманските и христијанските Роми, поголем дел се занимавале само со производство на тутунот, односно 8 лица од тутунџиите биле муслимани и 2 христијански Роми.[346] Во средината на XIX век, се манифестирал и порастот или влијанието на немуслиманскиот народ во социјално-економската положба на населението во Битола. Таквото влијание доаѓало поради економскиот интерес на европските држави, како што биле: Германија, Англија, Франција, Русија, Австрија, Италија и државите на Балканот. Наведените држави со текот на времето започнале да соработуваат со локалното христијанско население, исто така и со еврејските, грчките и влашките трговци. Поради ново настанатата економска ситуација, во одредена мера се согледувал и одреден пад на еврејското население во трговијата и порастот на христијанското население во бизнис секторот.[347]

[342] Исто, стр. 21.
[343] Од пекарскиот еснаф 9 работилници биле христијански, а 2 од тие еснафи биле со муслиманско потекло. Повеќето од леблебитчите живееле во населеното место „Арнијот“ во Битола. Од јогуртчиите 10 биле со христијанско потекло, а 3 биле со муслиманско потекло, кои што живеле во населеното место „Бајир“.
[344] Грош е парична еднинца на империјата, која почнато во употреба во веремето на Султан Махмуд II.
[345] Safet Alimovski, Temettüat Defterlerine Göre Manastır, стр. 21.
[346] Исто, стр. 22.
[347] Исто, стр. 23; Георги Димовкси-Цолев, Евреите во Битола, Битола, 1993, стр. 48.

*Графикон 3. Распроделба на религиското население според професии и градежната дејност во Битола*[348]




Во текот на 1844 година, во градот Скопје „Nefsi Uskup“[349] вкупниот приход изнесувал 1.314.537.6 грошеви, од кои 9.944.948 грошеви се однесувале на професионалниот приход; 1.294.268 грошеви отпаѓале на приходите од земјоделството: 25.222.5 грошеви на приходи од сточарството; 12.273.1 грошеви на приходи од заеми и 42.210.3 од останати приходи.[350] Од вкупниот број на приходи во износ од 1.314.537.6 грошеви, на едно лице отприлика доаѓало по 107.3 грошеви.

Доколку се направи анализа за приход врз религиозна база, може да произлезе следната оценка: муслиманите поединачно добива по 105.1 грошеви, христијаните 105.4., Ромите муслимани 47.4., зимиите 119.3 и Евреите 125,7 грошеви.[351]

За подобро и пообјективно разбирање на социјално-економската состојба во македонските градови, во најголема мера приходите ја одигрувале најголемата улога. Според наведените приходи, можно е да се определи генералната состојба на социјално-економската положба на градовите. Во однос на наведената состојба, во реализираните приходи од сите градови, секогаш се истакнувал градот Скопје.[352] Во долунаведената табела се прикажани приходите на градовите во рамките на Паша санџакот.[353]

[348] Safet Alimovski, Temettüat Defterlerine Göre Manastır Merkez Kazasının Sosyo – Ekonomik Durumu, Yüksek Lisans Tezi, Marmara Üniversitesi Türkiye Araştırmaları Enstitüsü Türk Tarihi Ana Bilim Dalıö Yakın Çağ Anabilim Dalı, Yüksek Lisans Tezi, İstibul, 2005, стр. 25.

[349] Во книгите за евиденција „Temettüat Defterleri„ може да се примети дефиницијата „Nefsi Yskup“ со која се подразбира само градот Скопје.

[350] Emine Gül, XIX Yüzyılda Makedonya ve Üsküb Kazası (Maliye Nezareti Temettuat Defterlerine Göre 1260/1844)ö Yüksek Lisans Tezi, İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisat Fakültesi, Türk İktisat Tarihi Anabilim Dalı, Tez no: 176223, İstanbul, 1999, стр. 36.

[351] Исто, стр. 36.

[352] Galip Çağ, 217 Nolu Tapu-Tahrir Defterine Göre Paşa Sancağı, Türkiye Cumhuriyeti Sakarya Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, Yüksek Lisans Tezi, Tez no.148230, Sakarya, 2000, стр. 71.

353 Паша санџакот се состоел од следниве градови: Скопје, Тетово, Кичево, Битола, Прилеп и Велес.

*Графа 4. Градските приходи на Паша санџакот.*[354]




Според приложените приходи, градот Скопје бил на првото место, но тука мора да се спомне и другиот фактор кој што влијаел, а тоа била демографската состојба на градот. Од наведените придонеси, може да се заклучи, дека бројот на населението во Скопје извезувал повеќе продукти од другите градови на Паша санџакот.[355] При зголемувањето на приходите и порастот на социјалнаекономската положба на муслиманското и немуслиманското население во Скопје главна улога играле многу фактори, како што биле: приходите од земјоделството, од сточарството, од трговијата и еснафите, приходи од изнајмувања и.т.н.[356] Наведените состојби на финансиски фактори, од своја страна овозможувале збогатување на христијанското и еврејското население. Во графата бр.5. може по детално да се согледа распределба на горенаведените приходи на градот Скопје во текот на 1844 година.

*Графикон 5. Распроделба и изворот од приходите на Скопје во 1844 година.*[357]




Во рамките на санџаците, како ефективни административно-управни органи на Османлиската Империја при распоредување на селата, во османлиската литература биле дефинирани како „карје". Во содржината на некои даночни деф-

[354] Galip Çağ, 217 Nolu Tapu-Tahrir Defterine Göre Paşa Sancağı, Türkiye Cumhuriyeti Sakarya Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, Yüksek Lisans Tezi, Tez no.148230, Sakarya, 2000, стр. 73.
[355] Исто, стр. 73.
[356] Emine Gül, XIX Yüzyılda Makedonya ve Üsküb Kazası ( Maliye Nezareti Temettuat Defterlerine Göre 1260/1844)ö Yüksek Lisans Tezi, İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisat Fakültesi, Türk İktisat Tarihi Anabilim Dalı, Tez no: 176223, İstanbul, 1999, стр/ 36.
[357] Исто, стр. 36.

тери, кои се однесувале на евиденцијата на тапиите „Tapu Tahrir Defteri", порано биле евидентирани сите приходи на „карјето", непосредно поврзани со приходите на спахиите. Во некои случаи едно „карије" било доделувано на неколку различни спахии, односно поради наведената состојба, доколку не била евидентирана земјишната парцела во друга книга, не можело да се одреди количината на приходот на одредено карје.[358] Поради горенаведените причини, од неколку карјеа е направена една реална слика (графикон бр. 6) на приходите на Паша санџакот, заедно со нахиите, нефсот, мезрите и чифлиците.

*Графикон 6. Приходите на Паша санџакот заедно со нахиите, нефсот, кариетo, мезрите и чифлиците.*[359]




Во продолжение се презентирани детални информации во табеларна форма и нивните материјални извори.

*Табела бр. 17. Извори на приходите на Паша санџакот во 1844 година*[360]

| | **Нефс** | | **Чифлик** | | **Карје** | | **Мезра** | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Количина | Вкупно | Количина | Вкупно | Количина | Вкупно | Количина | Вкупно | |
| **Скопје** | | 37.7374 | 1 | 852 | 216 | 995.339 | 1 | 400 | 1.372.713 |
| **Тетово** | | 16.883 | 0 | 0 | 175 | 548.091 | 2 | 863 | 564.974 |
| **Кичево** | | 28.881 | 0 | 0 | 202 | 617.055 | 4 | * | 645.936 |
| **Битола** | | 10.1336 | 0 | 0 | 191 | 887.900 | 2 | 507* | 989.236 |
| **Прилеп** | | 50.095 | 0 | 0 | 194 | 890.701 | 2 | 281*** | 940.796 |
| **Велес** | | 3.523 | 0 | 0 | 155 | 679.191 | 0 | 0 | 682.714 |

**Не се регистрирани 4 мезри, кои што му припаѓале на градот Кичево и според тоа нивните приходи не се дефинирани.*
** На ова место приходот за мезрата Касин е даден, но за мезрата Рачова не е даден.*
**** На ова место за мезрата Далдоник дадени се приходите, но за мезрата Осуч не се дадени.*

358 Galip Çağ, 217 Nolu Tapu-Tahrir Defterine Göre Paşa Sancağı, Türkiye Cumhuriyeti Sakarya Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, Yüksek Lisans Tezi, Tez no.148230, Sakarya, 2000, стр. 74.
359 Galip Çağ, 217 Nolu Tapu-Tahrir Defterine Göre Paşa Sancağı, Türkiye Cumhuriyeti Sakarya Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, Yüksek Lisans Tezi, Tez no.148230, Sakarya, 2000, стр. 74.
360 Galip Çağ, 217 Nolu Tapu-Tahrir Defterine Göre Paşa Sancağı, Türkiye Cumhuriyeti Sakarya Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, Yüksek Lisans Tezi, Tez no.148230, Sakarya, 2000, стр. 76.

# 3. РАЗВОЈОТ НА ТРГОВСКИТЕ ЦЕНТРИ ВО ГРАДОВИТЕ

Настанатите нови миграциони движења во градовите на Македонија со доминантно муслиманско или турско население, со текот на времето довеле до пораст на македонското хриситијанско население и негова економска важност во урбаните центри. Одреден дел на граѓанската класа на Македонија по кратко време дошла до капитал и започнала фазата за формирање на своите економски дејности, кои историски гледано се рефлектирале врз социјално-економската положба на Македонците, а со тоа се овозможил и развојот на градовите како трговски и индустриски центри во Османлиската Империја.[361] Некои од градовите на Македонија, со текот на времето, се издигнале до економска состојба со која можеле да ги покриваат големите потреби на државата. Во текот на 1827 година, во градот Битола имало околу 1.380 продавници, од кои голем број биле користени за реализација на повеќе занаетчиски потреби и трговски намени, при што по релативно кратко време, овој број пораснал дури до 2.150 продавници.[362] Во тој однос гледано, во текот на првата половина на XIX век, градот Скопје претставувал познат индустриски центар со вкупно 6 занаетчиски индустрии. Од друга страна гледано, како еден од најголемите трговски центари, градот Солун ги привлекувал сите трговци од цела Македонија, како што биле од градовите: Серез, Драма, Кавала, Битола, Велес, Скопје, Прилеп, Струга, Охрид, Еницe Вардар, Петрич, Неврокоп и други, дури и големите трговски компании и комерцијални преставништва и друштва од Истанбул. Бројот на македонските трговци пораснал, а некои од неговите преставнци развиле добри комерцијални односи со другите држави во регионот, како на пример со: Бугарија, Грција, Србија, Австро-Унгарија, Германија, Франција, Русија, Италија и др.[363] Помеѓу најпознатите македонски трговци биле: Георги Дрндар од Велес, кој добил берат од султанот уште во 1836 година, со дозвола за непречена трговија; исто така браќата Робеви од

[361] Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians A History, стр. 70.
[362] Исто, стр. 70.
[363] Исто, стр. 70.

Охрид и Битола формирале своја голема трговија на извоз на текстил (котон) со градовите Лајпциг, Белград, Трст и др.[364] Додека македонските занаетчии започнале да доминираат во трговскиот сектор на големите градови, од друга страна Евреите и Грците сѐ уште биле едни од најсилните во рамките на целокупната Османлиска Империја.

Кон крајот на XVIII век градот Солун ги одразувал сите елементи на современ и голем економски град, посебно преку неговите добри релации и врски со надворешниот капитал и странските инвеститори, кои со текот на времето го тарнсформирале во град на современа европска економска логика.[365] Историски факт е дека градот Солун веќе се трансформирал во град на увозниот и извозниот капитал поради економските инвестиции од страна на странскиот капитал и преставувал појава на глобална економија или еден вид капиталистички град.[366] Во текот на 1840 година во Солун се забележувала забрзаната динамика на трговијата и првите чекори на трансформирањето на градот во еден водечки развиен трговски центар во составот на Османлиската Империја. Развојот на градот, како водечки и главен индустриски и трговски центар на Македонија, според историски прилики потекнувале од неколку причини. Можно е да се констатира дека по склучените трговски договори во 1840 година со Русија и Англија, истите одиграле главна улога и во секој случај гледано биле една од најзначајните причини.[367]

Градот Солун, како еден од најголемите и водечки индустриски и трговски центри во Македонија, како составен дел на Османлиската Империја, во рамките на областа Румелија бил рангиран на второ место, непосредно по главниот град на државата Истанбул. Како град кој се наоѓал во центарот на трите железнички патишта, градот Солун континуирано ја зацврстувал својата трговска позиција во Османлиската Империјата. Наведената положба му овозможувала непосредно зближување со другите трговски центри на Балканот, со што му се овозможувало континуирано збогатување на градот.[368] Како еден од изворите на најголемите приходи на градот, што асоцирале на развиен трговски центар, исто така биле одржувањата на чести панаѓури, пазарни денови и слично, кои се изведувале во различни временски периоди. Обемот на трговската размена на панаѓурите, само за една година изнесувал околу 80.000 османлиски лири.[369]

[364] Исто, стр. 70.
[365] Selahattin Bayram, Osmanlı Döneminde Selanik Limanı:1869-1912, стр. 17.
[366] Çağlar Keyder, Y.Eyüp Özveren ve Donald Quatert, Osmanlı İmparatorluğnda Osmanlı Kentleri, Doğu Akdenizde Liman Kentleri, Ed. Çağlar Keyder, Y.Eyüp Özveren ve Donald Quatert, Tarih Vakfı Yurt Yayınları, İstanbul, 1994, стр. 127.
[367] Şevket Pamuk, Osmanlı Ekonomisi ve Dünya Kapitalizmi (1820-1913), Yurt Yayınları, Ankara, 1984, стр. 19.
[368] Arzu Nurdoğan, Dersaadet-Selanik İltisak Demiryolu, (Yayınlanmamış Yüksek Lisans Tezi), Marmara Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Türkiyat raştırmaları Enstitüsü Tarih nabilim Dalı Yakınçağ Tarihi Bilim Dalı, İstanbul, 1999, стр. 618.
[369] Selahattin Bayram, Osmanlı Döneminde Selanik Limanı:1869-1912, стр. 18.

Во текот на наведениот временски период, градот Солун ги развил своите трговски односи со европските земји како што биле: Англија, Франција, Германија, Австрија, Италија, Грција, Русија, Белгија и Србија. Во текот на 1906 година, реализираниот вкупен обем на трговската размена изнесувал 8.5 милиони лири османлиски, односно повеќе од половината на овој износ било од увозот, а 3.5 милони биле од извозот. Повеќе од половина на надворешната трговија потекнувала од Солун, 20% од Кавала, а останатото од другите места.[370]

Во текот на 1906 година, од 30% од надворешната трговија се реализирала со Англија, а потоа во надворешната трговија местата ги заземале Германија и Франција. Во истата година се забележувал и пораст на германскиот капитал во надворешната трговија со Солун, при што Германија по вложувањата на екстензивни инвестиции успеала да се рангира на второ место во целокупната надворешна трговија на градот. Покрај геостратешката положба на градот Солун, за неговиот развој како трговски центар, играла улогата и неговото пристаниште. За развојот на комерцијалниот обем на градот, од своја страна придонела и изградбата на новото пристаниште. Со неговата изградба се преминало кон воспоставување на уште поразвиена фаза помеѓу трговските центри на империјата. Иако, по независноста на Грција во 1830 година, во одредена мера се забележал пад на економската положба на Солун, по Кримската војна (1853-1856) дошло до пораст на економската положба на градот, при што истиот повторно ќе се најде во центарот на европските инвеститори.[371]

За континуираниот развој на Солун, како трговски центар, исто така улога играле и други фактори, како што биле изградените патишта и железничките пруги. Во продолжение се разгледани и презентирани одреден број табеларни информации во врска со развојот на патните мрежи. Со изградбата и развојот на собраќајните врски, градот Солун ја добил можноста да биде во интерактивна положба со сите околни градови и територии, а со тоа му се овозможувале подобри услови за развој на надворешната трговија со другите градови и територии, како и со државите на Балканот и Европа.

[370] Исто, стр. 18.

[371] Basil C. Gounaris, “Selanik”, Doğu Akdeniz’de Liman Kentleri, Ed. Çağlar Keyder, Y. Eyüp Özveren ve Donald Quatert, Tarih Vakfı Yurt Yayınları, İstanbul, 1994, стр. 104.

*Табела бр. 18. Изградените сообраќајни мрежи во километри во 18811882 година*[372]

| **Вилаети** | **Потпорни ѕидови** | | | | **Мостови** | | **Макдам патишта** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Без малтар | | Со малтар | | | | | |
| | **1882** | **1881** | **1882** | **1881** | **1882** | **1881** | **1882** | **1881** |
| | Км | км | км | Км | км | км | км | км |
| **Битола** | **38** | | **3** | | **350** | | **79** | |
| **Солун** | **1** | | **1** | | **88** | | **25** | |

*Табела бр. 19. Изградените сообраќајни мрежи во вилаетот Румелија во 1885 година*[373]

| **Вилаети** | **Изградени (Км)** | **Планирани патишта** | | **Трошоци (грошеви)** | | **Вкупни трошоци (гуруши)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ќе се изградат (Км) | Во процес (год.) | Планирани трошоци | Техничи трошоци | |
| **Солун** | 154 | 242 | 4.0 | | 2.051.000 | 2.051.000 |
| **Битола** | 434 | 167 | 4.6 | 360.000 | 1.475.000 | 1.835.000 |

*Табела бр. 20. Изградените сообраќајни мрежи во километри*
*во вилаетот Румелија во 18871888 година.*[374]

| **Вилаети** | **Изгардени патишта** | | **Потпорни ѕидови** | | **Потпорни ѕидови** | | **Мостови** | | **Изградени макдам патишта** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1888 | 1887 | 1888 | 1887 | 1888 | 1887 | 1888 | 1887 | 1888 | 1887 |
| | к.м | к.м | к.м | к.м | к.м | к.м | к.м | к.м | к.м | к.м |
| **Битола** | | | 28 | 23 | | 1 | 288 | 231 | 116 | 89 |
| **Солун** | | 18 | 1 | | 1 | 1 | 59 | 32 | 28 | 18 |

372 Selahattin Bayram, Osmanlı Döneminde Selanik Limanı:1869-1912, T.C. İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisat Anablim Dalı, İktisat Tarihi Bilim Dalı, Dokotora Tezi, İstanbul, 2009, стр. 21.

373 Исто, стр. 22.

374 Исто, стр. 22.

*Табела бр. 21. Изградени сообраќајни мрежи во километри помеѓу градовите во 1869 година*[375]

| Дестинација | Пат за изградба | | Изградени макдам патови | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Депозит | Директно | Депозит | Директно | Зид | Мост |
| **Солун-Битола** | 5.000 | 9.600 | 5.000 | 2.500 | 20 | 200 |
| **Солун-Сирос** | 8.400 | 9.100 | 7.200 | 8.600 | 20 | 380 |
| **Серез-Солун** | 5.000 | 8.600 | 4.600 | 5.500 | 11 | 5.300 |
| **Сироз-Софија** | | 3.000 | | 1.100 | | |
| **Вкупно** | 18.400 | 30.300 | 16.800 | 17.700 | 51 | 5.880 |

Според содржината на податоците од горенаведените изградени и завршени патишта, не само градот Солун, туку и останатите градови во Македонија станале уште поважни економски и политички центри. За развојот на Солун, како трговски центар, многу придонеле и изградените железнички патишта, кои го поврзувале со другите градови. Тука може да се наведат и највиталните, според важноста два железнички патишта:

- Патот Солун-Дерсаадет (Dersaadet)[376]
- Патот Солун-Битола.

*Табела бр. 22. Развојот на железнчките патишта од 1870 до 1910 година*[377]

| Години | Румелија (км) |
|---|---|
| **1870** | |
| **1875** | 1.135.5 |
| **1880** | 1.309.6 |
| **1885** | 1.309.6 |
| **1890** | 1.440.5 |
| **1895** | 1.785.1 |
| **1900** | 2.553.0 |
| **1905** | 2.553.0 |
| **1910** | 2.553.0 |

[375] Исто, стр. 23.
[376] Дерсаадет е името на Истанбул, Турците од Анадолија го нарекувале Истанбул како Дерсаадет или „врата на среќата“ (види: Kamil Kepeçioğlu, Tarih Lugati, Osmanlı Tarih Deyimleri ve Temel Terimleri Sözlüğü, 21 Yüzyıl Yayınları:9, Tarih Serisi:4, Ankara, 1998, стр. 91).
[377] Selahattin Bayram, Osmanlı Döneminde Selanik Limanı:1869-1912, стр. 31.

За развојот на градовите, како економски центри, влијаела и нивната индустриска положба. Во Солун, како еден од водечките и најголемите капиталистички центри во рамките на Османлиската Империја во 1870 година, се бележел извесен пад на индустријата. По наведениот пад, реално се согледувало дека градот Солун веќе се адаптирал на индустрискиот развој во светот.[378] Причина за падот или негативниот развој на индустријата во градовите на Македонија не била последица само од настанатите демографски промени. Според сознанијата на авторот Ј. Аккаја: *„Од демографските информации може да се констатира, дека во 1840 година, бројот на населението во Солун било пораснато, поради тоа недостигот на населението не ја иницирал негативната индустриска положба на Солун“.*[379]

Ограничениот обрт на капиталните трансакции во XIX век, потоа ризичните услови во одвивањето на транспортот, конкуренцијата со европските производи и намалените царински такси, од своја страна ги формирале причините за неразвиеноста на индустријата во Солун. Една од најпрофитабилните индустриски гранки во Солун била индустријата за свила.[380] Во текот на 1838 година во Солун имало 10 фабрики за производство на свила со вкупно 625 работници. Во текот на 1840 година имало 17 фабрики и 987 работници, кои биле вработени во овие фабрики. Во табелата бр.23 може да се констатира генералната состојба на индустријата за свила во Солун, посебно за периодот од 1840 до 1845 година.

*Табела бр. 23. Свилената индустрија на Солун од 1840 до 1845 година*[381]

| **Година** | **Број на тезги** | **Број на работници** | **Исплатена плата** | **Извос на свила** |
|---|---|---|---|---|
| **1840** | 429 | 1.058 | 2.737 гроша | 23.182 кгр |
| **1841** | 459 | 1.103 | 2.937 гроша | 24.773 кгр |
| **1842** | 500 | 1.237 | 3.204 | 26.773 |
| **1843** | 590 | 1.447 | 3.735 | 33.636 |
| **1844** | 600 | 1.470 | 4.735 | 49.031 |
| **1845** | 795 | 1.977 | 23.280 | 92.181 |

Според направената анализа, можно е да се заклучи, дека идустријата на свила во Солун била активна сè до 1870 година. Веќе во текот на 1873 година имало околу 950 работници, кои работеле во 475 фабрики. Заедно со фаб-

[378] Yüksel Akkaya, 19. Yüzyılın sonunda Selanik’te Sanayileşme ve Ücretli Ekmek, Ekonomik Yaklaşım, Cilt 9, Sayı 31, İstanbul, 1998, стр. 25.
[379] Исто, стр. 25-26.
[380] Issawi C., The Economic History of Turkey 1800-1914, Chicago and London: The University of Chicago Press, Chicago,1980, стр. 258.
[381] Yüksel Akkaya, 19. Yüzyılın sonunda Selanik’te Sanayileşme ve Ücretli Ekmek, стр. 258.

риките за свила во Солун во текот на наведената година, исто така имало и околу 29 големи индустриски фабрики, кои биле мошне активни. Најголем дел од фабриките дејствувале во разни сектори на производство и тоа како: мелници, фабрики за преработка на памук и волна и т.н.. Во Солун по неколку години можело да се констатира дека бројот на идустриските фабрики бил пораснат. Во текот на 1874 година активни биле 39 индустриски фабрики кои се занивале со различна производна дејност.[382] Во табелата бр, 24., се гледа табеларниот приказ на овие индустриски фабрики.

*Табела бр. 24. Индустриски фабрики во Солун во 1874 година*

| **Фабрики** | **Вкупно** | **Активни** | **Произвоство** | **Вредност (во франци)** | **Број на работници** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Парна водилница** | 3 | 3 | 79.000 вреќи | 3.150.00 | 120 |
| **Парни преси за волна и памук** | 3 | 3 | 9.000 бали | 3.875.000 | 14 |
| **Хидроулични преси за памук** | 4 | 4 | 12.000 бали | 4.175.000 | 27 |
| **Фабрики за свила** | 18 | 11 | 12.928 бали | 653.725 | 675 |
| **Кожарници** | 18 | 14 | 32.000 кожи | 960.000 | 190 |

За напредокот на градовите во Македонија, како индустриски и трговски центри, свое големо влијание имале и новите политички прилики во Османлиската Империја за развој на железничките патишта. Во 1870 година градот Солун како позната европска и светска трговска метропола, бил во голема мера поврзан со другите европски градови преку Средоземното Море и железничките патишта. Наведената негова местоположба довела до висок развој на Солун, како еден од најразвиените градови во регионот, во кој огромен придонес имале старите панаѓури и пазарни денови; потоа истите биле размонтирани и на нивното место биле изградени нови трговски продавници и мобилни центри за реализирање на големи трговски цели.[383] Паралелно со развојот на трговијата во Солун, напреднало и банкарството во градот. Во текот на 1864 година, Османлиската Банка „Osmanlı Bankası" отворила своја филијала во Солун. Исто така, браќата Алаттини (Евреи), со вкупен капитал од 2.000.000 франци, со партнерство на француски и виенски банки, заедно ја отвориле Солунска бан-

[382] Yüksel Akkaya, 19. Yüzyılın sonunda Selanik'te Sanayileşme ve Ücretli Ekmek, Ekonomik Yaklaşım, Cilt 9, Sayı 31, İstanbul, 1998, стр. 26.

[383] Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians A History, Hower Institution Press, Stanford Unioversity Stanford, California, 2008, 63; Yüksel Akkaya, 19. Yüzyılın sonunda Selanik'te Sanayileşme ve Ücretli Ekmek, Ekonomik Yaklaşım, Cilt 9, Sayı 31, İstanbul, 1998, стр. 28.

ка.[384] Транспортот, комуникацијата и банкарскиот систем му овозможиле на градот непречено развивање како познат и водечки индустриски центар. Како прво, од индустриското производство во 1870 година во градот Солун најреномирано било производството на сапун и на брашно. Во текот на 1878-1879 година, второ место во индустриско производство во Солун му припаѓало на изработка на јажиња, за кои имало голема побарувачка во трговијата при транспортот и преносот на стоката со каравани. Но, во текот на наведените години, индустриското производство не било многу технолошки напреднато, бидејќи повеќе се базирало на експлоатацијата на ефтината работничка сила во регионот, при што наведената ситуација продолжила се до 1880 година. Во текот на следната 1881 година, во кругот на индустријализирањето на Солун изградени биле уште неколку фабрики: за обработка на памук, фабрика за алкохолни пијалоци и една фабрика на произвоство на брикети. Во табелата под бр. 25, може да се види и да се констатира генералната индустриска состојба на Солун во текот на 1881 година.

*Табела бр. 25. Главни индустриски претпријатија на Солун во 1881 година*[385]

| Индустриски претпријатија | Вкупно | Активни | Произвоство | Вредност во грошеви | Број на работници |
|---|---|---|---|---|---|
| **Парни воденици** | 8 | 8 | 156.000 вреќи | 5.349.500 | 177 |
| **Парни преси за волна и памук** | 1 | 1 | | | |
| **Хидроулични преси за памук** | 10 | 10 | 13.800 бали | | 50 |
| **Фабрики за свила** | 1 | 1 | 60.000 пакети | 690.000 | 300 |
| **Кожарници** | 5 | 5 | 20.000 кожи | 150.200 | 40 |
| **Произвоство на сапун** | 7 | 7 | 1.602.700 | 1.202.000 | 35 |
| **Фабрика за брикет** | 1 | 1 | 800.000 тугли | 32.000 | 40 |
| **Фабрика за алкохолни пијалоци** | 1 | 1 | 1.500 х. л. | 82.000 | 54 |

384 Yüksel Akkaya, 19. Yüzyılın sonunda Selanik'te Sanayileşme ve Ücretli Ekmek, Ekonomik Yaklaşım, Cilt 9, Sayı 31, İstanbul, 1998, стр. 28.
385 Yüksel Akkaya, 19. Yüzyılın sonunda Selanik'te Sanayileşme ve Ücretli Ekmek, Ekonomik Yaklaşım, Cilt 9, Sayı 31, İstanbul, 1998, стр. 29.

Развојот на индустриските фабрики во градот по 1881 година, во голема мера се интензивирал, бидејќи во 1883 година во Солун била отворена фабрика за тутун со 211 работници; во 1885 година, била отворена втората фабрика за производство на предиво, односно со формирањето на оваа фабрика, нејзиното производството се ориентирало кон надворешен извоз. Производството годишно пораснало до 1.500.000 кгр, од кои дел бил извезуван и надвор од Солун, 2/3 биле извезувани во Истанбул, Грција и Сирија, а 1/3 се трошела во градот. Исто така, изградени биле 3 фабрики за производство на макарони; 4 оддела за изработка на столици и 1 фабрика за изработка на кревети. Кон крајот на XIX век Солун се развил не само како град што произведува за интерна употреба, туку и како град кој имал и квалитетното производство за извоз. Кон крајот на наведениот век Солун прераснал во главен центар за производство на предиво.

Градот Скопје во текот на XIX век, добил карактер на град кој претставувал еден од развиените трговски центри во Македонија. По Кримската војна (1853-1856) во Европа имало голема побарувачка од производни материјали и приметен бил порастот на индустриските претпријатија во Скопје.[386] На почетокот на XX век во овој град имало 3 фабрики за производство на брашно, една фабрика за пиво и една фабрика за производство на мраз. Во 1908 година, исто така, биле евидентирани следните погони: фабрика за преработка на тутун и фабрика за изработка на тули.[387] Присуството на големите анови, како што биле: Куршумли ан, Сули ан, Мехмед Ага ан и чаршијата, градот Скопје го креирале во еден од поатрактивните трговски и индустриски центри на Балканот.[388] Развојот на градот како индустриски центар, бил реализиран со повеќе фабрики, кои можно е да се класифицират во следните производни категории:[389]

- Групи за ткаење,
- Групи за изработка на кожа,
- Групи за металургија,
- Групи за прехранбени производи.

Во табелата бр. 26 може да се анализираат производните групи, а според тоа може да се процени и нивото на развојот на Скопје како индустриски центар во регионот.

[386] Emine Gül, XIX Yüzyılda Makedonya ve Üsküb Kazası (Maliye Nezareti Temettuat Defterlerine Göre 1260/1844)ö Yüksek Lisans Tezi, İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisat Fakültesi, Türk İktisat Tarihi Anabilim Dalı, Tez no: 176223, İstanbul, 1999, стр.52.
[387] Исто, стр. 52.
[388] Lütfi Güçer, XVI-XVIII Asırlarda Osmanlı İmparatorluğu'nun Ticaret Politikası, İ.Ü. İktisat Fakültesi Türk İktisat Tarhi Yıllığı, İstanbul,1987, стр. 40.
[389] Emine Gül, XIX Yüzyılda Makedonya ve Üsküb Kazası (Maliye Nezareti Temettuat Defterlerine Göre 1260/1844)ö Yüksek Lisans Tezi, İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisat Fakültesi, Türk İktisat Tarihi Anabilim Dalı, Tez no: 176223, İstanbul, 1999, стр. 53.

*Табела бр. 26. Трговски групи во Скопје во текот на 1844 година*[390]

| Професија | Домаќинства | % | Професиа | % | Надвор од професија | Вкупно | Просечни приходи | Вкупно Приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Текстилни трговци** | 5 | 4 % | 11.577 | 7.2 % | 1.014 | 12.591 | 231.4 | 2.518.2 |
| **Трговци за бои** | 4 | 3.5 % | 9.085 | 5.7 % | 1.155 | 10.240 | 2.271.3 | 2.560.0 |
| **Трговци со железо** | 2 | 1.7 % | 2450 | 1.5 % | 545 | 2.995 | 1.225.0 | 1.497.5 |
| **Трговци со тутун** | 2 | 1.7 % | 3.865 | 2.4 % | 135 | 4.000 | 1.932.5 | 2.000.0 |
| **Трговци со леб** | 9 | 7.8 % | 10.800 | 6.7 % | 0 % | 108.000 | 1.200.0 | 1.200.0 |
| **Трговци со свила** | 2 | 1.7 % | 206.000 | 12.8% | 2.909 | 23.509 | 10.300.0 | 11.754.5 |
| **Трговец** | 1 | 0.9 % | 1.200 | 0.7 % | 0 | 1.200 | 1.200.0 | 1.200.0 |
| **Трговија за прехранбени производи** | 14 | 12.2% | 11.600 | 7.2 % | 0 | 11.600 | 828.6 | 828.6 |
| **Трговија со симити** | 10 | 8.7 % | 10.600 | 6.6 % | 0 | 10.600 | 1.060.0 | 1.060.0 |
| **Кројачи** | 2 | 1.7 % | 8.000 | 5.0 % | 0 | 8.000 | 4.000.0 | 4.000.0 |
| **Трговци** | 64 | 55.7% | 70.763 | 44.1% | 9.447 | 80.210 | 1.105.7 | 1.253.3 |
| **ВКУПНО** | 115 | 100 % | 160.540 | 100 % | 15.205 | 175.7 15 | 1.396 | 1.528.2 |

Истата состојба може да се констатира и во градот Битола. Неговиот развој како трговски центар започнал од 1870 година. Во текот на истата година, во Битола се појавила првата фаза на формирање големи компании, кои придонеле во развивањето на Битола како индустриски град. Според некои извори, во Битола во 1870 година биле формирани две големи компании: „Mamulatı Dahiliye İslamiye Şirketi" и „İktisadı Bakkaliye Şirketleri".[391] Градот Битола како развиен индустриски центар, и неговата важна улога и значење најмногу се зголемиле поради поврзаноста со Солун преку железничките патишта.[392] Во втората по-

[390] Исто, стр. 54.

[391] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), стр. 29.

[392] Arzu Nurdoğan, Dersaadet-Selanik İltisak Demiryolu, (Yayınlanmamış Yüksek Lisans Tezi), Marmara Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Türkiyat raştırmaları Enstitüsü Tarih nabilim Dalı Yakınçağ Tarihi Bilim Dalı, İstanbul, 1999, 618; Selahattin Bayram, Osmanlı Döneminde Selanik Limanı:1869-1912, T.C. İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisat Anablim Dalı, İktisat

ловина од XIX век се согледало дека трговскиот капацитет на Солун сѐ повеќе се зголемувал а како резултат на трговскиот и индустрискиот развој на Битола во 1850 година. Во градот ги отвориле своите конзули следните држави: Австрија во 1851 година, Англија во 1860 и Русија во 1865 година.[393] За развојот на Битола како индустриски и трговски град најголема улога одиграле следните сектори: производството на бакарни садови, изработката на килими, златарите, производителите на сребрени жици, потоа занаетите за изработка на предмети од челик и железо и.т.н. Како индустриски производи во Битола познати биле следните производи: разни алати и средства за работа во земјоделието и сточарството, потоа тепси, кутии за цигари, огледала, рамки за огледала и други сребрени и луксузни производи, алхохолни пијалоци и сл.[394] До почетокот на Првата балканска војна во 1912 година, во Битола биле формираи и активно работеле следните индустриски капацитети:

- Парни автоматски фабрики за производство на брашно: 3
- Фабрики од областа на градежништво и за правење на мраз: 1
- Други прехранбени фабрики: 2
- Фабрики за ткаенини: 4
- Фабрики за изработка и производство на дрво и мебел: 8
- Графички печаници: 4
- Фабрики за обработка на кожа: 1

Според горенаведените информации, во градот Битола се до почетокот на Првата балканска војна имало оклу 23 фабрики.[395] За развојот на Битола, пред сѐ како индустриски град, голема улога одиграла и присутноста на различни метални руди, иако, според некои историски податоци, како што наведува авторот Тучарзаде Ибрахим Хилми, тие извори не биле премногу користени од страна на државата. Но, како пример, може да се наведе, според М. Унлу, дека во близината на градот Горица, од страна на локалното население биле направени некои предмети од рудните метали познати под називите: ентерасин и беркурумот.[396] Во текот на 1888 година, според изворите, можно е да се заклучи дека во Битола како паралелен сектор за развој на индустријата почнал да се развива и банкарскиот систем. Во текот на наведената година, исто така била формирана „Османлиската Зираат Банка" со свои филијали во Битола, Велес, Штип, Куманово, Тетово, Кратово, Кочани, Прилеп и Охрид. Истата година формирани биле и филијалите на „Селаник Банка" во Битола, Скопје и Куманово, односно уште во 1856 година, формирана била филијала на „Ос-

Tarihi Bilim Dalı, Dokotora Tezi, İstanbul, 2009, стр. 18.

[393] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), стр. 30.

[394] Исто, стр. 30.

[395] Исто, стр. 30.

[396] Исто, стр. 31.

манли Банка“ во Битола.[397] Горенаведените фактори, со текот на времето градот Битола го развиле во еден од водечките и главни трговски и индустриски центри во Македонија.

Со развојот на градовите во Македонија, како составен дел на Османлиската Империја, имал голем придонес и во социјалниот и културниот напредок на населението во градовите. Порастот на капиталот, од друга страна придонел и во промената на општествениот и политичкиот статус на муслиманското и на немуслиманското население. Со настанатите нови прогресивни промени, се формирала новата елитна класа, што успеала да акумулира голем капитал, односно на социјалноекономски план започнала да се развива и формира новата буржоаска класа во Македонија.

[397] Исто, стр. 31.

# 4. ПРОМЕНИ ВО НАЧИНОТ НА ЖИВЕЕЊЕТО

Промените во начинот на живеењето отсекогаш биле во директна врска со социјално-економската положба на населението. Во Османлиската Империја политичката и економската положба на населението, посебно во големите градови на Македонија, во голема мера зависела од воведувањето на реформите во политичкиот систем на владењето во државата.[398] Почнувајќи од 1839 година, со објавување на „Гулхане Хатти Хумајунот", потоа во 1856 година, објавувањето на „Ислахат Ферманоте, па и во продолжението на периодот од 37 години, истиот претставувал период на реформи во политичкиот, социјалниот, економскиот и војниот систем на државата. Таквите реформи од своја страна придонеле и за трансформација на класичниот систем кон преобразба во модерен и европски систем во Османлиската Империја.[399] Една од многуте реформи, која од своја страна ја одиграла главната улогата при формирањето на новата буржоаска класа и промена на начинот на живеење во државата, била воспоставување на системот на империјата врз база на еднаквост и рамноправност на населението, без разлика на вера или нација.[400]

За промената на начинот на живењето во градовите значајна улога одиграле и трговските релации воспоставени помеѓу Европа и Османлиската Империјата. За порастот и развојот на наведените состојби и односи со Европа, главна улога одиграло трансформирањето на „Законот за имоти" во либерален систем, кој во сила бил воведен во текот на 1858 година. Со него се извршило регулирање на економскиот кодекс според европски стандарди, и се овозможило воспоставување на новиот капиталистички систем, кој од своја страна придонел за формирањето на средната муслиманската класа.[401] Со фор-

[398] Bilal Eryılmaz, Osmanlı Devletinde Gayrimüslim Tebanın Yönetimi, Risale Basın-Yayın 2 Baskı-Mart, İstanbul, 1996, стр. 99.

[399] Исто, стр. 100.

[400] Bulent Ozdemir, The Great Ottoman Turkish Civilisation, A Local Perception of the Plural Ottoman Society: Muslim, Orthodox and Jewish Communities of Salonica During the 1840`s, University of Birmingam, Center for Byzantine, Ottoman and Moder Greek Studies/ England, Ankara, 2000, стр. 422.

[401] Kemal H. Karpat, Studies on Ottoman Social and Political History, Selected Articles and Essay, Volum 81, Brril-Laiden-Boston-Koln, 2002, стр. 48.

мирање на новата средна класа и елиминирање на класичниот „ајански систем“ во државата, во голема мера се дошло и до задоволство кај поголемиот дел на муслиманското население. Паралелно со егзистенцијата на „средната класа“ се формирале и нови социјални групи, како што биле: улема фамилите, малите трговци, сопственици на земјишта и новата интелектуална класа.

По втората половина на XIX век, формираната средна класа се разделила во две основни социјално-економски групи: во првата водечко место заземале земјоделците, кои во голем број биле преставени од страна на муслиманите, а во втората група, составена од комерцијални претприемачи, која се наоѓала во градовите, најчесто се состоела од голем број на преставници од немуслиманите.[402] Така, со текот на времето, се формирала новата буржоаска класа, која станала доминантна во македонските градови и воопшто во целата Османлиска Империја. За добивањето на подобра и појасна слика во врска со наведеното прашање, приложени се неколку историски извори, кои се однесуваат на „Temettuat Defterlerı“[403]. Според овие книги можно е да се одреди и висината на капиталот на новата елита што се пајавила во текот на втората половина од XIX век.

Како што беше прецизирано претходно, градот Скопје по Кримската војна (1853-1856) се трансформирал во град со многу капацитет за трговија, а со воспоставување на добрите односи со европските трговци се придонело за пораст на социјално-економската и културната состојба во Скопје. Во текот на втората половина на XIX век, во овој град имало изградено неколку фабрики за производство на брашно, мраз и алкохолни пијалоци.[404] За формирањето на новата буржоаска класа во Скопје свое влијание извршиле хановите и чаршиите, кои биле еден вид центри за движењето на капиталот. Со текот на времето, наведениот град прераснал во еден од поважните трговски центри, бидејќи и другите трговци од Балканот започнале да се сместуваат во Скопје. Овие трговци биле од различно верско и национално потекло. Според податоците од „теметтуад дефтери“, кои се однесуваат на собирање на даноците во Османлиската Империја, во Скопје наведените трговци биле сместени во овој град најмалку од 3 до 30 години.[405] Трговците по кратко време биле евидентирани како буржоаска домашна класа. Според „теметтуад дефтери“ во XIX век, професионални приходи по човек изнесувале 1.396 гроша. Оваа бројка за немуслиманското население изнесувала 3.853.5 гроша. Оттука произлегува фактот, дека професионалните приходи на немуслиманското население биле поголеми. Така на пример, за 55 домаќинства од муслиманско потекло, при-

[402] Исто, стр. 49.
[403] Книга на приходите од стока и имоти во империјата во која биле заведени сите села и градови на територијата.
[404] Emine Gül, XIX Yüzyılda Makedonya ve Üsküb Kazası ( Maliye Nezareti Temettuat Defterlerine Göre 1260/1844)ö Yüksek Lisans Tezi, İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisat Fakültesi, Türk İktisat Tarihi Anabilim Dalı, Tez no: 176223, İstanbul, 1999, стр. 52.
[405] Исто, стр. 53.

ходите изнесувале 47.158 гроша, а професионалните приходи изнесувале не повеќе од 85.741 гроша. Но, кога се работи за немуслиманското население, за 9 домаќинства, вкупниот приход изнесувал 3.853.5 гроша.[406] И доколку се направи споредба на приходите, кои што имале влијание во формирањето на буржуаската класа во македонските градови, најголемиот дел на професионалните приходи биле во рацете на новодојдените немуслимански трговци (минимално три години сместени) во Скопје. Во друг случај гледано, од 46 домаќинства на новодојдените немуслимански трговци, минимално три години сместени во Скопје, вкупниот професионален приход изнесувал до 70.700 гроша. За подобро разбирање и сознавање на ново формирана буржоаска класа во Скопје, може да се погледа во табелата бр.27 анализата.

*Табела бр. 27. Трговци во текот на 1844 година, според етничката припадност*[407]

| Професија | Домаќинства | % процент | Приход од професија | % процент | Приходи надвор од професија | Вкупно | Професионални приходи | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Муслимани** | 55 | 47.8 % | 47.158 | 29.4 % | 10.659 | 578.464 | 8.574 | 10.518 |
| **Немуслимни** | 9 | 7.8 % | 34.682 | 21.6 % | 4.186 | 388.896 | 38.536 | 43.211 |
| **Евреи** | 4 | 3.5 % | 5.000 | 3.1 % | 360 | 53.631 | 12.500 | 13.408 |
| **Повеќе од 3 муслимани** | 1 | 0.9 % | 3.000 | 1.9 % | 0 | 30.019 | 30.000 | 30.019 |
| **Повеќе од 3 немуслимани** | 46 | 40.0 % | 70.700 | 44.0 % | 0 | 707.440 | 15.370 | 15.379 |
| **Вкупно** | 115 | 1.0 % | 160.540 | 1.0 % | 15.205 | 175.845 | 13.960 | 15.291 |

Во текот на втората половина од XIX век, буржоаската класа почнала да се појавува во разните сектори на социјално-економскиот живот, но првите чекори на наведената класа во градовите може да се види во трговијата. Во секторот на призводството може да се забележи порастот на немуслиманското население, посебно во производството на кожата, каде според „Теметтуат дефтерите“ било забележано дека од вкупно 212 домаќинства, 116 биле од муслиманско, а 40 домаќинства од немуслиманско потекло.[408] Приходите на

[406] Исто, стр. 55.
[407] Emine Gül, XIX Yüzyılda Makedonya ve Üsküb Kazası ( Maliye Nezareti Temettuat Defterlerine Göre 1260/1844)ö Yüksek Lisans Tezi, İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisat Fakültesi, Türk İktisat Tarihi Anabilim Dalı, Tez no: 176223, İstanbul, 1999, стр. 55.
[408] Исто, стр. 59.

кожарското производство за муслиманските производители изнесувале 31.482 гроша (51.4.%); приходите на немуслиманските трговци 10.553 гроша (17.2%); приходите на дојдените од надвор во Скопје 4.400 гроша (7.2%) и приходите на немуслиманските трговци, кои се наоѓале во Скопје повеќе од 3 години изнесувале 14.830 гроша (24.2%). Истото се случувало и во секторот на металургијата каде вкупниот број работници изнесувал 236 домаќинства, од кои 173 биле муслимански т.е. (73.3%), а само 14 домаќинства биле од немуслиманско потекло.[409] Горенаведените статистички информации се дадени поради тоа да се види социјално-економската состојба на целокупното население, при формирањето на буржуаската класа во Македонија.

Во формирањето на новата буржоаска класа, како двигател на потикнување за целокупниот развој на населението улога играле и производствените капацитети и богатиот потенцијал на градовите: Солун, Битола, Скопје, Драма, Серес, Велес, Прилеп, Охрид, Кавала и др. Така на пример, во градот Битола во текот на 1870 година имало мала група луѓе кои биле ориентирани кон надворешната трговија. Во наведените години биле формирани две локални компании и тоа: „Mamulatı Dahiliyei İlamiye“ и „İktisadı Bakkaliye Şirketleri“.[410] Формирањето на таквите локални компании, својот капитал го ориентирале на почетокот на локално ниво, а со новите капитални инвестиции и кон странските пазари, при што се појавиле економски услови и можности да се формира и новата капиталистичка класа во рамките на Македонија. Новонастанатата класа, од своја страна придонела во развој на животниот стандард и во начинот на живеење во градовите. Локалното население веќе било поблиску еден чекор до европската буржоаска класа, а според историските извори, во периодот од 1850 до 1865 година, свои амбасадорски резиденции во Битола отвориле: Австрија, Англија, Русија и Иран.[411] Според наведените конзулски извештаи, во Битола била формирана и еврејска буржоаска класа. Според податоците од авторот Соломо Албхоер, во градот Битола во текот на XIX век имало многу Евреи богаташи како што биле: Јехиал Начман Левј, Соломон Начман Левј, Јааков Рачамим Начимиас, Јосеф Моше Иргас и Јосеф Хаим Перес.[412] Настанатата буржоаска класа и нејзината економска сила била со карактер на пораст или опаѓање, односно понекогаш еврејската класа била во пораст, но понекогаш христијанската класа била во опаѓање или пораст. Во почетокот на XIX век, поради трговската ориентација кон европските земји, како Австрија и Русија, во градот Битола, според информациите содржани во „Теметтуат дефтери“, христијанската буржоаска класа била во пораст и подоминантна. Според наведените дефтери, во Битола на почетокот од XIX век, од вкупниот број на трговци, скоро 37 биле христијани, 15 муслимани и 4 Евреи.[413]

[409] Исто, стр. 60.
[410] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), стр. 29.
[411] Исто, стр. 29-30.
[412] Shlomo Alboher, The Jews of Monastir Macedonia , стр. 30.
[413] Safet Alimovski, Temettüat Defterlerine Göre Manastır Merkez Kazasının Sosyo-Ekonomik Du-

За развојот на немуслиманската буржоаска класа, како етноцентричен фактор, соодветна улога и значење одиграле и миграционите движења од селата во градовите. Процесот на миграциите од селата во градовите во текот на XIX век, најмногу било остварувано од страна на христијанското население. Во суштина гледано, процесот на миграционите движења на Македонците од селата во градовите, придонеле да се формира урбаната економија на градовите.[414] Христијанската буржоаска класа, инсталирана во македонските градови, со текот на времето прераснала во водечка општествена сила и имала големо влијание во работата на локалната администрација, поточно кажано: трговијата, образованието, развојот на црковните и културните прилики на македонскиот народ и т.н. Како објективен пример на таквото достигнување, може да се наведе стопанската дејност на трговецот Георги Дрндар. Овој трговец, кој потекнува од градот Велес, во тековната 1836 година, поради својата трговска дејност добил еден специјален (царски) берат издаден лично од страна на султанот Махмуд II., кој се однесувал на непречено патување во странство.[415]

Со развојот на капиталот, целокупното население во градовите се унапредувало и се фомирала национална свест за културната еманципација и цивилизација. Како што трговијата придонесувала во развој на трговските односи со европските земји, индиректно наведениот историски процес го потикнувал и развојот на националниот менталитет на населението. Паралелно со тоа се развивал и европскиот луксуз, заедно со елементите на националната култура на населението. Оние трговци кои имале добри односи со европските држави, почнале да ги внесуваат и квалитативните индустриски продукти, при што ја пренесувале и т.н луксузна култура и потрошувачка од државите на Европа. Додека македонските занаетчии и еснафи доминирале во градовите, Власите, Евреите и Грците сѐ уште ја контролирале трговијата.[416] По завршувањето на Кримската војна кој траела од 1854 до 1856 година, европските земји започнале да се мешаат во внатрешните прашања на Османлиската Империјата. Наведените држави од своја страна ги финансирале проектите за транспорт и врски помеѓу македонските градови, со посебна политичка и економска причина за да ја добијат доминацијата при експлоатацијата на природните богатства во Македонија, како составен дел на Османлиската Империја. Во текот на 1860 година, исто така, биле отворени нови патишта кои ги поврзувале градовите и трговските центри. Наведените инвестиции, во голема мера започнале забрзано да ги разиваат градовите да и го активираат брзиот пораст на населението во градовите. Од своја страна, авторот Едвард Леар, покрај другото, соопштува и за начинот на живеењето на населението во 1849 година. Тој бил видно водушевен од големите изградени објекти, згради и администартивни центри. Исто така, тој бил премногу воодушевен и

rumu, стр. 23.

[414] Andrew Rososs, Macedonia and the Macedoninas, стр. 70.

[415] Исто, стр. 70.

[416] Исто, стр. 71.

од присутноста на мултикултурата и културното ниво, кои владеле во градот Битола, од Ехото од музиката, која се слушала по улиците, што од своја страна им давала инспирација на посетителите, како и од појавата на луѓето кога биле облечени во убави и чисти облеки.[417]

[417] Shlomo Alboher, The Jews of Monastir Macedonia The Life and Times of the Depared Jewish Community of Bitola, Translated from Hebrew by Eliezer E. Cohen, Israel-Jerusalem, 2009, стр. 29.

# 3 СТРУКТУРАТА НА ГРАДСКОТО НАСЕЛЕНИЕ

# 1. МИРГАЦИОНИТЕ ДВИЖЕЊА ОД СЕЛАТА ВО ГРАДОВИТЕ

Социјално-економскта положба на населението во градовите и селата на Македонија, почнувајќи од почетокот на XVIII., па сè до XIX век, според развојот на историските прилики претрпела низа промени. Наведените состојби не се случувале само од воени причини, туку и од други фактори, кои ги поттикнувале промените. Појавата на војните и економската ситуација, направените политички реформи, природните катастрофи и другите општествени промени, од своја страна, имале одреден ефект врз состојбите на целокупното османлиското општество. При покренувањето на првите чекори од реформите во Османлиската Империја, во голема мера се забележувало дека промените во демографската состојба на населението придонесувале за одредени измени на целиот регион, односно забрзано ги развиле односите и промените помеѓу градовите и селата.[418]

Во текот на втората половина од XIX век реформите направиле големи и влијателни измени во рамките на демографијата, посебно во руралните средини. Наведените промени ги потикнувале, исто така и миграционите движења од селата кон градовите. Но, ваквите миграциони движења не биле прифатени како нормални општествени и социјалноекономски појави и движења, туку мигрираните жители од селата, од психички и социјален аспект, од градското население биле третирани како „други“ или „новодојденци“. Всушност, новодојдените луѓе биле чувани надвор од градската медијација. Таквиот вид на реакција, од своја страна ги ориентирала новодојдените да се трансформираат во личности со психологија на агресивност и оддалечување од актуелните локални власти на државата. Релацијата помеѓу миргантите и урбаните државни институции, исто така, била во голема мера комплицирана. Не било сеедно да се дојде од селска средина, и неговите управни иснтитуции и потоа да се адаптира во градските урбани институции.[419] Со одредена цел, за да се разбират подобро состојбите на имигрантите, треба да се види, кои биле

[418] Tetsuya Sahara, The City in the Otoman, Empire Migration and Making of Urban Modernity, Edited by: Ulrike Freitag, Malte Fuhurmann, Nora Lafi and Florian Riedler, SOAS Routledge Studies on the Midlle East, Routledge Taylor and Fracis Group, London and New York, 2011, стр. 14.
[419] Исто, стр. 15.

елементите што ги натерале да ги напуштаат своите вековни огништа, бидејќи тоа биле нивните социјално-економски идентитети трансформирани во процесот на мигрирање од селата во градовите. Мигрантите можеле или да се адаптираат во рамките на своите социјани статуси (од селски трговец до градски трговец; од член на селската управна единица; до член на градската управна единица), или можеле да ги развиваат (од сиромав работник до градски работник), или можеле да ги загрозуваат сопствените, есенцијални економски средства, притоа трансформирајќи се (од работник во сиромав).[420]

Во досегашните истражувања направени во врска со демографските промени, почнувајќи од XVI век, во одредена мера, се анализирани процесите поврзани со порастот на населението во градовите. Економскиот пораст на населението во Османлиската Империја бил изразен повеќе во градовите, отколку во селата.[421] Во балканските градови, можно е да се види истата ситуација при порастот на населението во градовите. Како водечки фактор при порастот на населението во градовите, биле миграционите движења од селата кон градовите. Како причина на таквите миграции, не била евидентирана само една, туку биле евидентирани многу причини. Но, како едни од највлијателните причини биле промените извршени во тимарско-спахискиот систем на класно владеење во Османлиската Империја. Според направените анализи од страна на А. Стојановски, „тој (селанецот) бил врзан за земјата и за својот непостреден феудалец“.[422] Наведениот автор во своето дело, прецизирајќи ја историската ситуација, се потрудил да ја искаже логиката на селското население во Македонија.

Во текот на 1850 година, поради настанатата ситуација во провинциите, намаленото влијание на централната власт и настанатата анархија, направени се измени во тимарско-спахискиот систем на сопствениците на земјиштата.[423] Индивидуалните спахии и другите функционери, по кратко време почнале да ги користат државните земјишта како свои приватни наследства. Како еден од познатите тогашни ајани, може да се наведе примерот со Алипаша од Јанина, за кого, по неговата смрт се утврдило дека поседувал 35 големи чифлици во Македонија.[424]

---

420 Tetsuya Sahara, The City in the Otoman, Empire Migration and Making of Urban Modernity, Edited by: Ulrike Freitag, Malte Fuhurmann, Nora Lafi and Florian Riedler, SOAS Routledge Studies on the Midlle East, Routledge Taylor and Fracis Group, London and New York, 2011, стр. 15.

421 Fatma Acun, A Portrate of the Ottoman Cities, Muslim World 92 no 3/4 , WN 0228801584002, The H.W. Wilson Company, fall 2002, стр. 268.

422 Александар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век, Демогравски проучувања, Скопје, 1981, стр. 48.

423 Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians A History, H, стр. 69.

424 Исто, стр. 69.

До средината на XVIII век, трансформацијата на лицата кои ги поседувале земјиштата била комплетирана. По 1834 година, Османлиската Империја преку спроведувањето на државно-правен акт, од своја страна, официјално го објавила повикот за поништувањето на тимарите. Во тој однос гледано, државата со настанатите нови измени започнала да ги продава земјишните парцели на локалните жители. Новата ситуација имала директно влијание и врз идната судбина на селаните, бидејќи тие биле принудени да ги плаќаат големите давачки на новите сопственици на земјиштата или да работаат на нивните земјишта како принудени работници и им се одземело нивното право на слободно движење.[425] По воведувањето на таквиот начин на стопанисување се намалувале приходите на селаните. Настанатата, нова социјално-економската ситуација од своја страна ги активирала миграционите желби на селаните кон градовите на Македонија, како и во останатите делови на Османлиската Империја. Во минатото, многу селани мигрирале од планинските областти и формирале нови населени места. Но, исто така, многу од селаните нашле подобри услови на живеење во градовите, каде што почнале да мигрираат. Останатите миграциони движења кон градовите во почетокот на XVIII век, после ново настанатите состојби во државата продолжиле со уште по зголемен интензитет. Миграционите движења на населението настанати од напревните измени во тимарскиот систем, од своја страна го зголемиле бројот на македонското население во градовите. Според француски извори од 1807 година, во Солун две третини од населението било од македонско потекло.[426]

Миграционите движења од селата кон градовите, како резултат на зголемениот број на Македонци во градовите, довело до формирање на мултиетничка состојба во градовите. Врз основа на горенаведените информации може да се констатира дека еден од факторите за миграциите од селата во градовите биле промените во тимарскоспахискиот систем на владеење во Османлиската Империја. Како уште еден фактор за појавата на миграционите движења од селата во градовите во рамките на Македонија, може да се спомнат и непрекинатите воени операции, кои ги водела османлиската војска со соседните држави.

Во текот на целиот XIX век, Османлиската Империја почнала да навлегува во долги и исцрпувачки војни во надворешни и внатрешни територии и со различни воени сили. Таквата ситуација влијаела и во сферата на демографската состојба на населението. Во време на војните, територијата на Балканот претрпувала големи миграциони движења.[427] При појавата на таквата ситуација, како прва рефлексија, жителите од селата го барале спасот во најсигурните места, а тие биле градовите. Поради влошување на стабилноста и несигурноста во селата

[425] Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians A History, , стр. 69; Александар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век, стр. 48.
[426] Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians A History, стр. 69.
[427] Nagehan Üstündağ, Power Politics in the Ottoman Balkan Provincies, стр. 32.

настаната од војните, селаните сè повеќе се ориентирале кон масовно бегање во градовите.

Уште како причина за мигрирање од селата во градовите: два фактора може да се наведат, природните непогоди и заразните болести. Во текот на XVIII век на Балканот имало многу случаи на епидемии во кои многу лица ги губеле своите животи. Причината за мигрирање кон градовите поради епидемиите биле од несодветните услови на живеење, како и од недостатокот на лекови, болници и лекари во руралните средини. Затоа, жителите се ориентирале кон градовите за да користат подобрите услови за лечење. Посебно, градот Солун имал претрпено многубројни епидемии во текот на XVIII век. Но, најтешката од овие епидемии се случила во 1781 година, кога биле починати околу 25.000 жители.[428]

Исто така, големи миграциони движења се случувале и по настанатите природни катастрофи. Причините биле слични со другите миграциони движења. Овие миграциони движења од селата кон градовите, не само што го зголемувале бројот на населението во градовите, туку и ги формирале новите работнички сили во градовите. Како конкретен пример, може да се анализира градот Битола и партиципација на селаните во работната сила на градот. Како прво, во Битола најмногу миграциони движења од селата во градот биле реализирале христијанските селани. Селаните дојдени од селата, после кратко време почнале да се адаптираат во животот на градот. Според сознанијата на францускиот географ Виктор Берард, кој на два пати ја посетил Битола, ја опишал положбата на селаните во градот. Тој бил фасциниран од дојдените селанки и нивниот труд како работна сила во градот. Според неговите сознанија, „жените работеа како куќни помошнички. Тие ги вршеа дневните работи на една куќа, како чистење, перење и одржување на куќата. Мажите работеа како дневни работници разни работи според потребите како: ѕидари, чистачи на улици, чистачи на очаци, работници за репарирање и изградба“.[429] Исто така, дојдените селани по кратко време почнале да се занимаваат и со занаетчиство како: фурнаџии, месари, меанџии, млекари и др. Тука треба да се наведе и фактот, дека селски жители, кои што дошле во Битола, повеќето биле по потекло: Македонци, Албанци, Власи и Евреи.

Миграционите движења од село во град, во врска со случајот на споменатиот град, биле направени од поблиските села на Битола, или поконкретно кажано, миграциите биле направени од најблиските села на градот одалечени околу 25 километри.[430] Емигрантите од блиските села ја имале истата положба како и другите емигранти дојдени од селата. Тие ги работеле скоро истите дејности како и другите емигранти дојдени од подалечните села. Без разлика

[428] Nagehan Üstündağ, Power Politics in the Ottoman Balkan Provincies, стр. 33.
[429] Basil C. Gounaris, Ottoman Monastir in the Early Twentieth Century, European History Quarterly Vol. 31 No. 1, SAGE Publications, Lonsdon, 2001, стр. 49.
[430] Исто, стр. 49.

на националностите: Словен, Влав или Евреин, нивните жени се занимавале со чистење и перење на алишта или како куќни помошнички. Според сознанијата на историчарот Б. Гоунарис, жените од турско потекло (hanımlar) биле ангажирани повеќе како ткаачки, а жените од ромско потекло биле ангажирани како работнички или чистачки.[431] Тука може да се спомене и фактот дека за прескокнување на статусот во општеството, голема улога играла и економската положба на емигрантите што биле дојдени од селата во Битола. Еден емигрант, за да се дефинира како „некој", морало да поседува економски и материјални средства. Според сознанијата што ги поседуваме, многу е тешко да се утврди точната определба на националната припадност на наведените емигранти. Тие се определувале според јазиците што ги користеле, облеката или работата што ја работеле. И на крајот, може да се наведе и фактот дека споменатите емигранти во почетокот на XX век, започнале да играат голема улога во националните движења во Османлиската Империја.

[431] Basil C. Gounaris, Ottoman Monastir in the Early Twentieth Century, European History Quarterly Vol. 31 No. 1, SAGE Publications, Lonsdon, 2001, стр. 49.

# 2. ЕТНИЧКАТА СТРУКТУРА

Социјално-економското организирање на Османлиската Империја било воспоставено врз основа на системот на „уммет", што значело организирање на населението според неговите верски принципи. Суштински гледано, османлиското општество се состоело од две главни класи и тоа: муслимани и немуслимани. Во наведената структура биле интегрирани неколку религии, секти и етникуми.[432] Религијата била главен фактор за одредување на статусот на поданиците во Османлиската Империја. Заедниците биле распоредени според своите верувања како „миллетлер" етницитети. Во овој случај гледано, нацијата или етницитетот биле дефинирани како „миллет", односно се користела за да се дефинираат на посебен начин различното население, кое било од една верска (или секта) исповед. Зборот „миллет" не бил користен за дефинирање на нацијата или етникумот.[433] Организирањето на населението во Османлиската Империја врз основа на секта и вера било дефинирано како систем на „миллет". Во тој однос гледано, жителите на македонските градови биле регистрирани според нивната верска припадност во две групи: правоверни и неверници, под што во најголем број на случаи би требало да се подразбираат христијаните.[434]

Во времето на Танзиматот и Ислахатот, Османлиската Империја им овозможувала потполна социјална и културна слобода на немуслиманските народи. Така на пример, со издадените два фермана, во наведениот период на реформи, и другите етницитети почнале да ги користат верските и националните бенифиции на Османлиската Империја, како што биле изградбата и реставрацијата на сакралните објекти.[435] Според „Ислахатскиот ферман", во сите градови и села биле дозволени изградби и реставрации на верски објекти,

[432] Во некои извори се споменува дека внатре во Османлиската Империја имало 20 различни етнички верски заедници. Повеќе за ова: Yavuz Ercan, Osmanlı Devleti'nde Müslüman Olmayan Topluluklar (Millet Sistemi), Osmanlı, C. IV, Ankara, 1999, стр. 199.

[433] Mucize Ünlü, Kosova Vilayeti'nin İdari ve Sosoyal Yapısı (1877-1912), Doktora Tezi, T.C. Ondokuz Eylül Üniversitesi Sosoyal Bilimler enstitüsü, Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 2002, стр. 57.

[434] Александар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век„ стр. 83.

[435] Cevdet Küçük, Osmanlı Devleti'nde Millet Sistemi, Osmanlı, C. IV, Ankara, 1999, стр. 259-260.

школи, болници, гробници и други јавни места и градби на сите националности.[436] Според извештаите регистрирани од страна на англискиот конзул Вилиам Г. Абот во Солун, од 24 септември 1860 година, може да се види дека со „Ислахат ферманот" положбата и позицијата на другите етницитети во градовите почнала да се подобрува. Во својот извештај Вилиам Г. Аббот ги споменува неограничните права дадени на локалните националности. Врз наведената основа се давало слобода за изградба и реставрација на објектите во развојот на градовите во Османлиската Империја.[437] Тука треба да се наведе и фактот дека таквиот начин на организирање на националностите не дава можност да се направи појасна анализа во врска со етничката структура на населението во градовите на Македонија.

Со својата етничка, социјално-економска и верска структура, градот Солун претставувал мозаик кој се состоел од следните народи: ортодоксни Грци, муслимани Турци, Бугари, Ерменци од грегоријанска исповед, Албанци, Роми и најмногу имало Евреи.[438] Муслиманските Турци доминирале во северниот дел на Солун, во централниот дел Евреите, христијаните Грци биле претежно сместени во источната страна на градот, додека на западната страна живееле „Френките", односно претставници на разни националности од Европа.[439] Етничкото население во Солун било сместено во свои квартови, при што во 1840 година, вкупниот број изнесувал 71 квартови. Муслимански квартови биле 48, кои од страна на европските патописци биле дефинирани како најчисти и најздрави во градот. Еврејските броеле 11 квартови и не се наоѓале во добра состојба; секогаш може да се види појавата на заразни болести во нивната средина. Грчките биле 9 квартови, кои според европските извештаи, во однос на еврејските биле во подобра положба.[440]

Етничката структура на градовите во Македонија во првата половина на XIX век, со текот на времето претрпела некои измени од разни причини како: војни, имиграции, епидемии и други природни катастрофи. Најпропорционално покачување на населението се случило во текот на првата половина на XIX век. Од етнички план гледано, најголем прираст имало кај Евреите, кои од 15.000 во 1800 година, се зголемиле на 30.000 во 1850 година, додека муслиманското население се наоѓало на второ место по големина во градот Солун. Истото, почнувајќи од 1800 година, па сѐ до 1850 година, пораснало од 10.000 до 15.000 жители.

Наведеното организирање на општеството во Солун, од своја страна придонесувало во развојот на економската и социјалната положба на населението во градот. Со модернизирањето на Солун и формирањето на новата општина во

[436] Bilal Eryılmaz, Osmanlı Devletinde Gayrimüslim Tebanın Yönetimi, стр. 112.
[437] Mucize Ünlü, Kosova Vilayeti'nin İdari ve Sosoyal Yapısı (1877-1912), стр. 58-59.
[438] Selahattin Bayram, Osmanlı Döneminde Selanik Limanı: 1869-1912, стр. 2009, стр. 32.
[439] Bülent Özdemir, Using Consular Reports as Data Source a Study on the Population of Salonika in the 1840s, The Great Ottoman Turkish Civiliston Vol. II, Ankara, 2000, стр. 549.
[440] Исто, стр. 549.

1869 година, градот станал уште поразвиен. Во развојот можела да се види и партиципацијата на локалните етнички групи во градот. Дел од Македонците и Евреите почнале да се трансформираат во капиталисти. Таквата ситуација влијела и врз демографската слика на населението во градот Солун.[441]

За да подобро се разбере етничката и демографската положба на Солун, истата може да се прикаже во една табеларна форма.

*Табела бр. 01. Етничката состојба на Солун според салнамето од 1905-1906 година*[442]

| Етницитети | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| **Муслимани** | 11.749 | 12.950 |
| **Грци** | 4.951 | 5.643 |
| **Ерменци** | 33 | 43 |
| **Македонци (ортодокси)** | 124 | 109 |
| **Католици** | 27 | 21 |
| **Евреи** | 23.510 | 20.821 |
| **Други** | 149 | 169 |
| **Вкупно** | 40.543 | 39.456 |

Идентична етничка состојба можно е да се констатира и во рамките на Битолскиот вилает, каде во самиот град Битола во текот на XIX век етничката структура била составена од следните националности: Бугари (Македонци, н.б.), Турци, Албанци, Власи, Евреи, Грци, Роми и останати помали етнички групи. Грците биле на оваа територија отприлика уште во IV век пред новата ера, дојдени од Грција и тие биле потомци на меленозите, кои биле принудени да се иселат во овој регион.[443] Од друга страна, во текот на 1870 година, во казата на Битола, поточно селата Магарево и Гопеш биле населени само од жителите на влашката националност. Во истата каза, во селата Старово и Чекерчи имало албанско христијанско население, а селото Зашла било населено со грчко население.[444] Сепак, генерално гледано, во составот на Битолскиот вилает турското население доминирало. Турската култура, традиција и јазикот биле прифатени и од страна на другите националности. Во градот Солун имало нови капиталисти и од другите етнички средини, а слична состојба можела да се констатира и во градот Битола. Многубројните европски патописци, исто така ни овозможуваат подобро да ја видиме положбата на на-

[441] Selahattin Bayram, Osmanlı Döneminde Selanik Limanı: 1869-1912, T.C. İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisat Anablim Dalı, İktisat Tarihi Bilim Dalı, Dokotora Tezi, İstanbul, 2009, стр. 33.

[442] Anastassıadou, Meropi: Tanzimat Çağında Bir Osmanlı Şehri: Selanik, İstanbul, Tarih Vakfı Yurt Yay., 2001, стр. 90.

[443] Mucize Unlu, Manastir Vilayetinin Idari bve Socyal Yapi (1873-19120, стр. 97.

[444] Исто, стр. 97.

ционалностите во градовите. Како пример може да се наведе калуѓерката на англиската мисионерска црква, Аделаиде Валкер и нејзините извештаи за националностите и нивната економска положба во Битола. Според нејзиниот извештај, кој се однесува на 1860 година, таа пишува дека во христијанското население на Битола, Власите поседувале најголема економска и индустриска сила. Таа, исто така, ги спомнува и Бугарите (Македонците н.б.) како трговци; потоа и Албанците христијани како просперитетни жители.[445] За доминантната положба на Власите во Битола, исто така може да се наведат информации и од англискиот конзул. Според неговите извештаи од 1905 година, отприлика 70% од Власите зборувале на влашки јазик, тие многу добро го користеле, исто така, и грчкиот јазикот и се идентификувале како Грци.[446] Тука треба да се наведе и фактот дека по објавувањето на Танзиматскиот ферман во Османлиската Империја, започнал процесот на давање права на националностите. Паралелно со настанатата ситуација се појавило мешањето на европските држави во внатрешните прашања и односи на Османлиската Империја, при што со таквото инволвирање бил направен притисок врз државата за подобрување на социјално-економските, културните, религиозните и политичките права на другите националности внатре во државата. Поради посочените причини, Османлиската Империја им дозволила на другите националности да заземаат службени места и во управноадминистартивните органи на државата. Како пример, според содржината од османлиските салнамиња, приложена е информација за националностите и завземаните местата на тие што учествувале во работата на управно административните органи, а тие биле следните:

*Табела бр. 02. Националностите во управно административните органи на вилаети, санџаци и во градовите*

| |
|---|
| ВИЛАЕТСКИ САЛНАМИЊА<br>(САЛНАМЕИ ВИЛАЕТ)<br>ВИЛАЕТОТ КОСОВО (КОСОВА ВИЛАЕТИ)<br>Хичри 1311/ 1890 година |
| Скопски санџак |
| Штипска каза: |
| Собрание на каза: во собранието на Штипската каза, во салнамето било регистрирано како член лицето со немуслиманско потекло Јане, како заменик на митроплитот Закарије ефенди, кој бил член на собранието на казата која што припаѓала на Скопскиот санџак.[447] |

[445] Basil C. Gounaris, Ottoman Monastir in the Early Twentieth Century, European History Quarterly Vol. 31 No. 1, SAGE Publications, Lonsdon, 2001, стр. 45.
[446] Исто, стр. 45.
[447] Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1311/ 1890, стр. 101.

| |
|---|
| Скопски санџак |
| Каза на Кочани |
| Комисија за проценување: во општинската комисија на Скопскиот санџак, во казата Кочани, како членови биле евидентирани лицата: Хаџи Доне ага и Данил.[448] |
| Скопски санџак |
| Кумановска каза |
| Управен совет на казата: во овој управноадминистративен орган како член било евидентирано лицето Димко ефенди.[449] |
| Скопски санџак |
| Каза на Кратово |
| Упревен совет на казата: во овој управноадминистративен орган како член било евидентирано лицето Јован ага.[450] |
| Призренскиот санџак |
| Каза на Тетово [451] |
| Упревен совет на казата: во управноадминистративниот орган на казата како членови биле евидентирани лицата: заменик на митрополитот на грчката црква поп Симо и булгар Јане.[452] |

| |
|---|
| ВИЛАЕТСКО САЛНАМЕ (САЛНАМЕИ ВИЛАЕТ)<br>ВИЛАЕТОТ НА КОСОВО (КОСОВА ВИЛАЕТИ)<br>Хичри 1314/ 1893 година |
| Косовски Вилает |
| Мечлиси идареи вилает/ Вилаетско управно собрание: во ова собрание како член било евидентирано лицето Ванчо ага.[453] |
| Косовки Вилает |
| Комисија за евиденции: во оваа комисија евидентирани биле двајца членови: Димче ага и Хаџи Митко ага.[454] |
| Косовки Вилает, Скопски санџак |
| Каза на Штип |

[448] Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1311/ 1890, стр. 101.
[449] Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1311/ 1890, стр. 107.
[450] Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1311/ 1890, стр. 119.
[451] Калаканделен било старото име на денешниот град Тетово. Османлиската Империја за Тетово го користела името Калканделен, што значел инструмент кој што можел да го пробие штитот.
[452] Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1311/ 1890, стр. 155.
[453] Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1311/ 1890, стр. 105.
[454] Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1314/ 1893, стр. 109.

| |
|---|
| Меџлиси идареи каза/ управно собрание на казата: во ова собрание регистрирани биле три лица со немуслиманско потекло и тие биле следните: како постојан член или заменик на митрополитот, Захарија ефенди и двајца привремени членови: Јане ага и администраторот за белешки Коче ага.[455] |
| Косовки Вилает, Скопски санџак |
| Каза на Штип |
| Мухакемеи Бедајет/ Суд од прва инстанца: како член на судот било евидентирано лицето Арсо ефенди.[456] |
| Косовки Вилает, Скопски санџак |
| Каза на Штип |
| Беледије Даиреси/ Градско собрание: како член на градското собрание на штипската каза евидентирано било лицето Гоце Тасе ага.[457] |
| Косовки Вилает, Скопски санџак |
| Каза на Куманово |
| Меџлиси идареи каза/ управно собрание на казата: како привремен член на управното собрание на Куманово евидентирано било лицето Михајло ефенди.[458] |
| Косовки Вилает, Скопски санџак |
| Каза на Куманово |
| Беледије Даиреси/ Градско собрание: како член на градското собрание на Штипската каза евидентирани биле лицата: Тасе ага и Зафир ага.[459] |
| Косовки вилает, Скопски санџак |
| Каза на Радовиш[460] |
| Меџлиси идареи каза/ управно собрание на казата: како привремен член на управното собрание на Куманово евидентирано било лицето Мите ага.[461] |
| Косовки вилает, Скопски санџак |
| Каза на Паланка |

455 Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1314/ 1893, стр. 223.
456 Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1314/ 1893, стр. 224.
457 Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1314/ 1893, стр. 226.
458 Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1314/ 1893, стр. 246.
459 Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1314/ 1893, стр. 249.
460 Во горе спомenатото салнаме казата на Радовиш на старо османлиски јазик било напишано како каза на Радовиште.
461 Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1314/ 1893, стр. 259.

| |
|---|
| Меџлиси идареи каза/ управно собрание на казата: како постојани и привремени членови биле евидентирани две лица и тоа: како постојан член или заменик на митрополитот, Георги ефенди и како привремен член било евидентирано лицето Андон.[462] |
| Косовки вилает, Скопски санџак |
| Каза на Паланка |
| Беледије Даиреси/Градско собрание: како членови на градското собрание биле евидентирани лицата: Коце Ванџо ага и Алексо Мише ага.[463] |
| Косовки вилает, Скопски санџак |
| Каза на Кочани[464] |
| Мутахарир ве јер комисиони/ Комисија за ревалоризација и места: во оваа комисија како немуслимански членови регистририани биле две лица: Хаџи Доне ага и Данил ага.[465] |
| Косовки вилает, Скопски санџак |
| Каза на Кочани |
| Беледије Даиреси/ Градско собрание: како член на градското собрание на казата Кочани евидентирано било лицето Хаџи Доне ефенди.[466] |
| Косовки вилает, Скопски санџак |
| Каза на Малеш |
| Меџлиси идареи каза/ управно собрание на казата: во оваа каза евидентирано било лицето Георги ефенди, како член на упраното собрание на казата Османие.[467] |
| Косовки вилает, Скопски санџак |
| Каза на Кратово |
| Кајмакамлук: во казата на Кратово како привремен член на кајмакамлукот или подобро дефинирано, како привремен администратор кој бил вработен во кајмакамлукот на Кратово било евидентирано лицето Јадин Јован ага. На истото место, како постојан и привремен член на кајмакамлукот било евидентирано и лицето Меџсу Јован ага.[468] |
| Во истиот документ, како член на Махакемеји бидајет/ Суд од прва инстанца, може да се види и лицето Тошо Георги ефенди.[469] |

[462] Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1314/ 1893, стр. 267.
[463] Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1314/ 1893, стр.270.
[464] Во косовското салname од 1893 година, името на денешното населено место Кочани во старо османлискиот јазик било евидентирано како Кочана.
[465] Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1314/ 1893, стр. 283.
[466] Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1314/ 1893, стр. 283.
[467] Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1314/ 1893, стр. 289.
[468] Salname-i Vialyeti Kosova, Hicri 1314/ 1893, стр. 294.
[469] Исто, стр. 294.

| |
|---|
| ВИЛАЕТСКО САЛНАМЕ (САЛНАМЕИ ВИЛАЕТ)<br>ВИЛАЕТОТ МАНАСТИР (МАНАСТИР ВИЛАЕТИ)<br>Хиџра 130506/ 188485 година |
| Битолскиот вилает |
| Нахијето на Преспа |
| Меџлиси Нахије/ Собрание на нахијата: во нахијата на Преспа како привремен член на собранието било евидентирано лицето Јован. |
| Битолскиот вилает |
| Нахијето на Крушево |
| Меџлиси Нахије/ Собрание на нахијата: во оваа нахија како привремени членови на собранието биле евидентирани 4 лица со немуслиманско потекло. Тие биле следните: Гошо Гого ага, Анастас Корицe, Матеј Нешко и Наум Томе. [470] |
| Битолскиот вилает |
| Нахијето на Крушево |
| Меџлиси Беледија/ Градско Собрание: во градското собрание на Крушевската нахија, почнувајќи од председателот на собранието и четрите привремени членови на собранието биле од немуслиманско потекло и тие биле следните: председател Петро Бело ага, Косте Талце ага, Димитро Крсте, Томо Коле и Димитар Моцан.[471] |
| Битолскиот вилает |
| Охридска каза |
| Меџлис Беледије/ Градско собрание: во градското сибрание на Охридската каза регистрирани биле двајца постојани членови на собранието како немуслимани и тие биле: Иставро Фелип, Сандро и Косте Нелисте ефенди.[472] |
| Битолскиот вилает |
| Санџакот на Дебар: |
| Меџлиси идареи лива/ Управно собрание на ливата: во управното собрание на ливата евидентирано било лицето Трпче ага како привремен член на собранието на санџакот Дебар.[473] |
| Битолскиот вилает |
| Санџакот на Дебар: |
| Мухакемеи бедајет/ Суд од прва инстанца: како член на судот регистрирано било лицето Андон како немуслиман.[474] |

[470] Salname-i Vialyeti Manastır, Hicri 1305-06/ 1884-85, стр.168.
[471] Salname-i Vialyeti Manastır, Hicri 1305-06/ 1884-85, стр.169.
[472] Salname-i Vialyeti Manastır, Hicri 1305-06/ 1884-85, стр. 184.
[473] Salname-i Vialyeti Manastır, Hicri 1305-06/ 1884-85, стр. 204.
[474] Salname-i Vialyeti Manastır, Hicri 1305-06/ 1884-85, стр. 205.

| |
|---|
| ВИЛАЕТСКО САЛНАМЕ (САЛНАМЕИ ВИЛАЕТ)<br>ВИЛАЕТОТ СЕЛАНИК (СОЛУН)<br>Хиџар 1322/ 1901 година |
| Солунскиот вилает |
| Каза на Демир Хисар: |
| Меџлиси идареи каза/ Управно собрание на казата: во ова собрание на казата евидентирно било лицето Томе Мале ага како член на собранието.[475] |
| Солунскиот вилает |
| Каза  на Демир Хисар: |
| Беледија хејети/ Членови на општината: помеѓу членовите на општината се наоѓале и членовите со немуслиманско потекло: Манол ага и Димитро ага.[476] |
| Солунскиот вилает |
| Каза на Дојран: |
| Меџлиси идаре/Управен парламент: како членови на ова собрание евидентирани биле три лица со немуслиманско потекло: Христо Ишмемеш ага, Христо Митро ага и епископ Партинос ефенди.[477] |
| Солунскиот вилает |
| Каза на Струмица (Иструмџа): |
| Меџлиси идаре/ Управен парламент: како немуслимански членови на овој парламанет биле евидентирани: грчкиот митрополит Ариго Репос ефенди, бугаринот Герасим ефенди и Ристоман Димитрош ефенди.[478] |
| Солунскиот вилает |
| Каза на Тиквеш: |
| Меџлиси идаре/ Управен парламент: Како членови на овој парламент биле евидентирани лицата: заменик митрополит поп (папаз) Методиј ефенди и Никола ага.[479] |
| Солунскиот вилает |
| Каза  на Тиквеш: |
| Даиреи и беледије/Градско собрание: за еден од членовите на градското собрание било евидентирано лицето Донче Велко.[480] |

475 Salname-i Vialyeti Selanik, Hicri 1322/ 1901, стр. 237.
476 Salname-i Vialyeti Selanik, Hicri 1322/ 1901, стр. 238.
477 Salname-i Vialyeti Selanik, Hicri 1322/ 1901, стр. 162.
478 Salname-i Vialyeti Selanik, Hicri 1322/ 1901, стр. 168.
479 Salname-i Vialyeti Selanik, Hicri 1322/ 1901, стр. 193.
480 Salname-i Vialyeti Selanik, Hicri 1322/ 1901, стр. 194.

# 3. ВЕРСКАТА СТРУКТУРА

Општествената структура и верската распределба на населението во Османлиската Империја, почнувајќи од нејзиното формирање, па сè до прогласувањето на Танзиматскиот ферман биле определени врз основа на вероисповедите. Според наведеното, општествената структура на империјата била разделена на две главни групи и тоа на: „муслимани“ и „немуслимани“. Во овие две главни групи биле сместени националните припадности на населението.[481] Главен и определувачки фактор на социјалниот статус на населението во рамките на Османлиската Империја била верата. Иако таквото организирање од официјален карактер нешто подоцна било дефинирано како „миллет/нација“ (Millet), тоа не значело класифицирање на населението врз основа на етникум, туку организирање на населението врз основа на вера и секта се дефинирало како миллет.[482] Наведениот систем за прв пат бил користен во времето на султанот Мехмед II (1432-1481) кога тој ја реорганизал положбата на немуслиманското население во Истанбул, при што прво го назначил патрикот, давајќи му авторитет за управување на ортодоксите во Османлиската Империја. Потоа, истата привилегија им била на законски начин дадена и на Ерменците и на Евреите во рамките на Османлиската Империја.[483]

Во текот на првите децении од освојувањето на Балканскиот Полуостров и на градовите на Македонија, населението во најголем број биле христијани, припадници на источно-православната црква. Исто така, голем број Евреи живееле во градовите и тие секогаш во пописите биле регистрирани на посебен начин.[484] Според сознанијата што ги поседуваме, можно е да наведеме дека главните верски структури во градовите во наведениот период биле од муслиманска, христијанска и еврејската верска структура.

[481] Во рамките на Османлиската Империја, според некои сознанија, имало околу 20 различни етнички немуслимански групи. За ова повеќе: Yavuz Ercan, Osmanlı Devletinde Müslüman Olmayan Topluluklar (Millet Sistemi), Osmanlı, C. IV, Ankara, 1999, s.199; Александар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век, Демографски проучувања, Институт за национална историја, Завод за унапредување на стопанството во СРМ,, Самоуправна практика,, Скопје, 1981, стр. 83.

[482] Bilal Eryılmaz, Osmanlı Devletinde Millet Sistemi, İstanbul, 1992, стр. 10-13.

[483] Mucize Ünlü, Kosova Vilayeti'nin İdari ve Sosoyal Yapısı (1877-1912), стр. 57.

[484] Александар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век, стр. 83.

Муслиманската верска структура во градовите на Македонија во рамките на Османлиската Империја, била ориентирана и сместена главно во градовите. Главната политика на Османлиската Империја била да ги реставрира тие градови што биле уништени на економски и демографски план и на нивните места да бидат изградени нови градови.[485] Со донесените Јуруци во провинцијалните места на Македонија, во рамките на Османлиската Империја, исто така државата донела муслиманско население со различни професии за одржување и придонесување во демографската состојба на градовите. Според сознанијата што постојат, кон крајот на XVI век, од вкупно 26 градови, само во 18 имало муслиманско мнозинство.[486]

При разгледувањето на економската положба на христијанското и муслиманското население во текот на 60-тите години од XIX век, интересно е да се подвлече прашањето поставено пред британскиот заменик конзул во Битола, дали во рамките на Битолскиот вилает „христијанските селани во христијанските села се подеднакво богати како и муслиманските". Тој одговорил дека муслиманите „поради тоа што поседуваат земја се побогати и дека како земјопоседници ги најмуваат христијаните да работат за нив".[487] Според сознанијата на друг британскиот дипломат со седиште во Скопје, во „некои села христијаните и муслиманите биле подеднакво богати, па дури првите биле побогати од вторите".[488] Според други сознанија, кои се однесуваат на 1875 година, во Битолскиот (центар) санџак, најголемиот број од населението било со муслиманско потекло. Меѓу овие муслимани во Битола, најпупуларни и најактивни духовни тарикати биле припадниците на следните дервишки редови: мевлевии, шабании, накшибендии и руфаите.[489] Регистрирањето на муслиманското население кон крајот на XIX век, во голема мера било направено според областите во кои живеело, а оние во селата биле регистрирани како домаќинства.[490]

Додека христијанското население во Македонија во рамките на Османлиската Империја, било најголемата верска структура, христијаните според нивните

[485] Elias Kolovos, Phokin Kotzageorgis, Sophia Laiou and Marionos Sariyyannis, The Ottoman Empire, the Balkans and the Greek Lands: Toward a Social and Economical History, The ISSIS Pres, Istanbul, 2007, стр. 138.

[486] Вршената политика за исламизација на домородното население и сместувањето на муслиманско (турско) население во градовите, одиграло голема улога во порастот на муслиманското население во градовите на Македонија, во рамките на Османлиската Империја.

[487] Д. Ѓоргиев, Положбата на христијанското население во Османлиската Империја во втората половина на XIX век (според еден британски извештај од 1860 г. за Битолскиот и Скопскиот ејалет), Балканот и Русија: Општото и специфичното во историскиот и културниот развиток, (Прилози од заедничкиот проект помеѓу Инстититутот за национална историја и Институтот за славистика при РАН), Скопје, 2010, стр. 46.

488 Исто.

[489] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), стр. 98.

[490] Mehmet İnbaş, The City of Skopje and its Demographic Structure in the 19th Century, Atatürk University, Faculty of Sciences and Arts, Department of History, Erzurum, 2008, стр. 289.

области биле регистрирани како „локално население" (yerlü reaya), или подобро дефинирано како население што од секогаш било (домородно) во своите места на живеење.[491] Регистрирањето на муслиманското и немуслиманското население според областите, од друга страна овозможува да се процени нивото на населението врз основа на верската структура. Така на пример, населените места во Скопје и околината биле регистрирани на следниот начин:

*Табела бр. 03. Регистрирање на населението според населените места*[492]

| **Населени места** | **Муслимански домаќинства** | **Немуслимански домаќинства** |
|---|---|---|
| **Булбул заим** | | 4 |
| **Џами атик** | 28 | |
| **Џедид Иса Бег** | | |
| **Шех Рамазан** | 2 | |
| **Деббах Шахин** | 20 | 8 |
| **Дервишхан** | 10 | 2 |
| **Емир Хоџа** | 8 | |
| **Ејне Беј** | 13 | 1 |
| **Гази Ментеше** | 35 | 17 |
| **Хаџи Балабан** | 9 | |
| **Хаџи Хајредин** | 11 | |
| **Хаџи Касим** | 6 | |
| **Хаџи Лала** | 14 | 5 |
| **Хаџи Мухејдин** | 21 | 2 |
| **Хаџи Таџедин** | 18 | |
| **Хаџи Јунус** | 27 | 2 |
| **Хараџџи Салахаддин** | 47 | 61 |
| **Хатунџуклар** | 38 | |
| **Хазинедар Исмаил** | 14 | |
| **Хоџа Шемс** | 7 | 1 |
| **Худавирди** | 21 | |
| **Ибни Бахир** | 16 | |
| **Ибни Џебни** | 18 | |
| **Ибни Кочачик** | 34 | |
| **Ибни Мухтесиб** | 17 | 6 |

491 Исто, стр. 289.
492 Исто, стр. 291.

| | | |
|---|---|---|
| **Ибни Омер** | 35 | |
| **Ибни Пајко** | 67 | 65 |
| **Ибни Шахин** | 12 | |
| **Исхак Бег** | 12 | |
| **Искендер Гази** | 84 | 10 |
| **Исмаил Војвода** | 22 | |
| **Кади Џајир** | | 7 |
| **Капуџу Хамза** | 39 | |
| **Кара Капучу** | 34 | |
| **Касим Гази** | 31 | |
| **Ќатип Шахин** | 27 | 25 |
| **Ќебир Мехмед Џелеби** | 60 | 5 |
| **Мухеддин Бег** | 4 | |
| **Мурадије** | 9 | |
| **Оруџ Паша** | 58 | |
| **Пазарбаши** | 24 | |
| **Согутлу** | | 5 |
| **Топхане** | | 19 |
| **Јени** | | 8 |
| **Јигит Паша** | 29 | 40 |
| **Вкупно** | **1.016** | **295** |

Според наведената табеларна информација, може да се констатира, дека само во градот Скопје во текот на 1841-1842 година имало вкупно 44 населени места. Од овие населени места 39 припаѓале на муслиманското население, останатите 5 му припаѓале на немуслиманското население. Исто така, може да се наведе дека во некои случаи биле направени регистрирања и за домаќинства со муслиманско потекло, кои биле дојдени од други места на државата, со цел за да се занимаваат со образование образование и сл.

Во повеќе случаи гледано, многу населени места биле именувани според верските и националните карактеристики на населението во наведениот град, а тие биле: Хараџии, Војвода, Пазар Баши, Капиџи, Ќатип, Дебах и др. Во некои случаи, како на пример за лицата што покажале успех или јунаштво, областите биле именувани според нивните имиња, на пример: Гази Ментеш, Паша Јигит и.т.н., но имало и случаи кога именувањето било направено според имињата на занаетите и еснафите, како на пример: ковач, кафеџија, налбант, сарач, абаџија, туфекчија, лулеџија, сликар и т.н..

Според сознанијата што се прикажани во некои историски извори, муслиманското и немуслиманското население во градот и казата Скопје, може да се класифицира на следниот начин:

| | **Муслимански Домаќинства** | **Немуслимански Домаќинства** |
|---|---|---|
| Град | 1.016 | 295 |
| Село | 1.076 | 2.382 |
| Вкупно | **2.092** | **2.677** |

Врз основа на наведените извори, верската структура на градот Скопје во текот на 1841 1842 година била следната:

| | **Муслимани** | **Немуслимани** | **Роми** | **Евреи** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Град | 5.080 | 1.475 | 500 | 250 | **7.305** |
| Село | 5.380 | 11.1910 | 500 | | **17.790** |
| Вкупно | **10.460** | **13.385** | **1.000** | **250** | **25.095** |

За вкупниот број на Евреите и настанатите промени дадена е просечна оценка. Според горенаведените информации, може да се констатира дека, вкупниот број на населението само во градот Скопје изнесувал **7.305** жители, но целокупниот број за наведениот град, заедно со неговите кази изнесувал од прилика **25.095** жители или 70% од населенито било од муслиманско, а 30% од немуслиманско потекло, додека 41% во казите населението било со муслиманско, а 59% со немуслиманско потекло.[493] Според турскиот историчар М. Инбаши, немало драстични промени во бројот на муслиманското и немуслиманското население. За да се направи компарација на верската структура на населението во градот Скопје, М. Инбаши, за наведениот град, дава статистички информации од различни извори, кои се однесуваат на различни временски периоди и тие се следните:

[493] Mehmet İnbaş, The City of Skopje and its Demographic Structure in the 19th Century, стр. 293.

| Години | Муслимани | Немуслимани | Роми | Евреи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1797 | | | | | 5.000<br>6.000 |
| 1820 | | | | | 3.000 |
| 1831 | 9.660 | 11.700 | 900 | | 22.960 |
| 1835 | 6.000 | 9.000 | | | 15.000 |
| 1835 | | | | | 10.000 |
| 1840 | | | | | 15.000 |
| 1841/42 | | | | | 25.095 |
| 1860 | 13.000 | 7.000 | | | 20.000 |
| 1870 | 13.000 | 7.000 | | | 20.800 |
| 1877 | 16.462 | 14.586 | 307 | 160 | 31.515 |
| 1882 | 17.770 | 16.382 | | | 34.152 |
| 1888 | | | | | 25.000 |
| 1890 | 15.000 | 14.100 | 1920 | | 32.000 |

Како една од поголемите верски структури во Македонија, во рамките на Османлиската Империја биле Евреите и тие во пописите на целокупното население се разликувале од другите верски структури.[494] Како што е историски познато, Евреите дошле во Османлиската Империја од европските држави како што се: Шпанија, Португалија, Франција и Германија, а исто така и од западниот дел на Италија по нивното прогонување во 1492 година, од страна на католичките монархии. Евреите биле идентификувани како „Сеферади“, додека мал број Евреи кои што биле дојдени од Унгарија се идентификувале како „Ашкенази“.[495] Во текот на XVI век градот Солун примил голем број Евреи, посебно од Иберискиот Полуостров, односно другите градови на Македонија примиле помал број Евреи, како што биле: Битола, Скопје, Серес, Кавала и др. Евреите исклучиво биле сместувани во градовите, каде што ги вршеле важните економски активности непосредно поврзани со развојот и активноста на внатрешната и надворешната трговија, банкарството, лихварството, закупување на даноци од државата, градење фабрики, отворање странски претставништва и т.н.

Наведените верски структури во градовите на Македонија, во рамките на Османлиската Империја, живееле и во најмалите населени места или во своите маала. За подобро разбирање на заедничкиот живот и дневните активности на верските структури во градовите на Македонија, потребно е да се прегледа и

[494] Elias Kolovos, Phokin Kotzageorgis, Sophia Laiou and Marionos Sariyyannis, The Ottoman Empire, the Balkans and the Greek Lands: Toward a Social and Economical History, The ISSIS Pres, Istanbul, 2007, стр. 138.
[495] Исто, стр. 139.

организирањето на маалата во македонските градови. Во класичниот период на Османлиската Империја, маалото играло улога на главно место за живеење. Во маалото живееле разни верски и етнички групи, со други зборови кажано, во државата се водела грижа на локално ниво за заедничкиот начин живеење на населението.[496] Според сознанијата, во текот на 1847 година, во градот Велес постоеле вкупно 16 маала, од кои 4 маала им припаѓале на муслиманите, а 12 на немуслиманското население. Од тука може да се констатира, дека во текот на XIX век, порастот на муслиманските маала во градот Велес престанал, но од друга страна, порастот можел да се забележи во маалата на немуслиманското население, кој изнесувал околу 50%.[497]

Според историските сознанија и врз основа на податоците од темеддуат дефтерите, во градот Скопје имало вкупно 46 маала и тие биле следните:[498]

| **Маало** | **Број на домаќинства** | | | | | | **Извор Теметтуад Дефтери** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мусли-мани | Нему-слимани | Киптии | Реаји Киптии | Евреи | Вкупно | |
| **Џамии Атик** | 64 | | | | | 64 | 15.473 |
| **Џедиди Иса** | 65 | | | | | 65 | 15.473 |
| **Џарши** | | | | 11 | | 11 | 15.469 |
| **Џерџи Јунус** | 47 | | | | | 47 | 15.473 |
| **Дебба Шаин** | 43 | 17 | | | | 60 | 15.473 15.476 |
| **Дервишан** | 11 | 4 | | | | 15 | 15.473 |
| **Емин Хоџа** | 13 | | | | | 13 | 15.473 |
| **Гази Искендер** | 23 | 12 | | | | 35 | 15.473 15.476 |
| **Гази Ментеш** | 50 | 116 | 42 | 8 | | 206 | 15.473 15.476 |
| **Хаџи Балабан** | 24 | | | | | 24 | 15.473 |
| **Хаџи Гази** | 24 | | | | | 24 | 15.473 |

[496] H. Taşkömür, Osmanlı Mahallesinde Beşeri Münasebetler, Mesken ve Mesken Mimarimiz, Ensar Neşriyat, İstanbul, 1995, стр. 43.
[497] Safet Alimovski, Temettüat Defterlerine Göre Manastır Merkez Kazasının Sosyo – Ekonomik Durumu, Yüksek Lisans Tezi, Marmara Üniversitesi Türkiye Araştırmaları Enstitüsü Türk Tarihi Ana Bilim Dalıö Yakın Çağ Anabilim Dalı, Yüksek Lisans Tezi, İstanbul, 2005, стр. 52.
[498] Ahmet Hamdi Furat, Temettüat Defterlerine Göre Üsküb'ün Sosyal ve Ekonomik Tarihi, T.C. İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, Tarih Anabilim Dalı, İstanbul, 2001, стр. 20.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Хаџи Хајредин** | 21 | | | | | 21 | 15.473 |
| **Хаџи Касим** | 7 | | | | | 7 | 15.473 |
| **Хаџи Лала** | 18 | 17 | | | | 35 | 15.473/15.476 |
| **Хаџи Мухидин** | 33 | | | | | 33 | |
| **Хаџи Таџедин** | 42 | | | | | 42 | |
| **Хаџи Јунус** | 2 | | | | | 33 | |
| **Хараџи Салаедин** | 16 | 171 | | | | 187 | |
| **Хатунџук** | 51 | | | | | 51 | |
| **Хазнедар Исмаил** | 25 | | | | | 25 | |
| **Хоџа Шемси** | 9 | | | | | 9 | |
| **Худаверди** | 31 | | | | | 31 | |
| **Иби Коџаџик** | 63 | 2 | | | | 65 | |
| **Ибн Бари** | 29 | | | | | 29 | |
| **Ибн Џини** | 31 | | | | | 31 | |
| **Ибни Мухтесип** | 27 | 27 | | | | 54 | |
| **Ибн Омер** | 44 | 19 | | | | 65 | |
| **Ибн Шахин** | 19 | | | | | 19 | |
| **Инебеј** | 22 | 4 | | | | 26 | |
| **Исхакије** | 22 | | | | | 22 | |
| **Исмаил Војвода** | 33 | | | | | 33 | |
| **Капуџу Хамза** | 61 | | | | | 61 | |
| **Кара Кујучу** | 48 | | | | | 48 | |
| **Касим Гази** | 56 | | | | | 56 | |
| **Ќатип Шахин** | 31 | 66 | 51 | | | 148 | |
| **Кебир Мехмет Џелеби** | 104 | 2 | | | | 107 | |
| **Мухиидин Џелеби** | 8 | | | | | 8 | |
| **Мурадије** | 12 | | | | | 12 | |
| **Оруџ Паша** | 90 | | | | | 90 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пајко** | 46 | 116 | | | | 162 | |
| **Пазарбаши** | 0 | | | | | 30 | |
| **Рејаји Џедид Дер Џајир** | | 92 | | | | 92 | |
| **Согутлу** | | 11 | | | | 11 | |
| **Јахудијан** | | | | | 62 | 62 | |
| **Јигит Паша** | 32 | 85 | | | | 117 | |

Во текот на средината на XIX век, во градот Скопје, според наведените статистички информации, може да се примети, дека од вкупно 45 маала, некои биле сосема со муслиманско, а некои само со христијанско, односно со ромско или еврејско население, но можно е да се забележат и маала со различен верски карактер. Врз основа на домаќинствата тие биле: Дебах Шахин (43 муслимански, 17 немуслимански); Гази Искендер (23 муслимански, 12 немуслимански); Хаџи Лала (18 муслимански, 17 немуслимански); Харраџи Салахеддин (16 муслимански, 171 немуслимански); Ибни Коџаџик (63 муслимански, 2 немуслимански); Ибни Мухтесип (27 муслимански, 27 немуслимански); Ибн Омер (44 муслимански, 19 немуслимански); Инебеј (22 муслимански, 4 немуслимански); Кебир Мехмед Џелеби (105 муслимански, 2 немуслимански); Пајко (46 муслимански, 116 немуслимански) и Јигит Паша маало (32 муслимански, 85 немуслимански).[499]

Додека во текот на 1844-1845 година, во градот Битола организирањето на верската структура се развивало скоро исто како и во градот Скопје. Според сознанијата од темедуат дефтерите, во споменатиот град во претходно наведените години, вкупниот број на маалата изнесувал 33.[500] Главно, при верската распределба на маалата според верскиот состав, во Битола маалата биле разделени по вероисповест на населението, но имало и маала како што биле: Кара Дебах, Лаи Џавуш, Бајир и Касбхане, кои биле со мешан верски и етнички состав. Според наведениот извор, во градот Битола имало маала само со муслиманско потекло и тие биле следните: Ејне Бег, Емир Џелеби, Синан Бег, Хамза Бег, Јакуп Бег, Бали Војвода, Касим Џелеби, Фируз Бег, Зинданчи, Азаб Бег, Огул Паша, Хусеин Субаши и Димишки Бег. Маалата во наведениот град само со христијанско население биле следните: Клисе, Мечкар, Радичка, Арнијот, Папа Христо, Драгор, Дорт Гоз, Екши и Нови Маала. Евидентирањата за Евреите биле извршувани одделено од другите верски структури, а според наведените извори, вкупниот број на еврејски маала во наведениот период во градот Битола изнесувал вкупно 6 маала и тие биле: Јени Хавли, Драхор Авлиси, Паша Хавлусу,

[499] Ahmet Hamdi Furat, Temettüat Defterlerine Göre Üsküb'ün Sosyal ve Ekonomik Tarihi, стр. 22-25.

[500] Safet Alimovski, Temettüat Defterlerine Göre Manastır Merkez Kazasının Sosyo – Ekonomik Durumu, стр.7.

Бујук Хавлу, Јени Хавра и Ески Хавра.[501] Како што е наведено претходно, во некои маала заедно живеле муслимански и христијански домаќинства и тие биле следните: Кара Дебах (11 муслимански, 157 христијански); Али Џавуш (77 еврејски, 7 христијански); Бајир (138 христијани, 99 киптии христијани) и во маалото Касбхане (21 киптии муслимани, 20 киптии христијани). Од вкупниот број на 33 маала во градот Битола, иако 29 маала биле наведени со турски имиња, само 14 од наведените маала биле хомогени и со исклучиво муслиманско население.

Сѐ до времето на реформирање на Османлиската Империја во текот на XIX век не можеле да се запазат промени во положбата на верската и етничката структура на населението во империјата. По објавувањето на актот за реформи, кој бил дефиниран како „Гулаен Хатти Хумајунот" официјално објавен во 1839 година, како и објавувањето на конституционализмот кој што бил дефиниран како „Мешрутијет" во 1876 година, може да се забележат објективни промени во начинот на живењето во рамките на верската и етничката структура на населението.[502] По објавувањето на горенаведените реформи во империјата и во градовите на Македонија, се почуствувало формирање и стабилизирање на нови и во економски поглед силни немуслимански трговци или капиталисти во градовите: Солун, Битола, Скопје, Серес, Драма др. Од друга страна, немуслиманското население започнало да презема место и во локалните и во државните органи како управители, а дел од нив биле инкорпорирани и во структурите на управно-административните структури на империјата. Како резултат на социјално-економските, културните и политичките промени во Османлиската Империја, во градовите во Македонија можно било да се согледа и формирањато на новите економски и културноартистички и акробатски елити. Во Скопје можело да се забележат и активности на многубројни немуслимански уметници, кројачи на модерни облеки, веслачи, банкари и сл.[503] Според сознанијата што биле регистрирани во различните конзуларни извештаи, јасно се гледа форсирање на позициите и интересите на христијаните и Евреите во градовите. Според британскиот конзул Џ. Ј. Калверт:[504]

*„Во градот Солун по реализираните реформи, голем износ од капиталот на Турците во градот Солун почнува се повеќе да се ориентира кон христијанското население".*

Поради горенаведените социјално-економски промени, во текот на целиот XIX век, може да се забележат и промени во социјалните и културните навики на живеење на населението во градовите на Македонија во рамките на Осман-

[501] Исто, стр. 7.

[502] Bilal Eryılmaz, Osmanlı Devletinde Gayrimüslim Tebanın Yönetimi, Risale Basın-Yayın 2 Baskı-Mart, İstanbul, 1996, стр. 95.

[503] Mehmet İnbaş, The City of Skopje and its Demographic Structure in the 19th Century, Atatürk University, Faculty of Sciences and Arts, Department of History, Erzurum, 2008, стр. 292.

[504] Kemal H. Karpat, Studies on Ottoman Social and Political History, Selected Articles and Essay, Volum 81, Brril-Laiden-Boston-Koln, 2002, стр. 364.

лиската Империја. Состојбата и позициите на Евреите во градовите на Македонија, до објавувањето на Танзиматот, не биле премногу истакнати во клучните позиции на државата. Како заклучок во врска со нивната положба во наведениот период, можно е да се истакне, дека сеферадите и ашкеназите не биле во хармонична соработка. Генерално гледано помеѓу високо образовното ниво на сефардите, наспроти хомогеноста на ашкеназите поради преживеаните прогонства во Средна Европа, не дошло до заедничка кординација како две еврејски групи.[505] Од друга страна, силната фамилијарна и локална солидарност на Евреите во градовите им овозможувала опстанување и интегрирање со другите верски групи. Настанатите природни катастрофи, пожари и други елементарни непогоди, кои настанувале во градот Солун, како и некои посебности во нивниот начин на живеење, Евреите ги ориентира да се сместуваат и во муслимански маала. Тоа им овозможувало да воспоставуваат еден непосреден: културен, економски и социјален контакт со другите верски структури и заедници.[506] Кон средината на XVII век, поради настанатата состојба во врска со активноста на Себатај Цеви, на Евреите им се овозможило во градот Солун да ги реорганизираат и форсираат своите верски структури против настаните поврзани со идеологијата на Сабатај Цеви. За да ги одбегнуваат негативните дејствија на настанатата ситуација со наведениот еврејски идеолог, од страна на државата, им се дозволило на еврејските првенци во Солун, како што биле: Хајим Абрахам Перахија, Мосес Хајим Сабетај и Јакоб де Ботон да бидат именувани во управните структури на градот.[507] Но, во текот на втората половина од XIX век, супериорната позиција и функција на хахамите, била израмнета со другите Евреи управители, кои биле избрани во разни управно-администартивни позиции на државата. Евреите за потребите и функционалноста на своите верски потреби, од своја страна ги избирале своите комитети од редовите на нивните верници. Овие комитети имале свои претставници од трите социјалноекономски слоеви на Евреите во споменатиот град. Од друга страна, како центар за собирање на Евреите, биле нивните сакрални места, кои се нарекувале „хаври“.

Интересно е да се нагласи дека Евреите во градовите, своите правни прашања ги решавале и во државните правни органи (исламски судници), а најмногу споменуван судски процес бил водењето на спорови за решавање на трговски и имотни прашања на Евреите.[508] Од историските сознанија можно

[505] Özgür Kolçak, Osmanlılarda Bir Küçük Sanayi Örneği Selanik Çuha Dokumacılığı (1500-1650), İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü Tarih Anabilim Dalı, Yüksek Lisans Tezi, İstanbul, 2005, стр. 28.
[506] Özgür Kolçak, Osmanlılarda Bir Küçük Sanayi Örneği Selanik Çuha Dokumacılığı (1500-1650)“ стр. 29-30.
[507] J. Nehama, “The Jews of Salonika in the Ottoman Period”, The Sephardi Heritage II: The Western Sephardim, ed. Richard Barnett, Walter Schwab, Grendon, Gibrulter Books, 1989, стр. 203- 204.
[508] Joseph R. Hacker, “Jewish Autonomy in the Ottoman Empire: Its Scope and Limits. Jewish Courts from the Sixteenth to the Eighteenth Centuries”, The Jews of the Ottoman Empire, ed. Avigdor Levy, Princeton, The Darwin Press, Inc., 1994, стр. 153-202.

е да се види дека за решавање на финансиските прашања помеѓу државата и верската структура, органите на централната власт на Османлиската Империја, по обичај за споменатата проблематика се консултирале со избраните претставници од страна на Евреите и нив им биле доделувани титули како „џемаатбашии, ќехаји или кетхуди“.[509] Исто така, за собирање на даноците биле именувани лица од редовите на Евреите, но тука треба да се наведе и регистрира фактот дека наспроти другите даночни политики практикувани посебно за немуслиманскиот народ, во даночната политика на Османлиската Империја постоел данок под назив „рав акџе“ кој што се земал само од Евреите, со намена за нивно управување од службено лице од еврејско потекло. Според историските сознанија овие даноци во градот Солун биле применувани и спроведувани под имињата „пеша“ и „габела“.[510] Истата даночна положба ја имале и христијаните во градовите на Македонија, како составен дел во рамките на Османлиската Империја. Христијанското население во градот Солун, како и во останатите населени места, било организирано според законски норми на османлискиот управноадминистративен систем.

Покрај другото, христијанската заедница, во Солун се наоѓала под непосредна контрола на митрополитот и била управувана од страна на советодавното тело. Исто така, треба да се нагласи и фактот, дека во наведеното тело членувале и локалните христијански аристократи.[511] Телото било формирано преку избори, кои се одржувале еднаш годишно, а една од главните задачи на ова тело било собирање на данокот од редовите на христијанската заедница. Истиот орган се занимавал, исто така, и со другите, општи и поединечни потреби на наведената заедница, како што биле: здравството, образованието, трговијата, комуналиите, кириите, закупите и сл.

Христијанската заедница во Солун како и во Битола имала и свои школи, кои биле поделени во разни категории. Школите се наоѓале под непосредна контрола на црквите, но со текот на времето, религиозните школи започнале да се трансформират во национални образовни институции.[512] Овие школи биле класифицирани како: основни, средни, стручни и високи школи. Со воведување на новите реформи во образованието, во текот на 1869 година, во содржината на „Генералното образовно низамнаме“ (Maarifi Umumiye Nizamnamesi), врз основа на членовите 3, 13, 33 и 42, според законот на Османлис-

[509] Поопширно за релациите помеѓу Османлиската држава и управителите на Евреите: Leah Bornstein-Makovetsky, “Jewish Lay Leadership and Ottoman Authorities during the Sixteenth and Seventeenth Centuries”, Ottoman and Turkish Jewry: Community and Leadership, ed. Aron Rodrigue, Bloomington, Indiana University, 1992, стр. 87-121.
[510] Özgür Kolçak, Osmanlılarda Bir Küçük Sanayi Örneği Selanik Çuha Dokumacılığı (1500-1650), İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü Tarih Anabilim Dalı, Yüksek Lisans Tezi, İstanbul, 2005, стр. 34.
[511] Prof. Dr. Kemal Chichek, The Great Ottoman, Turkish Civilisation, Volume III, Yeni Turkiye, Ankara, 2000, стр. 421.
[512] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), стр. 166.

ката Империја, дозволено било основање на приватни школи за разните етнички заедници, под законски услов, нивните деца да се школуваат заедно со муслиманските деца.[513]

Паралелно со развојот на социјално-економската положба на христијаните во градовите, сѐ повеќе се преминувало и кон преземање на службени места во управните органи на градовите. До крајот на првата половина на XIX век, христијаните сѐ уште не добивале службени позиции во управно-административниот систем на градовите во Македонија. Но, со новонаправените реформи, посебно со Танзиматот, центрлната османлиска власт направила низа практични промени во начинот на функционирањето на локалната самоуправа.

[513] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), стр. 167.

# 4. СОЦИЈАЛНО-ЕКОНОМСКАТА СТРУКТУРА И ПОЛОЖБА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Социјално-економската положба на населението во градовите на Македонија во рамките на Османлиската Империја, во голема мера била базирана на прашањето: како и од кои материјални извори населението требало да најде начин да преживее. Овие информации можно е да се согледаат од „темметуат дефтерите", кои се однесуваат на разните градови. Според сознанијата од наведените дефтери, во текот на 1844-1845 година, социјално-економската структура во градот Битола била определувана според професиите на целокупното население. За да се направи јасна слика и претстава во врска со дефинирањето на спомenатата структура, од страна службените власти била направена класификација на 11 професионални дејности во градот и тие биле следните: еснаф за производство и продажба; еснаф за услужни работи, работници, земјоделство и сточарство, како и еснафи за производство и продажба на прехранбени материјали, потоа продавачи и трговци, транспорт, градежништво, службеници, невработени и лица без професии, како и останати занаети и професии.[514] Од вкупниот број на 33 маала во градот Битола, најголемиот број на домаќинствата биле со занаетчиско потекло, а сточарството и земјоделството биле развиени во провинцијалниот дел на Битола.

Доколку се направи процентуално рангирање на професиите, може да се добие следната слика: еснафот за производство и продажба бил застапен со 49.42%; еснафот за услужи работи со 25.02%; работници и услуги со 24.40%, бројот на еснафот за произвоство и продажба на материјали изнесувал 1.168 членови.[515] Според историските сознанија, во градот Битола, генерално гледано, во секторот за производство на текстил и ткаење, доминирале христијаните со 409 лица (65.65%); муслиманското население било рангирано на второто место со 147 лица (23.59%); Евреите на трето место со 56 лица (8.98%) и Киптите или Ромите со 11 лица (1.76%). Според претходните сознанија, можно е

[514] Safet Alimovski, Temettüat Defterlerine Göre Manastır Merkez Kazasının Sosyo – Ekonomik Durumu, стр. 13.
[515] Исто, стр. 16.

да се констатира дека различните професии во Битола биле разделени според нивниот религиозен карактер. Исто така, треба да се нагласи дека земјоделството играло голема улога во формирањето на капиталот на градот, а селското население главно се занимавало со производните дејности поврзани со земјоделството.

Кон крајот на XIX век вкупниот број на земјиштето во рамките на Битолскиот вилает поделено по парцели, изнесувало 2.673.312 хектари.[516] Главните земјоделски продукти биле: пченката, пченицата, ’ржта, јачменот, овесот, ленот, конопот, како и разни зрнести производи како што биле: просото, гравот, сусамот, наутот, леќата, баклата, компирите; потоа тутунот, памукот, свилата и др.[517] Еден од најголемите приходи на Битолскиот вилает бил од добитокот. Од добитокот се користело: месото, млечните производи, кожата, волната и.т.н. Млечните производи како сирењето, млекото и маслото биле користени само за задоволувањето на потребите на внатрешниот пазар на градот Битола.[518] Исто така, стока била извезувана и во европските држави. Според сознанијата на францускиот патописец Емил Лавеље од 1886 година, во врска со неговите патувања во Битола, тој забележал дека коњи, крави и друг вид стока биле подготвени за извоз на пазарот во европските држави.[519] Битола и околијата биле познати и по своите лозарство и овоштарство. Според сознанијата, регистрирани од страна на официјалните османлиски статистики, во текот на 1898 година, во споменатиот град, приходите од лозарството и овошарството се остварувале од околу 335.628 хектари и наведената бројка не била изменета сè до 1905 година. Лозарството во околината на Битола ги пополнувало потребите за населението од лозјата и од друга страна придонесувало во произвоството на вино, со просечен капацитет од 2.500.000 кг. Во Битола биле одгледувани производи на овоштарство и тие биле следните: јаболка, цреша, орев, костен, бадеми, праска, кајсија, црница и др.[520]

Како значаен фактор за добрата состојба на трговијата во врса со градот Битола била и поврзаноста на Битолскиот вилает со железничките патишта на Солунскиот вилает. Во текот на првата половина на XIX век нагло се развил и трговкиот капацитет на градот Битола.[521] Градот во индустриското производство, исто така, ја играл главната улога, односно најголемите индустриски производи како: бакарот, ткаењето, кујумџиството, како и производи од сребро, потоа челични јажиња и производи од челикот биле произведувани во на-

[516] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), стр. 28.
[517] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 29.
[518] Tüccarzade İbrahim Hilmi, Devlet-i Aliyye-i Osmaniyye’nin Ahval-i Coğrafya ve İstatistikiyesi, İstanbul, 1323, стр. 50.
[519] Исто, стр. 52.
[520]
[521]

вeдениот град. Со други зборови кажано, во текот на XIX век, во Македонија започнала првата фазата од формирањето на модерната индустрија, која траела сè до започнување на Балканските војни.

Според исцрпните и богати податоци од „Темеддуатските дефтери" за даноци, кои се однесуваат на градот Скопје за 1844 година, вкупниот број на приходи изнесувал 13.145.376 грошеви. Од овие приходи, сума од 9.944. 948 грошеви била добиена од професионалните приходи; 1.294.258 од земјоделството; 252.225 од сточарството; 122.731 од заеми и 422.103 од други приходи. Всушност, од другите приходи се подразбирале приходите земани од камата, од неопределени извори, партнерство и трговија.[522]

Доколку се направи анализа во врска со вкупните суми на добиени приходи, според верската припадност на населението, објективно гледано, ќе се добијат следните информации: муслиманите добиле 1.051.000 грошеви, немуслиманите 1.054.000, муслиманите Киптии или Роми 474.000., зиммите 1.193. 000 и Евреите 1.257.000 грошеви.

*Табела бр. 04. Класификација на дејностите во градот Скопје од 1844 година*[523]

| Професија | Домаќинства | Процент |
|---|---|---|
| **Земјоделство** | 387 | 16 % |
| **Работници** | 213 | 10 % |
| **Трговија и индустрија** | 1.148 | 47 % |
| **Службеници** | 449 | 19 % |
| **Без професија** | 195 | 8 % |

Според наведените дефтери, кои се однесуваат на градот Скопје, во текот на 1844 година, производството на земјоделски продукти изразено во проценти бил следниот: производството на пченка изнесувало 1.90%, при што од вкупната количина на производство 39.7 % биле произведени во маалото Топхане и 25.6% биле произведени во маалото Хараџи.

Производството на пченица изнесувало 44.5 % и истото било произведено во маалото Топхане; по него следувало маалото Гази Ментеш со 12.9% и на трето место доаѓало маалото Хараџџи Селахаттин со 12.2% проценти. Производството на јачмен во градот на Скопје се наоѓало на понисоко ниво. Исто така, вкупно се произведувало и 17.410 кг. јачмен, односно маалото Топхане го заземало првото место за производство на јачмен. Производството на ’рж било во мала количина и тоа во маалата Топхане и Гази Искендер.[524]

522 Emine Gül, XIX Yüzyılda Makedonya ve Üsküb Kazası ( Maliye Nezareti Temettuat Defterlerine Göre 1260/1844)ö Yüksek Lisans Tezi, İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisat Fakültesi, Türk İktisat Tarihi Anabilim Dalı, Tez no: 176223, İstanbul, 1999, стр. 29.

523 Ahmet Hamdi Furat, Temettüat Defterlerine Göre Üsküb'ün Sosyal ve Ekonomik Tarihi, T.C. İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, Tarih Anabilim Dalı, İstanbul, 2001, стр. 36.

524 Emine Gül, XIX Yüzyılda Makedonya ve Üsküb Kazası ( Maliye Nezareti Temettuat Defterlerine

Одржувањето и исполнувањето на сточарското производство, од своја страна, придонесувало за приход од 252.225 гроша за одржување на потребите на градот. Сточарството било најмногу развиено во следните маала на градот Скопје: Хараџ Селахудин, Топхане, Гази Ментеш, Дер Џарши, Емин Хоџа, Хоџа Шемси и Јахудијан (Евреин).[525]

Памукот и тутунот биле најважните две култури што во текот на неколку децении биле произведувани во градот Солун. Бидејќи Османлиската Империја не обрнувала премногу внимание на производството на памукот и тутунот во неколку вилаети, таквата состојба го насочило градот Солун кон епицентарот на споменатите производи за извоз на европските пазари. Во регионот на Солун и Солунско, скоро 8.3% од земјиштето било користено само за производство на споменатите индустриски култури. Памукот кој бил произведуван се користел за внатрешни пазари, а од градот Солун бил извезуван преку Белград, Русчук и Нигболи во Австрија.[526]

Во градот Солун производството на наведените индустриски производи изнесувал околу 1/5 од другите вилаети.[527] Локалните производители на памук, при крајот на 1850 година, започнале да се професионализираат и од своја страна ги формирале првите фабрики за производство на памучни ткаенини. Со таквиот зафат, солунските фабрики стапиле во конкуренција со европските, а посебно со англиските произведители.[528] Исто така и тутунот бил еден од производите што бил изработуван во Скопје и Солун. Најмногу производството било изразено во Скопје; а потоа следува тутунот произведуван во Ениџе Вардар, кој бил еден од најквалитетните, најпопуларните и најбараните тутуни во Европа.

Според многубројните истражувачи, во текот на XIX век, генералната економска состојба на Македонија не се одвивала со забрзано темпо. Како главни причини за тоа, од една страна, била лошата состојба во продуктивноста на производството на волна, памук и тутун, а од друга страна, започнатите револтирања од страна на европските држави против Османлиската Империја во текот на 1821 година. Поради настанатата и наведена состојба, големите странски и дел од домашните инвеститори и трговци веќе започнале да ја напуштаат територијата на Османлиската Империја, посебно во периодот кога европските сили започнале со прекинот на своето инвестирање.[529]

Göre 1260/1844), стр. 46.

525 Исто, стр. 48.

526 Bruce McGowan, ''Ayanlar Çağı 1699-1812'', Osmanlı Imparatorluğu'nun Ekonomik Sosyal Tarihi, Ed. Halil İnalcık, Donald Quataert, Çev. Ayşe Berktay, Subhan Andıç, Serdar Alper, İstanbul, Eren Yay., C.II, 2004, стр. 860.

527 Güran, Tevfik: 19.Yüzyıl Osmanlı Tarımı, İstanbul, Eren Yay., 1998, стр. 78.

528 Anastassıadou, Meropi: Tanzimat Çağında Bir Osmanlı Şehri: Selanik, İstanbul, Tarih Vakfı Yurt Yay., 2001, стр. 93

529 Selahattin Bayram, Osmanlı Döneminde Selanik Limanı:1869-1912, T.C. İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, İktisat Anablim Dalı, İktisat Tarihi Bilim Dalı, Dokotora Tezi, İstanbul,

# 5. УРБАНИТЕ И ГРАДЕЖНИТЕ ПРОМЕНИ

Од првите децении на формирањето на Османлиската Империја, па сè до крајот на нејзиното владеење со Македонија, најголема улога одиграле изградените османлиски објекти, како што биле: караван сараите, безистените, ановите, диваните, конаците и разните видови на верски објекти, како резултат и последица на ширењето на исламската култура и цивилизација на територијата на Македонија, непосредно поврзана со развојот на градовите во рамките на османлиската култура и цивилизација.

Наведените градежни објекти од верски, световен или друг карактер биле водечки фактори во одржувањето и развивањето на градовите во Македонија во рамките на Османлиската Империјата. Генерално, околу една џамија биле лоцирани медресите или местото каде било готвено јадење; притоа имало отворено и гостилница: болница, ан, амам, како и каравансараји, кои во развојот, функционирањето и формирањето на еден одреден османлиски класичен град ја играле најбитната улога во формирањето на исламската култура и цивилизација.[530] Во тој случај гледано, можно е да се наведе и фактот дека во формирањето на наведените ориентални исламски објекти, не играла улога само изградбата и издржувањето на градовите. Изградбата на наведените објекти, во текот на освојувањето на споменатите градови, а исто така играло улога и за олеснување при сместувањето на турското население донесено од пределите на Анадолија. Во текот на освојувањето на територијата на Македонија од страна на Османлиската Империја изградените џамии, теќиња и завии, од своја страна, ја олеснувале работата при сместувањето и адаптирањето на донесеното османлиско население во новите територии.[531]

Според сознанијата од содржината на османлиските историски извори, во рамките на Битолскиот санџак, во текот на 1875 година, имало многубројни религиозни објекти,[532] кои се однесувале како на муслиманите, исто така и на

2009, стр. 40.

[530] Ömer Kul, XV-XVI. Asırlarda Köprülü Kazası (1453-1544), Yüksek Lisans Tezi, Yüzüncü Yıl Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü Tarih Anabilim Dalı, Van, 2000, стр. 69.

[531] Исто, стр. 69.

[532] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. On-

христијанските и еврејските верници. Според регистрираните официјални османлиски статистики тие биле следните:

*Верските објекти во составот на Битолскиот санџак од 1875 година*

| Кази и нахии | Џамии | Теќиња | Цркви | Хаври |
|---|---|---|---|---|
| **Центар** | 45 | 15 | 2 | 2 |
| **Нахијата Ресен** | 2 | | 2 | |
| **Горица** | 3 | 2 | 3 | |
| **Нахијата Биглиште** | 4 | 1 | | |
| **Нахијата Опар** | 1 | | | |
| **Прилеп** | 20 | | 3 | |
| **Охрид** | 21 | 10 | 14 | |
| **Костур** | 6 | 7 | 45 | 1 |
| **Нахијата Орпеш** | 5 | | 1 | |
| **Кожани** | | 2 | 12 | |
| **Населич** | 6 | 4 | 1 | |
| **Лерин** | 4 | | 1 | |
| **Серфиџе** | 6 | 1 | 1 | |
| **Кичево** | 2 | 1 | | |
| **Старова** | 3 | 1 | 1 | |
| **Колоња** | 1 | | | |
| **Вкупно** | 119 | 44 | 86 | 3 |

Според горенаведените статистички состојби, објективно гледано, можно е да се констатира, дека во текот на 1875 година во Битолскиот санџак имало вкупно:119 џамии, 44 теќиња, 86 цркви и 3 хаври. Но, според истите статистички сознанија, кои се однесуваат на следната 1876 година, во споменатиот санџак имало измени, односно се наведуваат податоци, дека имало 118 џамии.[533]

Според редоследот од содржината на претходните и релевантни сознанија од 1875 година, во рамките на Дебарскиот санџак, заедно со неговите кази постоеле следните верски објекти:[534]

dokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 102.

[533] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), стр. 102-103.

[534] Исто, стр. 104.

| Име на каза | Џамии | Теќиња | Цркви | Хаври |
|---|---|---|---|---|
| **Централна каза** | 8 | | | |
| **Дебар** | 3 | | | |
| **Мат** | 1 | | | |
| **Елбасан** | 54 | | | |
| **Вкупно** | 64 | | | |

Во текот на 1875 година, бројната состојба на верските објекти во Скопскиот санџак била следната:

| Име на каза | Џамии | Теќиња | Цркви | Хаври |
|---|---|---|---|---|
| **Централна каза** | 30 | | | 5 |
| **Куманово** | 2 | | 1 | |
| **Штип** | 5 | 9 | 3 | |
| **Крива Паланка** | 2 | | | |
| **Радовиш** | 6 | 2 | 1 | |
| **Кочани** | 3 | | | |
| **Кратово** | 5 | | | |
| **Вкупно** | 53 | 11 | 5 | 5 |

Во однос на бројната состојба, во врска со дефинирањето на верските објекти во Скопскиот санџак немало измени, но според сознанијата од 1876 година, можно е да се забележи и констатира дека имало намалување во бројот на хаврите, односно имало една хавра помалку.[535]

Според начелните сознанијата за 1875 година, може да се види целокупната состојба на Битолскиот вилает во врска со религиозните објекти.[536]

535 Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), стр. 105.
536 Исто, стр. 106.

Таа била следната:

| **Санџаци** | **Кази и нахии** | **Џамии и месџиди** | **Теќиња** | **Цркви** | **Хаври** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Битолски санџак** | Центар каза | 90 | 5 | 150 | 3 |
| | Демир Хисар | 8 | | 20 | |
| | Крушево | 1 | | 20 | |
| | Ресен | 8 | | 29 | |
| | Преспа | 5 | 1 | 32 | |
| | Лерин | 25 | 2 | 35 | |
| | Рудник | 10 | | 10 | |
| | Прилеп | 35 | 1 | 88 | |
| | Мариово | | | 23 | |
| | Кичево | 24 | 5 | 61 | |
| | Охрид | 21 | 2 | 52 | |
| | Старова | 3 | 1 | 17 | |
| | Дебар | 1 | | 17 | |
| **Горица** | Казата Горица | 45 | 4 | 71 | |
| | Биглиште | 30 | 6 | 22 | |
| | Опар | 10 | 1 | 23 | |
| | Костур | 28 | 3 | 142 | 1 |
| | Крупиште | 13 | 1 | 46 | |
| | Старова | 57 | | 10 | |
| | Колоња | 4 | 2 | 12 | |
| **Дебар** | Дебарска каза | 32 | 27 | 1 | |
| | Река | 6 | | 2 | |
| | Дебари Зу | 6 | 7 | | |
| | Мат | 5 | | | |
| **Вкупно** | | 467 | 69 | 837 | 4 |

Целокупната состојба на верските објекти во рамките на Битолскиот вилает, почнувајќи од 1875 до 1878 година, според логиката на историските сознанија и непосредни настани изнесувала: 652 џамии, 82 теќиња, 874 цркви и 14 хаври, информациите се следните прикажани на табелата што следи:[537]

[537] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 107.

| Години | Џамии | Теќиња | Цркви | Хаври |
|---|---|---|---|---|
| 1875 | 504 | 57 | 116 | 9 |
| 1876 | 339 | 71 | 57 | 5 |
| 1877 | 652 | 82 | 874 | 14 |

Врз основа на сознанијата од горенаведените статистички извори, во текот на 1875 година, вкупниот бројот на џамии изнесувал 504, од кои 104 се наоѓале во составот на Призренскиот санџак, 64 во Дебарскиот, 53 во Скопскиот и 164 во Елбасанскиот санџак. Во 1876 година, во рамките на наведениот вилает, бројот на џамиите изнесувал 339. Во однос на 1875 година бројот на џамиите не бил намален, бидејќи вилаетот Шкодра бил организиран како посебен вилает и одделен од рамките Битолскиот вилает. Во текот на 1905 година, бројот на верските објекти во Централната каза на градот Битола бил следниот: 15 месџиди, 6 теќиња, 6 цркви, 6 хаври и 22 џамии.[538]Според сознанијата на авторот М. Унлу, како најважни џамии, кои активно работеле во градот Битола, може да се набројат следните:

1. Исхакије џамија: нејзин основач бил Исхак ефенди од Египет, а изградена била во 1508 година, во времето на султанот Бајазид II.
2. Муфти џамија: изградена била во 1505 година, од страна на таткото на Исхак ефенди, Иса ефенди.
3. Јени џамија: изградена од страна на Кади Махмуд ефенди во 1558 година. Оваа џамија била заокружена со неговите вакафски дуќани, анот и хотели.
4. Хајдар Кади џамија: изградена била од страна на Хајдар ефенди во 1561 година. Нејзината локација се наоѓала во маалото Караоглан, заедно со неговите вакафски дуќани и анови.
5. Коџа Кади џамија: била лоцирана во близината на Јени амам и истата била изградена од страна на Ахмед ефенди во 1529 година.
6. Хаџи Бег џамија: изградена била на улицата која се наоѓала во близина на Коњскиот пазар во 1521 година, од страна на Хаџи Махмуд ефендија. За одржувањето на оваа џамија завештани биле 30.000 акчиња, 10 дуќани и 10 вакуфски домаќинства.
7. Ески џамија: овој верски објект бил трансформиран од една стара црква во џамија и бил изграден од страна на Сунгур Џавуш во текот на 1473 година.

[538] Исто, стр. 108.

Според сознанијата на истражувачот Ш. Албохер, во 1880 година, во градот Битола постоеле околу 9 синагоги, меѓу кои најголемата била лоцирана во „Португалскиот и Арагонскиот комунитет". Тие синагоги биле следните:

- Стара Португалска.
- Арагон изградена од страна на семејството Камџи.
- Џевра Кадиша.
- Јитсак Леви.
- Шломо Левј.
- Јеџиел Левиј.
- Аруести.
- За млади и деца
- Синагога изградена во специјален дел на судницата.

Од страна на странските патеписци што доаѓале во градот Битола, синагогите на Евреите биле опишувани како градби со вкупно три столбови, составени во еден дел кој ја прицврстувал внатрешноста на објектот и 20 величенствени куполи составени во покривот, притоа, давајќи му на објектот лик на џамија или на амам.[539]

Според на одредени историски сознанија и во градот Велес постоеле одреден број исламски верски објекти и тоа џамиите изградени од страна на: Алаудин бег, Хаџи Аџмед бег, Хаџи Хусрев, Хаџи Ибрахим, Ќопрулузаде Мустафа бег, Месих бег и џамијата на Султан Мехмед. Поред наведените џамии, во градот Велес постоеле уште една медреса и две мектеби, а тие биле следните: медресата на Хаџи Мехмед, мектебата на Ахмед ага и мектебата на Хаџи Хусрев.[540] Според сознанијата на познатиот османлиски патописец Евлија Челебија, во Велес имало еден хамам и мал ан; додека според авторот Ш. Сами, во составот на Велешката каза имало вкупно 32 анови и еден амам.[541]

Сите најважни верски и социјално-културни објекти изградени во градовите, поточно во рамките на разните временски периоди во Македонија, како составен дел на Османлиската Империја, кои играле важна улога во процесот на исламизација и ширењето на исламската култура и цивилизација биле следните:

539 Shlomo Alboher, The Jews of Monastir Macedonia The Life and Times of the Depared Jewish Community of Bitola, Translated from Hebrew by Eliezer E. Cohen, Israel-Jerusalem, 2009, стр. 36.
540 Ömer Kul, XV-XVI. Asırlarda Köprülü Kazası (1453-1544), Yüksek Lisans Tezi, Yüzüncü Yıl Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü Tarih Anabilim Dalı, Van, 2000, стр. 71.
541 Исто, стр. 72.

1. Џамијата на Паша Јигит во Скопје: за точната дата кога била изградена, не се поседуваат точни информации, но според вакафнамата на Исхак бег од 1445 година, покрај другото, споменато било и името на оваа џамија.
2. Џамијата на султанот Бајазит I Јилдирим: изградена во 1396 година во градот Кичево. Наведената џамија имала претрпено низа реставрации во разни временски периоди и тоа: во 1922, 1934 и 1985 година.
3. Џамијата на Сунгур Џавуш бег: изградена во времето на султанот Мурад II (14211451) во градот Битола, од страна на Сунгур Џавуш бег.
4. Џамијата на Султанот Мурад II: изградена во 1436/37 година, во градот Скопје. Според сознанијата од познатиот патописец Евлија Челеби, џамијата била именувана како „Хункар“ џамија. Имала претрпено низа реставрации во различни временски периоди и тоа: во текот на 1537/38, 1539, 1542, 1689 и 1712 година.
5. Џамијата на Исхак бег во Скопје: изградена во 1438 година, од страна на Исхак бег. Оваа џамија во средината на муслиманското население во Македонија и посебно во градот Скопје сè уште е позната како „Џамии атик“ или „Стара џамија“.
6. Џамијата на Кебир Мехмед Џелеби: според сознанијата од вакафнамата, оваа џамија била изградена во 1469 година, од страна на Кебир Мехмед Џелеби. Исто така, треба да се нагласи дека биле изградени уште две џамми со истото име во градовите Скопје и Тетово.
7. Чарши џамија во Прилеп: изградена во 1475 година и претставувала еден од најстарите комплекси во градот.
8. Џамијата на Иса бег во Скопје: изградена во 1475 година, од страна на Иса бег, синот на Исхак бег кој бил син на Јигит паша.
9. Џамијата на Синануддин Јусуф Џелебија во Охрид: изградена во 1491 година, од страна на Синанудин Јусуф Џелеби.
10. Џамијата на Мустафа паша во Скопје: изградена во 1492 година, од страна на везирот Мустафа паша.
11. Џамијата Бурмали во Скопје: изградена во 1495 година. Според сознанијата на познатиот османлиски патописец Евлија Челеби, наведената џамија била именувана и како „Карлизаде џамија“.
12. Џамијата Алаџа во Тетово: нејзината прва изградба била во 1495 година, а во 1833 година била реставрирана од страна на Абдураман паша. Оваа џамија се идентикува и со името „Паша џамија“.
13. Џамијата Јахја Паша во Скопје: изградена во 1503 година, од страна на Јахјапаша кој извршувал разни државни функции и тоа: санџакбег, беглербег на Румелија и везир.
14. Џамијата Муфти Шериф во Битола: изградена во 1505-1506 година, во маалото „Муфти мејдан“, од страна на Иса Факих.

15. Џамијата Исхакије во Битола: изградена во 1508 година, од страна на Исхак ефенди.
16. Џамијата Хаџи Шериф бег во Битола: изградена во текот на 1521-1522 година, од страна на Хаџи Махмуд бег.
17. Џамијата Коџа Кади во Битола: изградена во 1529-1530 година, од страна на кадијата Ахмед ефенди. Оваа џамија била именувана и како „Големиот свет кадија".
18. Џамијата Татар Синан во Куманово: изградена во 1532 година, од страна на Татар Синан бег.
19. Џамијата Дуќанџик во Скопје: Точниот датум на изградбата на ова џамија сѐ уште не се знае, но според сознанијата била изградена од страна на Медени Хоџа или Мевлана Муслихудин Абдел Гани.
20. Џамијата Јани во Битола: се наоѓа во центарот на градот изградена била во текот на 1558-1559 година, од страна на Кади Махмуд ефенди. Според сознанијата на патописецот Евлија Челебија, од страна на османлиските поети била именувана како „Лалели џамија".
21. Џамијата Хајдар во Битола: изградена во текот на 1562-63 година, во маалото „Караоглан", од страна на Кади Хајдар.
22. Џамијата Хусам Паша во Штип: изградено во текот на XV/XVI век.

Според сознанијата на познатиот османлиски патописец Евлија Челебија[542] бројот на верските објекти во градовите на Македонија бил следен:

[542] Lutfi Nedzipi, XV-XVI Yüzyıllarında Makedonyada Kültür ve Medeniyet, Yüksek Lisans Tezi, İstanbul, 2006, стр, 55.

| Град | Број на верски објекти | Број на џамии | Број на месџиди | Најпопуларни џамии | Најпопуларни месџиди |
|---|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 120 | 45 | 75 | Султан Мурад<br>Јахјапаша<br>Мустафапаша<br>Карлизаде<br>Исхакбег<br>Исабег | Исабег<br>Исхакбег<br>Кепенкџи |
| **Кратово** | 20 | 1 | | | |
| **Крива Паланка** | 51 | 1 | 50 | | |
| **Битола** | 70 | | | Исхак ефенди<br>Махмуд Ефенди<br>Гази Хајдарпаша<br>Хаџибег<br>Џавушбег | |
| **Штип** | 48 | 24 | 24 | Фетхије<br>Мурад Хан<br>Хусампаша<br>Адли ефенди<br>Ахмедпаша<br>Шехре Кусту<br>Кадин Ана | Араста<br>Табакхане<br>Ханиџимесџид<br>Орта<br>Сеџе<br>Карадаки<br>Синанбег |
| **Охрид** | 34 | 17 | 17 | Охризаде<br>Хаџи Касим<br>Текке<br>Кулогли<br>Хајдарпаша<br>Зулмије<br>Хунќар<br>Хаџи Хамза<br>Ајасофија | Искендербег<br>Гоџибег<br>Џарши<br>Џинарли<br>Кара Хоџа |
| **Струга** | 4 | 1 | 3 | Охрузаде | |
| **Ресен** | 2 | 2 | | Рамазанбег<br>Хаџи Мурад | |
| **Тиквеш** | 5 | 3 | 2 | | |
| **Валандово** | 2 | 1 | 1 | | |
| **Куманово** | 1 | 1 | | | |

За развојот и ширењето на исламската култура и цивилизија, исто така, голема улога одиграле и изградените теќиња и завии во Македонија, како составен дел на Османлиската Империја. Според сознанијата, првото теќе во Македонија било изградено од страна на Сунгур Чауш во 1435 година. Во неговата близина исто изградени 5 воденици, 10 дуќани, еден лозарник и едно цело село влегувало во сопственост на вакафот од теќето.[543] Според историските сознанија тие биле следните:

1. Завието на Исхак бег.
2. Завието на Исхак Џелеби.
3. Завието на Мехмедпаша од Качаник.
4. Завието на Иса бег Ханиќахи.
5. Теќето на Ипликчи Хасан ефенди.
6. Теќето на Емир Хоџа.
7. Теќето на Велијуддин Вардар.
8. Завието на Ајше Хатун.

Според сознанијата на османлискиот патописец Евлија Челеби[544] бројот на теќиња бил следниот:

| Град | Број на теќиња | Најважни теќиња |
|---|---|---|
| **Скопје** | 20 | Локман Хеким<br>Баба Меддах |
| **Куманово** | 1 | |
| **Кратово** | 1 | |
| **Прилеп** | 1 | |
| **Штип** | **7** | **Бали Ефенди<br>Адли Ефенди<br>Емир Џелеби<br>Султан Јукари и ашаги<br>Кадин Анне<br>Теќето во маалото Олук** |
| **Радовиш** | 1 | |
| **Тиквеш** | 1 | |
| **Ресен** | 1 | |

[543] Lutfi Nedzipi, XV-XVI Yüzyıllarında Makedonyada Kültür ve Medeniyet, Yüksek Lisans Tezi, İstanbul, 2006, стр, 57.
[544] Исто, стр. 55.

Амамите во Македонија, кои служеле за одржувањето на хигиената на муслиманите, биле следните:

- Даут Пашин амам во Скопје.
- Дебој амам.
- Шенгул амам (џифте амам) во Скопје.

Според сознанијата на познатиот османлиски патописец Евлија Челебија само во градот Штип имало 7 амами.[545]Од овие најважи биле: Сиан бег, Каракади, Чомлекџизаде и др. До денес во Македонија вкупно има останати три анови. Тие се: Сули ан, Куршумли ан и Капан ан. Споменатите анови најмногу ја вршеле улогата за сместување на стоката од трговците и кираџиите, кои поминувале или престојувале во градовите на Македонија и останатите трговски и занаетчиски центри во Османлиската Империја. Исто така, ановите служеле и за потребите на локалното население и за престојот на странците, трговците патниците, за што се користеле и другите објекти: џамиите, амамите, пазарите и просторите каде се одржувале панаѓурите.[546]

Така на пример, Сули ан заедно со неговите дуќани во Скопската чаршија бил раширен на територија од 2.101м$^2$. На првиот кат имало 27, а на вториот 30 простории. Споменатиот ан, со текот на времето имал претрпено штети и тоа: во 1555 година од земјотрес, како и во 1689 година, кога претрпел големи оштетувања. Еден од поубавите анови во градот Скопје бил и Куршумли хан, кој го привлекол вниманието на патописците, како што бил Евлија Челебија и многу други. Наведениот ан се состоел од два дела: првиот бил наменет за сместување на трговци и нивните стоки, каде имало депо, а вториот бил наменет за други работи, како штали за сместување на добитокот и сл.[547] Меѓу последните зачувани анови во градот Скопје бил Капан ан, кој заедно со неговите дуќани ја збогатувал и видно ја презентирал убавата структура на Скопската чаршија. Во 1963 година, наведениот ан претрпел голема штета од земјотресот во Скопје.

Во Македонија, како составен дел на Османлиската Империја, изградени биле и мостови, кои со својата функционалност и со естетски изглед претставуваат и во најново време ретки убавини. Најпознатите мостови на Балканот во рамки-

[545] Çelebi, Evliya, (Evliya Çelebi b. Derviş Mehemmed Zılli) Seyahatnamesi, V, Topkapı Sarayı Bağdat 307 Yazmasının Transkripsiyonu-Dizini, Hazırlayanlar: Yücel Dağlı, Seyit Ali Kahraman, İbrahim Sezgin, Yapı Kredi Yayınları, İstanbul 2001, VI, Topkapı Sarayı Kütüphanesi Revan 1457 Numaralı Yazmanın Transkripsiyonu-Dizini, Hazırlayanlar: Seyit Ali Kahraman, Yücel Dağlı, İstanbul 2002, VIII, Topkapı Sarayı Kütüphanesi Bağdat 308 Numaralı Yazmanın Transkripsiyonu-Dizini, Hazırlayanlar: Seyit Ali Kahraman, Yücel Dağlı, Robert Dankoff, İstanbul 2003, стр, 302.

[546] Lutfi Nedzipi, XV-XVI Yüzyıllarında Makedonyada Kültür ve Medeniyet, Yüksek Lisans Tezi, İstanbul, 2006, стр, 66.

[547] Lutfi Nedzipi, XV-XVI Yüzyıllarında Makedonyada Kültür ve Medeniyet, Yüksek Lisans Tezi, İstanbul, 2006, стр, 67.

те на Османлиската Империја, биле направени од страна на најпознатиот османлиски архитект „Мимар Синан, изградени на Балканот“.[548] Каменоиот мост на реката Вардар и мостот на Хусејин Шах во близината на Истанбул биле и останале меѓу познатите мостови изградени на огромната територијата на Османлиската Империја.

Врз основа на наведените сознанија и оценки, можно е да се констатира и заклучи, дека во разгледаниот временски период од историските настани во Македонија и останатите области на Османлиската Империја, за развојот и одржувањето на градовите, биле изградени многубројни верски, световни, културно-просветни и останати видови објекти, кои останале да функционираат сѐ до денес.

[548] Исто, стр. 69.

# 4 ПРЕГЛЕД НА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ГРАДОВИТЕ НА МАКЕДОНИЈА КОН КРАЈОТ НА XIX ВЕК

# 1. КОСОВСКИОТ ВИЛАЕТ

Во текот на 1871 година, според новиот закон за управување со вилаетите (İdarei Vilayet Kanunu), кој бил донесен во рамките на Османлиската Империја, организиран бил и Косовскиот вилает. Притоа, треба да се нагласи, дека уште пред 1877-78 година, заедно со градовите Софија, Ниш и Приштина бил формиран наведениот вилает.[549] Но, по завршувањето на „Берлинската конференција" во 1879 година, со центар на градот Приштина бил формиран Косовскиот вилает во кој влегувала територија од вкупно 32.000 км$^2$. Во текот на 1877 година, наведениот вилает се состоел од вкупно 7 санџаци со седишта во следните градови: Приштина, Призрен, Скопје, Ниш, Пеќ, Нови Пазар и Дебар. Наведените санџаци се состоеле од 27 кази, 8 нахии и 1.400 села.[550]

За статистичките податоци на населението во Косовскиот вилает, може да се наведе, дека постојат многубројни статистички податоци, посебно од втората половина на XIX век, па сѐ до крајот на турското владеење на Балканот и во Македонија. Овие статистички податоци се приложени во форма на табели и тие се следните:

549 Mucize Ünlü, Kosova Vilayeti'nin İdari ve Sosoyal Yapısı (1877-1912), 31; Д.Ѓоргиев, Административната структура на Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает во втората половина на XIX век, МАНУ, Прилози, Одделение за општетсвени науки, XVI., 1-2, Скопје, 2001, стр, 171.
550 Mucize Unlu, Kosova Vilayeti`nin Idari ve Sosoyal Yapasi (1877-1912), стр, 36.

*Табела бр. 01. Населението на Косовскиот вилает во 1878 година*[551]

| Санџаци | Население |
|---|---|
| **Приштина** | 121.890 |
| **Призрен** | 117.071 |
| **Скопје** | 104.123 |
| **Нови Пазар** | 131.488 |
| **Ниш** | 143.814 |
| **Ташлиџа** | 93.241 |
| **Дебар** | 187.145 |
| **Вкупно** | 898.772 |

Во текот на 1878-79 година, според историските сознанија и оценки, забележано било намалување на населението во Косовскиот вилает, односно во неговите санџаци, кази и нахии.

*Табела бр. 02. Верската определба на населението во Косовскиот вилает во 1878-79 година.*[552]

| Санџак | Каза | Муслимани | Христијани | Евреи | Киптии |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПРИШТИНА** | Приштина | 13.575 | 4.686 | 50 | 1.272 |
| | Пеќ | 9.981 | 8.527 | | 1.025 |
| | Вучитрн | 6.955 | 3.271 | | 413 |
| | Ѓилани | 12.544 | 11.607 | | 1.216 |
| | Вкупно | **43.055** | **28.091** | **50** | **3.926** |
| **СКОПЈЕ** | Скопје | 16.462 | 14.586 | 160 | 307 |
| | Куманово | 5.264 | 14.360 | | 156 |
| | Штип | 11.400 | 10.750 | 260 | 230 |
| | Крива Паланка | 510 | 15.000 | | 267 |
| | Кочани | 239 | 6.205 | | 4.232 |
| | Кратово | 1.037 | 3.287 | | 61 |
| | Вкупно | **43.303** | **67.204** | **420** | **1.620** |
| **ПРИЗРЕН** | Призрен | 30.716 | 7.458 | | 1.778 |
| | Тетово | 22.676 | 12.957 | | 950 |
| | Ѓаковица | 12.553 | 2.757 | | |

551 Canan Çalışkan, Salnamelere Göre Kosova (1879-1900), Master Tezi, T.C. Gazi Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü Yakınçağ Tarihi Anabilim Dalı, Ankara, 2002, стр. 108.
552 Canan Çalışkan, Salnamelere Göre Kosova (1879-1900), Master Tezi, T.C. Gazi Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü Yakınçağ Tarihi Anabilim Dalı, Ankara, 2002, стр. 108.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Љума** | **5.752** | | | **92** |
| | Гусиње | 2.595 | 1.125 | | |
| | Вкупно | **74.292** | **24.292** | | **2.820** |
| **ДЕБАР** | Дебар | 18.500 | 9.500 | | 500 |
| | Елбасан | 41.500 | 2.350 | | |
| | Дебар и зир | 25.000 | 1.500 | | |
| | Мат | 8.170 | | | |
| | Вкупно | **93.170** | **13.350** | | **500** |
| **НОВИ ПАЗАР** | Сјеница | 4.366 | 3.522 | | 22 |
| | Нови Пазар | 35.993 | 17.833 | 88 | |
| | Приепоље | 2.582 | 4.029 | | |
| | Митровица | 2.143 | 1.958 | | |
| | Јениварош | 1.124 | 4.094 | | |
| | Ташлиџе | 3.250 | 3.717 | | |
| | Трговиште | 4.218 | 1.254 | | |
| | Беране | 680 | 150 | | |
| | Ѓаково | 6.661 | 3.522 | | |
| | Мојковац | 4.141 | 633 | | |
| | Вкупно | **45.158** | **38.712** | **88** | **22** |
| **ВКУПНО** | | 298.978 | 187.654 | 558 | 8.888 |
| **ВКУПНИОТ БРОЈ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ВИЛАЕТОТ** | | | | | 469.078 |

Според претходно наведените статистички информации, вкупниот број на населението во Косовскиот вилает изнесувало 469.078 жители. Во вкупниот број на населението имало: 298.978 муслимани, 187.654 христијани, 558 Евреи, а останатиот број од 8.888 биле Роми или Киптии. Според османлиските статистички сознанија, бројот на населението во текот на 1882-83 година изнесувал 316.980 жители.

*Табела бр.03. Населението во Косовскиот вилает во 188283 година.*[553]

| Санџак | Каза | Муслимани | Христијани | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **ПРИШТИНА** | Приштина | 19.905 | 8.353 | 28.258 |
| | Прешево | 8.525 | 7.321 | 19.158 |
| | Вучитрн | 11.734 | 7.424 | 19.158 |
| | Ѓилани | 17.603 | 12.592 | 30.195 |
| | Вкупно | **57.767** | **35.690** | **93.457** |
| **СКОПЈЕ** | Скопје | 17.770 | 16.382 | 34.152 |
| | Куманово | 5.120 | 16.567 | 21.687 |
| | Штип | 12.668 | 12.028 | 24.696 |
| | Крива Паланка | 652 | 15.510 | 11.162 |
| | Кочани | 3.681 | 8.366 | 12.047 |
| | Кратово | 1.113 | 4.341 | 5.454 |
| | Малеш | 1.157 | 4.599 | 5.756 |
| | Виница | 2.278 | 2.210 | 4.488 |
| | Вкупно | **483.543** | **77.754** | **126.657** |
| **Нови Пазар** | Сјеница | 6.486 | 3.997 | 10.483 |
| | Нови Пазар | 9.006 | 7.168 | 16.174 |
| | Ѓаково | 8.389 | 2.888 | 11.277 |
| | Митровица | 2.898 | 1.797 | 5.695 |
| | Јениварош | 483 | 2.592 | 3.012 |
| | Трговиште | 4.517 | 878 | 5.425 |
| | Вкупно | **8.450** | **9.324** | **17.774** |
| **ВКУПНО** | | 164.129 | 152.851 | 316.980 |
| **ВКУПЕН БРОЈ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ВИЛАЕТОТ 316.980** | | | | |

Според табеларните податоци може да се констатира, дека во бројот на населението, за разлика од пет години претходно, имало намалување. Според наведените податоци имало намалување на бројот на население за 134.000 жители во средините со муслиманско и 35.000 жители кај немуслиманско население.[554] Во пописите од 1881-82 до 1893 година, состојбата на населението во Косовскиот вилает била следната:

[553] Canan Çalışkan, Salnamelere Göre Kosova (1879-1900), стр. 108.
[554] Mucize Ünlü, Kosova Vilayeti'nin İdari ve Sosoyal Yapısı (1877-1912), Doktora Tezi, T.C. Ondokuz Eylül Üniversitesi Sosoyal Bilimler enstitüsü, Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 2002, стр. 95.

*Табела бр. 04. Населението на Косовскиот вилает во 188182/ 1893 година.*[555]

| Санџаци | Вкупно | Муслимани | Грци | Бугари | Евреи | Протестанти | Латинци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 273.331 | 115.858 | 7.248 | 148.848 | 1.234 | 97 | 46 |
| **Приштина** | 200.737 | 126.676 | | 67.457 | 355 | | 3.249 |
| **Нови Пазар** | 84.725 | 49.386 | | 35.172 | 167 | | |
| **Ташлиџе** | 37.710 | 20.555 | 17.155 | | | | 1.333 |
| **Пеќ** | 34.039 | 25.320 | | 7.386 | | | 960 |
| **Призрен** | 94.594 | 71.715 | 4.990 | 16.930 | | | 960 |
| **Вкупно** | 721.087 | 409.510 | 29.393 | 274.793 | 1.706 | 97 | 5.588 |
| **Вкупниот број на населението во вилаетот: 721.087 жители** | | | | | | | |

Според наведените податоци може да се констатира дека во текот на 1894 година, имало зголемување во бројот на населението во Косовскиот вилает. Според тоа бројот на населенито во наведениот вилает, во текот на 1893-94 година бил следниот:

*Табела бр.05. Населението на Косовскиот вилает во 1893-94 година.*[556]

| Санџак | Каза/ нахија | Вкупно | Мусли-мани | Грци | Бугари | Евреи | Протес-танти | Лати-ни | Кипти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СКОПЈЕ** | Скопје | 63.331 | 34.863 | 6.307 | 21.265 | 723 | | 24 | 148 |
| | Штип | 42.227 | 23.970 | | 17.714 | 542 | | | |
| | Куманово | 41.189 | 12.362 | 87 | 28.729 | | | 11 | |
| | Кочани | 27.800 | 11.120 | 90 | 16.590 | | | | 230 |
| | Радовиш | 18.273 | 10.571 | 90 | 16.590 | | 103 | | |
| | Крива Паланка | 22.725 | 2.203 | 426 | 19.937 | | | | 159 |
| | Кратово | 21.333 | 3.396. | 37 | 17.691 | | | | |
| | Качаник | 6.649 | 6.580 | 69 | | | | | |
| | Малеш | 24.052 | 8.860 | | 15.192 | | | | |

555 Canan Çalışkan, Salnamelere Göre Kosova (1879-1900), Master Tezi, T.C. Gazi Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü Yakınçağ Tarihi Anabilim Dalı, Ankara, 2002, стр. 108.

556 Canan Çalışkan, Salnamelere Göre Kosova (1879-1900), стр. 108.

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРИШ-ТИНА** | Призрен | 78.192 | 65.696 | | 11.576 | | | 1.920 | |
| | Раофча | 8.912 | 6.288 | | 2.624 | | | | |
| | Лума | 14.022 | 14.022 | | | | | | |
| | Тетово | 54.632 | 33.981 | 5.576 | 14.138 | | | | |
| | Гостивар | 23.433 | 24.506 | 4.404 | 4.522 | | | | |
| **НОВИ ПАЗАР** | Сеница | 20.805 | 13.033 | | 7.360 | 5 | | | |
| | Нови Пазар | 34.435 | 19.103 | | 15.182 | 159 | | | |
| | Ѓаково | 18.073 | 13.440 | | 4.633 | | | | |
| | Нови Варош | 8.386 | 1.338 | | 7.043 | 2 | | | |
| | Колашин | 6.052 | 4.944 | | 1.108 | | | | |
| **ТАШ-ЛИЏЕ** | Ташлиџе | 31.078 | 13.941 | 7.137 | | | | | |
| | Пријеполе | 12.994 | 5.246 | 7.748 | | | | | |
| | Прибој | 3.633 | 1.368 | 2.270 | | | | | |
| **ПЕЧ** | Пеќ | 65.672 | 16.228 | | 8.696 | | | 748 | |
| | Аково | 21.868 | 19.442 | | 522 | | | 1.898 | |
| | Трговиште | 10.774 | 9.212 | | 1.562 | | | | |
| | Беране | 4.520 | 1.240 | | 2.480 | | | | |
| | Гусине | 5.250 | 4.518 | | 712 | | | 20 | |
| **Вкупно** | | 847.419 | 507.080 | 34.151 | 295.732 | 1.737 | 103 | 7.870 | 746 |
| **Вкупниот број на населението во вилаетот: 847.419 жители** | | | | | | | | | |

Во текот на 1905 година, во казата на Скопје направени биле измени поради доаѓањето на ново население. Според приложените статистички податоци, бројот на вкупното население во градот Скопје, заедно со 159 села изнесувало 73.732 жители.

| | |
|---|---|
| Муслимани | 41.562 |
| Македонци | 24.535 |
| Грци | 6.516 |
| Евреи | 874 |
| Латини | 35 |
| Немуслимани Киптии (Роми) | 210 |

Ако се направи споредба за бројната состојба на населението во градот Скопје од 1903 и 1905 година, може да се констатира и заклучи дека бројот на населението во 1905 година пораснал. Врз основа на сознанијата на турскиот историчар А. Халаџоглу,[557]во текот на 1910/11 година, бројот на населението бил следниот:

| | |
|---|---|
| **Муслимани Турци** | **89.350** |
| **Македонци** | 251.000 |
| **Муслимани Бугари** | 13.680 |
| **Срби ортодокси** | 112.870 |
| **Грци ортодокси** | 150 |
| **Власи ортодокси** | 910 |
| **Албанци муслимани** | 418.250 |
| **Измешано** | 21.905 |
| **Вкупно** | 908.915 |

Според сознанијата од Косовското салнаме за 1879 година, бројот на населението бил следниот:

*Табела бр. 06. Бројот на населението на Скопска каза во 1879 година.*[558]

| **Население** | **Број** |
|---|---|
| **Муслимани** | 16.462 |
| **Христијани** | 14.586 |
| **Евреи** | 160 |
| **Киптии (Роми)** | 307 |

*Табела бр. 07. Бројот на населението на Скопска каза во 1883 година.*[559]

| **Население** | **Број** |
|---|---|
| **Муслимани** | 17.770 |
| **Немуслимани** | 16.382 |

[557] Yusuf Halaçoğlu, Bulgaristan, Türkiye Diyanet Vakfı İslam Ansiklopedisi, C. VI, İstanbul, 1992, стр. 9.
[558] Canan Çalışkan, Salnamelere Göre Kosova Vilayeti 1879-1900, Gazi Üniversitesi, Bilimler Enstitüsü Yakinçağ Tarihi Anabilim Dalı, Master Tezi, Ankara, 2001, стр. 138.
[559] Canan Çalışkan, Salnamelere Göre Kosova Vilayeti 1879-1900, Gazi Üniversitesi, Bilimler Enstitüsü Yakinçağ Tarihi Anabilim Dalı, Master Tezi, Ankara, 2001, стр. 138.

*Табела бр. 08. Бројот на населението на Скопска каза во 1885 година.*[560]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 14.332 |
| **Немуслимани** | 15.865 |

*Табела бр. 09. Бројот на населението на Скопска каза во 1887година.*[561]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 31.363 |
| **Немуслимани** | 17.708 |

*Табела бр. 10. Бројот на населението на Скопска каза во 1900 година.*[562]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 19.379 |
| **Немуслимани** | 14.439 |

*Табела бр. 11. Бројот на населението на Штипската каза во 1879 година.*[563]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 400 |
| **Христијани** | 10.750 |
| **Евреи** | 260 |
| **Киптии (Роми)** | 330 |

*Табела бр. 12. Бројот на населението на Штипската каза во 1883 година.*[564]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 12.688 |
| **Немуслимани** | 12.028 |

*Табела бр. 13. Бројот на населението на Штипската каза во 1885 година.*[565]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 10.766 |
| **Немуслимани** | 9.867 |

[560] Исто, стр. 138.
[561] Исто, стр. 139.
[562] Исто, стр. 139.
[563] Исто, стр. 109.
[564] Исто, стр. 109.
[565] Исто, стр. 109.

*Табела бр. 14. Бројот на населението на Штипската каза во 1900 година.*[566]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 23.275 |
| **Немуслимани** | 18.756 |

*Табела бр. 15. Бројот на населението на Кумановската каза во 1879 година.*[567]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 5.120 |
| **Немуслимани** | 14.360 |
| **Кипти ( Роми)** | 156 |

*Табела бр. 15. Бројот на населението  на Кумановската каза во 1879 година.*[568]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 5.120 |
| **Немуслимани** | 14.360 |

*Табела бр. 16. Бројот на населението на Кумановската каза во 1883 година.*[569]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 5.120 |
| **Немуслимани** | 16.567 |

*Табела бр. 17. Бројот на населението на Кумановската каза во 1885 година.*[570]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 3.659 |
| **Христијани** | 15.145 |

*Табела бр. 18. Бројот на населението  на Кумановската каза во 1900 година.*[571]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 12.659 |
| **Христијани** | 28.550 |

566 Исто, стр. 109 -110.
567 Исто, стр. 109.
568 Исто, стр. 110.
569 Исто, стр. 110.
570 Исто, стр. 110.
571 Исто, стр. 110.

*Табела бр. 19. Бројот на населението на Радовишката каза во 1885 година.*[572]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 5.083 |
| **Немуслимани** | 3.939 |

*Табела бр. 20. Бројот на населението на Велешката каза во 1900 година.*[573]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 19.573 |
| **Немуслимани** | 33.480 |

*Табела бр. 21. Бројот на населението на Криво Паланечката каза во 1879 година.*[574]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 510 |
| **Христијани** | 15.000 |
| **Киптии (Роми)** | 267 |

*Табела бр. 22. Бројот на населението на Кочанската каза во 1883 година.*[575]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 4.232 |
| **Христијани** | 6.205 |
| **Киптии ( Роми)** | 267 |

*Табела бр. 23. Бројот на населението на Кочанската каза во 1875 година.*[576]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 2.771 |
| **Немуслимани** | 2.642 |

*Табела бр. 24. Бројот на населението на Тетовската каза во 1879 година.*[577]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 22.676 |
| **Христијани** | 12.957 |
| **Киптии ( Роми)** | 450 |

572 Исто, стр. 110.
573 Исто, стр. 110.
574 Исто, стр. 110.
575 Исто, стр. 110.
576 Исто, стр. 110.
577 Исто, стр. 116.

*Табела бр. 25. Бројот на населението на Лумската каза во 1900 година.*[578]

| Население | Број |
|---|---|
| **Муслимани** | 5.752 |
| **Киптии (Роми)** | 82 |

*Графика бр. 01. Населението на градот Скопје во 1845/46 година.*[579]




% 60 Муслимани
%32 Немуслимани
% 4 Киптии
% 3 Евреи
% 1 Кипти Реаја

[578] Исто, стр. 120.
[579] Ahmet Hamdi Furat, Temettüat Defterlerine Göre Üsküb'ün Sosyal ve Ekonomik Tarihi, T.C. İstanbul Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, Tarih Anabilim Dalı, İstanbul, 2001, стр. 27.

# 2. БИТОЛСКИОТ ВИЛАЕТ

По освојувањето на Битола во текот на 1382 година, од страна на султанот Мурад II, а потоа и во времето на султанот Мехмед II (Освојувачот), градот бил ораганизиран како центар на беглербеглукот на Румелија.[580] Исто така, според историските сознанија и податоци, наведениот град во времето на султанот Мехмед II (Освојувачот) бил организиран и како санџакбеглук. Во текот на XVII век, градот Битола заедно со Софија биле центар на Румелискиот ејалет. Во текот на 1831 година, заедно со 11 кази и 78 нахии, Битола и најзината околија бил еден од поголемите санџаци на Румелија. Во 1863 година, Битолскиот ејалет имал 3 санџаци и 20 кази, а во 1876 година имал 4 санџаци и 16 кази. Според пописот од 1890/91 година, Битолскиот вилает бил составен од следните санџаци со седишта во градовите: Битола, Прилеп, Лерин, Охрид, Кичево, Серфиџе, Аласоња, Корча, Костур, Колоња, Старова, Дебар и Елбасан. Наведената состојба не се променила се до крајот на турското владеење во Македонија.[581]

Според статистичките податоци за градот Битола, во текот на XIX век, како централен дел на Македонија во рамките на Османлиската Империја, во истиот град населението било со 2/3 од муслиманско потекло, составено од Турци и Албанци, а останатиот дел било од немуслиманско население: Македонци, Власи, Грци и Евреи.[582]

[580] Mucize Ünlü, Manastır Vilayetinin İdari ve Sosyal Yapı (1873-1912), Yüksek Lisans Tezi, T.C. Ondokuz Mayız Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstütüsü Tarih Anabilim Dalı, Samsun, 1996, стр. 11.
[581] Д. Ѓоргиев, Административната сруктура на Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает, стр. 169-170
[582] Mucize Unlu, Manastir Vilayetinin Idari ve Sosyal Yapi (1873-1912), стр. 117.

*Табела бр. 01. Населението во Битолскиот санџак во 1875 година.*[583]

| Каза | Христијани |
|---|---|
| **Центар каза** | 33.500 |
| **Горица** | 2.741 |
| **Прилеп** | 5.685 |
| **Охрид** | 12.905 |
| **Костур** | 17.565 |
| **Кожани** | 7.450 |
| **Населич** | 8.481 |
| **Лерин** | 10.370 |
| **Серфиџе** | 4.465 |
| **Кичево** | 8.795 |
| **Старова** | 1.200 |
| **Колоња** | 4.000 |
| **Вкупно** | 117.157 |
| **Вкупниот број на население во санџакот со другите религии изнесувал 188.891 жители** | |

*Табела бр.02: Населението во Битолскиот санџак 1876 година*

| Каза | Христијани |
|---|---|
| **Центар каза** | 33.500 |
| **Горица** | 2.751 |
| **Охрид** | 13.507 |
| **Прилеп** | 18.731 |
| **Костур** | 21.942 |
| **Лерин** | 11.956 |
| **Кожани** | 7.580 |
| **Серфиџе** | 4.437 |
| **Населич** | 8.557 |
| **Кичево** | 8.812 |
| **Старова** | 1.200 |
| **Колоња** | 4.000 |
| **Џума** | 2.297 |
| **Вкупно** | 139.270 |
| **Вкупниот број на санџакот со другите религии изнесува 229.675 жители** | |

[583] Исто, стр. 117.

*Табела бр.03: Населението на Призренскиот санџак во 1875 година.*[584]

| Каза | Домаќинства | Муслимани | Христијани | Кипти | Евреи |
|---|---|---|---|---|---|
| **Центар** | 3.840 | 35.600 | 8.500 | | |
| **Тетово** | 1.639 | 29.830 | 12.171 | | |
| **Приштина** | 2.080 | 13.450 | 5.647 | | 185 |
| **Ѓаковица** | 2.600 | 12.553 | 2.717 | | |
| **Пеќ** | 1.875 | 9.985 | 1.211 | | |
| **Гилани** | 525 | 11.680 | 1.565 | | |
| **Вучитрн** | 654 | 6.755 | 2.012 | | |
| **Гусиње** | 1.030 | 2.595 | 1.125 | | |
| **Лума** | 5.200 | 12.510 | 5 | | |
| **Вкупно** | 19.443 | 134.958 | 34.953 | | 185 |
| **Вкупниот број изнесувал 170.096 жители** | | | | | |

*Табела бр.04: Населението на Призренскиот санџак во 1876 година.*[585]

| Каза | Домаќинства | Муслимани | Христијани | Кипти | Евреи |
|---|---|---|---|---|---|
| **Центар** | 3.840 | 30.716 | 7.458 | 1.778 | |
| **Тетово** | 1.939 | 22.676 | 12.957 | 950 | |
| **Приштина** | 2.080 | 13.573 | 4.686 | 1.272 | 50 |
| **Ѓаковица** | 2.600 | 12.553 | 2.757 | | |
| **Пеќ** | 1.875 | 9.981 | 8.527 | 1.025 | |
| **Гилани** | 525 | 12.544 | 11.607 | | |
| **Вучитрн** | 654 | 6.955 | 3.271 | 413 | |
| **Гусиње** | 1.030 | 2.595 | 1.125 | 92 | |
| **Лума** | 5.200 | 5.752 | | | |
| **Вкупно** | 19.443 | 117.347 | 52.388 | 4.570 | 150 |
| **Вкупниот број изнесувал 174.355 жители** | | | | | |

584 Исто, стр. 118.
585 Исто, стр. 118.

*Табела бр.05: Населението на Скопскиот санџак 1875 година.* [586]

| Каза | Домаќинства | Муслимани | Христијани | Кипти | Евреи |
|---|---|---|---|---|---|
| **Центар** | 3.929 | 16.717 | 4.581 | 367 | 194 |
| **Радовиш** | 684 | 4.341 | 3.091 | | |
| **Кратово** | 1.888 | 1.085 | 4.403 | | |
| **Кочани** | 4.820 | 4.231 | 6.205 | 230 | |
| **Крива Паланка** | 3.087 | 510 | 11.200 | 203 | |
| **Штип** | 2.157 | 11.380 | 10.767 | 450 | 231 |
| **Куманово** | 6.225 | 9.114 | 15.244 | | |
| **Вкупно** | 22.790 | 47.378 | 55.471 | 1.250 | 425 |
| **Вкупниот број изнесувал 104.524 жители** | | | | | |

Според податоците прикажани во горенаведената статистика, може да се констатира дека во текот на 1875 година најголемиот број на населението во составот на Скопскиот санџак било од христијанско потекло. Според сознанијата од 1876 година, во наведениот санџак имало пораст во бројот на христијанското, еврејското и киптиискoто (ромското) население и тоа е прикажано на табелата што следи.

*Табела бр.06: Населението на Скопскиот санџак во 1876 година.* [587]

| Каза | Домаќинства | Муслимани | Христијани | Киптии | Евреи |
|---|---|---|---|---|---|
| **Центар** | 3.929 | 16.462 | 14.589 | 307 | 160 |
| **Радовиш** | 684 | 4.398 | 3.016 | | 169 |
| **Кратово** | 1.888 | 1.037 | 3.287 | 61 | |
| **Кочани** | 4.820 | 4.232 | 6.205 | 230 | |
| **Крива Паланка** | 3.087 | 510 | 15.000 | 267 | |
| **Штип** | 2.157 | 11.400 | 10.750 | 330 | 260 |
| **Куманово** | 6.225 | 5.264 | 14.360 | 156 | |
| **Вкупно** | 22.790 | 43.303 | 67.207 | 1.351 | 649 |
| **Вкупниот број изнесувал 104.524 жители** | | | | | |

[586] Исто, стр. 118.
[587] Исто, стр. 118.

*Табела бр.07: Населението на Дебарскиот санџак во 1876 година.*[588]

| Каза | Домаќинства | Муслимани | Христијани | Кипти |
|---|---|---|---|---|
| **Центар** | 8.893 | 18.500 | 16.120 | 500 |
| **Дебар** | 2.560 | 2.500 | 1.500 | |
| **Мат** | 318 | 8.170 | | 84 |
| **Елбасан** | 6.208 | 21.500 | 2.350 | |
